УНИВЕРЗИТЕТ “СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ”- СКОПЈЕ
ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ

***ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА***

# ГЛОБАЛИЗАЦИЈА VS ЛОКАЛИЗАЦИЈА - ПЕРСПЕКТИВАТА НА ЕКОНОМСКИОТ РАЗВОЈ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

На англиски јазик:

**GLOBALIZATION VS LOCALIZATION – ECONOMIC DEVELOPMENT PERSPECTIVES OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA**

Кандидат
М-р Кристина Јованова

Ментор
Проф. Д-р Наталија Николовска

Скопје, 2016

*Овој труд е посветен на моите родители, Ленка и Јордан Јованови во знак на благодарност за големата пожртвуваност и љубов  која ми ја пружија во текот на целиот живот и се заслужни за она што сум денес.*

*Посебна благодарност упатувам до мојот ментор, проф.д-р Наталија Николовска, која ми беше инспирација уште од периодот на моите додипломски студии. Таа е олицетворение на комплетност на една личност-жена професионалец, мајка и сопруга, надворешна и внатрешна убавина, генијалец ретко разбран во својата непосредна околина. Впрочем, така било отсекогаш во историјата на големите умови. Таа внесе дух во овој труд, кој немаше да биде напишан доколку таа не беше тоа што е!*

*На крајот, со љубов изразувам благодарност до една посебна личност во мојот живот, Alexander Sttern, зашто е сведок на секој чекор од процесот на изработка на овој труд, зашто вложи време, енергија и емоции за да ме поддржи на патот кон успехот.*

**Glocalization - a historical process whereby localities develop direct, economic and cultural relationships to the global system through information technologies, bypassing and subverting traditional power hierarchies like national governments.**


*Айсшракш*

Економската глобализација доведува до мошне нерамномерен развој и е причина за растечката нееднаквост помеѓу центарот и периферијата на глобалната економска мапа. Таа е во колизија со системот на социјална заштита, јавно добро кое може да се обезбеди само преку политички процес. Меѓутоа, не постои легитимен политички механизам кој би делувал корективно на глобално ниво со цел да ги неутрализира негативните тенденции на глобализацијата, туку напротив, постои поврзаност на финансиските со политичките елити со крајна цел, концентрација и централизација на капиталот кој се одврзува од националните граници и почнува да работи сам за себе, повлекувајќи трансформација на територијалната (национална) држава во пазарно-корпоративна. Основна причина за растечката нееднаквост е технологијата, чиј рапиден раст го вклучува финансискиот сектор за реализација на стоковното производство и тоа преку отворање на финансиските вентили за кредитно задолжување, поставувајќи го шпекулативниот капитал на тронот на капиталистичкиот поредок кој добива доминантен статус во новата ера на глобализациски мегакапитализам, чија цел е да го расчисти патот за своја потполна доминација подготвувајќи го светот за новиот Кондратиев технолошки циклус. Современите проблеми околу акумулирањето на јавните долгови се перципираат како неуспех на социјалниот и развоен капитализам и неспособност на државите да генерираат развојни перформанси на начин што неолибералниот капитализам си го расчистува патот за потполна доминација на глобалната сцена. Социјалната држава е фактор на продуктивност, а не товар на буџетот на државата нација. Социјалната солидарност и вербата во институциите како систем на управување се критични за стабилноста и за предвидливоста на инвестициите, а личната слобода е предуслов за претприемништво и иновативност. Причина за напредокот на човештвото се креативноста, инвентивноста и иновациите на најхрабрите кои својата награда ја бараат во т.н.

„smart money“ или „умни пари“. Од тој аспект, целта на трудот е да ја идентификува алтернативата за излез од погубното сценарио, која се бара во концептот на партиципативна економија базирана на информации, знаење и технологија, но пред и на сè - демократија, социјална правда и системска одржливост.

Клучот за успешни глобални перформанси е разбирање и прилагодување кон локалните економски варијабли во склад со разбирањето дека различните делови од светот се меѓусебно поврзани преку материјални и нематеријални текови во систем од диференцирани врски на моќ и влијание кои имаат глобално-локален карактер. Информациите, знаењето и технолошките иновации се катализатори на глобално-локалните вмрежувања, а иднината на економскиот развој е одржлива соработка и градење синергии помеѓу централните и локалните власти и глобалните и локалните бизниси. Ваквите процеси ќе овозможат активирање и реинвестирање на маргинализираниот човечки потенцијал во рамки на полицентрична економска структура базирана на знаење и информации преку најлогичниот процес - економската локализација како креативен начин на пренасочување на економските системи од неодржливи, осиромашени и уништени кон самоодржливи и самостојни, давајќи простор за делување на локалните иницијативи, зајакнувајќи и признавајќи ја вредноста на луѓето и поставувајќи граница на моќта на корпоративната држава.

Современите детерминанти на економскиот подем сè повеќе се сведуваат на ефективноста во креирање и употреба на знаење во економските процеси. Економијата заснована на знаење (КВЕ) се однесува на економија која аплицира информациски ресурси, технологија, специфични вештини, процеси и иновации за постигнување и забрзување на економскиот развој. Концептот КВЕ би можел да се аплицира како алтернатива на економскиот развој на Република Македонија. За негова успешна реализација потребни се промени во пристапот и организациската поставеност на сите нивоа на власт и инклузивна партиципација на сите заинтересирани страни.

*Клучни зборови: економска глобализација, мегакапитализам, економска локализација, технологија, партиципативна економија, иновации, економија заснована на знаење, Република Македонија.*

*Abstract*

Economic globalization leads to extreme development imbalances and represents a cause for the growing inequality between the center and the periphery on the global economic map. It is in collision with the social protection system, a public good that can be provided for by political process only. But, there is no legitimate political mechanism that would act as a global corrective in order to neutralize the negative tendencies of the globalization. To the contrary, there are tight connections between the financial and the political elites with a final goal of concentration and centralization of the capital that is untying the national boundaries and starts serving its own purposes, entailing transformation of the territorial (national) state into a market corporate state. The main factor to the growing inequality is technology, the rapid grow of which involves the financial sector for enabling market realization of the goods and services by opening the financial channels for credit indebtedness, enthroning the speculative capital on the top of the capitalist order that takes dominant role in the new era of global mega capitalism, with a purpose of cleaning the road to its full domination, preparing the world for the new Kondratieff technological cycle. The modern problems regarding debt accumulation are perceived as a failure of the social and development capitalism and inability of the states to generate development performances in a way that neoliberal capitalism prepares its way to full domination on the global scene. The social welfare state represents a factor of productivity, not a burden to the state budget. Social solidarity and trust in the institutions as a governing and governance system are critical to the stability and the predictability of the investments, and personal freedom is a precondition to entrepreneurship and innovation. The reason for the progress of the civilization are creativity, inventions and innovations by the bravest and smartest, that seek their reward in the so called „smart money“. From these perspectives, the objective of the dissertation is to identify the alternative that would offer a way out of the negative scenario, searching for solutions in the concept of participatory economy based on information sharing, knowledge and technology, but above all - democracy, social justice and system sustainability.

The key to successful global performances is understanding and adjusting to local economic variables in line with the understanding that different parts of the world are interconnected via material and non-material flows into a system of differentiated connections of power and influences that have global-local character. Information, knowledge and technological innovations are driving forces to the global-local networking and the future of the economic

development is the sustainable cooperation and building synergies between central and local governments and between global and local businesses. These processes would enable activation of the marginalized human potential in a frame of a polycentric economic structures based on knowledge and information sharing through the most logical process – economic localization as a creative way of redirecting the economic systems from unsustainable, poor and devastated to sustainable and self-functional, leaving room for local initiatives, strengthening and recognizing the value of people and setting boundaries to the power of the corporate state.

The contemporary determinants to the economic upswing are equal to the effectiveness in the creation and use of knowledge in the economic processes. Knowledge Based Economy (KBE) refers to an economy that applies information resources, technology, specific skills, processes and innovations in achieving and accelerating the economic development. The KBE concept may be applied as an alternative to the economic development of the Republic of Macedonia. Its successful implementation needs changes in the policy approach and the organizational set-ups at all levels of government and governance, as well as inclusive participation of all stakeholders.

*Key words: economic globalization, megacapitalism, economic localization, technology, participatory economy, innovations, Knowlegd Based Economy, Republic of Macedonia.*

## СОДРЖИНА


**Вовед** (Актуелност на темата, предмет и цели на истражувањето, методолошки пристап, содржина на трудот*)* 14

**Прв дел**

**Економската глобализација - современа светска и македонска реалност 25**

I Основни карактеристики на современиот економски глобален систем 25

1. Основни карактеристики и дефиниции на поимот економска глобализација 25
2. Економска глобализација - иреверзибилен тренд 28
3. Либерализацијата како прва фаза на процесот на економска глобализација 31
4. Коренот на проблемот 35
5. Структурните проблеми на глобалниот мегакапитализам 38
   - *5.1. Улогата на шпекулативниот капитал 38*
   - *5.2. Како државите нации ја изгубија контролата над економската политика? 41*
6. Мрежната економија на мегакапитализамот - фактор на социјална ексклузија 44
7. Конфликти на управување со глобалните економски текови - лева и десна перспектива 48
8. Интервенција на државите во глобалните економски текови 50
9. Антиглобализација и алтерглобализација (концептот на shared values) 54

II Технолошките аспекти на глобализациските процеси 58

1. Технологија - движечка сила на економската глобализација 58
2. Ефектите на технолошките бранови врз организацијата и географската ориентираност на економските активности 64
   - *2.1. Организациско преструктурирање во ерата на инфо-капитализмот 65*
   - *2.2. Креирање на глобално-локални врски 68*
3. Катализатори на глобално-локалните вмрежувања 69
   - *3.1. Инструменти на глобално-локална поврзаност 71*
4. Концентрација и насоченост на иновациските системи 74

III Географска ориентација на глобалните економски активности 77

1. Историски контекст и концентрација на глобалната економска мапа 77
   - *1.1. Историски контекст 77*
   - *1.2. Концентрација на глобалната економска мапа 78*
2. Глобалните поврзаности и промени на геоекономската мапа 79
3. Теориски осврт на просторната нерамнотежа на глобалната мапа 85
4. Глобалното јадро на мегакапитализмот 88
   - *4.1. Доминацијата на економскиот модел на САД 88*
5. Капитализмот на социјален пазар пред налетот на мегакапитализмот (специфичниот случај на Европската Унија) 92
   - 5.1. *(Не)одржливост на инфо-растот на мегакапитализмот 92*
   - 5.2. *Теоријата центар - периферија во контекст на економијата на Европската Унија 94*
   - 5.3. *Социјалната држава во контурите на мегакапитализмот 96*

5.4. *Предизвиците на конкурентноста на Европската Унија* *98*
5.5. *Глобалната конкурентност на еврото како фактор за реализација на Европа 2020* *100*
IV Ефекти на глобализацискиот дискурс и алтернативи за излез од кризата на мегакапитализмот 105
1. Глобално-локална перспектива на ефектите 105
2. Развиените и земјите во развој - добитници и губитници 108
*2.1. Ефектите во развиените земји* *109*
*2.2. Ефектите во земјите во развој* *111*
3. Четвртиот свет - периферија на глобалниот економски поредок 112
4. Предлози и инструменти за излез од кризата на мегакапитализмот 114
4.1. *Полицентрична партиципативна економија во ерата на инфо-капитализам* *114*
*4.2. Децентрализација на глобалната економија* *118*
*4.3. Тенденција кон локализација и економија на локалните заедници* *121*
V Позицијата на Република Македонија во глобалниот економски систем 126
1. Историски контекст 126
2. Макроекономската позиција на Република Македонија 127
3. Конкурентноста на македонската економија 129
4. Влијанието на странските директни инвестиции 131
5. Контраефекти на laissez faire политиката 137
6. Корпоративна држава наместо фасилитатор на пазарна економија 138
7. Потребата од редефинирање на корпоративната држава - премин од централно на локално ниво 140

**Втор дел**
**Економска локализација - современа светска и македонска реалност** **143**
I Основни аспекти на поимот економска локализација 143
1. Појаснувања за поимот економска локализација 143
2. Аргументи „за“ и „против“ економската локализација 145
3. Теории на локален и регионален развој 147
*3.1. Неокласична економска теорија* *148*
*3.2. Теорија на економска база* *149*
*3.3. Теорија на производствен циклус* *149*
*3.4. Теорија на нови пазари* *150*
*3.5. Теорија на локација* *151*
*3.6. Теорија на централна позиција* *151*
*3.7. Теорија на атрактивност* *152*
4. Иницијативи, инструменти и практични примери на економска локализација 153
4.1. *Практични примери на примена на економија на локалните заедници* *155*
II Децентрализацијата како почетна фаза на економската локализација 162
1. Пренасочување на моќта на носење одлуки 162
2. Децентрализација - прв чекор кон локализација на економските активности 163
3. Историја и почетоци на процесот на децентрализација во Република Македонија 167
4. Развој на процесот на децентрализација и пренос на надлежности од

централно на локално ниво 169
5. Фискална децентрализација 174
6. Предизвици на практичната имплементација на децентрализираните надлежности во Република Македонија 181
*6.1. Проблемот на оскудност со сопствени финансиски ресурси 181*
*6.2. Проблемот на задолженост на единиците на локална самоуправа 184*
*6.3. Квалитетот на соработка помеѓу двете нивоа на управување - централно и локално 187*
*6.4. Партиципативноста во носење на одлуки на локално ниво 189*
*6.5. Перцепции на крајните корисници на ефектите на децентрализацијата во Република Македонија 193*
7. Фискална или финансиска децентрализација - нефункционалност на системот 196
8. Децентрализација - агент на локализација или централизација? 198
III Современи трендови на локалниот економски развој (ЛЕР) 203
1. Современи аспекти на концептот локален економски развој 203
2. Синтетички пристап кон компонентите на ЛЕР 204
3. Планирање и управување со локалниот економски развој bottom up 207
*3.1. Јавно-приватно партнерство - основен модел на современото стратешко планирање и управување на ЛЕР 211*
*3.2. Аналитички техники во функција на стратешко планирање и управување на ЛЕР 213*
4. Инструменти на развој на локалниот бизнис 218
5. Територијален маркетинг - стратешки инструмент на локалниот економски развој 221
6. Економски развој на заедниците 225
IV Имплементација на локалниот економски развој (ЛЕР) во Република Македонија 229
1. Законската рамка на ЛЕР 229
2. Планирање на локалниот економски развој во Република Македонија 231
3. Предизвици и проблеми на локалниот економски развој 234
4. Мерки за унапредување на имплементацијата на ЛЕР 240
5. Тековни политики и практики на меѓуопштинска соработка во функција на ЛЕР 242
6. Перцепција на граѓаните за ЛЕР 244
7. Економскиот суверенитет на локалните заедници - основен предуслов за локализација 247
V Рамномерниот регионален развој во функција на балансирање на развојните диспаритети во Република Македонија 249
1. Теоретски појаснувања 249
2. Основни постулати и институции на политиката на рамномерен регионален развој во РМ 250
3. Развојните диспаритети на планските региони 253
4. Финансирањето на рамномерниот регионален развој - проблеми и предизвици 257
5. (Не)кохезивноста помеѓу локалниот и рамномерниот регионален економски развој 264
6. Препораки за унапредување на локалниот и рамномерен регионален развој во Република Македонија 268

**Трет дел**
**Перспективата на економскиот развој на Република Македонија во склад со современите технолошки трендови 272**


I Централната власт во функција на динамичен локален економски развој 272
1. Генерални консидерации и тенденции 272
2. Реформулација на дисфункционалниот систем (функционална анализа) 274
3. Имплементација на концептот на добро владеење (управување) преку ИКТ-системите 276
4. Супституција на формалните со неформални методи на економски развој 278

II Локална ориентација кон внатре - предуслов за градење на конкурентни економски системи 281
1. Креирање на конкурентност во контекст на локалниот економски развој 281
2. Системска конкурентност на локалната економија 283
3. Препораки за креирање на интерна кохезија како предуслов за градење на конкурентни локални заедници 285
4. Препораки за практична имплементација на локален економски развој 290
5. Добри практики и примери на локален економски развој 293
   *5.1. Добри практики од Jerez de la Frontera, Шпанија 295*
   *5.2. Добри практики од Ballyhoura Country, Ireland 296*

III Економија заснована на знаење (Knowledge Based Economy) 299
1. Дефинирање на концептот 299
2. Идентификација на компонентите на поимот „знаење“ 301
3. Мрежи на размена на знаење 305
4. Практични примери на Knowledge Based Economy 307
5. Кластерингот како инструмент на Knowledge Based Economy 311
   *5.1. Индустриски кластеринг 311*
   *5.2. Организација на индустриските кластери 313*
   *5.3. Кластери засновани на знаење (Knowledge Based Clusters) 316*
   *5.4. Архитектура на знаење и процеси на учење 317*
6. Развојот на Knowledge Based Economy во Република Македонија 320
   *6.1. Практичен модел за примена на концептот на кластери засновани на знаење (Knowledge Based Clusters) во Република Македонија 321*

**ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА 349**

**БИБЛИОГРАФИЈА 363**

**Индекс на табели и графикони**

**Прв дел**

Табела 1 Трите најважни модалитети на капитализам 53
Табела 2 Кондратиев К-бранови 62
Табела 3 Водечки технолошки области или технополи 76
Табела 4 Трговската мрежа на Кина (% од вкупниот агрегат на Кина) 81
Табела 5 Дојдовни странски директни инвестиции како удел во БДП (%) 82
Табела 6 Развојни и зависнички глобално-локални врски 118
Табела 7 Контрирачки карактеристики на mainstream и економија на заедници 123
Табела 8 Клучни индикатори на инвестиционата клима на Република Македонија 132
Графикон 1 Разлика во учество на приходи од плата во одлепување од сиромаштија (земји во развој и развиени) 49
Графикон 2 Глобално-локални конекции на кластерите на знаење 75
Графикон 3 Декомпозиција на националниот приход на САД 91
Графикон 4 БДП по глава на жител на ЕУ-15 во однос на САД (тренд на стагнација) 101
Графикон 5 Зошто фирми како Facebook, Google и E-bay (Силиконска долина) се основаат во САД, а не во ЕУ? 102
Графикон 6 Инвестиции во ИКТ како % од вкупни инвестиции, просек за 2000-2010 102
Графикон 7 Разлики во степенот на специјализација во технолошки напредни и Р&Д интензивни производи 103
Графикон 8 Богатството на врвот од 62 индивидуалци наспроти дното од 50% светска популација (во милијарди САД-долари) 108
Графикон 9 Намалувачки тренд на индустриското производство во вкупната вработеност 110
Графикон 10 Странски директни инвестиции како процент од БДП (2003-2013) 133
Графикон 11 Структура на јавен долг во милиони евра 138

**Втор дел**

Табела 9 Релевантни закони кои го регулираат процесот на децентрализација 171
Табела 10 Редистрибуција на приходите од ДДВ на единиците на локална самоуправа 179
Табела 11 Стапки на наплата на планираните приходи од данок на имот во 2010 година според бројот и процентот на општините 183
Табела 12 Најголемите проблеми на општините во соработката со институции од централната власт 188
Табела 13 Структура на расходите на локалната самоуправа 2005-2010 (во мил. денари) 200
Табела 14 Реформулација на компонентите на локален економски развој 205
Табела 15 Модели на планирање на локален економски развој 211
Табела 16 Организациони форми за економски развој на заедниците 226
Табела 17 Надлежности од областа на локален економски развој 229
Табела 18 Имплементирани активности за унапредување на ЛЕР 240
Табела 19 Перцепција на граѓаните за ЛЕР 245
Табела 20 Класификација на планските региони во Република Македонија 254
Табела 21 Најзначајни индикатори за развој на планските региони во РМ 255
Табела 22 Одобрени и планирани средства од централен буџет за економски недоволно развиени подрачја (1994-2007) 260
Табела 23 Одобрени и планирани средства од централен буџет за рамномерен регионален развој (2009-2015) 260
Табела 24 Линкови помеѓу децентрализираните надлежности и стратегијата за регионален развој на Република Македонија 267
Графикон 12 Кој е најголем проблем во извршување на надлежностите? 182
Графикон 13 Структура на приходите на локалната самоуправа 2005-2010 184
Графикон 14 Надворешен и внатрешен долг на општините за периодот 2009-2014 година 186
Графикон 15 Методи на граѓанско учество (% на општини кои ги користат) 191
Графикон 16 Причини за отсуство на заинтересираност за граѓанско учество 193

Графикон 17 Дали сметате дека постои политизација на општинската администрација во вашата општина? 194
Графикон 18 Како Вие би ја оцениле политизацијата на општинската администрација во вашата општина? 195
Графикон 19 Тренд на развој на демократијата во Република Македонија 196
Графикон 20 Расходи на локалната самоуправа според нејзиниот удел во БДП (2006-2010) 199
Графикон 21 Процент на општини кои усвоиле акциски планови за ЛЕР 234
Графикон 22 Најчести пречки во имплементација на акционите планови на ЛЕР 235
Графикон 23 Капитални дотации кон ЕЛС како % од вкупните капитални дотации во централниот буџет (2006-2011) 238
Графикон 24 Локални стапки на невработеност според процентот на општините (2007-2010) 241
Графикон 25 Генерално задоволство од услугите на општините по надлежност 246
Графикон 26 Просечно задоволство од општинските услуги од областа ЛЕР 246

**Трет дел**

Табела 25 Видливост и преносливост на аспектите на ЛЕР 293
Табела 26 Кластер на знаење и слични концепти 317
Табела 27 Подобрување на КЕИ ранг-топ 10 земји 320
Графикон 27 Модел на современа централна власт 276
Графикон 28 Принципи на извонредност 287
Графикон 29 Демингов циклус 287

# Вовед

## *Актуелност на темата*

Последната деценија од 20 век ги разбуди надежите дека доаѓа ера на светска економска слобода и политичка демократија, поткрепени од аргументот дека замре социјалистичкиот блок и капиталот, конечно, го воспостави својот триумф на поголемиот дел од глобалната економска сцена. Вратите за западниот капитал широко се отворија и глобализацијата стана составен дел на секојдневниот вокабулар.

На почетокот од третиот милениум, светскиот економски систем се карактеризира со досега најголеми економски парадокси и диспаритети. Во развиените земји секојдневно се случуваат нови техничко-технолошки достигнувања кои го водат човештвото напред, додека неразвиените земји тонат во беда, долгови и економска неразвиеност и зависност од развиените. Светот е поделен по линија на пристап до економските ресурси и таквиот тренд не е никаква новина. Новина е фактот дека глобализацијата се употребува во пропагандни пораки дека ќе ги подобри односите на светската економска сцена и тоа во услови на јакнење на улогата на капиталот во поредокот каде што токму капиталот ја има водечката улога, а стремежот кон сè повисок и повисок профит е основната движечка сила.

Суштината на економската глобализација се состои во преобразување на светската економија составена од национални и регионални пазари во глобален пазар што би функционирал независно од националните граници. Тоа се постигнува преку зголемување на интерактивноста помеѓу националните економии со помош на технолошките и финансиските инструменти. Предностите на развиената информационо-компјутерска технологија го обезбедуваат само техничкиот аспект на управување со капиталот, додека пак економската логика за негово инвестирање секогаш останува иста - капиталот го привлекуваат само подрачја со најмал ризик, а најголем профит. Колку и да се глобализира светот, логиката на инвестирање останува иста. Во така интегрираниот склоп на национални економии, чија меѓусебна економска интеракција се одвива под мотото за слободен проток на капитал, стоки и знаење профитираат само

земјите предводнички на техничко-технолошкиот развој кои изобилуваат со капитал, висока продуктивност и иновативност. Пазарот, по дефиниција, ги наградува посилните, а ги казнува економски послабите национални економии. Малите количини на висококвалификуван труд се заменуваат за големи количини на обичен, помалку квалификуван труд, што генерира основа за продлабочување на нееднаквоста помеѓу националните економии при размената на глобалниот пазар. Како резултат на таквите процеси, на глобално ниво постои строга поделба на економски развиени и неразвиени земји, кои ги сочинуваат јадрото и периферијата на глобалната економија. Република Македонија, земја која е сè уште во транзиција кон здрава пазарна економија, својата борба на светската економска сцена ја води од периферните делови на глобалниот економски систем. Во Република Македонија се присутни два паралелни трендови - трендот на глобализација и трендот на децентрализација (како прв чекор кон локализација на економската активност).

Република Македонија стана членка на меѓународните финансиски институции (ММФ и Светска банка) веднаш по приемот во Обединетите нации на 21 април 1993 година. Овие две институции одиграа клучна улога во периодот на транзиција кон пазарна економија преку финансиската и техничка помош за спроведување на реформските процеси во земјата. ММФ и Светска банка помогнаа во конципирањето и спроведувањето на стабилизационата програма на владата, чии клучна компоненти беа монетарната стабилност, фискалната дисциплина, приватизацијата и либерализацијата на надворешно-трговската размена. Меѓутоа, макроекономската стабилност имаше своја цена - структурно неразвиена економија базирана на монетаристички интервенции условени од рестриктивната политика на „меѓународните експерти“.

Со многу побрзо темпо од темпото на реформските процеси и транзицијата кон глобалната економска сцена, Република Македонија пристапи кон процесот на либерализација како на трговските, така и на финансиските текови. Фокусот на трговската либерализација беше поставен на намалување на протекционизмот под мотото на слободен проток на стоки, услуги, капитал, знаење и луѓе. Овој процес е сеопфатно разработен во меѓународните договори (GATT, TRIP), чија крајна цел е снижување на царините како основен инструмент на протекционизмот. Царините де факто изгубија на значење како инструмент на

надворешно-трговската политика, а за сметка на ваквата тенденција развиените земји наметнаа нов тип на суптилни трговски бариери (на пример, засилени барања за стандардизација на квалитетот на увезените стоки) со што де јуре не ги нарушија меѓународните правила, но де факто конституираа таканаречен „неопротекционизам", кој придонесе за дискриминација на увозните стоки од земјите во развој и транзиција, а со тоа процесот на трговска либерализација стана еднонасочен: од центарот (развиениот свет), кон периферијата (земјите во развој, транзиција и неразвиените земји). Земјите од периферијата, помеѓу кои е и Република Македонија, не располагаат со капацитет за да ги задоволат квалитативните стандарди промовирани во духот на новиот протекционизам. Оттаму, Република Македонија се соочува со сериозни проблеми за освојување на потребното место на глобалната економска сцена.

Како од политички, така и од реални економски и институционални причини, крупниот капитал во голема мера ја заобиколи Република Македонија уште на самиот почеток од приватизацијата, па сè до денес. И покрај декларативната заложба и бројните напори, де факто, Република Македонија успеа да привлече многу малку стратешки странски инвеститори. Македонската економија не можеше и сè уште не може да заживее, покрај другите фактори, и поради специфичната макроекономска слика на земјата. Вкупните напори на Народната банка се насочени исклучиво кон одржување на високото ниво на нереалниот девизен курс, а за таа цел е стерилизирана паричната маса преку исклучително високите каматни стапки и нефлексибилност на банкарскиот систем. Значи, резултатот е - слаба економска активност и неконкурентност vis-a-vis глобалната економија, европскиот и светскиот пазар. Нивото на невработеност ја надмина цифрата од 30%, секторот на јавната администрација не може да апсорбира повеќе од сегашниот капацитет и спасот на македонската економија се побара во можностите кои ги даде новиот процес на локализација - чија прва фаза е децентрализацијата на надлежностите пропишани во Законот за локална самоуправа од јануари 2002 година, помеѓу кои локалниот економски развој (ЛЕР) е признат како една од најважните надлежности.

Процесот на децентрализација во Република Македонија ги влече своите корени уште од периодот на осамостојувањето. Усвојувањето на Законот за локална самоуправа во 1996 година и последователната територијална организација

создадоа 124 единици на локална самоуправа. Сепак, општините добија само ограничени надлежности, како што се урбанистичкото планирање и комуналните дејности. Економскиот развој сè уште се одвиваше под капата на централната власт.

По потпишувањето на Охридскиот рамковен договор, беше усвоен нов Закон за локална самоуправа во 2002 година, со кој се зајакнаа овластувањата на избраните локални службени лица и значително се зголемија општинските надлежности. Во моментот постојат 80 општини во земјата и градот Скопје како посебна единица на локалната самоуправа.

Според новиот закон, процесот на децентрализација официјално започна на 1 јули 2005 година. Трендот на децентрализација, како прв чекор кон локализацијата на економскиот развој во Република Македонија доби на интензитет преку членот 22, став 3 од Законот за локална самоуправа од 2002 година. Законот не пропишува готови методи за имплементација на надлежноста ЛЕР, туку им остава простор на локалните власти да ја искористат својата креативност и своите потенцијали во зависност од специфичните социо-економски и финансиски услови.

Актуелен дел од процесот на локализација на економскиот развој во Република Македонија е и имплементацијата на концептот на рамномерен регионален развој, кој го доби својот интензитет со усвојувањето на Законот за рамномерен регионален развој во 2007 година.

Двата процеса - глобализација и локализација се актуелни и се одвиваат паралелно. Крајната цел на секој од нив е подобрување на квалитетот на животот на просечниот македонски граѓанин. Улогата на државата би требало да се сведува само на „модератор и фасилитатор“ на тој процес на поврзување и глобализација.

*Децентрализацијата нуди можности за подобрување на местото на македонската економија во рамки на глобалната економска сцена.* Како резултат на таквиот процес, се разви и терминот економска глокализација, кој означува процес на растечка меѓузависност помеѓу националните економии во светот, како резултат на сè поизразеното движење на стоки, услуги, технологија и капитал преку границите на националните економии, во кој *локалните единици развиваат директни економски врски со глобалниот систем преку*

*пазарот и информационите технологии,* заобиколувајќи ги традиционалните хиерархиски сили, како што е централната власт. Ваквиот процес не ја одминува ни Република Македонија и нуди солидна перспектива за економскиот развој на земјата.

Сепак, во Република Македонија ударите на рапидната глобализација го тресат политичкото тело, вовлекувајќи сè повеќе луѓе во сиромаштија. Слабостите на политичкиот систем во Република Македонија кој ги засилува наместо да ги коригира недостатоците на економскиот систем, се причина за неефикасност, резултирајќи со дисбаланс кој тешко би можел да се игнорира. Клучните економски проблеми се занемарени, а чувството на нефер однос кон сопствените граѓани се претвори во чувство на предавство. Излезот би можел да се побара во градењето на *инклузивни локални власти* со крајна цел - мирна адаптација кон неминовната глобализација преку воспоставување на правилни политики и приоритети кои ги инволвираат сите локални заинтересирани страни во мрежи, синергии со непречен проток на знаење и информации.

*Предмет и цели на истражувањето*

**Предмет на истражувањето** на трудот е перспективата на економскиот развој и модалитетите на економско делување во услови на економска локализација (со акцент на Република Македонија), како алтернатива на економската глобализација која ги демонстрира сите свои деформитети во последните неколку децении на доминација на мегакапитализмот.

Појдовна работна хипотеза на овој труд е растечкото влијание на финансискиот шпекулативен капитал и технолошкиот развој кој резултира со глобална криза на политичкиот и економскиот систем, ширењето на свесност за тешко раскинливата врска на односот центар - периферија и стремежот кон алтернативни економски модели со цел зачувување на вистинските вредности во услови на оскудност со капиталот кој е концентриран во рацете на мал процент од глобалната популација. Оттука произлегува и **главната цел** и **научниот придонес** на докторската дисертација - потрага по алтернативата за излез од погубното сценарио на глобализацискиот дискурс, која се бара во концептот на партиципативна економија базирана на информации, знаење и технологија, но пред и над сè - демократија, социјална правда и системска одржливост.

Резултатите од теоретското и практично истражување се во тесна корелација со следниве специфични цели на трудот:

- да се обработат структурните проблеми на глобалниот мегакапитализам во чиј корен се наоѓа доминацијата на шпекулативниот капитал чиј стремеж кон самооплодување го создаде феноменот на корпоративна држава и неоколонијалистички однос на центарот кон периферијата на глобалната економска мапа;
- да се претстави улогата на технолошкиот развој, како детерминанта на продуктивноста на трудот со што директно придонесува за продлабочување на јазот центар - периферија, но и како катализатор на глобално-локалните вмрежувања преку циркулација и дистрибуција на знаење и информации;
- да се даде теориски осврт на просторната нерамнотежа на глобалната економска мапа и да се идентификуваат условите кои мораат да бидат исполнети за социјалниот концепт да опстои во услови на безмилосно

ширење на влијанието на глобалното јадро под водство на неолибералниот капитализам на САД;

- да се понудат предлози и инструменти за излез од негативниот глобализациски дискурс преку афирмација на идејата за економска локализација и економија на локалните заедници;
- да се дефинира позицијата на Република Македонија во глобалниот економски систем, да се анализира имплементацијата на процесот на економска локализација де јуре и де факто и да се понудат алтернативни решенија на евидентниот негативен развоен тренд, нудејќи препораки за унапредување на локалниот и рамномерен регионален развој во Република Македонија;
- во склад со современите технолошки трендови, да се понуди решение за перспективата на економскиот развој на Република Македонија во чија основа се наоѓа концептот на Knowledge Based Economy и Knowledge Based Clusters.

Последната специфична цел претставува инспирација за практичното истражување на трудот, кое има за цел да понуди конкретен модел за примена на концептот на кластери засновани на знаење (Knowledge Based Clusters) во Република Македонија и се базира на хипотезата дека во Република Македонија постојат услови и спремност кај клучни институции за имплементација на концептот KBE преку основање на Knowledge Based Cluster. На тој начин, економскиот развој на Република Македонија се насочува кон развоен дискурс во кој знаењето, информациите и нивната соодветна циркулација и дистрибуција се адекватна замена на капиталот и иднина на глобалниот развој на човековата цивилизација.

*Методолошки пристап*

Методолошки, процесот на истражување интегрира теоретска и практична компонента. Генерално, за постигнување на дефинираните цели на трудот користени се класичните методи на истражување: анализа, синтеза, индукција, дедукција, дескрипција, компарација, апстракција, историски метод и слично.

Теоретската компонента вклучува научна литература од областа на глобалната и локалната економија, цитати на реномирани автори од стручни списанија, статистички податоци од извештаи и информативни дописи на меѓународни и домашни владини и невладини институции и организации, интернет-страници, закони и законски акти.

Практичната компонента на трудот изобилува со податоци, факти, анализи и заклучни согледувања кои се собирани во текот на подолг временски период, од самиот почеток на процесот на децентрализација покривајќи временска дистанца од минимум осум години во контекст на мојот ангажман во Одделот за демократско владеење при Мисијата на ОБСЕ во Скопје. Во тој период бев дел од истражувачки тим кој континуирано прибираше податоци од терен покривајќи околу 90% од општините, сублимирајќи ги во годишни извештаи за текот на имплементација на преносот на надлежности од централно на локално ниво, каде што мојот придонес се однесуваше на темата локален економски развој и учество на граѓаните во носењето одлуки. Дополнително, за потребите на докторската дисертација во периодот јануари-јуни 2016 година се направени директни интервјуа со државниот секретар на Министерството за информатичко општество и администрација (МИОА), извршниот директор на Заедницата на единици на локална самоуправа (ЗЕЛС), раководителот на одделение за буџети на единици на локална самоуправа во Министерството за финансии на Република Македонија и раководителот на одделението за ЛЕР на Општина Струмица. Најзначајниот дел на практичната компонента го вклучува периодот април-мај 2016 година, кога е направено теренско истражување со 13 институции од бизнис, академскиот и владиниот сектор на земјата. Применет е методот на директно интервју со раководните органи на предложените институции и Анкетен прашалник адаптиран на нивните специфики. Од вкупниот број институции, 8 придонесоа со сопствен инпут и фидбек.

*Содржина на трудот*

Докторската дисертација е систематизирана во три главни дела со посебни поглавја, кои заедно со воведот и заклучокот по логичен редослед ги обработуваат наведените цели.

Воведот ја прикажува основната идеја на трудот, неговата актуелност и значење, работната хипотеза, предметот, целите и методолошкиот пристап.

**Првиот дел (Економската глобализација - современа светска и македонска реалност)** најпрвин дава приказ на основните карактеристики и дефиниции на поимот економска глобализација како иреверзибилен тренд кој се заснова на постулатите на целосна трговска и капитална либерализација со краен резултат - доминација на финансискиот капитал и конвертирање во мегакапитализам и корпоративизам. Продолжува со идентификување на структурните проблеми на мегакапитализмот со акцент на улогата на шпекулативниот капитал и процесот на замена на државата нација со корпоративна држава и креирање на феноменот на мрежна економија и нејзините инхерентни карактеристики на социјална ексклузија. Понатаму се обработуваат технолошките аспекти на глобализациските процеси, односно улогата на технологијата како движечка сила на економската глобализација, фактор на продуктивноста на трудот, а со тоа и на креирање на јазот помеѓу технолошки развиените и неразвиените подрачја на глобалната економска мапа и нејзините ефекти врз организацијата и географската ориентираност на економските активности, исфрлајќи ги на површина знаењето и информациите како катализатори на глобално-локалните вмрежувања. Трудот продолжува со приказ на географската ориентација на глобалните економски активности, односно нивна концентрација и насоченост, задржувајќи го акцентот на теорискиот осврт на просторната нерамнотежа на глобалната економска мапа, односот центар - периферија и технолошко-инвазивните методи на глобалното јадро, неолибералниот економски модел на САД. Главниот фокус при обработка на оваа проблематика е поставен на капитализмот на социјален пазар објаснет преку специфичниот случај на Европската Унија, елаборирајќи ги предизвиците и перспективите на социјалната држава во контурите на мегакапитализмот. Анализата го задржува фокусот врз негативните ефекти на глобализацискиот дискурс и нуди

алтернативи за излез од кризата на мегакапитализмот, проектирани во идејата за полицентрична партиципативна економија и тенденција кон економска локализација. Анализата на првиот дел од докторската дисертација завршува со елаборација на позицијата на Република Македонија во глобалниот економски систем преку идентификување на контраефектите на laissez faire политиката и потребата од економска локализација.

**Вториот дел (Економска локализација - современа светска и македонска реалност**) започнува со елаборација на основните аспекти на поимот економска локализација со акцент на предностите и инструментите, продолжува со обработка на теориите на локален и регионален развој и го задржува фокусот на процесот на децентрализација како почетна фаза и неопходен услов за економска локализација. Во продолжение дава податоци за почетоците на процесот на децентрализација во Република Македонија, нејзиниот развој и пренос на надлежности од централно на локално ниво со детален опис на предизвиците и недостатоците како од фискален, така и од административно-организациски аспект, укажувајќи на нефункционалноста на системот на владеење и управување со економскиот развој на земјата. Во продолжение, анализата се задржува на современите трендови и аспекти на концептот локален економски развој кои ги вклучуваат процесите на стратешко планирање, партиципативност и инклузивност на членовите на локалните заедници во носење одлуки, улогата на јавно-приватните партнерства, институции и инструменти за развој на локалните бизниси и улогата на територијалниот маркетинг. Фокусот на анализата на вториот дел од трудот се задржува на законските аспекти и аспектите на практична имплементација на локалниот економски и рамномерен регионален развој во Република Македонија, елаборација на пречките, проблемите и причините за некомпатибилност на тековниот систем на економска локализација со потребите, очекувањата и барањата на граѓаните како крајни консументи на реформските процеси, нудејќи конкретни предлози и препораки за унапредување на локалниот економски развој. Во продолжение следи логичниот заклучок за постоење на развојни диспаритети помеѓу центарот (Скопскиот плански регион) и останатиот дел од периферијата на Република Македонија.

**Третиот дел (Перспективата на економскиот развој на Република Македонија во склад со современите технолошки трендови)** се надоврзува на претходните анализи и во склад со основната цел на трудот дава конкретни идеи и препораки за приближување на перспективата на економскиот развој на Република Македонија кон современите трендови на иновации, преноси и дистрибуција на знаење и информации како основни двигатели на идниот развој на човековата цивилизација. За таа цел трудот предлага комплетно конвертирање на функцијата на централната власт во инструмент за зајакнување на системската конкурентност на локалните економски системи со цел постигнување на долгорочна одржливост, добро владеење (управување) и интерна кохезија. Во продолжение нуди препораки за практична имплементација на ЛЕР и соодветни примери од светската практика.

Последниот дел од анализата се задржува на концептите Knowledge Based Economy и Knowledge Based Clusters идентификувани како перспектива на економскиот развој по примерот на најдобрите светски практики на успешна транзиција на слаби и неразвиени кон технолошко напредни и просперитетни економии. Логичен завршеток на анализата на докторската дисертација е практичниот модел за имплементација на овие концепти во Република Македонија. За негова успешна реализација потребни се промени во пристапот и организациската поставеност на сите нивоа на власт и инклузивна партиципација на сите заинтересирани страни (централна и локална власт, бизнис и академски сектор), а идеално, се препорачува изработка на посебна програма на централната власт која би резултирала од воспоставена национална политика на развој на економија заснована на знаење по примерот на земјите кои имаат развиен КВЕ-систем.

Заклучокот ги презентира клучните наоди од теоретското и практично истражување на докторската дисертација. Резултатите од спроведеното истражување ја потврдија работната хипотеза и истите индицираат потенцијал за развој на кластер заснован на знаење во Република Македонија. Трудот предлага понатамошни детални истражувања за типот, формата и техничките организациски инпути за функционирање на КВС-концептот.

# Прв дел

# Економската глобализација - современа светска и македонска реалност

## I Основни карактеристики на современиот економски глобален систем

### 1. Основни карактеристики и дефиниции на поимот економска глобализација

*Терминот* глобализација за прв пат се појавува на страниците на New York Times во 1974 година.[1] Постојат многу обиди за дефинирање на *поимот* глобализација. Theodore Levitt од Harvard Business School ја дефинира глобализацијата како „процес детерминиран од технологијата, кој го води светот кон конвергенција, и тоа не само пазарна, туку и културна и општествена“.[2]

UNDP, во својот годишен извештај за 1998 година, даде дефиниција на глобализацијата според која „глобализацијата е процес кој се дисперзира како во ширина, така и во длабочина, а кој го опфаќа меѓународното движење на трговијата, финансиите и информациите на единствениот, интегриран, глобален пазар“.

Jgdish Bhagwati, индиски економист и професор по економија и право на Columbia University, економската глобализација ја дефинира како „процес на интеграција на националните економии во меѓународната економија преку трговија, странски директни инвестиции, движење на капиталот, меѓународна мобилност на работната сила и меѓународни текови на технологијата“.[3]

Според Richard N. Rosecrance (Harvard University), глобализацијата е процес во кој „територијалната“ држава се заменува со виртуелна држава - „пазарна држава“.[4]

---

[1] Stojanov, Dragoljub, Jakovac, Pavle : Ekonomska znanost u zamci globalizacije, EKONOMSKI PREGLED, 64 (5) 447-473 (2013), стр.17.

[2] https://hbr.org/1983/05/the-globalization-of-markets.

[3] http://economistsview.typepad.com/economistsview/2006/09/jagdish_bhagwat.html.

[4] Rosecrance, Richard N., The Rise of the Virtual State: Territory Becomes Passé, Foreign Affairs Essay, July/August 1996 Issue, https://www.foreignaffairs.com/articles/1996-07-01/rise-virtual-state-territory-becomes-pass.

Anne Kruger[5] ја дефинира глобализацијата како „феномен, благодарение на кој економските субјекти во кој било дел на светот се под меѓусебно влијание повеќе од кога било пред тоа“.

Клучни термини на претходно наведените дефиниции се *технолошки развој, интеграција, капитал, мобилност, меѓусебно влијание*. Меѓутоа, сите тие се парцијални, технички и површински. Подлабоко и посуштинско разбирање на поимот глобализација дава Хендерсоновата дефиниција. David Henderson, поранешен главен економист на OECD ја дефинира глобализацијата како „слободно движење на стоки, услуги, труд и капитал, како резултат на што се креира заеднички пазар на инпути и аутпути и целосен национален третман на странските инвеститори, така што, од економски аспект, повеќе не постојат поделби на домашни и странски економски субјекти“.[6] Според George Soros, економската глобализација би се дефинирала како слободно движење на капиталот, со изразена доминација на глобалните финансиски пазари и мултинационалните компании над националните економии.[7] Вака дефинирана, таа претставува релативно нов феномен кој се разликува од времето пред 20, 30 или 50 години.[8]

J.S. Mill пред многу години напиша: „Западна Индија е местото кое Англија го одбра за производство на шеќер, кафе и некои други тропски производи. Вкупниот ангажиран капитал е англиски и скоро целото производство се одвива во интерес на Англија. Трговијата со Западна Индија од тие причини тешко може да се смета за меѓународна. Таа повеќе потсетува на трговија село - град и е под влијание на прописите и правилата на домашната трговија“. Суштината на вака дефинираните производствено-трговски односи е основа на современите дефиниции на поимот економска глобализација - трговијата не е третирана како странска, капиталот не мора да биде национален, туку светски, а ТНК не мора да работат за интересите на земјата на потекло на капиталот, кој со текот на времето „се одврзува“ од националните граници и почнува да работи сам за себе! *Оттука започнува стремежот кон негово окрупнување и концентрација преку акумулирање на профит - основната карактеристика на современата*

[5]Anne Osborn Krueger е американски економист. Таа беше Chief Economist на Светска банка за периодот 1982-1986 година и прв Deputy Managing Director на ММФ за периодот 2001-2006 година.

[6] Griswold, Daniel, The Blessigs and Challenges of Globalziation, rticle, CATO Institute, September1, 2000, https://www.cato.org/publications/commentary/blessings-challenges-globalization.

[7] Сорос, Џорџ, За глобализацијата, 2011, предговор, стр. vii.

[8] Ibid., стр.1.

*економска глобализација.* Инструменти за постигнување на крајната цел - профитот, се приватизацијата, дерегулацијата и трансформацијата на државата нација во корпоративна држава.

Следствено, од аспект на сеопфатноста, се издвојува политичко-економскиот пристап на дефинирање, според кој „глобализацијата е процес на приватизација на светските економски ресурси од страна на сопствениците на капиталот, многу често виртуелен и хидбриден капитал, за што сведочи експоненцијалната експанзија на финансиски деривати во последните дваесетина години“.[9] Ако приватизацијата е политички процес со економски последици, дијалектички, согласно претходната дефиниција, се доаѓа до заклучокот дека глобализацијата е процес на трансформација на територијалната (национална) држава во пазарно-корпоративна држава, како нова етапа во развојот на капитализмот, која ја нарекуваме мегакапитализам, а која (дијалектички гледано) ја сочинува фазата на развој на капитализмот која му претходи на посткапитализмот и постпазарното општество, онака како што тоа го согледале Marx (Kapital, 1962), Keynes (Economic Possibilities for our Grandchildren, 1932), Hilferding (Financial Capital,1948) или од поновата историја, Peter Drucker (Post-Capitalis Society,1993) и Robin Hahnel (Of the People, By the People: The Case for a Participatory Economy, 2012).[10]

Основни субјекти на вака дефинираниот процес на глобализација се меѓународните финансиски институции (Меѓународниот монетарен фонд, Светска банка, Светска трговска организација) и транснационалните корпорации (ТНК).

[9] Вредноста на финансиските деривати достигна 457 милијарди евра во 2007 година.
[10] Stojanov, Dragoljub, Jakovac, Pavle:, op.cit. стр. 17.

## 2. Економска глобализација - иреверзибилен тренд

Непосредно по Втората светска војна, државите вршеа строга контрола над меѓународните текови на капитал, а ММФ и Светска банка беа создадени, помеѓу другото, и за да ги олеснат меѓународната трговија и инвестирањето во услови на рестриктивно движење на капиталот. Имајќи ја предвид кризата од 30-тите години на минатиот век, ММФ беше основан врз база на верувањето дека постои потреба од колективна акција на глобално ниво за остварување економска стабилност, исто како што Обединетите нации беа основани брз база на верувањето дека постои потреба од колективна акција на глобално ниво за постигнување на политичка стабилност.

Контролата на движењето на капиталот постепено беше отстранета, а нафтената криза во 1973 година беше стимул за рапиден развој на off shore финансиските пазари. Меѓународните движења на капиталот зајакнаа во почетокот на 80-тите, во времето на Роналд Реган и Маргарет Тачер, додека пак финансиските пазари станаа навистина глобални во почетокот на 90-тите по колапсот на советската империја. Како што дефиниравме, важна карактеристика на глобализацијата е слободното движење на капиталот, како основна компонента на производството, при што секоја поединечна држава се натпреварува да го привлече, факт кој ја ограничува нејзината моќ да го оданочува и регулира истиот. Притоа, движењето на работната сила останува строго регулирано. Затоа, глобализацијата радикално ги менува економските и општествените аранжмани на државите во насока на намалување на контролата на државата врз сопствената економија. Ваквиот ефект се засилува преку активностите на либералните политичари и економисти кои делуваат како агенти на корпоративниот капитал, со идентична цел - преку аранжманите на субјектите на глобализацијата да го намалат влијанието на државата нација врз сопствената  економија, заради отворање на непречен пат за експанзија на капиталот и акумулација на профитот. Таканаречениот *пазарен фундаментализам* сугерира дека најдобро е распределбата на ресурсите да се остави на пазарниот механизам и дека секоја интервенција врз тој механизам ја намалува ефикасноста на економијата како агрегат, генерално гледано. Од тој аспект, глобализацијата е крајно успешен проект - слободната конкуренција на

глобално ниво ги поттикнува инвентивните и претприемачките таленти и ги забрзува технолошките процеси. Меѓутоа, процесот на глобализација е во колизија со системот на социјална заштита. Пазарите се добри за создавање богатство, но не се креирани да водат сметка за социјалните потреби на луѓето. Многу луѓе, особено од понеразвиените земји и земјите во развој останаа погодени заради погрешната распределба на ресурсите помеѓу приватните и јавните добра. Понатаму, финансиските пазари се подложни на кризи. Пазарните фундаменталисти сметаат дека финансиските пазари се стремат кон еквилибриум и дека произведуваат оптимална распределба на ресурсите. Дури и ако не се совршени, се смета дека пазарите се поефикасни сами по себе, без интервенција со национални или меѓународни регулативи. Тие го занемаруваат фактот дека пазарите се создадени за да ја олеснат слободната размена на стоки и услуги помеѓу доброволните учесници, но сами по себе тие немаат механизми за да ги опслужуваат колективните потреби, како што се редот, законот и социјалната правда. Овие „јавни добра" можат да се обезбедат само преку политички процес. Додека пазарот слепо функционира во согласност со интересите на поединци, притоа не давајќи морален суд за тоа што е правилно а што не, општеството не може да функционира без да се направи разлика помеѓу погрешното и правилното. Задачата колективно да се реши што е дозволено а што забрането и се остава на политиката, која пак страда од тешкотии во процесот на носење колективни одлуки во светот на кој му недостига силна морална норма.[11] Политичка акција е потребна дури и за создавањето и одржувањето на пазарот. Последната глобална финансиска криза покажа дека пазарите можат да бидат многу нестабилни. Тие имаат огромна моќ, но им недостига вграден системски морал. Профитот доминира над моралните вредности. Ако главната предност на пазарите се смета дека е ефикасноста (состојба во економијата кога понудата е еднаква на побарувачката по квантитет и по квалитет), а нивната неефикасност е очигледна (неспособност за апсорбирање на вкупниот расположлив човечки потенцијал и недоволно искористени ресурси, сиромаштија и нееднаквост), произлегува дека глобализацијата на пазарите, без соодветна координација и зајакнување на меѓународните политички и општествени аранжмани, доведува до мошне

[11] Види повеќе: Сорос, Џорџ, За глобализацијата, 2011, стр. 5.

нерамномерен глобален развој. Ако главната цел на еден демократски систем е благосостојбата на граѓаните, не можеме да одржуваме тип на глобализациски систем, ако тој од година во година има негативен ефект врз истите тие граѓани и се пројавува во форма на причина за растечката нееднаквост брз база на нефер поставени правила на игра или отсуство на истите.

Придобивките и супериорноста на глобализацијата per se не се предмет на оспорување, туку начинот на кој истата се менаџира. Глобализацискиот тренд ниту може, ниту пак треба да се сопре како таков. Останува само отворено прашањето на негово насочување во правец win-win за сите засегнати страни. Според нобеловецот Amartya Sen[12] висината на БДП не е мерило за човечката благосостојба и навистина е тешко трошоците и добивките да се сведат на еден заеднички именител, но сите докази укажуваат на тоа дека победниците во процесот на глобализација би можеле да им компензираат на губитниците и сепак да остварат добивка. Проблемот се состои во тоа што не постои меѓународен еквивалент на политичкиот процес што се одвива во секоја држава посебно. Пазарите станаа глобален проблем од една страна, а политиката останува цврсто вкоренета во суверенитетот на државата, од друга страна. Оттаму, не постои легитимен политички механизам кој би делувал корективно на глобално ниво со цел да ги неутрализира негативните моменти на глобализацијата. Сето ова резултира со зголемување на јазот помеѓу богатите и сиромашните земји.

Најбогатите, еден процент од жителите на Земјата, заработуваат исто колку и најсиромашните 57 проценти заедно, а повеќе од една милијарда луѓе живеат со помалку од еден долар дневно.[13] Ваквиот систем работи во прилог на богатите од врвот на општествената пирамида, но е толку неефикасен, при што добивката на тие од врвот е помала од загубата на тие од дното. Најголема е општествената загуба - изгубена верба во демократијата и правдата.

[12] Види повеќе: Sen, Amartya , Development as Freedom (New York: Alfred A. Knopf., 1999).

[13] Human Development Report , UN,2001.

## 3. Либерализацијата како прва фаза на процесот на економска глобализација

Од самото негово основање како терминологија во 1938 година[14], неолиберализмот успешно опстојува како идеолошки концепт. Во своето дело In *The Road to Serfdom,* од 1944 година, Hayek ја пласира тезата дека државната интервенција го руши индивидуализмот и креира терен за тоталитаризам. Ваквата идеја послужи како солиден аргумент на финансиските елити да се ослободат од регулацијата и даноците. Кога во 1947 година Hayek ја основа првата организација за ширење на либерализмот (Mont Pelerin Society), беше поддржан финансиски од милионери и нивните фондации. Годините кои следеа беа ангажирани финансиски, академски и медиумски ресурси за промовирање на никулците на современата глобална идеологија која лежи во основата на мегакапитализмот на глобалната економија.

Својата основа економската глобализација ја доби со трговската и либерализацијата на финансиските трансакции на тековната сметка, а својата суштина во контекст на претходно наведената дефиниција, со либерализацијата на капиталните трансакции на платниот биланс. Почетоците на *трговската либерализација* се поврзуваат со основањето на привремената Општа спогодба за царини и трговија - ГАТТ од група од 23 земји, кон крајот на 1947 година. Во рамките на ГАТТ се одржаа осум рунди на мултилатерални трговски преговори во стремежот за сукцесивна либерализација на светскиот пазар. Најдолготрајната (Уругвајската рунда трговски преговори, која де факто ѝ даде најголем импетус на глобализацијата) траела од 1986 до 1994 година, кога фактички се основа и самата СТО, под чија јуриздикција и се одвиваше процесот на трговска либерализација. Преговорите за унапредување на глобалната регулативна рамка не застанаа со финализирањето на Уругвајската рунда преговори. Во својот развоен период, преговорите за трговска либерализација поминаа низ шест глобални фази. Првата министерска конференција се одржа во Сингапур, 1996 година, каде за прв пат дојдоа до израз различните интереси помеѓу високоразвиените и земјите во развој, а во февруари 1997 година беше

[14] На состанокот во Париз во 1938 година, Ludwig von Mises и Friedrich Hayek социјалната демократија претставена преку концептот New Deal на Franklin Roosevelt и развојот на социјалната држава на Велика Британија ја квалификувале како манифестација на колективизам на ист ранг со комунизмот и нацисоцијализмот.

постигнат договор за преземање либерализациски мерки во доменот на телекомуникациските услуги и трговијата во областа на информациската технологија, банкарските услуги, осигурување и хартии од вредност. Втората министерска конференција се одржа во Женева, 1998 година, додека веќе наредната година во Вашингтон се одржа Третата министерска конференција на СТО која заврши со неуспех поради масовни протести.

Наредниот обид продолжи со мултилатерални преговори од областа на земјоделството, кои се вклучени во работната агенда од Доха, Катар, во рамки на четвртата Министерска конференција на Светската трговска организација, ноември, 2001 година. На последната министерска конференција, која беше од витално значење за незавршената агенда од Доха, беше постигнат договор за постепено фазно напуштање на земјоделските субвенции до крајот на 2013 година.

Светската трговска организација не е супранационална организација, што значи дека секоја земја членка има право самостојно да си креира своја трговска политика. Таа е замислена како чувар на системот на меѓународна трговија, со функција да го спречи скршнувањето на своите членки од либералните патеки. Меѓутоа, растечката меѓузависност помеѓу деловите на светскиот трговски систем не дозволува целосна независност во формулирањето на националните трговски политики. Соодветно на порастот на обемот на светската трговија и функционалната зависност и продлабочувањето на врските помеѓу субјектите на светскиот економски систем, *расте потребата од постоење на ефикасна институција која ќе ги регулира трговските текови и ќе значи повеќе од форум за преговори и решавање трговски спорови.*

Основно мото на либерализацијата е слободен проток на стоки, услуги, капитал, технологија, знаење и луѓе. Во периодот од 1947 до 2001 година, царините се намалени од 47% на само 3%, со што тие де факто изгубија на значење како инструмент на надворешно-трговската политика.[15] Од аспект на економската глобализација, ваквите процеси од една страна отвораат широк пазар за стоките и услугите на ТНК и овозможуваат раст на профитната стапка, но значат и можност за интегрирање на земјите во развој и неразвиените во современите економски текови, зашто слободниот проток на капитал, знаење и технологија, а

---

[15]World Trade Organization, Understanding the WTO: The Agreements: (http://www.wto.org/english/thewto_e/whatis_e/tif_e/agrm1_e.htm).

не само на стоки и услуги отвори широк простор за експанзија на СДИ. Прашањето е под кои услови земјите во развој се интегрираат?

*Либерализацијата на меѓународните финансиски трансакции* како процес се одвива под јуриздикција на ММФ и се состои од два сегмента: финансиските трансакции на тековната сметка и капиталните трансакции на платниот биланс.

Финансиските трансакции на тековната сметка се регулираат со различни стабилизациони програми на ММФ, а целта е монетарна стабилизација на земјата заради создавање на внатрешна конвертибилност на домашната валута како претпоставка за учеството на државата во меѓународниот промет.[16]

Монетарната стабилизација се постигнува преку девизниот курс кој се јавува како антиинфлациско сидро, односно претставува *лидерска цена* на националната економија од која непосредно се имплицирани сите останати монетарни агрегати. Стабилноста на девизниот курс, според тоа е стратешка цел на економскиот систем и таа се одржува со помош на надворешен интервенционизам (кредитни транши на ММФ) и домашен интервенционизам (резерви на Народната банка), со единствена цел да не бидат загрозени трговските и финансиските трансакции. Почетокот на ваквата практика ќе го бараме во основањето на Бретонвудскиот меѓународен монетарен систем.

Цената која реално се плаќа за одржување на ваквата стабилност, особено во случајот на земјите во развој, а тоа е случај со Република Македонија, се сведува на „парализирање и стерилизирање" на економските активности, затворање на капацитети и отпуштање на вработени, снижување на надници и скратување на социјалните права. Во услови кога ресурсите на една национална економија се безусловно насочени кон одржување на стабилноста на девизниот курс, се доведуваат во прашање цивилизациските придобивки на глобалниот систем, а глобализацијата добива „искривена" слика на кампања на глобалниот пазар против поединецот".

*Либерализацијата на светските финансиски текови* се заокружи со дерегулација (конвертибилност) на капиталните трансакции на платниот биланс. Конвертибилноста на капиталните трансакции значи дека правните и физички лица (резиденти на една земја) без ограничување можат да купуваат акции, обврзници и други форми на сопственост (капитал) во странство, а

[16] Николовска, д-р Наталија, Глобализацијата и економскиот слом на земјите во транзиција, стр. 11.

нерезидентите можат да вршат репатријација на капиталот и профитот остварен во странска земја.

Промовираната конвертибилност на капиталната сметка отвори широки можности за непосредно вклучување на земјите во развој во глобалната економија преку експанзијата на *странските директни и портфолио инвестиции*, зашто промената на законската регулатива во насока на слободна репатријација на профитот им отвори пат на овие земји кон глобалните економски трендови. Од тој аспект, финансиската либерализација претставува движечка сила на глобализациските процеси, но во исто време ги зголемува опасностите од финансиска криза. На ова предупредува и извештајот на ОН за Меѓународната финансиска нестабилност и Источноазиската криза (1998): „Финансиските пазари стекнуваат независен капацитет да ги дестабилизираат неразвиените економии. Евидентираните индикатори опоменуваат дека трошоците од непромислената либерализација и дерегулација можат да бидат енормно високи".Ваквата тенденција остава широк простор за делување на шпекулативниот капитал, кој во прекумерни количини е способен да предизвика финансиска криза од верижен карактер со несогледливи последици. Најсвеж пример кој ја поткрепува оваа теза е финансиската криза од 2008 година, кога иновативноста на финансиските пазари во промовирање на „лесни пари" без адекватна регулатива доведе до крах на финансиските институции, а со одлуката на американската влада да не учествува во спасувањето на Lehman Bros. глобалната рецесија стана неизбежна.[17]

Процесот на либерализација мора да се разгледува селективно зашто трговијата со стоки и услуги не е исто што и трговијата со капитал. Додека трговијата со стоки и услуги може да го подобри или влоши салдото на трговскиот биланс на една национална економија, неконтролираниот прилив и одлив на странски капитал лесно може да предизвика финансиска криза[18], со оглед на фактот дека ги детеорираат макроекономските перформанси на економскиот систем.

Финансиските пазари не се стремат кон еквилибриум, туку им треба некој што ќе внимава „да не излезат од шините". Во услови на непостоење на здрава меѓународна институционална регулација на финансиските текови,

[17] Weisberg, Jacob , What Caused the Economic Crises, Article, 9 January, 2010.
[18] Nikolovska, Natalija , Sundic, Dragomir: Globalization and Economic Downfall of Countries in Transition, Skopje, 2002, стр. 92.

финансиската либерализација претставува опасност за глобалната економија. Типичен пример се огромните можности кои во вакви услови „transfer pricing" методот им ги нуди на ТНК за даночна евазија и консеквентно извлекување на профитот од националната економија на афилијацијата. Извештајот на Global Financial Integrity од декември 2015 година, „Illicit Financial Flows from Developing Countries: 2004-2013", открива дека земјите во развој и неразвиените изгубиле 7,8 трилиони САД-долари од недозволени финансиски текови за периодот 2004-2013 година, со просечна стапка на раст од 6,5 % на годишно ниво - скоро два пати поголема од стапката на раст на глобалниот БДП![19] Според анализата на „CristianAid", ако овие пари им биле дадени на земјите во развој и неразвиените, ќе биле доволни за да се спасуваат 1.000 деца дневно, секој ден. Оваа бројка ја надминува и цифрата од 62 милијарди САД-долари кои недостасуваа за да се постигнат „Милениумските развојни цели" на Обединетите нации со крајна цел намалување на екстремната сиромаштија и гладот на глобално ниво до 2015 година.[20]

Според изложените аргументи, на сила добива тезата дека протекционизмот мора да му претходи на процесот на либерализација (како прва фаза на глобализацијата) и тоа до степен и ниво кога ќе созреат условите за либерализација на односниот сегмент од светскиот економски систем. Притоа, политичките аранжмани кои треба да ја регулираат глобализацијата значително заостануваат зад нејзиниот развој.

## 4. Коренот на проблемот

Основниот движечки закон на капитализмот е максимизација на профитот, кој се реализира од акумулираната вишок вредност која работната сила ја „вградува" во производот или услугата и од недоволно платениот човечки труд. Капиталистот е воден од идејата што повеќе да го експлоатира тој труд и да го зголеми недоволно платениот труд на човечкиот фактор. Таквиот систем се шири или преку интензификација на експлоатацијата на човечкиот фактор, или преку проширување на производството и воведување на поефикасни методи,

19 Според организацијата, овие пари најчесто завршуваат на сметки во земјите кои важат за даночни прибежишта, како што се Белизе, Сејшели, Лугано, Св. Винсент и Гренадини, Маврициус, Панама и други.
20 http://www.gfintegrity.org/reports/.

зголемувајќи ја вредноста за размена со цел да оствари поголем профит. Контрадикторноста инхерентна на овој процес се состои во фактот што колку повеќе е редуцирано работното време, толку и вредноста на човечкиот труд содржана во производот се намалува. Од втората половина на минатиот век стана доминантна т.н. „Теорија на маргиналната продуктивност", според која тие со поголема работна продуктивност заработуваат повисок приход, рефлектиран во нивниот поголем придонес кон општеството.[21]Пазарот, преку своите движечки сили на понуда и побарувачка ја одредува вредноста на секој индивидуален придонес во создавањето на вредност. Ако некој поседува ретка и барана вештина, пазарот соодветно ќе го награди. Ако пак личноста нема вештини кои се бараат на пазарот, следствено и приходот ќе ѝ биде низок. Секако, технологијата е таа која ја одредува продуктивноста: во примитивно земјоделско општество, физичката сила и издржливоста за работа се највреднувани, додека пак во модерна high tech економија, силата на умот, знаењето и информациите го држат приматот. Следствено, технологијата е основна причина за растечката нееднаквост, а од тој аспект и понудата на работна сила на пазарот мора структурно да се менува и тоа со брзина на промена на потребата, односно побарувачката.

Поривот за зголемен профит довел до воведување на квалитативно нов инструмент - дигитализација, автоматизација и роботизација на производството. Со други зборови, за прв пат во човековата историја станува возможно производство без човечки труд. Оттаму, вредноста на работната сила поврзана со човечкиот фактор како извор на вредност се приближува кон нула, што пак резултира со технолошки вишоци и отпуштање од работа. Генерално, работната сила поевтинува, а новата глобализациска ера добива лик на поларизираност во два екстрема - апсолутно богатство и апсолутна сиромаштија.[22] Контрадикторноста инхерентна за капиталот станува отворен антагонизам, непријателски настроен кон самиот закон на вредноста: имаме ситуација во која производството не содржи човечки труд. Ако се знае дека стоките не можат да резултираат во профит без нивна реализација на пазарот, а работната сила без пари не е во состојба да ја консумира растечката маса на произведени стоки,

[21] Stiglitz, Joseph E. ,The Price of Inequality, 2012, стр. 30.
[22] The Rise of Specualtive Capital and its Geopolitical Implications, Dec.2008.Vol18.Ed6. http://www.lrna.org/2-pt/articles/v18ed6art2.html.

ваквиот „напад“ врз законот на вредноста го најавува крајот на стоковното производство.[23] За истото да се реализира, во игра стапува финансискиот сектор, преку отворање на финансиските вентили за кредитно задолжување, поставувајќи го повторно капиталот на тронот на капиталистичкиот поредок. Повратно, на долг рок, ситуацијата на човечкиот фактор како потенцијална работна сила дополнително се влошува, влегувајќи во спиралата на зависност од милоста на финансиските институции водени од желбата за зголемување на сопствениот профит.

Од другата страна на економските сили се наоѓаат политичките, односно државата. Во модерна пазарна економија државата би требало да биде таа која ги коригира несовршеностите на пазарот. Таа ги поставува правилата на игра надвор од пазарните - што значи фер конкуренција, кои активности се сметаат за нелегални и антиконкурентски, кој има право на надомест во случај на банкрот, кои финансиски практики се забранети итн. Владите се тие кои исто така учествуваат со сопствени ресурси (отворено или пак помалку транспарентно) и преку даноците и социјалните давачки ја модифицираат дистрибуцијата на приходот кој е директен резултат на пазарните сили. Имперфектноста на пазарните механизми ѝ дава интензитет на нееднаквоста, но владините политики се оние кои имаат директно влијание врз пазарните механизми. Голем процент од нееднаквоста која денес владее во глобални рамки е резултат од она што го прават или пак од она што не го прават владејачките структури - тие имаат моќ да го движат богатството од врвот кон дното, низ средината и обратно. Она што има деструктивно дејство врз општеството како целина е селективното носење на одлуки надвор од правилата на системот со кои се дава предност и корист на мала група луѓе блиска до владејачката структура. Ефектите од поединечните вакви нефер одлуки се мали, но кумулативно гледано имаат далекусежни негативни општествени последици. Наместо корекција на пазарниот механизам, ова е причина за форсирање на растечка нееднаквост, особено ако се дозволува нарушена пазарна конкурентност заради монополистички профит. Ваквиот тренд кога политичкиот систем овозможува креирање на висок приход за одредена група луѓе не заради нивната објективна продуктивност и придонес кон општеството, туку дозволува неправично приграбување на дел од вредноста која

[23] Ibidem.

инаку би била создадена и без нивно учество, популарно се нарекува „rent seeking“.[24] Оваа појава е далеку од оптималната, правична распределба на општественото богатство кога личната награда кореспондира со општествениот придонес. Последново е показател за успехот на една владејачка структура.

Ситуацијата станува уште полоша кога владата е контролирана од финансиските моќници, кои се заинтересирани за што понетранспарентен пазар. Нетранспарентноста е нивна омилена алатка за rent seeking. Транспарентноста на пазарот се нарушува со лансирање на разните видови финансиски деривати, ризични продукти кои создаваат лажна претстава за реалната количина на пари во оптек или онаа со која вистински располага една институција, кои беа и една од причините за последната финансиска криза во 2008 година. Во своето дело „The Price of Inequality“, Stiglitz со право ги нарекува „финансиски оружја за масовно уништување“. Кога ваквите финансиски продукти, носители на виртуелни пари и шпекулативен капитал се предмет на купопродажба, купувачот се наоѓа во подредена ситуација, тој нема доволно информации за вистинската вредност на стоката. Асиметричноста во поседувањето на вистинските информации за предметот на купопродажба му овозможува на продавачот, односно финансиската институција да извлече вишок профит - чисто шпекулативна трансакција.

## 5. Структурните проблеми на глобалниот мегакапитализам

### *5.1. Улогата на шпекулативниот капитал*

Во новата ера на глобализациски мегакапитализам, во инфо-ерата на електроника и високоразвиена технологија, шпекулативниот капитал добива доминантен статус. Модерниот шпекулативен капитал се развил во рамки на длабоките промени на капиталистичкиот систем. Во услови на производство без или со минимум човечка работна сила, нема создавање на дополнителна вредност, а на долг рок тоа значи дека нема да има профит. Како тече овој процес?

[24] Stiglitz, Joseph E .,op.cit., стр. 32.

Капиталот, кој мора да циркулира според својата природа, не се користи за креирање на нова и вишок вредност, туку за чисто шпекулативни инвестиции. *Шпекулативниот капитал е капитал кој не креира вредност или реализира вишок на вредност, туку се оплодува преку намножување на суми базирани на задолжувања кои повлекуваат отплата на камати.* Постои масовна експанзија на шпекулативни кредитни инструменти, кои придонесоа за четирикратно зголемување на долговите на кредитниот пазар во периодот 1987-2007 година и тоа од 11 на 48 трилиони САД-долари, а услугите на финансискиот сектор во втората половина на минатиот век станаа најголем сектор во приватната економија на САД.[25] Вредноста на хипотекарните долгови исто така значително се зголемува, а претворањето на долговите во хартии од вредност, како и креирањето на други „егзотични“ и комплексни долговни инструменти стана нови машини за збогатување, при што богатството се акумулира преку континуирано движење на парите и капиталот првостепено, каде што прометот на стоките и услугите се сведува на второстепено ниво, како секундарен процес. Карактеристика на сите овие долговни инструменти е дека истите се добро обезбедени со реални вредности (assests), што понатаму му овозможува на шпекулативниот капитал да добие улога на „банкарски систем во сенка“, каде што небанкарските позајмувачи, заедничките и hedge фондови надвор од постоечките регулаторни финансиски структури станаа „нови фабрики на ликвидност“. Влијанието на шпекулативниот капитал станува сè појасно и појасно во насока на поместување на ризикот од катастрофа на сметка на семејните буџети на обичните граѓани, потхранувајќи од друга страна не само глобални финансиски кризи, туку и долгорочна економска нестабилност.

САД одиграа незаменлива улога во поддршка на доминацијата на шпекулативниот капитал преку државни политики и практики кои го фаворизираат финансискиот сектор над индустрискиот и преку хегемонијата на доларот.[26] Во 1971 година, FED го „одврзаа“ доларот од златото и неговиот курс

---

[25] Ibidem.

[26] Со појавата на различни регионални блокови и групации, светската доминација на САД се амортизира. Основната идеја за нивно егзистирање секако е економска и оди во насока на заштита и пристап до нови пазари. Новиот сојуз помеѓу Бразил, Русија, Индија и Кина (BRIC) претставува сеизмички пресврт во глобалната економија, а слично влијание може да се очекува и од „седумте државно-контролирани сестри на нафтата“ - Saudi Aramco, Gazprom (Russia), Petrochina, the National Iranian Oil Company, Petrobras (Brazil), Petronas (Malaysia) и Petroleos de Venezuela кои ја означуваат новата „нафтена оска“. Геополитиката ја следи

стана флуктуирачки. Во 1972 и 1973 година почнаа да циркулираат хартии од вредност со најразличен рок на достасување, покривајќи и парични и капитални вредности, формирајќи ја основата на шпекулативниот капитал. Следуваа погубни сценарија - спасување од банкрот на S&L, Citibank, како и падот на берзата во 1987 година. Набрзо потоа, се формира Работна група за финансиски пазар на претседателот на САД, а финансискиот сектор на САД и вашингтонската администрација цврсто се поврзаа помеѓу себе, соработувајќи во насока на една стратешка определба - финансиска поддршка и периодични спасувања од банкрот од страна на FED. И покрај потрошените трилиони САД-долари, се постигнуваа само краткорочни резултати. Ваквите практики не го сопреа антагонизмот на капиталистичкиот систем кој го креира процесот на замена на човечкиот труд со технологија. Последниот шпекулациски балон пукна во 2008 година, чија ликвидност повторно беше финансирана од FED.

Глобалната криза од 2008 година отвори ново поглавје во дебатите околу политиките насочени како одговор на процикличните капитални текови. Тенденцијата на шпекулативниот капитал да се движи од високоразвиените земји со пониски, кон земји во развој и транзиција, односно земји со повисоки каматни стапки е потенцијална закана од нереална апрецијација на националната валута и пораст на цените, што негативно влијае врз способноста за извоз на односната национална економија.[27] Финансиската индустрија врши притисок врз земјите од периферијата на глобалниот економски систем и наметнува услови за создавање на финансиски кризи преку кредитирање и финансирање на трговскиот биланс со единствена цел - реализација на стоките на слободниот пазар и остварување на профит. Потрошувачката е пренапумпана, створени се нереални, скоро вештачки потреби кај консументите и тоа преку суптилното влијание на медиумите, а растот е директно зависен од побарувачката - која финансиската индустрија несебично ја финансира.

ММФ делумно ја прифати потребата од регулирање и заштита на капиталната сметка, така што во март 2011 година Бордот на ММФ одобри сет од правила и

---

економијата. Како што се појавуваат нови економски блокови со цел да и опонираат на супериорноста на САД, се формираат и воени стратегии токму околу нафтените полиња.

[27] Gallagher, Dr. Kevin, Speculative Capital Flows in Developing Countries, http://vimeo.com/40887227.

процедури за регулирање на капиталната сметка [28], давајќи им легитимитет како интегрален дел на макроекономската политика.

## *5.2. Како државите нации ја изгубија контролата над сопствената економска политика?*

Мегакапитализмот го доживеа својот подем со либерализацијата на светските финансиски текови која се овозможи преку дерегулација (конвертибилност) на капиталните трансакции на платниот биланс на националните економии. Флексибилноста на технолошкиот систем им овозможува на економските субјекти да ги бираат сопствените компоненти и соработници на глобално ниво во неограничена варијабилна геометриска рамка во потрага по соодветни вредности кои продуцираат профит. Ваквите процеси инволвираат заобиколување на територии, региони и цели држави нации кои не носат потенцијал за профит на новите економски структури на мегакапитализамот.

Современите информациони и комуникациони технологии овозможија незапаметена брзина во спроведувањето на економските трансакции помеѓу инволвираните субјекти без потреба од нивно физичко присуство. Тие отворија широк простор за развој на пазарот на капитал преку креирање на синтетички финансиски инструменти и деривати како комбинација на акции, обврзници, опции, валути или било кој друг индикатор на монетарна вредност. Просторните и временски комбинации на монетарните вредности (фјучерси и други видови деривати на хартии од вредност) дополнително ги развиваат потенцијалите за трговија.[29] Со тоа се креираат вредности и пазарна капитализација на основа на деривати чиј промет на крајот од минатиот век претставувал дванаесет пати поголема вредност од глобалниот БДП.[30] Ваквиот неверојатен пораст на трговијата со финансиски деривати е резултат исклучиво на употребата на развиени математички и софтверски модели на моќните компјутерски системи и нивната способност за инстантен пренос на информации на глобално ниво.

[28] Gallagher, Kevin P., Griffith-Jones, Stephany and Ocampo, José Antonio, Capital Account Regulations for Stability and Development: A New Approach, The Frederick S. Pardee Center for the Study of the Lomger Range Future , Issues in Brief 022, November 2011, стр. 2.

[29] Kastels, Manuel, Informaciona tehnologija i globalni kapitalizam, стр. 74.

[30] Во 1997 година, за прв пат, најголемиот дел од финансиските заштеди на домаќинствата бил во облик на хартии од вредност, наместо во недвижнини.

Меѓудржавните трансакции со обврзници и акции помеѓу 1970 и 1996 година мерени како процент од БДП во САД се зголемени со фактор 54, во Јапонија со 55, а во Германија со скоро 60 поени.[31] Ваквото френетично финансиско инвестирање стана глобален тренд. Во последните две децении на минатиот век стапката на пораст на заемите и кредитните трансакции ги надмина стапките на раст на глобалниот БДП и обемот на светската трговија. Глобалните инвеститори ги искористија нејасните финансиски и банкарски прописи на пазарите во фазата на нивна институционална изградба за имплементација на чисто шпекулативни трансакции, а егзотичните комбинации на финансиските инструменти и хартии од вредност нашироко ги отворија вратите на шпекулативниот капитал кој нераскинливо ги поврза финансиските пазари низ целиот свет. Вредностите на националните валути и каматните стапки како основни макроекономски варијабли станаа детерминирани од финансиските пазари. Поврзаноста на финансиските со политичките елити беше дополнителен предуслов за слобода на трансакциите со хартиите од вредност како симболи на шпекулативниот капитал, поради очекуваната финансиска поддршка во случај на финансиска криза.

Финансиските пазари се поврзаа на повеќе начини: 1) компјутерските информациски системи овозможија многу брзо придвижување на капиталот помеѓу различните финансиски производи, валути и земји во време мерливо во секунди; 2) се појавија различни нови видови на финансиски деривати, мешајќи ги монетарните вредности помеѓу различните национални економии, на начин што наглата промена на само една од компонентите на хибридните финансиски деривати предизвикува промена на сите останати, кои пак влијаат врз макроекономските параметри на националната економија која ја претставуваат[32]; 3) шпекулативните инвеститори во потрага по голем профит многу бргу се поместуваа од еден пазар на друг, антиципирајќи ги промените на цените на различните хартии од вредност во различни валути, користејќи модели на предвидување; 4) провајдерите на информации и креаторите на јавно мислење (на пример фирми за процена на бонитетот на компаниите, како на пример Standard&Poor, Moody's) се способни да предизвикаат вештачко преценување или потценување на хартии од вредност, валути и компании, зголемувајќи и

[31] Kastels, Manuel, op.cit.
[32] Ова беше случај со финансиските деривати на азиските финансиски пазари во 1997 година.

намалувајќи ја нивната вредност, а со тоа и вредноста на цели економии, со цел да се промовира потребата од финансиско задолжување како основен извор на вредност за шпекулативниот капитал.

Ако кон сето ова ги додадеме и политичките влијанија, ќе ја докажеме тезата дека поставувањето на цени и трендови на финансиските пазари зависи исто толку од неконтролираните информациски турбуленции, колку и од понудата и побарувачката, а во некои случаи и ги надминува овие пазарни принципи. Меѓународните финансиски организации, а особено ММФ интервенираат како ултимативни заемодавачи кои ги таргетираат првенствено економиите на земјите во развој, а нивните критериуми кои униформно се имплементираат на ниво на стандарди тежнеат кон обединување на правилата на игра на финансискиот пазар. Трендот на енормно задолжување на земјите во развој ја поткопува способноста на владите да управуваат со националните економии. Се јавува феномен на недостаток од државна солвентност, неспособност на владите да ги сервисираат своите долгови не само кон финансиерите, туку и кон граѓаните (социјално, пензиско, здравствено), сведувајќи се на својата рудиментирана форма - минималистичка држава која функционира преку изнајмување на колективната инфраструктура за да преживее и постепен распад на националната држава.[33]

Електронскиот систем на финансиски трансакции ги надминува правилата на управување на централните власти, меѓународните институции и приватните финансиски компании, отворајќи широк простор за придвижување на профитот од сите можни локални, национални и глобални извори кон финансискиот пазар на кој се одвива најголемиот дел од растот и концентрацијата на капиталот. Оваа мрежа на електронски трансакции која раководи со глобалниот и локалниот проток на капитал се воздигна до ниво на колективен капиталист кој не ги следи исклучиво пазарните правила. Движењата на финансискиот пазар се индуцирани од мешавина на пазарни правила, политички и бизнис-стратегии, психолигијата на масата, рационалните очекувања, ирационалните делувања и шпекулативни маневри од секаков вид.

[33] Види повеќе: Николовска, д-р Наталија, Регионалниот модел на центарот и периферијата во светлината на кризата на ЕУ,Општествено-економскиот развој на Република Македонија со посебен осврт врз регионалната компонента и пазарот на труд, Зборник на трудови по повод 100 години од раѓањето на академик Кирил Миљоски, МАНУ, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Економски факултет-Скопје.

Импликациите на ваквите трендови се простираат од техничко намалување на трошоците на пазарните трансакции, привлекувајќи на тој начин поголем опсег на капитал од приватни и индивидуални инвеститори, па сѐ до ефект на квалитативно намалување на регулацијата на трговските и финансиски текови поради технолошкиот елемент. Од тие причини, следењето на текот на капиталот стана многу тешко. Дополнително, се појавува и елементот на тајновитост на инвестициските текови, процес на децентрализација на инвестициите, широко учество на заинтересирани страни за кои не постојат доволно информации. Се појави ситуација на сѐ поголем број на инвеститори и сѐ понизок квалитет на релевантни информации за квалитетот на трансакциите, проследени со доза на волунтаризам.

Најголемиот дел од електронските трансакции на финансискиот пазар се одвиваат во САД, со постепено ширење кон Европа, ширејќи ја сложената мрежа на интеракции и финансиски трансакции базирани на сомнителни прогнози на пазарните конјуктури, во различни временски и просторни секвенци и надвор од контролата на владите. Ова се основните фактори кој придонесоа државата нација постепено, но сигурно да ја губи контролата врз сопствената економија, подредувајќи се на интересите на финансискиот капитал од шпекулативен вид.

## 6. Мрежната економија на мегакапитализамот - фактор на социјална ексклузија

Современиот технолошки тренд ја создаде основата на еден нов тип економија на глобално ниво, т.н. мрежна економија, во која продуктивноста и конкурентноста се резултат на текови на знаење и процесирање на информации.[34] Таа е повторно водена од основните капиталистички постулати на немилосрдна конкуренција во потрага по профит, но фундаментално е базирана на нови инструменти и движечки сили - новите информациони и комуникациски технологии кои лежат во основата на продуктивноста и мрежните организациски форми на делување. Тие го прават системот на мрежна глобална економија

[34] Kastels, Manuel, op.cit., стр. 72.

екстремно флексибилен и во согласност со основните движечки мотиви му создаваат квалитет на способност кон себе да ги привлекува и вмрежува сите потсистеми кои му носат профит и да ги дисконектира сите оние што не придонесуваат за акумулација на профитот во негова полза.[35] Врските помеѓу интерните субјекти се асиметрични, а нивна критична карактеристика е нестабилноста (континуирана инклузија и ексклузија). Мрежите на мегакапитализмот постојано се менуваат во бесконечни варијации. Оние што успеваат да останат внатре, имаат можност да ги искористат интерните текови на информации и ресурси и да креираат вредност за себе. Проблемот се јавува поради фактот дека луѓето и териториите, чии судбини зависат од нивното позиционирање во глобалниот економски систем не можат да се адаптираат брзо и лесно на континуираните интерни промени. Невмрежените региони и територии се соочуваат со дезинвестиција на капитал и одлив на квалификувана работна сила и раст на невработеност. Ваквиот негативен економски тренд е причина за социјална стагнација и тоа токму во ерата која теоретски ветуваше најмногу можности за човечки развој.

Мултинационалните корпорации во производството, доставувањето на услуги и финансии вмрежени со нивните помошни мали и средни бизниси го сочинуваат срцето на глобалната економија. Во раните деведесетти години, на самиот почеток од нивниот раст благодарение на отворената траекторија преку дерегулацијата на капиталната сметка, ТНК директно вработувале околу 70 милиони работници, кои произведувале околу една третина од вкупниот светски аутпут, а глобалната вредност на нивните продажни трансакции во 1992 година била 5,500 милијарди САД-долари, што претставувало 25% повеќе од вкупната вредност на светската трговија во таа година.[36] Најголемата концентрација на наука и технологија е лоцирана во неколку истражувачки центри, првенствено во Силиконската долина во САД, делумно во Западна Европа и Јапонија. Научниците и истражувачите од другите технолошки центри во региони на азискиот континент се ултимативно поврзани и зависни во својот развој од вмреженоста со водечките центри. Оттука, висококвалификуваната работна сила растечки се глобализира. Во исто време, најголемиот дел од работните

[35] Castells, Manuel, Information Technology, Globalization and Social Development, UNRISD Discussion Paper No. 114, September 1999, стр. Iv.
[36] Ibid.

места и мобилноста на луѓето не се глобализирани. Напротив, тие се многу локални или регионални. Сепак, нивната судбина, можности за развој и животен стандард се ултимативно зависни од глобализираниот сектор - капиталот и технологијата и од нивната конектираност со глобалните мрежи на капитал, технологија, производство и трговија. Ваквиот тип на глобална мрежна економија е историски нов процес од аспект на фактот дека дури во последните неколку децении развојот на технологијата дозволи креација на инфраструктура за нејзино функционирање.[37]

Во секој случај, без оглед на опфатот на глобалната економија, не е возможно во секој момент да бидат вмрежени сите територии, региони, компании и луѓе. Најголемиот дел од нив се исклучени, во зависност од тоа дали истите претставуваат потенцијал за извлекување на профит на елементите на гигантскиот систем. Токму тоа е суштинската основа на новата глобална економија карактеристична за ерата на информации - симултаниот капацитет да интегрира и дезинтегрира! Тоа и дава квалитет на сегментирана глобализација.

Накратко, глобализацијата е нова историска реалност која не е еднаква на онаа промовирана од неолибералните идеолози со цел да ги убедат граѓаните, компаниите, територииите, дека треба да им се предадат на пазарните сили, туку претставува резултат на процеси на капиталистичко преструктурирање во согласност со барањата и новите правила на игра на пазарот воведени од иновациите, информациите и развојот на технологијата. Доколку ја набљудуваме емпириската евиденција на социјалните трендови на глобално ниво, во и помеѓу националните економии во последните неколку децении, ќе се забележи растечки тренд на нееднаквост помеѓу одделните национални економии категоризирани на развиени и земји во развој, додека пак интерната нееднаквост бележи различни тенденции кај различни земји. Кај некои земји (Индија, Азиски Пацифик) постои тенденција на намалување на нееднаквоста и креирањето на поларизирани структури, додека пак други (САД, Велика Британија, Мексико, Бразил) тонат во зголемена нееднаквост и консеквентна поларизација (раст на врвот и дното на пирамидата на дистрибуција на профитот, за сметка на

[37]Телекомуникации, информациони системи, производство базирано на микроелектроника, воздушен транспорт базиран на пренос на информации и меѓународни бизнис-услуги лоцирани глобално.

намалување на средната класа).[38] Во глобални рамки, поларизацијата е во пораст. Личното богатство на 385 милијардери во светот е поголемо од годишниот БДП на земји кои претставуваат 45% од вкупната светска популација.[39] Бројот на жители кои живеат во сиромаштија континуирано расте, а најрастечкиот сегмент на сиромашната популација е онаа која се граничи со екстремна сиромаштија, односно дневен приход под границата од 1 САД-долар.[40] Главните причини за ваквите ефекти на мегакапитализмот и мрежната економија базирана на континуиран проток на информации се огледаат во изменетите структурни модели на работните перформанси на поединецот. Ерата на информации која продуцира мрежни производствени структури, во значителна мера ја зголемува индивидуализацијата на трудот и отстапување од практиките на колективно преговарање или регулирање на условите за работа. Трудот се десоцијализира (за разлика од индустриската ера, која инволвираше физичка и формална блискост на директните учесници во работните процеси) за сметка на растот на флексибилноста и индивидуализацијата на работниот перформанс. Ваквите тенденции ги трансформираат социјалните врски помеѓу капиталот и трудот, помеѓу менаџментот и извршителите и помеѓу самите работници. Тоа има фундаментални импликации врз можностите за политичка акција во насока на заштита на правата на трудот. Друга карактеристика на тековните производствени релации е прекумерната експлоатација, огледана во импозицијата, наметнувањето на неповолни норми на компензација или услови за работа на одредени ранливи категории работна сила (нискоквалификуван труд, жени, млади, малцински групи, мигранти) и нивна дискриминација, која резултира со ексклузија од системот. Во крајна линија, резултатите од поларизацијата, растот на периферијата и економската ексклузија создаваат плодна почва за развој на т.н. „криминална економија", односно генерирање на приходи од активности кои легално се неприфатливи. Индивидуите кои се негирани од мрежната економија и се лишени од еднаков пристап до работни места и проток на информации со тек на време се склони да и се приклучат токму на оваа неформална економска структура.

[38] Castells, Manuel, Information Technology, Globalization and Social Development, UNRISD Discussion Paper No. 114, September 1999, op.cit.,стр. 7.
[39] Ibidem.
[40] UNDP Report, 1997.

## 7. Конфликти на управување со глобалните економски текови - лева и десна перспектива

Глобализацијата во исто време претставува и движечки процес, но и состојба - резултат од тој процес. Самиот процес не е прашање на избор - тој не може да се спречи во налетот на современата информациона ера. Проблемот на кризата на мегакапитализмот не е глобализацијата per se, туку начинот на нејзиното управување. Предизвикот се состои во тоа како да се најде балансот помеѓу моќта и правдата, а екстерналиите на глобализациските придобивки да станат позитивни водејќи сметка за социјалниот „deal“ помеѓу државата и поединецот.

Факт е дека многу производи и услуги на глобализираната економска сцена имаат комплексна географија, со делови кои се произведени на различни територии, а споени во еден функционален производ на сосема друг и различен дел од светот, на начин што потеклото на производот ја губи целата смисла. Хиперглобалистите[41] ја застапуваат тезата дека во економска смисла живееме во свет без граници во кој она што се смета за национално е ирелевантно. Државите нации го изгубија своето значење на клучни фактори на економската сцена, а културата на живеење и вкусовите на консументите се хомогенизирани на начин што можат да бидат задоволени преку стандардизирани глобални производи креирани од глобалните корпорации. Глобалниот поредок во кој економските активности се функционално интегрирани е природен поредок во кој просторот го губи своето значење, „крајот на географијата“ е дојден и економската сцена насекаде е иста. Сепак, ваквата перспектива во реалноста не наоѓа оправдување. Таа е мит и реторика која ја користат политичарите, бизнисмените и групите на интерес.

За проглобализациски ориентираните *неолиберали - десничари*, глобализацијата е политичко-економски проект кој ќе донесе корист за најширок круг на популацијата. Иако и самите неолиберали признаваат дека посакуваната состојба на општа благосостојба сè уште не е постигната, нивниот аргумент е дека тоа е поради *премалку,* а не *премногу* глобализираност на економската сцена. Според нив, пазарните сили најдобро ја менаџираат глобализацијата. Од друга страна, хиперглобалистите од *левичарската опција, т.н.*

[41] Dicken, Peter, Global Shifts, Mapping the Changing Contours of the World Economy, 5th Edition, 2007, стр. 5.

*антиглобализатори*, сметаат дека проблемот на нееднаквоста е самата глобализација. Според нив, во самата природа на пазарите е да креираат нееднаквости кои стануваат уште подрастични во обем и интензитет со самата глобализација на истите. Нерегулираните пазари неизбежно водат до редуцирање на општата благосостојба, тренд од кој е исклучена само една мала малцинска група. За некои левичари единственото решение се состои во комплетна суспензија на глобализацијата и враќање кон локалното.

Глобализациските моќници и носители на сопственост на транснационалните корпорации ги имплементираа придобивките од технолошкиот развој на начин што сите работни места кои беа подложни на рутинизација, беа лоцирани во земјите во развој и неразвиените, под мотото „greenfield investments“, а надокнадата во облик на плати ја минимизираа и спуштија на нивоа кои се неприфатливи за работници со иста квалификација од развиените земји. Начинот на кој се менаџира глобализацијата преку технолошко-финансиските инструментни води кон континуирано намалување на платите на работниците. Според податоците на World Development Report 2013, платите на работниците од трудот на работното место во земјите во развој се најзначаен извор на приход за живот на едно домаќинство и најзначаен фактор за нивно одлепување од нивото на сиромаштија. Следствено, вака менаџираниот глобализациски тренд само го продлабочува јазот помеѓу богатите и сиромашните слоеви во рамки на една земја и помеѓу развиените и земјите во развој.

**Графикон 1 Разлика во учество на приходи од плата во одлепување од сиромаштија (земји во развој и развиени)**




Извор: World Development Report 2013.

Трендот на менаџерите на економската глобализација е многу јасен: фокусот на сопствениците на капиталот не е да се поттикне пазарната конкуренција, ниту пак да се зајакне општествената благосостојба, туку напротив - нивна цел е претворање на пазарот во инструмент за извлекување на што поголем профит, и тоа на што пократок рок. Последицата од сето тоа е неефикасна глобална економија и сѐ поголема нееднаквост. Ваквата појава особено е заканувачка за земјите во развој и транзиција кои имаат кревки политички системи проткаени со економски систем во изградба подложен на болести со кои развиените земји веќе одамна се соочиле.

## 8. Интервенција на државите во глобалните економски текови

Глобализацијата и либерализацијата како нејзина основна претпоставка не ја елиминираат државата нација на директен начин, но фундаментално ја редефинираат нејзината улога и влијаат врз нејзините перформанси. Централните банки (вклучувајќи ја и Европската централна банка) не можат прецизно да ги контролираат трендовите на глобалните текови на финансиските пазари, кои не секогаш се оформувани во согласност со економски принципи и правила, туку со информациони турбуленции од различно потекло. За да одржат одредено ниво на контрола врз финансиските текови кои се значаен фактор на нивната монетарна стабилност, националните власти често пати отстапуваат дел од својот економски суверенитет и се адаптираат на политиките на супранационалните финансиски институции (ММФ, Светска банка) или пак други регионални агенции, со цел да преживеат. Ваквите трендови на долг рок ја менуваат организациската структура на државата-нација, присилувајќи ја да се вмрежува со други национални економии, регионални и локални власти, па дури и невладини организации во мрежа на конекции и интеракции, концепт кој станува доминантна политичко-економска форма на информационата ера - креирање на т.н. „network state“.[42]

Пред 40-ина години, еминентниот економист Carles Kindleberger изјави дека „државата нација ја заврши својата улога како економска единица и како таква

[42] Kastels, Manuel , Informaciona tehnologija i globalni kapitalizam, Globalna, umrezena ekonomija, op.cit.,стр. 72-73.

повеќе нема економска моќ". Од друга страна, централна теза на хиперглобалистите е дека живееме во свет без граници во кој државите повеќе немаат влијание врз економските текови. Револуционерните технолошки откритија во областа на телекомуникациите и транспортот ја зголемија моќта на ТНК апсорбирајќи ја целосно моќта од државите. Ако се направи строга компарација од аспект на квантитативни показатели, голем број на ТНК се помоќни од многу држави во светот. Така на пример, помеѓу 100-те најмоќни економии во светот, само 49 се земји, додека 51 се ТНК, мерено според БДП и вкупната продажба на пазарот. Следствено, произлегува дека GM се помоќни од Данска, Daimler & Chrysler се поголеми од Полска итн.[43] Сепак, ваквите споредби се површни и секако не го земаат квалитативниот аспект на разликите помеѓу државите и ТНК, на пример фактот дека БДП е показател на додадени вредности, а не на продажба на стоки и услуги. Показателите би биле поинакви ако и корпорациите би ги квантифицирале преку додадени вредности.

Ваквите тези во полза на зголемена моќ на ТНК наспроти државите се погрешни и збунувачки. Улогата на државите во современиот глобализиран економски систем не е згасната, туку редефинирана. Државите продолжуваат да играат круцијална улога во менаџирањето на економските глобални процеси. Колку е помоќна државата од економски и политички аспект, толку е поголемо нејзиното влијание во насока на дополнително зацврстување на сопствената позиција.[44] Меѓутоа, постојат сериозни индикации дека крајната цел е зајакнување на финансискиот капитал, негова концентрација и централизација. Лимитираната способност на државата нација да имплементира политика која не е одобрена од агентите на меѓународниот капитал е реалност. Моќта на мега-капитализмот и го одзема квалитетот на фундаментален ентитет на демократијата.[45] Трендот на намалување на маргиналната ефикасност на капиталот води кон „изострување на методите на експлоатација на трудот"[46], а тоа пак води кон заострување на конкурентноста помеѓу различните видови на

---

[43] Dicken, Peter, Global Shifts, Mapping the Changing Contours of the World Economy, 5th Edition, 2007, стр. 232.
[44] САД и останатите моќни држави од Г-7 ги креираат меѓународните трговски аранжмани, легислативата која ги регулира прекуграничните инвестиции и целокупната глобална економска инфраструктура на начин кој најдобро им служи на нивните интереси.
[45] http://www.theguardian.com/commentisfree/2014/jun/02/control-nation-states-corporations-autonomy-neoliberalism, Who's in control-nation states or global corporations? Gary Youge.
[46] Николовска, д-р Наталија, Глобализациски парадокс-државата агент v. кочничар на економскиот развој (случајот на Р Македонија) , стр. 3.

капиталистички системи и тоа на штета на оние што се базираат на социјалната и развојна компонента.

Интервенцијата на државата врз економските текови во голема мера е детерминирана од културолошкиот аспект. Hofstede утврдил дека културолошките разлики помеѓу одделните држави се разликуваат и варираат од индивидуалистички кон колективистички, имаат различен степен на сензитивност на моќ и богатство, различна тенденција да ја избегнуваат неизвесноста која им ја носи иднината, до типично машко или женски настроени општества.[47] Различните културолошки димензии развиле и специфични општествено-економски однесувања, институции и уредувања. Културата и традицијата како варијабла им даваат контури на економските текови, типот на компании, нивната организациска поставеност, управување, однос со вработени, настап на пазарот, маркетинг, па сè до степенот на поврзаност со државата во чии рамки оперираат и степенот на државна интервенција на пазарот.

Од тој аспект, глобалниот капиталистички поредок би можеле да го поделиме на следниве три категории [48]:

1. Капитализам на неолибералниот пазар, претставен преку економијата на САД и до одреден степен на Обединетото Кралство;
2. Капитализам на социјален пазар, отелотворен во европските и скандинавските економии, со особен акцент на Германија; и
3. Развоен капитализам, карактеристичен за Јапонија, Јужна Кореја, Сингапур и најголемиот дел од источноазиските земји [49].

[47] Своето истражување Hofstede го направил на примерок од 100.000 испитаници од компанијата ИБМ во 50 различни држави, успевајќи да ја издвои националноста како варијабла.
[48] Dicken, Peter, Global Shifts, Mapping the Changing Contours of the World Economy, 5th Edition, 2007, стр. 178.
[49] Со оглед на растечкото влијание врз светската економија и демографскиот аспект, не помалку значаен е системот на Кина, кој се карактеризира со уникатен централизиран политички систем, комбиниран со растечки тренд на развој на капиталистички пазарен систем.

**Табела 1 Трите најважни модалитети на капитализам**

| Карактеристики | САД | Германија | Јапонија |
|---|---|---|---|
| | **Капитализам на неолибералниот пазар** | **Капитализам на социјален пазар** | **Развоен капитализам** |
| Доминантна идеологија | Либерализам, слободни претпријатија | Социјални партнерства | Технонационализам |
| Политички институции | Либерална демократија, либерализам, групи на интерес | Социјална демократија, слаба бирократија, корпоративизам | Развојна демократија, силна бирократија, реципроцитет помеѓу државата и фирмите |
| Економски институции | Децентрализирани отворени пазари, флуидни, неконцентрирани пазари на капитал, антитрустовска традиција | Организирани пазари, пазар на капитал поврзан со банки, групи на фирми | Затворени, поделени пазари, цврсти бизнис-мрежи, картели |

Извор: Doremus et.al. 1998: The myth of the Global Corporations. Prinston, Nj: Prinston University Press.

Есенцијалните разлики на овие модели на владеење се состојат во улогата која ја има државата во уредување на економските односи. Неолибералниот капитализам го остава пазарот во скоро сите сегменти на економијата слободно да делува. Овде индивидуализмот е клучна карактеристика, доминираат краткорочните бизнис-цели на долгорочните, а државата не зазема стратешка позиција во планирање на економските текови. Но, таа создава една огромна контрадикторност - менаџментот на побарувачката на државата се става во мисија на антициклично влијание преку експанзија на фискалната политика.[50] Ваквата реторика се промовира исклучиво за високоразвиените земји (САД) во функција на монополистички стожери на геополитичката и геоекономска моќ, наспроти процикличните политики на повлекување на државата од јавна потрошувачка и строга фискална дисциплина за земјите во развој.

Капитализмот на социјален пазар, обратно, акцентот го става на висок степен на соработка помеѓу актерите на економската сцена, при што кругот на засегнати страни се проширува далеку на сопствениците на капиталот, а државата е секако една од нив. Во развоен капитализам, државата има многу поголема и централна

[50] Николовска , д-р Наталија, Глобализациски парадокс - државата агент v. кочничар на економскиот развој (Случајот на Република Македонија), стр. 2.

улога во економските текови. Таа поставува значајни социјални и економски цели во експлицитна развојна стратегија. Но, евидентниот неуспех и современите проблеми околу акумулирањето на јавните долгови[51] се перципираат како неуспех на социјалниот и развоен капитализам и неспособност на државите да генерираат развојни перформанси на начин што неолибералниот капитализам си го расчистува патот за потполна доминација на глобалната сцена. На тој начин, социјалната и развојна компонента се засенуваат од капиталот и стремежот за профит, а националната држава се трансформира во корпоративно-пазарна. Таа е зависна од милоста на мегакорпорациите кои управуваат со финансискиот капитал. Врската помеѓу современата држава и мегакорпорациите станува сé позајакната. Големите финансиски инјекции (субвенции) и регулативата која не носи промени во економско-политичката платформа ја изострува концентрацијата и централизацијата на капиталот, лансирајќи го мегакапитализмот како нов светски поредок, во кој светот се менаџира од страна на мегакорпорации и мегабанки [52] со посредништво на „светска влада во сенка“. Улогата на работникот се минимизира до ниво на средство, технички елемент во системот со единствена цел - промовирање на профитот како прв принцип на капитализмот.

Овој евидентен тренд отвора низа круцијални и егзистенцијални прашања поврзани со социјалната гаранција, човековите права, намалување на сиромаштијата и води кон создавање на социјален, културен и политички отпор спрема ваквите ирационални процеси на мегакапитализмот кој го разорува цивилизациskiot систем на вредности, базиран на хуманост и разумност.

## 9. Антиглобализација и алтерглобализација (концептот на shared values)

Меѓународните финансиски и трговски институции (МФТИ) функционираат во полза на развиените земји кои всушност и ги контролираат (на пример, само САД има право на вето во ММФ и Светска банка заради најголемиот удел во капиталот на институциите, а остатокот од силата и моќта се наоѓаат во

[51] Речиси сите земји во ЕУ го надминуваат воспоставениот таргет на Мaастрикт од максимум 60% од БДП (просечниот јавен долг на ЕУ според Eurostat изнесува 91%). Најзадолжена земја е Грција, со 180% од БДП.
[52] Ibid.

останатите четири - Германија, Јапонија, Франција и Велика Британија) и нивните цели се од исклучиво финансиска природа. Иако проблемите се разликуваат од земја до земја, меѓународните финансиски институции секаде применуваат ист стандардизиран пристап. Тие не им понудија на транзициските економии и економиите во развој Маршалов план, како што тоа го направи САД непосредно по Втората светска војна, туку понудија систем кој секогаш резултира со економска и финансиска зависност на земјите во развој и транзиција во однос на развиените земји. Фундаменталната контрадикторност во структурата на МФТИ се огледа во фактот дека земјите од центарот се во позиција да применат контрациклични политики во состојба на криза.[53] Условите кои ММФ ги поставува за земјите од периферијата се проциклични - тие ги туркаат државите во рецесија со тоа што ги принудуваат да ги зголемат каматните стапки и да ги намалат буџетските трошоци - што е целосно спротивно од она што го прави САД во слични услови.

Најсвеж пример за ваквите политики на МФТИ е случајот со Грција, каде што фокусот на интересот е моќ, а не реален стремеж за спас на грчката економија. Не е демократија, туку наметнување на интереси. Економската програма која Тројката составена од Европската комисија, Европската централна банка и Меѓународниот монетарен фонд ѝ ја наметна на Грција пред 5 години резултираше со 25% намален БДП на земјата и над 60% невработеност кај младата популација.[54] Она што посебно изненадува е фактот што европските лидери не само што одбиваат да сносат одговорност за резултатите од ваквата наметната економска политика врз Грција, туку и не учат од грешките во практика и продолжуваат со наметнување на политиката на апсурдна условеност на постигнување на буџетски суфицит од 3-5% од БДП до 2018 година. Ваквата политика може да доведе единствено до пролонгирање на економската депресија. Со тоа Грција стана и официјално првата европска економија која влезе во мрежата на долгови кон ММФ.

Глобалната криза на капитализмот, поларизацијата и антагонизмот на апсолутно богатство и апсолутна сиромаштија ги поттикнаа антиглобалистите кон поткопување или уништување на меѓународните институции што ја поддржуваат меѓународната трговија и глобалните финансиски пазари и делуваат како агент

[53] САД, на пример, агресивно ги намалуваат каматните стапки и даноците, види повеќе: Сорос, Џорџ, За глобализацијата, 2011, стр. 89.
[54] Stiglitz, Joseph , How I Would Vote in the Greek Referendum, The Guardian, article 2015.

на мегакапитализмот.[55] Сепак, без оглед на товарот и одговорноста кои ги сносат, состојбата нема да се подобри со уништување, туку со реформирање на МФТИ во насока на поддршка на политики на креирање на јавни добра.

Обезбедувањето на јавни добра претпоставува трансфер на ресурсите од богатите кон сиромашните земји, региони, локации, што пак е спротивно од постулатите на пазарниот фундаментализам кој вели дека пазарните механизми сами воспоставуваат оптимална распределба на ресурсите. Трансферите на ресурси преку постојните финансиски и трговски институции не се адекватни, зашто најголемиот дел од нив се користат за да се спасат државите откако во нив ќе избувне економска или финансиска криза, предизвикана преку каналите на финансискиот капитал од шпекулативна природа. Светската банка, иако дава заеми по каматна стапка која е пониска од пазарната, сепак е чисто профитна организација. Давањето на грантови таа го ограничува на профитот што го остварува со давањето на заеми. Ова е далеку од официјално прифатените стандарди на ОН, според кои официјалната помош на развојот треба да изнесува 0.7% од БДП на донаторските земји.[56]

Многу поинаква би била сликата на глобалната економска сцена доколку работната сила би била мобилниот фактор, а не капиталот - но така не е регулирина и менаџирана глобализацијата. Разликата во третирањето на трудот и на капиталот е основната карактеристика на глобалниот капиталистички систем, онака како што тој е организиран денес. Мрежната економија на мега-капитализамот и глобализацијата од 21 век донесоа и една глобализациска новост, која се состои во фактот дека моќта не се остварува само над материјалните добра, туку и над луѓето. Во ова е содржана и основната разлика помеѓу традиционалните и современите моќници. На современата глобална елита ѝ е овозможено да располага со правовремени информации врз основа на кои брзо и ефикасно реагира на сето она за што е заинтересирана.

Потребно е да се создаде таков систем за креирање јавни добра, кој се заснова на доброволната согласност на земјите, така што нивниот суверенитет нема да

---

[55] Сорос, Џорџ, op.cit. стр.7.

[56] Во 1968 г. од страна на тогашниот прв човек на Светска банка, Роберт Макнамара, формирана е комисија, на чело со канадскиот премиер и нобеловец Пирсон, чија задача беше да се унапреди улогата на оваа институција во развојот. Оваа комисија ги постави, а ООН подоцна ги прифати стандардите од 0.7% од БДП на земјите донатори за инвестиции во развојот. Според официјалните статистики, само пет развиени земји ги исполнуваат или натфрлаат овие стандарди, а САД не се помеѓу нив. Една од главните причини за ваквата состојба секако е и начинот на администрирање со донаторската помош, тема која не е предмет на овој труд.

претставува пречка за реализација на поставените цели. Суштината на алтерглобализацијата најдобро можеме да ја доловиме ако го цитираме големиот стратег и врвен авторитет во областа на стратегиите за конкурентност и економски развој на државите и регионите, Michael E. Porter:
„The purpose of the corporation must be redefined as creating shared value, not just profit per se“. Оваа идеја треба да претставува поттик за идниот иновациски бран и развој на глобалната економија, која својата реализација може да ја оствари преку концептот на партиципативен економски модел на нова економија базирана на технологија, но пред и на сè - демократија, социјална правда и системска одржливост. Според Noam Chomsky, „партиципативната економија е економски концепт на радикална трансформација и реконструкција која произлегува од визија базирана на слобода на мислата и практикување на слободарски левичарски народни движења, додавајќи критична анализа и специфични идеи и модели на имплементација на конструктивни алтернативи.Таа заслужува големо внимание, дебата и акција“.
Поконкретно, партиципативната економија повлекува социјална сопственост на ресурсите за производство, организирање на граѓаните во заедници во кои постои поврзаност помеѓу работната сила, потрошувачите, капиталот и моќта, локални совети и органи на управување, демократско носење на одлуки, балансиран надомест на работната сила базирана на вложениот труд и економија менаџирана во рамки на децентрализирани територијални структури чија примарна цел е економско-социјална инклузија. Новиот технолошки бран технички го дозволува овој концепт. Недостасува само силна политичка подготвеност на глобално ниво.

## II Технолошките аспекти на глобализациските процеси

### 1. Технологија - движечка сила на економската глобализација

Промените во технологијата и иновациите се суштина на економскиот раст и развој и фундаментална сила која го моделира начинот на трансформација на економијата. Употребата на технологијата за економски цели е несомнено мотивирана од акумулација на капитал, зголемено учество на пазарот и сѐ што е поврзано со остварување на повисок профит.

Доколку се направи една историска ретроспектива на светската економија, ќе се утврдат серии од наизменични циклуси (подеми и падови). Дигиталниот компјутер, полароидната фотографија, радарот, електронскиот микроскоп, хеликоптерите, џет-моторите се „деца“ на Големата светска депресија, кризата на 70-тите ги донесе принтерите, мобилните телефони, видеоигрите, микропроцесорите, по рецесијата од 80-тите го добивме првиот домашен компјутер на Apple и MS-DOS, првиот продукт на Microsoft, во раните 90-ти имавме e-mail и интернет, а првите години од 21 век светот ги доби интернет-пребарувачите и iPod-от на Apple. Кога економскиот циклус ќе почне да се придвижува надолу, компаниите се принудени да трошат на иновации кои ќе ги направат поголеми и помоќни. Кризите на економските циклуси се двигател на нов отскок кон освојување на пазари со понуда на иновативни производи и услуги. Не се глобалните финансиски корпорации и банки тие кои го водат светот напред и ги вадат системите од рецесија. Причина за напредокот на човештвото се креативноста, инвентивноста и иновациите на најхрабрите кои својата награда ја бараат во т.н. „smart money“ или „умни пари“. Проблемот настанува кога технологијата ќе се подреди на интересите на капиталот која ја користи како инструмент за себеоплодување.

Тесната поврзаност помеѓу технолошките и економските системи најдобро е објаснета од несомнено еден од најеминентните светски економисти Nikolai Kondratieff, научникот кој докажа дека не социјализмот, туку претприемништвото и иновацијата креираат богатство и подобар живот и поради своите идеи беше убиен од Сталин во 1938 година. Во својата академска работа тој успеа да докаже дека Големата светска депресија од 1929 година не

претставува крај на капитализмот, туку во рамки на една поголема и глобална слика е само нормална фаза од развитокот на економкиот систем и ги идентификуваше долгорочните бизнис-циклуси наречени „Kondratieff“ или „K“ циклуси. Еден К-бран се претставува со 60-годишен циклус со внатрешни фази кои најсликовито се објаснети со циклусите на годишните времиња. Новите фактори на производство креирани од развојот на технологијата и примената на иновативни процеси се поврзуваат со фазата „пролет“, односно просперитет, кога економскиот циклус заживува, а соодветно на тоа расте и инфлацијата. Растот продолжува до степен на загревање, двоцифрена инфлација, која во наредната фаза на постепено опаѓање и рецесија се фиксира и контролира, но прекумерното кредитирање на пазарната реализација ја поткопува реалната материјална основа и го носи на сцена шпекултивниот капитал (рецесија). Во последната фаза на циклусот неможноста да се отплатат финансиските долгови и сатурацијата на пазарот ја блокираат економијата. Се јавува ценовна дефлација, економска депресија и социјални немири. Потребен е нов импетус, стимул и агент кој би ја придвижил економијата на едно повисоко технолошко ниво - фаза на заздравување. Фазите кои ќе ги помине наредниот К-бран се исти, но економските импликации се различни, глобалната економија доживува поинакви контури, економските врски и интеракции доживуваат промени.

Овој цикличен феномен е поддржан од академските кругови ширум светот, а професорот Thompson од универзитетот Индијана ја пласира тезата дека К-брановите го бележат развојот на технологијата уште од 930 година. Според него, еден економски циклус трае 60 години, а досега се идентификувани 18 К-бранови.[57]

Мерено од подоцнежниот период, крајот на 18 век и почетоците на индустриското производство, Freeman и Perez (1988) разликуваат пет К-бранови, од кои четири се комплетирани, а почетокот на петтиот почнува да се развива (Табела 2). Промените кои ги повлекуваат со себе се многу поголеми и значат многу повеќе од нивната чиста технолошка природа. Секој К-бран се одликува со сопствена географска појдовна точка, како од аспект на водечката национална економија која промовира технолошка дифузија, така и од

[57] Quigley, Chistopher , Kondratieff Waves and the Greater Depression of 2013-2020, http://www.financialsense.com/contributors/christopher-quigley/kondratieff-waves-and-the-greater-depression-of-2013-2020.

микрогеографски аспект, односно примарните локации кон кои е насочен новиот технолошки и економски циклус. Иницијално, К-бранот започнува со просторна концентрација на новата технологија и постепена дифузија на стоките и услугите кои произлегуваат од новите процеси во останатиот дел од светот, движејќи се од центарот кон периферијата. На патот кон освојување на новите пазари и собирање на профитот, се склони да предизвикаат длабоки општествени промени проследени со немири и војни, во зависност од степенот на интерес и видот на активности кои ги преземаат политичките лидери во врска со новонастаната ситуација и прераспределба на светските ресурси, демонстрирајќи критично влијание врз функционирањето на светскиот систем. Покрај клучното влијание на технолошките процеси, финансискиот систем исто така стапува на сцена, следејќи ги процесите на ширење на иновациите кои повлекуваат преземање на ризици и инвестиции. Економиите бележат рапиден раст и експанзија преку стапување на сцена на ефектот на мултипликација, но прекумерното дозирање со финансии го подгрева економскиот систем до фаза на експлозија проследена со контракција. Поради големата поврзаност на финансиските системи на глобално ниво, кризите на економскиот циклус на еден простор лесно се пренесуваат на друг и имаат глобален, наместо локален карактер, а економските циклуси неминовно се проследени со политички превирања и глобални калкулации на големите светски сили, во кои најчесто страдаат малите економски немоќни системи. Ако се базираме на анализите на професор Thompson и неговите калкулации за евиденција од повеќе од 1.000 години во кои се распоредени овие долгорочни К-бранови, се наоѓаме некаде во втората половина на фаза на зима која започна во почетокот на 2000 година. Се движиме од фазата на рецесија кон депресија која ќе трае сé до 2017-2020 година. Ваквите сознанија на економската наука можат во голема мера да помогнат во прилагодување на економските со политичките системи. По систематскиот колапс на светскиот банкарски и кредитен систем во 2007 година, работите се влошуваат пред да станат подобри, а тоа го потврдува и примерот со проблемот на презадолженоста на Грција, проблем кој се заканува со разорување на со децении градениот европски монетарен систем. Историјата на глобалната економија треба да нé научи дека во суштина немаме финансиска и кредитно-монетарна криза, туку технолошка стагнација. Добрата вест е дека откако ќе

заврши оваа деструктивна агонија, светската економија ќе биде подготвена за нова епоха на технолошки, економски и општествено-политички развој.

## Табела 2 Kondratiev K-бранови

| | 1770/80-ти | 1830/40-ти | 1880/90-ти | крај на 1940-та | крај на 1990-та |
|---|---|---|---|---|---|
| Главна економска гранка | Текстил, железо, занаетчиство | Парна машина, машински алати, железници | Електрично инженерство, бродоградителство, хемиска индустрија | Автомобилска индустрија, авиони, потрошувачки производи, петро хемикалии | Компјутери, дигитална технологија, интернет, телекомуникации, роботика, биотехнологија, оптички влакна |
| Инфраструктура | Патишта | Морепловство, железници | Електрична енергија | Аеродроми, автопатишта | Дигитални мрежи, сателити |
| Организациони форми, соработка и конкуренција | Индивидуални претприемачи и мали фирми, партнерство помеѓу иноватори и финансиери, локален капитал, индивидуално богатство | Можност за развој на конкуренција, зголемен број на вработени во фирмите, раст на пазарот, инвестиции со преземање на ризик, експанзија на пазарот | Појава на гигантски фирми, картели, монополи, олигополи, регулација на државната сопственост врз природни монополи и јавни добра, концентрација на капиталот, појава на специјализиран среден менаџмент | Олигополистичка конкуренција, појава на ТНК и странски директни инвестиции, глобална експанзија на ТНК на повеќе географски локации, вертикална интеграција во вршење на економските | Мрежи од големи и мали фирми, компјутерско поврзување и тесна соработка во однос на технологија, контрола на квалитет, обуки |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | активности, поделба и хиерархиска контрола, појава на техно-структура во големите корпорации | |
| Географски фокус | Велика Британија, Франција, Белгија | Велика Британија, Франција, Белгија, САД Германија | САД, Германија, Велика Британија, Франција, Белгија, Холандија, Швајцарија | САД, Германија, ЕУ, Јапонија Швајцарија, Канада, Австралија | Јапонија, САД, Германија, ЕУ, Тајван, Кореја, Канада, Австрлија |

Извор: Freeman and Perez, 1988.

## 2. Ефектите на технолошките бранови врз организацијата и географската ориентираност на економските активности

Процесите на технолошки промени имаат многу поголеми импликации од чистата технолошка природа на производството на стоки и услуги. Секоја нова фаза на технолошки бран и иновации повлекува посебна и карактеристична форма на економска организација на производството, соработка и конкуренција. Организациските промени започнуваат од точката на индивидуално претприемништво и мали фирми со неколку десетици вработени, најчесто од семеен тип. Оваа форма кореспондира со самата природа на К-1 бранот, кој се базира претежно на занаетчиско производство, мали текстилни погони и производствени процеси каде што водената енергија е примарен двигател на производството. Со појавата на парната машина, железото, челикот како материјали за производство и развојот на машинската индустрија воопшто, бранот К-2 отвора простор за производство во поголеми размери, можности за проширување на географскиот дострел на пазарот и со тоа раст на фирмите и бројот на вработени. Како што расте бројот и големината на компаниите, така и нивната внатрешна организациска структура добива потреба од поинакви интеракции и процеси. Технолошкиот бран К-3, кој на сцена ја донесе електричната енергија, го отвори патот на широката географска експанзија и ширење на пазарот на сега веќе големите и крупни компании кои претежно се занимаваат со производство на електрични машини, железни и челични конструкции, хемиски препарати и синтетички производи. Тогаш се постави основата на фордистичкото масовно производство. Странските пазари станаа подостапни, транспортните трошоци со текот на времето дозволија пробив на компаниите на сите континенти, а тие се претворија во монополистички и олигополистички суперекономски гиганти. Светот почна да се намалува, а глобализацијата го зеде својот широк замав конкретно во 4-тиот К-бран - тоа го овозможи појавата на автомобилската и авионската индустрија, стоките за широка потрошувачка со диверзифицирани карактеристики продирајќи во секоја сфера од човечкиот живот, нафтената индустрија и можностите за супституција на извозот со директна пенетрација на производствените капацитети на компаниите во странски национални економии. Со глобалната

економска сцена завладеаја ТНК со large-scale производствени единици наменети за глобална масовна потрошувачка и странските директни инвестиции кои имаа директно влијание врз макроекономските параметри на домицилните земји. Геоекономската мапа на светот доживеа трансформација. Јадрото зајакна и ги исфрли технолошко слабо развиените земји на периферијата на глобалниот економски систем. Светот се подели на екстремно богати и екстремно сиромашни. Можноста за враќање на балансот се појави во бранот К-5 - информационата технологија, интернет и комуникациска технологија, дигитализација, роботика, биотехнологија, софтвер и оптички влакна. Организационата форма на вмрежување и агломерации се фокус и суштина на новиот 5-ти К-бран, благодарение на соодветната технолошка инфраструктура. За прв пат во историјата, инструментите на генерирање, процесирање и пренос на информации станаа главни стоки и извор на продуктивност, а не само средства за подобро извршување на производствените процеси. Новите информациони технологии од алатки за работа, се претворија во процеси кои треба да се развиваат.[58] Локалните мали системи најдоа начин да се поврзат со глобалните економски трендови. Се појавија нови организациски форми на економските активности - мрежи, агломерации, алијанси, кластери. Еволуирачката структура на интернет ги зајакна моделите на агломерација. Тие се иднината на глобалната економија.

### *2.1. Организациско преструктурирање во ерата на инфо-капитализмот*

Во индустриската ера на масовно производство, големите масивни производствени капацитети беа исто толку значајни, како и развојот и дифузијата на нови извори на енергија. Во информационата ера, критична организациска форма се мрежите на компатибилни компании. Мрежата претставува систем на поврзани единици. Таа може да има хиерархија, но нема специфичен центар. Врските помеѓу мрежните субјекти се асиметрични, но сите се неопходни за функционирање на мрежниот систем. Најкритична дистинкција во организациската логика е системската инклузија или ексклузија. Во првиот

[58] Rennstich,J., The new economy, the leadership long cycle and the nineteenth K wave, Review of International Political Economy,9:150-82 (2002).

случај, квалитетот на член на организациската производствена мрежа овозможува потенцијал за користење на интерните ресурси за раст и стварање на конкурентска предност vis-a-vis глобалниот пазар. Вториот случај е сигурен пат кон маргинализација, поради фактот дека информациските ресурси клучни за создавање на конкурентската предност се движат во интерна мрежа до која не постои пристап. Мрежните организациски форми се логичен одговор на потребата од адаптација и екстремна флексибилност за да се одговори на променливата понуда и побарувачка, иновации и технологија, проследени со комплексни стратегии на разни инволвирани субјекти.

Мрежните системи отсекогаш постоеле во човечката организација на економски активности, но токму во ерата на информации ја достигнаа својата доминантност како организациски инструмент, а не само експресивност.[59] Причината е од фундаментално-технолошка природа. Предноста на мрежната организација е нејзината флексибилност, капацитет за децентрализација, варијабилна геометрија, способност за брза адаптација без негативни последици врз нивните основни оранизациски правила и поставени цели. Сепак, постои една фундаментална слабост кај ваквите мрежни системи, кои се огледаат во проблемите на координација кон остварување на заедничка цел, која бара фокус и концентрација на ресурси во специфично време и место.

Со новите ИКТ, мрежните системи во исто време се и централизирани и децентрализирани. Тие можат да бидат координирани без центар - наместо инструкции, функционираат преку интеракции. Не постои принуда за супституција на големите корпорации со мали и средни бизниси, туку нивна интерна сегрегација и консеквентно поврзување, во што се состои и нивната предност.[60] Сепак, *концентрацијата на капиталот* оди во склад со *децентрализацијата на мрежната организација*. Големите ТНК интерно функционираат како децентрализирани мрежни единици, чии елементи уживаат автономија. Секој елемент на овие мрежи вообичаено е дел и од други мрежи, некои од нив формирани од страна на помошни мали и средни бизниси, некои од

[59] Castells, Manuel, Information Technology, Globalization and Social Development, UNRISD Discussion Paper No. 114, September 1999, op.cit.,стр. 6.

[60] На пример, Citicorp се поврзува со Travelers Insurance, Bank of America го лоцира своето седиште во Сан Франциско, но го пренесува капиталот во Северна Каролина, Daimler Benz „го проголтува“ Chrysler, Volkswagen го подигнува својот статус кон Rolls Royce, а американските банки ги „проголтуваат“ азиските банки и финансиски корпорации како историска одмазда на Западот кон растот на земјите од Пацификот.

нив се линкуваат со други ТНК во врска со имплементација на специфични проекти, во строго одредени просторно-временски рамки. Ултимативната цел на сите овие конструкции е остварување на профит кој својата дистрибуција ја доживува преку каналите на топ-менаџерите и сопствениците на акции. Тој не останува во рамки на мрежите за унапредување на производствените и услужните активности, туку во најголем процент се движи низ каналите на финансиските пазари, чија судбина е детерминирана од бројни фактори, од кои најголем дел и не се од економска природа. Ваквиот тип на непредвидливост ги принудува мрежите на безусловна адаптација, реадаптација, формирање и реформирање во бесконечни варијации со единствена цел - да се опстане на конкурентниот пазар. Функционалната улога на поединечните сегменти на ТНК се менува со тенденција кон специјализација, а поврзаностите помеѓу одделните делови стануваат покомплексни. Организационата структура мора да кореспондира со потребата на организмот да биде глобално ефикасен, локално флексибилен и способен да ги користи предностите на учење и собирање на знаење и информации. Интензификацијата на глобалната конкуренција во свет со висок степен на локална диференцијација, за ТНК значи постојан антагонизам помеѓу силите на глобализација од една и силите на локализација од друга страна. Следствено, новите верзии на организациони структури на ТНК наликуваат на интегрирани мрежи на дистрибуирани организации со способност за флексибилна мрежна координација. Во целата оваа комплексност, најтешкиот дел е адаптацијата на човечкиот фактор кој е во основата на мрежните структури. Човечкиот потенцијал, кој не може да одговори на современите потреби на адаптација останува маргинализиран и исклучен од мрежната структура. Ваквите тенденции кумулативно водат кон социјална деградација и економска периферијализација на цели територии, региони, држави.

Без оглед на степенот на еволуција на организациската поставеност, ТНК имаат локални корени. Тие потекнуваат од специфична локална единица и основните карактеристики кои ги поседуваат имаат сличности со економската, социјалната и културната димензија на домицилната земја. Тие делуваат во специфични локални услови. Современата теорија и пракса изобилуваат со докази за локалната насоченост на ТНК, иако самиот термин „локално“ различно се подразбира. Добар пример за тоа е искуството на Coca Cola од доцните 90-ти

години: „Во текот на 70-тите и 80-тите години се развивавме глобално. Подоцна, во 90-тите светот почна да се развива во друга насока. Истите тие сили кои светот го направија поврзан и хомоген, се насочија кон промовирање на локална автономија и зачувување на културните разлики. Тогаш научивме голема лекција, а тоа беше дека новиот голем еволуциски чекор на глобална ориентација сега се заменува со локална. Со други зборови, моравме повторно да го откриеме нашето мултилокално наследство". Ваквиот глобално-локален тренд го следеа бројни успешни ТНК кои тврдеа дека клучот за успешни глобални перформанси е разбирање и прилагодување кон локалните економски варијабли. Јапонската фирма Сони, во тој контекст беше една од првите кои го употребија терминот *глокализација* за да ја опишат својата меѓународна корпоративна стратегија.

### *2.2. Креирање на глобално-локални врски*

Интеракциите помеѓу главните глобализациски актери се движат во распонот од соработка и кооперативност до ривалство и конкуренција. Ваквото очигледно парадоксално однесување варира во зависност од типот на интеракции, типот на актери и целта на заемното дејствување. На пример, ТНК во една индустрија се остри ривали, но во исто време градат и комплексни мрежи на соработка кога имаат потреба од постигнување на заедничка цел во однос на земјата домаќин, правните или финансиски околности на делување. Државите водат жестоки битки за да привлечат СДИ и ТНК или пак да задржат пазари на стоки и услуги, но истовремено се и потписнички на меѓусебни преференцијални трговски договори како на билатерално, така и на мултилатерално ниво.

Во ерата на инфо-капитализам, капиталот стана хипермобилен, а економските активности станаа детериторијализирани. Тие лесно можат да бидат лоцирани и дислоцирани на кое било место на Земјината топка по потреба и во зависност од околностите на делување. Сепак, поврзаноста со географската локација на делување секогаш постои - производствените мрежи делуваат во даден простор и на одредена локација без оглед на тоа колкав е временскиот период на делувањето. Секоја компонента на производствениот процес, секоја активност и економска функција се „всадени" на точно одредена географска локација, а

националната економија со своите правни норми и политичка структура продолжува да биде најзначајната територијална форма на економските активности, кои пак исто така се одвиваат и во рамки и контекст на меѓународните супранационални институции и регионални економски групации. Вака поставените глобално-локални производствени мрежи ја формираат геоекономската мапа, со јасни тенденции на концентрација и дисперзија. Следствено, глобалната економија може да се разбере како поврзаност на два вида мрежи: *организациона*, во форма на производствени врски и *географска*, во форма на локализирани единици на економски активности. Овие глобални и локални производствени мрежи не само што ги интегрираат фирмите во структури кои ги избледуваат традиционалните национални граници, туку и ги интегрираат националните и локалните економии на начини кои имаат огромно влијаниие врз целокупниот економски развој. Процесите кои ја трансформираат геоекономијата делуваат различно и непропорционално на различни територии, а следствено на тоа постигнуваат и различни ефекти. Светот денес е многу поразличен од тој во 60-тите и 70-тите години на минатиот век. Иако не е многу повеќе инклузивен, тој секако е многу позависен. Еден од начините да се разберат овие промени е да се размислува во насока на производствени движења и мрежи преку кои различни делови од светот се меѓусебно поврзани преку материјални и нематеријални текови во систем од диференцирани врски на моќ и влијание кои имаат глобално-локален карактер.

## 3. Катализатори на глобално-локалните вмрежувања

Долгорочниот раст претпоставува или постојана географска експанзија на пазарот или пак континуирана иновација на стоките и услугите. Поради природната ограниченост на географскиот простор, само континуираните иновации на производството би можеле да им го продолжат животниот век на компаниите на глобалниот пазар. Доколку стоките и услугите останат на исто технолошко ниво, нивниот животен век ќе биде загрозен од пазарна сатурација и консеквентно намалување на побарувачката.

Бранот К-5 го трасира патот на информаците и знаењето. Тој ја исфрли на површина потребата од производствена флексибилност и апликацијата на информационата технологија во производствените процеси. На ваков начин се овозможува и пософистицирана контрола над производствениот процес, а со зголемената автоматизација на процесите и флексибилноста на електронската технологија, производствениот процес полесно подлежи на промени, лесно прескокнувајќи од една производствена фаза во друга, овозможувајќи разноликост и адаптација на производството според желбите и вкусовите на потрошувачите. Традиционалната автоматика претпоставува голем производствен квантитет на стандардизирани производи заради намалување на трошоците, додека новиот технолошки систем овозможува производство на специфично дизајнирани производи и без непотребни трошоци.

Флексибилноста на производството и адаптацијата кон индивудуалните потреби на потрошувачот во строго контролирани количини според потребите на пазарот ослободуваат огромни количини на капитал кои инаку би биле врзани за залихите кои чекаат да бидат побарани на пазарот. Потенцијалот на овие флексибилни технологии е огромен, а нивните импликации се наметнуваат на целокупната организација на економските активности. Тие ги инволвираат следниве тенденции:[61]

1. замена на енергетско-материјалната интензивност на производството со интензивност во знаење и информации;
2. производствена флексибилност - високата продуктивност повеќе не се остварува преку голем квантитет на аутпут, туку со диверзифициран сет на производи во количини адаптирани на потребите на пазарот;
3. концептот на масовен пазар застарува, истиот се заменува со концепт на сегментиран пазар - производите можат да се прилагодат на спецификите на локалните услови и потреби. Економијата на обем се заменува со економија на синергија;
4. тесната специјализација на трудот повеќе не е потребна. На сцена се појавува нов квалитет на човечки ресурси - способност за multitasking,

[61] Dicken, Peter, Global Shifts, Mapping the Changing Contours of the World Economy, 5th Edition, 2007, стр.97.

односно специјализираност за вршење на повеќе различни функции и способност за тимска работа.

Фокусот на продуктивноста и остварувањето на што поголем профит, што е и крајна цел на економските системи во услови на капиталистичко уредување, се префрла од глобално ниво (освојување на што поголем географски пазарен простор за реализација на стандардизиран тип на масовно производство) кон локално ниво (задоволување на диверзифицираните потреби на групите потенцијални потрошувачи кои се лоцирани на сегментирани пазарни подрачја). Ваквата специјализација на локално ниво е овозможена токму од информациите, знаењето и технолошките иновации кои се катализатори на глобално-локалните вмрежувања.

## 3.1. *Инструменти на глобално-локална поврзаност*

Кластери. Како резултат на комплексните врски помеѓу актерите на глобалната економска сцена, националните економски единици ја губат својата доминација, а геоекономската мапа се кристализира на *локални агломерации*, односно *кластери*. Ова е фундаментален факт на современата глобална економија.

Кластерите се агломерации на компании и други организации (универзитети, центри за обука и истражување) кои имаат иста цел - производство на дадени производи или услуги.[62] Идејата е дека целината, односно кластерот е поголем од простиот збир на неговите составни делови поради бенефициите и екстерналиите продуцирани од просторната блискост (економија на синергии). Следните два типа на кластери се најчесто сретнувани во економската теорија и практика: генерални и специјализирани кластери.

Генералните кластери го рефлектираат фактот дека човечките активности имаат тенденција да се здружуваат и да формираат урбани зони создавајќи на тој начин основа за поделба на трошоците. Развојот на заеднички инфраструктурни, економски, социјални и културни објекти не би можел да постои во услови на географска дисперзираност. Колку е поголем урбаниот агломерат, односно

[62] На пример, фирми кои дизајнираат чевли, произведуваат материјали за чевли, произведуваат машини за склопување на чевли и центри за обука на работници.

„урбанизациски економии“, толку се поголеми и подостапни заедничките користи. Специјализираните кластери, пак, ја рефлектираат тенденцијата на фирмите кои оперираат во исти или слични поврзани области да се лоцираат во заеднички „индустриски области“, т.н. „локализациони економии“. Меѓузависноста на кластерите е директна, во случај кога поради просторната блискост се намалуваат трговските трансакциски трошоци или индиректна - користење на заеднички извор на работна сила, информации и институционална поддршка.

Кластерите стануваат глобални геостратешки економски центри кои се разликуваат помеѓу себе по функциите кои ги обавуваат и дострелот на влијание кое го имаат врз глобалната економија. Генерално, емпириските податоци покажуваат дека компаниите кои својата работа ја базираат на кластери, во просек имаат подобри перформанси, особено во услови на криза (Schmitz, 2000). Кластерите се акцелератор на локалниот економски развој. Компаниите здружени во кластер спроведуваат иницијативи на соработка што ја зголемува нивната конкурентност, споредбено со ситуација кога би делувале индивидуално. Со поделбата на ресурсите и соработката во рамки на партнерства, дури и најмалите компании можат да станат глобално конкурентни. На овој начин бизнис-бариерите, како што е немањето пристап до капитал, се рушат. Кластерите поддржуваат иновација. Истражувачките лаборатории во рамки на кластерите доживуваат практична проверка и реализација на своите откритија, а компаниите имаат директна економска корист од новите пронајдоци.

Модерните кластери се лоцираат до престижните универзитетски центри од чии истражувања би имале корист. Во поновата економска историја типични се high tech кластерите во близина на Massachusetts Institutte of Techology (MIT) во близина на Бостон, Cambridge Univirsety во Белика Британија, и секако најзначајната, Силиконската долина во Калифорнија [63](новите IT-компании се поврзуваат таму и покрај огромните трошоци за закуп на простор за работа, свесни дека најкорисните информации за успех во бизнисот се добиваат од face-to-face состаноците).[64] Од 2012 година наваму, неколку глобални компании кои доминираат во глобалната информатичко-телекомуникациска индустрија потекнуваат од кластери на земјите во развој: Тајванската фирма Foxconn која е

[63] Idea Clustering, The Economist, Article, 24 August 2009.
[64] Ваквиот феномен го разработува и професорот Michael Porter од Harvard Business School.

партнер на Apple IPnone и I Pad е еден од најважните играчи во оваа индустрија со вработен кадар од околу 100.000 во 2010 година[65], а тајванската Acer е пример за премин од outsourcing партнер во компанија која развила свој бренд на компјутерски производи.

Транснационални стратешки алијанси. Транснационалните стратешки алијанси се формални договори на повеќе компании со цел остварување на одредена заедничка активност и цел. Нивната идеја е дека заедничката поделба на ризици и награди преку заедничко носење на одлуки ќе им овозможи остварување на специфични цели кои тие поединечно не би можеле да ги постигнат. Стратешките алијанси се сè повеќе застапени во стратешките планови и практични делувања на ТНК. Она што е особено видливо е дека повеќето од стратешките алијанси се составени од конкурентски компании. Само дел од бизнис-активностите се здружени, во останатиот дел од своите ентитети компаниите од стратешките алијанси и понатаму остануваат конкуренти. Овие факти ги прават односите на глобалната економска сцена многу сложени.

Во последниве две децении бројот на стратешките алијанси е во континуиран пораст. Од 1989 до 1999 година, од 1.000, од кои најголем дел се прекугранични договори, нивниот број пораснува на 7.000. *Тие рефлектираат нова бизнис-формула во која соработката и конкуренцијата се ставаат во меѓусебна интеракција.* Многу од глобалните компании се дел од мрежи на алијанси каде што меѓусебните врски, поврзаности и интеракции се глобално-локални, мултилатерални, полигамни и фактички формираат нова констелација на економска моќ. Како резултат на економскиот релјеф се појавува нова компонента, колективна конкуренција.[66]

Стратешките алијанси остваруваат предности од економија на синергија. Економските сектори во кои се здружуваат се вообичаено проследени со високи трошоци на влез и операциони трошоци, како и рапидно променливи технологии. Поради спецификите, начинот на управување со нив е екстремно комплексен и инхерентен е високиот ризик од несогласувања особено помеѓу партнери од различни култури. Генерално, постојат три полиња на соработка на стратешките алијанси: заеднички истражувања и развој, заедничка пенетрација на локален пазар или заеднички развој на технологија.

[65] Ibid.
[66] Dicken, Peter, Global Shifts, Mapping the Changing Contours of the World Economy, 5th Edition, 2007, стр. 165.

## 4. Концентрација и насоченост на иновациските системи

*Иновациите се креираат преку нови конекции, знаења стекнати од увид во други дисциплини, места, од активни колегијални мрежи и флуидни структури, од отворени граници за соработка. Тие се раѓаат од циклуси на размена во кои информациите не се складираат, туку се креираат и циркулираат. Новото знаење се креира од синергии и врски кои претходно не постоеле. (Margaret J. Wheatley)*[67]

Имплементацијата на иновации како основна платформа на новиот технолошки бран е поврзана со учењето на нови работни и производствени вештини и се остварува преку конкретно искуство „learning by doing“, преку набљудување, учење од другите во тимот и соработка, секако надоврзувајќи се на соодветното и специфично теоретско знаење. Способноста за извршување на повеќе работни функции подразбира вложување во континуирана акумулација на знаење и развој на вештини. Следствено, развојот на високософистицирани системи за комуникација е неопходен за лесна дифузија на акумулираното знаење од една единица до друга во производствениот процес. Новите IT-технологии тоа го овозможија на начин што тековите на информации се движат инстантно и со еднаква брзина без разлика дали насоченоста е локална или пак глобално-локална. Сепак, условите и можностите, како и пристапот до знаењето и информациите се строго локализирани. Знаењето се продуцира на точно определен географски простор (локален) и најчесто е користено и употребувано во рамки на локалниот систем, формирајќи специфичен локален иновациски систем.

Иако според својата природа имаат тенденција брзо да се вмрежуваат како локално, така и глобално, иновациските системи оперираат во строго дефинирани национални услови и се во корелација со социјалните, културните, правно-политичките, образовните и економските институции во една национална економија. Иновациските системи се состојат од агрегирани локални кластери на знаење (Knowledge-Based Clusters-KBC[68]) и технолошки области, агломерации (technopoles). Тие најчесто се лоцирани во големите урбани региони. Иновациските процеси се високосензитивни на географскиот аспект, односно

---

[67] Margaret J. Wheatley е американски автор и менаџмент-консултант кој предава за организациско однесување, системско размислување, теорија на промена и организации на учење.

[68] Концептот на KBC се обработува во третиот дел од трудот.

лоцираноста на иновацискиот систем. Иновациите често се одраз и одговор на специфични локални проблеми. Процесите на учење преку искуство и учење преку употреба се тесно поврзани со физичката блискост во производствениот процес. Тацитното знаење и пристапот до него исто така се тесно поврзани со географскиот аспект, постои тенденција локалните „острови на знаење“ да се развиваат околу специфични активности, каде што се споделуваат слични вредности, шеми на интерпретација, новости и канали на информирање.
Сепак, невозможно е локалните кластери на знаење да се одржуваат и развиваат во вакви строго локално насочени траектории. Постои еден друг клучен фактор на нивниот развој, а тоа е конекцијата помеѓу интерните точки на локалниот кластер на знаење со надворешни актери - заинтересирани страни. Локалното јадро на знаење се проширува преку канали насочени кон надвор-фирми, добавувачи, клиенти итн. Процесот на креирање на знаење и иновации претпоставува создавање на мрежи на комуникација и комплексни процеси кои оперираат внатре и надвор заземајќи простор од глобална, регионална, национална и локална димензија. (Графикон 2).

**Графикон 2 Глобално-локални конекции на кластерите на знаење**




Извор: Dicken, Peter, Global Shifts, Mapping the Changing Contours of the World Economy, 5th Edition, 2007.

Добро развиен систем на врски кои го поврзуваат локалниот кластер со останатиот дел од глобалната економија носи повеќекратни користи како за самиот кластер, така и за субјектите кои се поврзани со него. Фирмите кои се во состојба да изградат конекции со точките на генерирање на знаење стекнуваат конкурентна предност.

Технолошките агломерации кои ја одбележуваат современата глобална економија се дадени во табела 3.

**Табела 3 Водечки технолошки области или технополи**

| САД | Европа | Азија |
| --- | --- | --- |
| Јужна Калифорнија | М4 Коридор, Лондон | Токио |
| (заедно со Силиконската долина) | Минхен | Сеул |
| Бостон, Масачусетс | Штутгарт | Тајпеј |
| Остин, Тексас | Париз-Суд | Сингапур |
| Сиетл, Вашингтон | Гренобл | |
| Болдер, Колорадо | Монпеље | |
| РД, Северна Каролина | Ница, Софија Антополис | |
| | Милано | |

Извор: Dicken, Peter, Global Shifts, Mapping the Changing Contours of the World Economy, 5th Edition, 2007.

# III Географска ориентација на глобалните економски активности

## 1. Историски контекст и концентрација на глобалната економска мапа

### *1.1.Историски контекст*

Сé до Втората светска војна индустриското производство главно беше сконцентрирано во западноатлантските земји предводени од Велика Британија и САД кои доминираа со системот јадро - периферија на глобалната економска мапа. Седумдесет и еден процент од светското производство беше сконцентрирано во само четири земји, а Јапонија учествуваше со само 3,5 проценти.[69] Технолошките иновации кои следеа по светската воена и економска катастрофа ги поставија темелите на еден нов почеток кој ги рефлектираше и новонастанатите политички околности, особено острата поделба помеѓу комунистичкиот Исток и капиталистичкиот Запад. Надвор од овие два блока се наоѓаше т.н. Трет свет, високо хетероген, составен од сиромашни земји во обид за развој и зависни колонии. Советскиот блок исцрта јасни граници околу себе и своите источноевропски сателити и изгради сопствен економски систем различен од концептот на западните пазарни економии. На Западот доминираше економски поредок креиран од страна на САД, единствената земја која излезе зајакната по Втората светска војна со доволен економски и технолошки капацитет за да го предводи патот на новиот светски поредок. Само до 1950 година САД веќе учествуваше со скоро една третина во глобалниот БДП.[70]

Помеѓу 1950 година и крајот на 20 век светската трговија со стоки се зголеми скоро 12 пати, додека светското производство на стоки се зголеми за околу 6 пати. Трендот е јасен - се зголемува количината на стоки со која се тргува преку националните граници. Уште посилна димензија на ваквите процеси дава и растот на активностите на ТНК според податоците за вредностите на странските директни инвестиции. Поствоената појава на СДИ беше нераскинлив сегмент на „златната ера“ на економски раст во ’60-тите години на минатиот век. Во текот на ’70-тите и првата половина на ’80-тите години, трендовите на СДИ и на

[69] Dicken,Peter Global Shift, Mapping the Changing Contours of the World Economy, 5th Edition, 2007, стр. 34.
[70] Ibid.

глобалните трговски трансакции се движеа во паралела. По ’80-тите години, трендот на раст на БДП драстично заостанува зад трендовите на раст на СДИ и на светската трговија, при што СДИ растеа со повисока стапка од трендот на пораст на трговијата. Овој факт е недвосмислен показател дека примарниот инструмент на глобалната меѓусебна поврзаност се токму СДИ, иако нивниот тренд не може да се разгледува издвоено од трендовите на раст на трговијата и БДП. ТНК се извор на две третини од светскиот извоз на стоки и услуги, од кои значаен процент припаѓа на интерни ТНК-трансакции.[71]

Ова е историската основа на денешната глобална економска мапа која е далеку покомплексна од таа пред само неколку децении. Се случи вистинска фундаментална трансформација на светската економија - нова геоекономска мапа чии контури почнаа да се оцртуваат во втората половина на минатиот век како резултат на тектонски геоекономски поместувања предизвикани од динамиката на технолошкиот развој. Се појави и Кина како значаен фактор на глобалната економска сцена, иако сѐ уште под комунистичко политичко влијание и се случи колапсот на политичкиот систем под влијание на Советскиот Сојуз кон крајот на 1989 година. На новата геоекономска мапа се појави Азија како еден од најдинамичните и најпросперитетни економски региони.

Периодот на втората половина на минатиот век беше окарактеризиран со два многу значајни тренда: 1) глобалниот економски раст стана изложен на големи промени кои резултираа со доминација на финансискиот капитал и ТНК и 2) растечката меѓусебна поврзаност на различни делови од светот и појавата на мрежната економија на мегакапитализмот.

### *1.2.Концентрација на глобалната економска мапа*

Кон крајот на втората половина на минатиот век глобалната економска мапа се состоеше од триполарна макрорегионална структура чии главни носечки столбови беа САД, Европа и Јапонија. Како функционална реалност, овој триполарен систем беше многу затворен. Земјите во развој и транзиција имаа лимитиран пристап за интеграција - најголем дел од СДИ се движеа на релација

[71] Ibid.

развиени-развиени земји следејќи комплексни шеми на меѓусебно инвестирање едни во други, зајакнувајќи го својот развој и потенцијал. Учеството на земјите во развој и транзиција во агрегатот на СДИ остана статично, особено со оглед на демографскиот аспект - мнозинството од светското население живее токму во тие земји.

САД се доминантна економска сила во последните 100 години, суспендирајќи го глобалниот индустриски лидер Велика Британија во почетокот на 20 век, учествувајќи со една четвртина во светското индустриско производство, една третина во обезбедувањето услуги и една петтина во глобалниот агрегат на СДИ. Европскиот столб се заснова на економската моќ на Германија, Велика Британија и Франција. Европската економија е силно географски концентрирана, при што две третини од трговската размена се одвива интерно помеѓу регионите на Еврпската Унија. САД е најзначајната дестинација за извоз на Европа.

Географската концентрираност е суштинска основа воопшто на глобалните економски активности. Околу четири петтини од светското производство на стоки и услуги и две третини од светското земјоделско производство се концентрирани во само 15 земји. Сликата е слична и во областа на СДИ - скоро 90 проценти од излезните СДИ потекнуваат од 15 земји, на чело со САД и Велика Британија кои тежат околу една третина од глобалниот агрегат. Повеќе од половина од влезните СДИ се концентрирани во само 5 земји домаќини, а скоро една третина е во Кина и Хонг Конг.[72]

## 2. Глобалните поврзаности и промени на геоекономската мапа

Глобалната економска мапа се состои од комплексни врски и мрежи составени од трговски и трансакции со странски директни инвестиции. Западна Европа е најголем глобален трговски регион, каде што две третини од вкупниот трговски агрегат се одвива интрарегионално, помеѓу самите западноевропски земји. Околу 10 проценти од трговските трансакции се со САД и 7 проценти со Азија, заедно со Јапонија. Вториот по значење трговски регион е Азија, со една третина

[72] Ibid.

од вкупната трговија извршена интерно. Преку една петтина од трговијата е насочена кон САД и 17 проценти со Западна Европа. Слична е состојбата и во Јапонија, каде што 47 проценти од трговските трансакции се одвиваат внатре во регионот, а во Австралија и Нов Зеланд овој процент е близу педесет и четири. Единствено САД имаат мала промена во геоекономската ориентација, каде што покрај 40 проценти од трговските односи ориентирани интерно, голем процент на пораст забележуваат во соработката со Мексико.[73] Вака поставените меѓународни трговски врски имаат тенденција на стабилност, со повремени глобални поместувања. Во минататиот век најважното поместување беше во периодот 1960-1970 година, кога по наглото заздравување на економијата на Јапонија од воената катастрофа, се зајакнаа трговските врски на САД и Западна Европа со Јапонија, така што трите региони станаа стожери на глобалната економска мапа, со изразена доминација на САД.

Најзначајната глобална промена на геоекономската мапа во последните 40 години несомнено е брзиот раст на источноазиските земји. Економските набљудувачи од 80-тите години најавуваа дека 21 век ќе биде во знакот на земјите од Пацификот, а економијата ќе биде предводена од Азија која ќе му го земе приматот на Западот. Подоцна, во 1997 година неочекувано се случи азиската финансиска криза. Деценија подоцна, азиските „економски тигри“ ја повратија својата моќ, со таа разлика што фокусот се измести и падна врз Кина, и евентуално Индија, земји кои вклучуваат преку една третина од светското население.

Практично, економските поместувања кон географскиот регион на Азија можат да се класифицираат во четири главни процеси:

1. зајакнувањето на Јапонија по Втората светска војна;
2. наглиот раст на „четирите азиски тигри“ (новоиндустријализираните економии на Хонг Конг, Кореја, Сингапур и Тајван), проследено со зајакнувањето на вториот бран источноазиски земји во развој (Индонезија, Малезија и Тајланд);
3. појавата на Кина како главен актер на глобалната економска сцена; и
4. економскиот потенцијал и динамичност на Индија.

[73] Ibid.

Во 21 век глобалното поместување се движи кон Кина, чија економија доминира не само во рамки на азискиот континент, туку и во релациите со САД и Европа.

**Табела 4 Трговската мрежа на Кина (% од вкупниот агрегат на Кина)**

| Регион/ земја | Извоз | Увоз |
|---|---|---|
| Северна Америка | 22,4 | 9,3 |
| САД | 21,1 | 8,2 |
| Латинска Америка | 2,7 | 3,6 |
| Западна Европа | 17,5 | 13,9 |
| ЕУ-15 | 16,5 | 12,8 |
| Африка | 2,3 | 2,0 |
| Среден Исток | 3,0 | 3,5 |
| Азија | 48,4 | 58,0 |
| Јапонија | 13,6 | 18,0 |
| Хонг Конг | 17,4 | 2,7 |
| Кореја | 4,6 | 40,5 |
| Тајван | 2,1 | 12,1 |

Извор: Dicken,Peter Global Shift, Mapping the Changing Contours of the World Economy, 5th Edition, 2007. (International trade statistics, WTO).

Странските директни инвестиции како втор значаен инструмент на глобалната геоекономска поврзаност ја потврдуваат економската дистанца помеѓу развиените и земјите во развој. Главниот агрегат на СДИ се движи на релација развиени - развиени. Седум источноазиски земји (Хонг Конг, Кина, Сингапур, Кореја, Тајланд, Малезија и Тајван) имаат повеќе од 50 проценти од сите СДИ лоцирани во земји во развој.

**Табела 5 Дојдовни странски директни инвестиции како удел во БДП (%)**

| | 1990 | 2004 | | 1990 | 2004 |
|---|---|---|---|---|---|
| Ирска | 88,9 | 126,3 | Сингапур | 83,1 | 150,2 |
| Холандија | 23,3 | 74,2 | Виетнам | 25,5 | 66,3 |
| Белгија | - | 73,5 | Чиле | 33,2 | 58,2 |
| Унгарија | 1,7 | 60,7 | Малезија | 23,4 | 39,3 |
| Р Чешка | 3,9 | 52,7 | Аргентина | 6,2 | 35,3 |
| Швајцарија | 15,0 | 50,6 | Тајланд | 9,7 | 29,7 |
| Шведска | 5,3 | 47,0 | Мексико | 8,5 | 27,0 |
| Австралија | 23,7 | 41,4 | Бразил | 8,0 | 25,2 |
| Данска | 6,9 | 40,5 | Кина | 5,8 | 14,9 |
| В. Британија | 20,6 | 36,3 | Филипини | 7,4 | 14,9 |
| Шпанија | 12,8 | 34,9 | Тајван | 6,1 | 12,8 |
| Франција | 7,1 | 26,5 | Кореја | 2,1 | 8,1 |
| Канада | 19,6 | 30,5 | Индија | 0,5 | 5,9 |
| Полска | 0,2 | 25,4 | Индонезија | 7,7 | 4,4 |
| Италија | 5,4 | 13,1 | | | |
| Германија | 6,6 | 12,9 | | | |
| САД | 6,9 | 12,6 | | | |
| Јапонија | 0,3 | 2,1 | | | |

Извор: UNCTAD Reports, 2001, 2005.

Сите овие земји на чело со Кина го свртеа глобалниот економски фокус кон северо-источна Азија. Од економски, а особено демографски аспект правецот на промена на глобалната економска мапа географски се движи кон Индија заради брзиот развој на информационо-телекомуникациските услуги што во комбинација со индустрискиот развој на Кина го формира новиот геоекономски блок, т.н. Киндија. Индија покажа спектакуларен раст на една специфична економска активност - outsourcing на IT-услугите, поради што доби широк публицитет. Сепак, растот на БДП на Индија во периодот 1980-2003 година иако далеку над светскиот просек, забележа квантитет од 5-6 проценти, што е за

половина помалку од растот на БДП на Кина за истиот временски период. Индија е 13-та по големина индустриска економија во глобални рамки, а Кина е на високото 4. место. Од друга страна пак, она што ја карактеризира моќта на Индија е IT-секторот со учество од 51 процент во БДП, наспроти 33-процентното учество на овој сектор во економијата на Кина,[74] факт кој зборува за поголемата вмреженост на Индија во рамките на инфо-капитализмот.

Од почетокот на 1989 година започна уште еден значаен тренд кој ја помести глобалната геоекономска мапа во правец на поранешниот источен блок со економско уредување спротивно од постулатите на прозападната пазарна економија. Политичкиот колапс на Советскиот Сојуз и групата земји под негово влијание продуцира нова група на т.н. „транзициони економии", односно земји во различна фаза на транзиција кон капиталистичка пазарна економија. Ваквиот процес од многу аспекти се покажа како болен, особено поради фактот дека сите оние индустриски и економски активности на кои беа потпрени поранешните економско-плански економии во новиот контекст на глобалниот пазар станаа непотребни и неконкурентни. Колку за поткрепа на тезата, во 1985 година Советскиот Сојуз учествуваше со 10 проценти во светскиот индустриски аутпут, додека веќе во средината на '90-тите години тоа учество се намали на 1 процент.

Четирите најзначајни транзициони економии беа Руската Федерација, Република Чешка, Полска и Унгарија, иако нивното заедничко учество во глобалниот БДП изнесува само 2 проценти. Последните три станаа членки на Европската Унија во 2004-та година, факт кој недвосмислено ги подобри нивните потенцијали за економски развој. Уште од почетокот на '90-тите години почнаа да бележат рапиден раст на извозот кој можеше слободно да биде спореден со оној на источноазиските економии за истиот тој период. Најголем удел во извозниот раст, секако, му се отстапува на приливот на странски директни инвестиции.

Кина и Индија успеаја да останат релативно автономни во однос на ефектите на глобалниот финансиски пазар. И земјите како Индонезија и Русија, кои претрпеа финансиски шокови од волунтаризмот на финансискиот капитал се многу внимателни кога е во прашање нивниот национален пазар, поради што се држат понастрана од мрежата на инфо-економијата.[75] Колку за илустрација, вкупната

[74] Dicken, Peter , Global Shift, Mapping the Changing Contours of the World Economy, 5th Edition, 2007.op.cit.
[75] Во борбата за економски опстанок, кон крајот на минатиот век Индонезија се соочи со процес на враќање кон руралните области.

вредност на руските хартии од вредност на почетокот на новиот милениум изнесувала околу половина од вредноста на пазарната капитализација на он-лајн трговската компанија за книги, Amazon.[76] На почетокот од новиот милениум, околу 50% од руската економија функционира по бартер-системот, а Јапонија грчевито се труди да ја изгради економијата според сопствени услови, предлагајќи Азиски инвестиционен фонд независен од ММФ и САД.

Земјите од Латинска Америка имаат долга историја на индустријализација, но сепак не успеале да заземат значајно место на глобалната геоекономска мапа. Голем дел од нив својот економски подем го доживеаја во ерата на инфо-капитализам преку здружување на компаниите во високотехнолошки индустриски кластери. По потпишувањето на НАФТА, Мексико привлече голем број производители од областа на електронската индустрија во Гвадалахара ИКТ-кластерот, кој стана најважен произведувач на ИКТ во Латинска Америка. Сепак, главната причина за инвестирање во Латинска Америка беа ниските трошоци на работна сила и поедноставните регулативи за заштита на животната средина. Меѓутоа, како што другите светски локации понудуваа пониски трошоци за работа, голем број производители се дислоцираа од Мексико и главно ги населија кинеските кластери.

Директниот импакт на Бразил, Русија, Индија и Кина (BRIC) како синоним за потенцијален „shift“ на глобалната геоекономска мапа сè уште е многу лимитиран. Поврзаноста на Кина со глобалната економија квантитативно се изразува на начин што намалувањето на 4% на кинескиот БДП би предизвикало само 0,5% намален глобален БДП, што не е драматичен износ. Руската економија е само една четвртина од кинеската, така што нејзиното економско влијание е занемарливо. [77]

Во потрага по заеднички корен на проблемите на глобалните финансиски кризи, внимание привлекува фактот дека ако ја иземеме Русија, регионите кои биле зафатени со финансиска криза претходно бележеле вонредно добар економски раст и напредок кон стабилност на цените. Домашната заштеда била на високо ниво, забележлив напредок е направен кон отворање на пазарите и на стоки и на

---

[76] Руските 12 милијарди САД-долари наспроти 24,5 милијарди САД-долари на Amazon.

[77] Guriev, Sergei (Professor of Economics and the Head of the New Economic School in Moscow), Russia’s Effect on the World Economy Would Be Trivial, The New York Times.

капитал, а инвестициите доживеале подем - појава која привлекува странски капитал. Де факто, непосредно пред самото избувнување на финансиските кризи, сите овие земји (Lost decade на Јапонија, финансискиот крах на азиските пацифички земји, Мексико, Бразил) од самите авторитети како ММФ и Светска банка биле квалификувани како  ефикасни во однос на макроекономската политика.[78] Со самото проширување на кризата, фокусот на критиката се сврте кон структурните недостатоци - слаби банкарски системи, нетранспарентно владеење, кронизам и широко распространета корупција, кои беа основните посочени причини за кризата. И покрај ваквите недостатоци на системот, азиските земји бележеа успех пред налетот на кризата поради квалитетната понуда на работна сила, претриемачкиот дух и желбата за вмрежување во рамките на инфо-капитализмот и одржување на високи стапки на продуктивност. Факторот кој драстично го прекина ваквиот процес пологично е да се бара во финансиската мрежа на мегакапитализмот, отколку во структурните недостатоци на земјите во развој. Сите оние земји во развој кои бележеа напредок во однос на неолибералните реформи беа погодени, што укажува на системската структура на проблемот кој лежи во срцето на меѓународниот финансиски систем.

## 3. Теориски осврт на просторната нерамнотежа на глобалната економска мапа

Финансиските кризи на мегакапитализмот го свртеа вниманието кон просторните диспаритети на релација развиени - земји во развој - неразвиени на начин што силно се актуализира прашањето за влијанието на слободните пазарни сили врз дистрибуција на профитот и ефектите на технолошката продуктивност. Фактите и аргументите зборуваат во полза на тезата дека разликите во економската и технолошката развиеност помеѓу одделните територии на геоекономската мапа континуирано се продлабочуваат. Правците на размислување на теоретичарите во овој контекст се конфронтираат.

[78] Pol.A.Volker, More globalnih finansija, стр. 103.

Првата група теоретичари ги поддржува политиките на меѓународните финансиски институции, според кои либерализмот е поттикнувачки механизам за развој на заостанатите региони. Како емпириска поткрепа се наведуваат оние земји кои го зголемиле своето учество на глобалниот пазар на земјоделски и суровински производи и оствариле високи стапки на раст, поради што се одлепиле од прагот на сиромаштија. Според нив, наредната развојна фаза би била диверзификација на извозот. Ваквите ставови своите корени ги влечат уште од класичните теоретичари кои при толкување на меѓународната размена поаѓаат од хипотезата на компаративни предности (Heckscher-Ohlin-ова теорема)[79], според која нееднаквата распределба на факторите на производство предизвикува разлики во трошоците на производство, а регионите се специјализираат во оние гранки за кои поседуваат ресурси, што во крајна линија преку пазарот ќе овозможи бришење на разликите во трошоците на производство, респективно на развиеноста на регионите.

Втората група теоретичари застапуваат спротивна теза, според која либерализмот има кумулативен ефект на зголемување на разликите помеѓу земјите и регионите. Посебно значење од аспект на современите тенденции на глобалниот мегакапитализам има теоријата на центар и периферија.[80] Таа и многу слични се надоврзуваат на теоретскиот пристап на Маркс, според кој „сите деструктивни сили што ги раѓа конкуренцијата во внатрешноста на одделни земји се повторуваат во поголем обем на глобално ниво“.[81] Во третиот дел на „Капиталот“ Маркс го опишува механизмот на валоризација на трудот, според кој „доколку во некоја земја е поразвиено капиталистичкото производство, дотолку во неа и продуктивноста на трудот се издига над меѓународното ниво, така што стоки од ист вид кои во различни земји се произведени со еднакво работно време имаат различна меѓународна вредност. Напредните земји ја продаваат својата стока над нивната вредност поради специфичната тежина на трудот и покрај тоа што е поевтина отколку во конкурентската земја“.[82]

---

[79] Охлин во својот модел оперира со поимот регион, а не држава, што е и една од основните слабости на теоријата. Реално во пракса, слободното движење на трговијата помеѓу различните држави нации се каракреризира со неопротекционизам.

[80] Повеќе: Николовска, д-р Наталија:Регионална економија, Скопје 2000.

[81] Николовска, д-р Наталија, Регионалниот модел на центарот и периферијата во светлината на кризата на ЕУ,Општествено-економскиот развој на Република Македонија со посебен осврт врз регионалната компонента и пазарот на труд, Зборник на трудови по повод 100 години од раѓањето на академик Кирил Миљоски, МАНУ, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Економски факултет-Скопје, стр.118.

[82] Ibidem.

Според теоријата на центар и периферија, глобалниот капитализам има контрадикторна структура. Тој се развива во доминантен општествено-економски систем темелејќи се на присвојување на вишокот на вредност преку монополистички структури, изразен и видлив во односот центар-периферија. Монополската положба на центарот му овозможува прибирање на вишокот на вредност од сателитите во периферијата, кој подоцна се користи за окрупнување на капиталот. Инструменти и алатки на ваквиот процес се цените на производството преку гранките и дејностите со поголем органски состав на факторите на производство. Респективно, нееднаквата просторна дистрибуција на тие економски гранки создава односи на нерамноправност меѓу териториите. Така се формира дискриминаторската практика на мегакапитализмот, заснован на платформата на ексклузивно право врз современата технологија, кој е фактор за натпросечната продуктивност на центарот. Спротивно од интересите на периферијата, глобално, технолошката предност на центарот се интернализира како трошок на ниво на глобалната економија. Периферијата не може структурно да му парира на центарот, зашто во ерата на доминација на финансискиот капитал, современите економски реформи кои глобалните финансиски институции ги фаворизираат за развој на периферијата се од монетаристичка природа кои делуваат во насока на ампутирање на производствената структура на економијата во полза на ширење на каналите за потрошувачка. Ваквата практика ужива силна политичка поддршка од глобалниот центар САД, земја со единствено право на вето во ММФ. Политиките на ФЕД, Светска банка, ММФ водат кон раст на финансиската актива на штета на претприемништвото и структурните реформи, што резултира со трошковна инфлација, при едновремен раст на невработеноста (непродуктивно трошење на акумулираниот капитал на периферијата). На тој начин, САД ја испумпува акумулацијата на периферијата директно преку пазарот, продлабочувајќи го територијалниот јаз.

Со овој практичен пример кој претставува тековна глобална реалност, теоријата на центар и периферија ги побива западните теоретичари според кои центрите (половите) се извор на развојни трендови на периферното опкружување.

## 4. Глобалното јадро на мегакапитализмот

Јадрото на неолибералниот мегакапитализам имплицира неколку клучни тенденции: 1) трансформација на националната држава од социјална во корпоративно-пазарна; 2) замена на човечкиот инпут-трудот со технолошки инпут и 3) акумулација на капиталот без работа и без плаќање даноци. За таа цел се користат такви инструменти на државен интервенционизам, кои до пред две децении беа несвојствени за неолибералната економска провиниенција.[83] Се воспостави првиот огромен парадокс - преку државна интервенција на јадрото се промовира однос капитал - труд во кој државите нации на периферијата би имале што помал удел, со крајна цел - елиминација на социјалната компонента. Вториот парадокс се огледа во следниот тренд - во стремежот за елиминирање на националната држава на периферијата како бариера на капиталот на ТНК, мегакапитализмот ја претвори националната држава во корпоративна држава, која пак во стремежот кон зголемување на јавната потрошувачка со цел стимул на економијата (според кејнзијанскиот модел) и потпомогната од мегакапиталот насочен кон финансирање на потрошувачката за реализација на стоките од јадрото, се втурна во должничкото сценарио и ја изгуби моќта за контрола на сопствената економија, а со тоа и моќта за заштита на трудот. Корпоративната држава капитулира пред капиталот, за чие привлекување таа е спремна да ја елиминира нужноста од негово оданочување.[84]

### *4.1. Доминацијата на економскиот модел на САД*

Мрежата на глобалните финансиски пазари во новата ера на информации поседува вградена способност за пренасочување на тековите на капиталот кон пазарот на САД. Финансиските кризи имаат клучна улога во овој процес. Како таа функционира? Историски гледано, како пример, во 1996 година, големиот прилив на краткорочен шпекулативен капитал во азиските земји (Малезија, Филипини, Јужна Кореја, Тајланд и Индонезија) кој што преку тековите на

---

[83] Пример: политичкиот и интелектулен естаблишмент на САД во 2008 година предложи пакет од 700 мил. САД-долари како финансиска инјекција за спасување на мегакапитализмот пред налетот на финансиската криза.

[84]Повеќе: Николовска, д-р Наталија Глобализациски парадокс-државата агент v. кочничар на економскиот развој (Случајот на Р Македонија).

пазарот на недвижнини беше конвертиран во среднорочни и долгорочни портфолија, предизвика стампедо во обратна насока што резултираше со девалвација на валутата на овие земји и предизвика сериозна рецесија во поголемиот број земји од Пацификот. Додека во 1997/98 година пазарите на хартиите од вредност во азиските економии, вклучувајќи ги и другите земји погодени од финансиска криза како Русија и Бразил значително девалвираа, берзанските индекси на САД пораснаа за 31%, а германските за 54%. Економиите на Европската Унија покажаа добри перформанси во периодот на финансиските кризи од доцните деведесетти, потпомогнати со транзиција кон заедничка валута (евро), и потрошија стотици милијарди САД-долари во инвестиции преу Атлантикот, вклучувајќи го преземањето на Chrysler од страна на Daimler-Benz, Amok од страна на British Petroleum и Earth Communications од страна на Vodafone. Со оглед на фактот дека американските компании имаа сопствени бизниси во Европа (на пример Ford го купи Volvo), атлантската врска се воспостави како оска на глобалната економија, а функционирањето на економијата на САД беше тоа кое одржуваше раст и стабилност, апсорбирајќи ги инвестициите од остатокот од светот и индуцирајќи виртуелен круг на привлекување на странски инвестиции директно или индиректно преку финансиските берзи. Јапонскиот финансиски пазар конечно беше пробиен со купувањето и учеството во капиталот на јапонските банки, со што се воспостави глобален контакт со свеж финансиски капитал доволен по обем за да се обнови инвестициониот капитал на глобалната економија за нови дополнителни вложувања на патот кон бесконечниот раст. Најголемиот дел од приватните банки кои настрадаа поради своите инвестиции во новонастанатите пазари ширум светот зафатени од финансиска криза, беа откупени од политиките на ММФ со цел непречено да продолжи текот на финансискиот капитал.

Флексибилноста на новиот техно-економски систем овозможува таква географска редистрибуција на инвестициите, што и покрај кризата на економиите во подем, инвестициите на глобално ниво не престануваат. Кога пазарите во настанување или пак некоја напредна, но климава економија ќе бидат погодени од рецесија, тековите на капиталот веднаш наоѓаат нови можности, профитирајќи на финансиските кризи.

Сепак, географските метафори не можат до крај да ја доловат сложеноста и брзината на глобалниот проток на капитал и трговија. На сцена стапува технологијата. Со оглед на глобалната електронска поврзаност, масовните движења на капиталот можат да се реализираат за неколку секунди. Финансиските ТНК располагаат со сé поголем број на off shore бази во земјите со слаба регулатива, а интернетот овозможува поместување на инвестиции со прикривање на нивното потекло и дестинација. Поради синтетичката поврзност на финансиските инструменти како израз на вредности на различни пазари на капитал, нивните флуктуации влијаат на глобалниот финансиски пазар независно од фактичното поместување на капиталот кој го претставуваат. Следствено, елементи на глобалната економија не се повеќе географските области и територии, туку изградените системски мрежи. Која е тајната на перформансите на „новата“ мрежна економија и како економијата на САД може да расте, како што тоа беше случај 1998 година, остварувајќи 225.000 работни места месечно, со зголемување на надниците на работната сила од 4% годишно и инфлација од 1,6%? Логичниот одговор на ова прашање би бил - продуктивноста! Освен мал број на економисти како Paul Krugman, најголемиот дел ја ширеле тезата дека новата информациона технологија и големите организациски промени (особено мрежната економија) ќе индуцираат бурен раст на продуктивноста.[85] Во својот говор во Конгресот на САД на 23 февруари 1999 година Alan Grinspen изјавил дека растот на продуктивноста во нефинансиските корпорации во просек бил 2,2% во споредба со 1,5% од доцните 80-ти години. Grinspen го прател зголемувањето на продуктивноста сé до почетокот на 1993 година, од кога нагло растат капиталните инвестиции, посебно во опрема за информатичка технологија. Деловната употреба на новата опрема во САД се зголемила од 1994 до 1998 година за 60%.[86] Овој раст го предводат гранките засновани на новата технологија, кои на годишно ниво отвораат работни места со стапка од 3,7%, што е дупло повеќе од остатокот од економијата. Информационата технологија лежи во срцето на т.н. „нова економија“ на повеќе начини: 1) таа дава технолошка основа за реструктурирање на бизнисот преку вмрежување, 2) ја намалува цената на инпутите и потрошните добра во секојдневниот живот, 3) со брзина без преседан отвора нови работни места, 4) го

[85] Castells, Manuel, The Rise of the Network Society, (2000/1996).
[86] Kastels,Manuel, Informaciona tehnologija i globalni kapitalizam, Globalna, umrezena ekonomija, op.cit.,стр. 84.

предводи растот на пазарот на акции, со оглед дека интернет-акциите се во континуиран пораст поради можноста за инклузија и на малите инвеститори. Пазарната капитализација на интернет-компаниите достигнува неверојатно ниво во споредба со гигантските компании на индустриската ера.[87] Факторите на производство се контролирани од сопствениците на финансискиот капитал. Тие ја поседуваат технологијата и таа е предноста на продуктивноста на глобалното јадро која функционира во полза на финансиската олигархија, односно „the one per cent“.[88] Редистрибутивните ефекти на економската политика на САД најдобро се согледуваат во графикон 3.

**Графикон 3 Декомпозиција на националниот приход на САД**




Извор: Bitchler and Nitzan (2012); Dragoljub Stojanov, Pavle Jakovac: Ekonomska znanost u zamci globalizacije, EKONOMSKI PREGLED, 64 (5) 447-473 (2013).

[87] Во јануари 1999 година America OnLine која вработувала 10.000 луѓе вреднувана е со 66,4 милијарди САД долари. Ова треба да се спореди со General Motors која вработувал 600.000 луѓе во тој период, со пазарна вредност од 52,4 милијарди САД-долари. Уште еден сликовит пример е Yahoo со 673 вработени и 33,9 милијарди САД-долари вредност.
[88] Stiglitz, Joseph E. ,The Price of Inequality, 2012.

## 5. Капитализмот на социјален пазар пред налетот на мегакапитализмот (специфичниот случај на Европската Унија)

### 5.1. *(Не)одржливосѿ на инфо-расѿоѿ на меѓакаиѿализмоѿ*

На патот кон својата цел, акумулација на капиталот, мегакапитализмот среќава низа потенцијални бариери. Најнапред, се елиминираат дисторзиите од неекономска природа и се ослободува капиталот од акумулираниот социјален багаж на државата, насочувајќи се кон најлогичната дестинација, Европската Унија, која стои пред предизвикот на тестирање на сопствената способност за влез во мрежната економија под сопствени услови кои ѝ гарантираат зачувување на социјалниот модел на кој почива нејзиното капиталистичко уредување.[89]

Целта на мегакапитализмот е да го расчисти патот за своја потполна доминација подготвувајќи го светот за новиот Кондратиев технолошки циклус. Во овој контекст, тој мора да тргне од намалување на јавниот сектор и редуцирање на правата на работникот и граѓанинот, не водејќи сметка за потенцијалните опасности од конфликтни состојби и социјални немири и деструкција на, со векови, градениот концепт на мултидимензионален одржлив развој врз принципите на територијална кохезија.[90]

Кон крајот на минатиот и почетокот на новиот милениум, најголем дел од земјите во развој се „втурнаа" во политика на штедење со цел да се одбранат курсевите на нивните национални валути, на маргините на мрежниот систем на мегакапитализмот, заради зајакната способност за увоз на стоките од јадрото. Дури и Европската централна банка ги кочеше европските економии со каматни стапки кои на крајот од минатиот век и не беа толку ниски, со оглед на фактот дека стапките на инфлација се движеле помеѓу 0,3 и 1%.

Дефлацијата има две страни - позитивна и негативна: 1) кога настанува како резултат на намалена потрошувачка која е показател на економска стагнација, таа има лоша улога; 2) кога е резултат на зголемена продуктивност поради технолошките иновации и зголемена ефикасност на економскиот менаџмент

[89] Во САД , јавните расходи учествуваат со 20% од БДП, додека просекот на ЕУ е 44,6%.
[90] Види повеќе: Николовска, д-р Наталија, Регионалниот модел на центарот и периферијата во светлината на кризата на ЕУ,Општествено-економскиот развој на Република Македонија со посебен осврт врз регионалната компонента и пазарот на труд, Зборник на трудови по повод 100 години од раѓањето на академик Кирил Миљоски, МАНУ, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Економски факултет-Скопје.

(на микрониво, заради вмрежување и флексибилност и на макрониво, заради интеграцијата на пазарот и намалените трошоци на трансакции, како во случајот на воведување на еврото), таа демонстрира позитивни аспекти. Глобалниот мегакапитализам од крајот на минатиот век и почетокот на новиот милениум ги инкорпорира двата типа на дефлација, но тие се нерамномерно распоредени на геоекономската мапа. Пред и над сите економии се наоѓа хегемонот САД, потпомогната од технологијата и вмрежувањето, која одржува голема брзина на инфо-растот. Наспроти неа се многу економии во развој и транзиција кои стагнираат поради непродуктивност и ригидни контракционистички политики на чуварите на глобалниот поредок, меѓународните финансиски институции. Што се однесува до економиите на Европската Унија, кратко по воведувањето на еврото тие доживеаја развој после период на стагнација, благодарение на нивните извозни перформанси.

За да остане одржлив инфо-растот, клучно прашање е дали изворите на продуктивност во САД растат и дали економскиот раст може да биде прилагоден и усвоен од страна на Европа, а потоа и од Јапонија како трет мрежен столб на информационата мрежна економија кој заедно со Европа би го урамнотежил моноцентричниот модел доминиран од САД во облик на една похармонична, полицентрична структура на геоекономската мапа која би отворила процес на постепено прилагодување и вмрежување на периферните региони и територии и би претставувала можна алтернатива за земјите во развој и транзиција. Проблемот е следен: флексибилноста на вмрежување и технолошките иновации како основа на моделот на инфо-растот, во Европа и Јапонија се доживуваат како обид за демонтирање на социјалната држава, што повлекува намалување на правата на работниците, опасност од социјални немири и политички реакции кои би ги запреле иновациските реформи. Доколку ваквата позиција се одржи на подолг рок, капацитетот за раст на економијата на САД кој се заснова на глобалните перформанси, ќе биде исцрпен. САД не може бесконечно да произведува и да консумира сé поголем дел од глобалниот аутпут. Домашната потрошувачка станува клучен фактор на економскиот развој, а домашните заштеди достигнуваат опасно ниско ниво. Плодовите на продуктивноста на новата ера на информации мора да се реализираат со продажба кон оние категории кои имаат финансиска моќ за трошење.

Економијата на САД не може самостојно да се развива во глобалната меѓузависна економија и тоа е причината поради која владата на САД и меѓународните финансиски институции ја притискаат Европската Унија на рефлација, истовремено обидувајќи се да ги стабилизираат пазарите во развој за да се спречи загрозувањето на глобалната рамнотежа. Следствено, или Европа ќе се приклучи кон експанзијата, или машината на САД ќе застане и ќе почне спирално да паѓа. Тоа би повлекло девалвација на акциите, која би го еродирала хартиеното богатство на компаниите и домаќинствата, а продуктивниот потенцијал на новата технологија ќе мутира во вишок капацитет, исчезнувајќи во морето на лоша дефлација настаната од недостаток на потрошувачка и тоа на глобално ниво.

Сумирано, изворите на неодржливост на инфо-растот на мегакапитализмот би ги категоризирале на следниов начин:[91] 1) опасност од имплозија на глобалниот финансиски пазар; 2) стагнација предизвикана од потребите за солвентност и ефективна потрошувачка во однос на стапката на пораст на продуктивноста како резултат на технолошкиот прогрес; 3) социјален и политички револт на што поголем дел од дисконектираната популација на периферијата на глобалната економија.

### *5.2. Теоријата центар - периферија во контекст на економијата на Европската Унија*

Суштинските карактеристики на теоријата центар - периферија се во колизија со основните постулати за економска и социјална конвергенција на земјите членки на ЕУ. Преведен во контекстот на ЕУ, тоа значи дека монетарната стратегија и либерализираниот пазар дејствуваат во насока на креирање различни развојни сценарија кај земји со различно ниво на технолошко-економска развиеност (ЕУ-15 наспроти ЕУ-12). Растот на центарот кореспондира со побарувачката на периферијата, суфицитот на центарот е резултат на дефицитот на периферијата и истиот преку финансиските канали се користи за балансирање на тековните дефицити.

[91] Kastels, Manuel, Informaciona tehnologija i globalni kapitalizam, Globalna, umrezena ekonomija, op.cit.,стр. 91.

Хетерогеноста на земјите членки на ЕУ е непобитен факт, особено по последниот инклузивен налет кој инкорпорира земји од Централна и Источна Европа кои имаат историја на планска економија. Како целина, стратешка цел во склад со критериумите од Мастрихт е извозната ориентација на Европската Унија. Меѓутоа, земјите членки имаат различно ниво на претходно стекнати компаративни предности, различна образовна структура на работоспособното население и логично, постои природна поделеност на центар (Германија, како водечка оска, Франција, Велика Британија) и периферија (Шпанија, Италија, земјите од Централна и Источна Европа). На тој начин, развојниот модел на капитализмот ја демонстрира својата контрадикторна структура - во центарот се акумулира капиталот (суфицитот на германската економија) додека пак во државите од периферијата се акумулира долгот (долговите на економиите на Шпанија, Грција). Ваквиот тренд ствара реална дивергенција во рамки на ентитетот кој се стреми кон конвергенција.

Да тргнеме од економијата на центарот, Германија, извозно ориентирана земја која во последната деценија форсираше рестриктивна политика насочена кон контрола на инфлацијата, но раст на продуктивноста, резултирајќи со низок раст на единечните трошоци на трудот. Политиките на штедење ја намалија приватната потрошувачка во Германија, а порастот на профитот не го зголеми динамизмот на физичкото инвестирање. Напротив, преку каналите на финансиските пазари ги пласираа слободните парични средства кон периферијата, заради стимулирање на растот на потрошувачката кон конкурентните стоки на центарот. Вредноста на германскиот извоз во 2007 година е за 80% повисок во однос на 1999-та, факт кој зборува за високата конкурентност на стоките и услугите.[92] За истиот период, суфицитот во однос на останатите земји на Европската монетарна унија (ЕМУ) се зголеми за 3,3%. Она што е особено дистинктивно помеѓу квалитетот на германската економија и економиите на периферијата на ЕУ е фактот дека и покрај позитивните движења на пазарот, германската економија имаше релативно пониска стапка на раст во однос на просекот на еврозоната и оние од периферијата. Причина за овој тренд е следниот факт: земјите од периферијата го базираат својот раст на вештачки

[92] Николовска, д-р Наталија, Регионалниот модел на центарот и периферијата во светлината на кризата на ЕУ,Општествено-економскиот развој на Република Македонија со посебен осврт врз регионалната компонента и пазарот на труд, Зборник на трудови по повод 100 години од раѓањето на академик Кирил Миљоски, МАНУ, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Економски факултет-Скопје, op.cit.,стр. 120.

креирана потрошувачка финансирана од задолжувања, за разлика од германската економија која се финансира од сопствена акумулација! Диктираните услови на Мастришките критериуми (намалување на каматни стапки, стабилни цени) беа плодна почва за кредитна експанзија, која се обиде деловниот циклус да го заживее преку градежништвото, креирајќи шпекулативен бран на цените на недвижностите и кредитирање на личната потрошувачка. Дивергентниот тренд е видлив - заедничката монетарна политика за центарот резултира со извозно ориентиран раст, а за периферијата со дисбаланси на тековните сметки. Експанзијата на трговските дефицити на периферијата е потпомогната од креацијата на ЕМУ и процесите на финансиска интеграција.

Либерализацијата и дерегулацијата овозможија слободната акумулација од центарот да се стави на располагање на периферијата и тоа под многу поволни услови, во насока на кредитирање на домаќинствата и јавниот сектор, како последица на структурната нерамнотежа на земјите членки на ЕУ. Периферијата послужи како пазар и на стоки и на кредитни портфолија, а резултатот е акумулација на капитал на центарот vis-a-vis акумулација на долгови на периферијата. Ваквиот процес стана толку силен, што го засени продуктивното економско претприемништво. Шпекулативниот раст на должничката економија во ЕУ исплива на површина пред налетот на финансиската криза во САД во 2008 година и растот на цената на нафтата како шок на реалниот сектор. Конфликтот на релација центар - периферија во ЕУ стана видлив во форма на фискална и долговна криза. Најеклатантен пример е грчката економија.

### *5.3.Социјалната држава во контурите на мегакапитализмот*

Европскиот социјален капитализам му дава предност на трудот и се базира на политичкиот идеал за економска и социјална рамноправност и еднаквост, како долгорочна опција на регионалната кохезивна политика[93] на ЕУ.[94] Поради

[93] Кохезијата ја разбираме како степен до кој социјално-економските диспаритети помеѓу територијалните единици се политички и економски толерантни.

[94] Види повеќе: Николовска, д-р Наталија, Регионалниот модел на центарот и периферијата во светлината на кризата на ЕУ,Општествено-економскиот развој на Република Македонија со посебен осврт врз

инхерентната неспособност на пазарот да изврши ефикасна алокација на ресурсите, таа цел ѝ се препишува на кохезивната политика на органите на управување со ЕУ. Концептот се базира на солидарноста на развиените региони да наменат дел од остварените приходи за надминување на чувството на обесправеност кај жителите од помалку развиените територии. Конкретно, целта е да се компензира за трошоците на пазарно-структурно приспособување на послабо развиените земји членки кон екстерните шокови како последица од формирањето на заедничкиот пазар, а подоцна и влез во монетарната унија. Инструмент на кохезивната политика е европскиот буџет, кој ја извршува алокативната и редистрибутивната функција преку канализирање на три четвртини од средствата за потребите на растот, вработеноста и одржливиот развој во согласност со стратегијата Европа 2020, според која сите земји членки придонесуваат за постигнување на главната цел - отворање на работни места во склад со нивниот економски развој.

Целта на кохезивната политика би се остварила преку инвестиции во истражување и развој, ИКТ и унапредување на конкурентноста на малите и средни претпријатија. На тој начин, се планира дека регионалната политика ќе се приспособи на барањата на мегакапитализмот без да ја изгуби основната нишка - социјалната компонента и намалување на развојните диспаритети. Меѓутоа, тежината на дивергентните трендови под налетот на шпекулативниот капитал и сценаријата на должнички економии во срцето на ЕУ не одат во прилог на научно-технолошкиот напредок на регионот. Наместо кон технолошки развој, суфицитните текови се движат во насока на зачувување на територијалната кохезија, основна ставка на архитектурата на ЕУ. Од тој аспект, трошоците на кохезивната политика се цената која мора да се плати за одржување на концептот на социјална глобална интеграција, на штета на глобалната продуктивност во ерата на инфо-мегакапитализмот кој бескомпромисно се шири од преку Атлантикот. Проблемот е дотолку поголем што најголем број европски теоретичари и практичари ги оспоруваат достигнувањата на кохезивната политика во контекст на обратна тенденција - зголемени регионални диспаритети во Европската Унија. Последното проширување ја зголеми популацијата на ЕУ за 20%, а општествениот бруто-производ за само 5%, факт

регионалната компонента и пазарот на труд, Зборник на трудови по повод 100 години од раѓањето на академик Кирил Миљоски, МАНУ, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Економски факултет-Скопје.

кој ја поткрепува теоријата центар - периферија. Сепак, кај сите нив постои консензус дека импликациите на кохезивната политика се дополнети од ефектите на спонтаните агломеративни тенденции, како клучни поттикнувачи на растот и развојот.

Во крајна инстанца, релативната големина на средствата кои се канализираат преку кохезивната политика на ЕУ е мала, во однос на редистрибуцијата на финансиски средства што се случува преку пазарот, следејќи ја профитната логика. Дополнително, диспаритетите помеѓу центарот и периферијата растат побрзо од порастот на финансиските средства за кохезија.[95]

Компаративните предности на развиените земји од центарот се исцртуваат и во тековната практика на алокација на финансиските ресурси на европските регионални програми за иновации и технолошки развој кон три земји: Германија, Франција и Обединетото Кралство со цел динамизирање на технолошката структура на европскиот центар. Следствено, успешното реализирање на развојната агенда 2020 ќе зависи од заздравувањето на земјите од периферијата и надминување на кризата на ЕУ. Во спротивно, се заканува распад на социјалниот капитализам. Опасностите од ваквиот тренд се реалност - значаен дел од европското јадро се заканува со напуштање на Европската Унија (Brexit). На 23 јуни 2016 година и врз основа на European Referendum Act 2015, Велика Британија одржа референдум за реафирмирање на позицијата на земјата во контекст на членството во Унијата.[96] Резултатот од референдумот покажа дека 51,9% од граѓаните кои гласале, се изјасниле за опцијата „Leave the European Union“.[97]

### *5.4.Предизвиците на конкурентноста на Европската Унија*

Социјалниот концепт на Европската Унија е разнишан од потребата за унапредување на структурната конкурентност во склад со барањата на инфо-капитализмот. Ваквата состојба ја зголемува одговорноста на центарот како

---

[95] Во моментот на пристапување на медитеранските земји во ЕУ, диспаритетите со земјите членки на Унијата биле 30%, а денес јазот помеѓу ЕУ-15 и новите земји членки , ЕУ-12 е 60%.
[96] 'NBC News, Brexit' Vote: „Why Britain Could Quit E.U. and Why America Cares“, Mac William Bishor and Alastair Jamieson, Apr 25 2016, 7:42 am ET. http://www.nbcnews.com/news/world/brexit-vote-why-britain-could-quit-e-u-why-america-n526386.
[97] http://www.bbc.com/news/uk-politics-36616028.

движечка сила на развојот на Унијата, од една страна, да се приклучи кон мрежата на инфо-капитализмот, а од друга, да реализира успешен проект на кохезија на периферијата во склад со стратешката европска определба. Со последните европски стратешки определби во агендите од Лисабон и Гетеборг 2020, приоритетот се поместува во насока на глобалистичкиот курс за сметка на кохезивната политика. Целта на новите стратегии е „Европската Унија да прерасне во најконкурентна и динамична економија базирана на знаење во светот, способна за одржлив развој со зголемен број на работни места и поголема социјална кохезија до 2020 година“ (Европски совет, Лисабон, март 2000). Во оваа насока е креиран и Инвестициониот фонд за Европа на Европската комисија (European Commission's Investment Plan for Europe - EC IPE), познат како Јункеров план, кој има за цел да поддржи јавни и приватни инвестиции во структурно зајакнување на европската економија во износ од 315 милијарди евра во соработка со Европската инвестициона банка за периодот 2015-2017 година.

Поконкретно, проектот Европа 2020 ги таргетира следниве цели:[98]

1. полицентричен и балансиран територијален развој;
2. интегриран развој во градските, руралните и специфичните региони;
3. територијална интеграција во прекугранични и транснационални функционални региони;
4. глобална конкурентност на регионите базирана на силни локални економии;
5. подобрување на територијалната вмреженост помеѓу индивидуи, локални заедници и претпријатија;
6. конектирање и управување на социјалните, културните и еколошките вредности на регионите.

Овие цели сè уште не се остварени. Но, перспективите за нивна реализација се насираат во потенцијалите на центарот во склад со неговите компаративни предности. За да може да ја дистрибуира развојната динамика, мора претходно да се стабилизира периферијата. Токму затоа, стабилизацијата е прв и основен

[98] How to strengthen the territorial dimension of „Europe 2020" and the EU Cohesion Policy, Report based on Territorial Agenda 2020 prepard at the request of the Polish Presidency of the Council of the European Union , Warsaw, September 2011., стр. 6.

предуслов за подобрување на глобалната конкурентска позиција на ЕУ.[99] Критичен аспект на квалитетот на новокреираните стабилизациони инструменти е дека тие се насочени исклучиво кон земјите од еврозоната, а се условени со ригидни програми на економски и финансиски приспособувања под диригентската палка на Тројката (Европска комисија, ММФ и Европска централна банка) за периферијата. Ваквата поставеност на тековите на финансискиот капитал од центарот кон периферијата ги исфрли на површина следниве проблеми: 1) на сметка на монетарниот раст, ќе продолжи падот на реалниот сектор; 2) трошочната инфлација ќе биде сузбиена за сметка на непродуктивна дефлација; 3) ќе се генерира ефект на невработеност во периферијата; 4) финансиските пакети ќе имаат ефект на редистрибуција на суфицитниот капитал од центарот на периферијата, ревитализирајќи го пазарот на шпекулативен капитал кој може единствено да резултира со намалување на ефектите на кохезивната политика. Од извозник на капитал за финансирање на потрошувачката на периферијата, центарот се конвертира во извозник на капитал за спасување на периферијата во функција на пазар на центарот. Дивергентниот тренд е јасен.

### *5.5. Глобалната конкурентност на еврото како фактор за реализација на Европа 2020*

Во периодот на воведувањето на европската валута, доминираа ставовите дека во првата половина од 1999 година ќе се случи апрецијација на еврото во однос на доларот со тенденција кон стабилизација кон крајот на годината. Ваквите прогнози беа засновани на проценките дека почетниот курс на еврото во однос на доларот е потценет и оттаму произлегува потенцијалот за номинално зголемување на неговата вредност, и дека Европската централна банка на самиот старт ќе биде насочена кон имплементација на строга монетарна политика во насока на стабилизација на кредибилитетот на еврото, што на девизниот пазар би се рефлектирало како апрецијација на курсот на еврото во

[99] За таа цел во 2010 година беше основан европски финансиски стабилизационен механизам, кој од 2013 година е заменет со постојан инструмент за управување со кризи, Европски стабилизациски механизам (ЕСМ) со капитал од 700 милијарди евра.

однос на доларот. На долг рок, ваквиот тренд би се стабилизирал со цел да се одржи конкурентната предност на извозниот сектор. Од тој аспект, еврото не смее да биде ниту преслабо, ниту прејако во однос на доларот на САД, но доволно стабилно за да држи конкурентна позиција на извозната политика на Унијата vis-a-vis глобалниот пазар.

Дведецениското функционирање на еврото демонстрира дека монетарните интервенции на ЕЦБ не се доволни за еврозоната да се спротивстави на ударите на мегакапитализмот и да одговори на потребите на инфо-растот преку сопствено етаблирање во водечка глобална валута.[100] За таква амбиција, потребни се структурни економски реформи кои повлекуваат зголемена продуктивност на еврозоната. Еврото мора да исполни одредени критериуми (за да се етаблира како конкурент на доларот, на начин што ќе претставува органски поконкурентна економија), односно треба: 1) да биде репрезент на јака економија, што во превод значи одржливо високо ниво на бруто-производ и надворешна трговија, 2) да креира развиен девизен и финансиски пазар со полна конвертибилност како на тековните така и на капиталните трансакции, 3) да изразува долгорочна стабилност во поглед на куповната моќ која рефлектира економија со ниска инфлација. По однос на првиот услов, ЕМУ заостанува зад САД (графикон 4).

**Графикон 4 БДП по глава на жител на ЕУ 15 во однос на САД (тренд на стагнација)**




Извор: Eurostat, European Competitivness Challenge, April 2016, Boris Vujcic, Governor, Croation National Bank.

[100] Stakic, Budimir , Megjunarodne finansijske institucije, Megjunarodno kretanje kapitala i modeli upravljanja otplatom duga, Univerzitet Singidinum, Beograd 2102, стр. 211.

Во однос на вториот услов САД котира повисоко од ЕМУ, особено поради фактот дека Велика Британија, значаен дел на центарот на еврорегионот, е надвор од монетарната унија. Третиот услов го исполнуваат двата монетарни блока.

За да одговори на потребата од глобално етаблирање на еврото, Европската Унија мора да имплементира структурни реформи. Тековно, ЕУ заостанува зад САД по повеќе основи: 1) бизнис-динамика, 2) учество на инвестиции во ИКТ како процент од вкупниот инвестиционен агрегат, 3) специјализација во технолошко-интензивни производи (графикони 5, 6 и 7).

**Графикон 5 Зошто фирми како Facebook, Google и E-bay (Силиконска долина) се основаат во САД, а не во ЕУ?**




Извор: Biosca, A.B., A look at business growth and contraction in Europe, 2011, 3rd European Conference on Corporate R@D and Innovation.

**Графикон 6 Инвестиции во ИКТ како % од вкупни инвестиции, просек за 2000-2010**




*Забелешка: Агрегатот на ЕУ за инвестиции во ИКТ е просек од вредностите за Австрија, Данска, Финска, Франција, Германија, Ирска, Италија, Холандија, Шпанија, Шведска и Обединетото Кралство.*

Извор: Европска комисија, OECD и van Ark.

**Графикон 7 Разлики во степенот на специјализација во технолошки напредни и R&D интензивни производи**




*Забелешка: Интензитетот на истражување и развој се мери како процент на трошоците за истражување и развој во однос на вредноста на вкупната продажба, за фирми основани по 1975 година, млади водечки иноватори (young leading innovators or „Yollies”) или пред 1975 (old leading innovators or „Ollies”).Релативната технолошка предност се калкулира како учество на секој регион или земја (на пример ЕУ) во истражување и развој на одреден сектор (на пример Интернет) во однос на нејзиното учество во светскиот агрегат на истражување и развој. Вредностите поголеми од 1 укажуваат на фактот дека регионот е технолошки специјализиран во секторот.*

Извор: Bruegel and World Bank staff calculations, based on the European Commission’s Institute for Prospective Tehnological Studies R&D Scoreboard.

Компаниите кои изобилувааат со висока технолошка интензивност наоѓаат плодна почва во САД следејќи ја бизнис-динамиката која оди во склад со технолошкиот развој кој влече енергија од континуираните инвестиции во ИКТ и истражување и развој, кои пак резултираат со high tech специјализација на производите. Затоа, тие ја преферираат Силиконската долина наспроти Европската Унија во која доминираат статични и инертни компании.

Преку соодветни структурни реформи и инвестиции во високотехнолошки сектори, продуктивноста на ЕУ би се подигнала до тој степен што лидерската цена на економијата - девизниот курс на еврото во однос на доларот би проектирала повисок органски состав на капиталот на европската економија во

полза на зголемена технолошка предност над доларот како репрезент на економијата на САД. Следствено, еврото би успеало да изврши ревитализација на финансискиот сектор (пазар на пари и капитал) во рамки на ЕМУ во услови на стабилност на стапката на инфлација и девизниот курс и би му конкурирала на доларот како трансакциска, инвестициона и резервна глобална валута. Стабилноста на финансискиот сектор е значајна од аспект на идната улога на еврото како резервна валута поради фактот што централните банки голем дел од своите резерви ги држат во облик на хартии од вредност на финансиските пазари во земјите со стабилна валута и развиени пазари на капитал. Афирмацијата на еврото како глобална валута би довело до брзо преструктурирање на банките и финансиските институции во насока на развој на финансиските пазари во еврозоната, преку фузии, аквизиции и окрупнување на капиталот и зајакнување на профитабилноста на банкарскиот систем. На тој начин би се креирале мегабанкарски институции кои би биле во состојба да им конкурираат на глобалните мегабанки и да одговорат на потребите на развојот на ТНК. Би се створиле и реално пониски каматни стапки во еврозоната, со што би се стимулирале високотехнолошките инвестициски проекти. Малите и средните претпријатија на еврозоната би имале поголеми реални можности за вмрежување на единствениот финансиски пазар. Зголемената системска и структурна конкурентност на економијата би делувала на афирмацијата на еврото како глобална валута.

# IV Ефекти на глобализацискиот дискурс и алтернативи за излез од кризата на мегакапитализмот

## 1. Глобално-локална перспектива на ефектите

Цикличната променливост е основна карактеристика на глобализацискиот дискурс, а географијата на светската економија е мозаик од нееднаквости и нерамнотежа во континуирана состојба на флуидност и променливост. Овие трансформации се резултат на екстремно комплексни процеси, инволвирајќи големи промени во природата на производството, дистрибуцијата и потрошувачката на стоки и услуги. Во рамки на една таква комплексна структура, следните три меѓусебно тесно поврзани фактори одиграле особено значајна улога во креирање на глобализациските ефекти[101]:

1. *транснационалните корпорации* се најважниот двигател и креатор на глобалната економија, поради нивната потенцијална способност да контролираат и координираат производствени мрежи помеѓу повеќе национални економии, да ги искористат географските предности и разлики и да извршат глобално пренасочување на ресурсите. ТНК се истовремено и комплексни самостојни структури и составни делови на динамични мрежи и алијанси.
2. *државата* продолжува да поседува големо влијание врз глобалната економија преку постојаните напори да врши регулација на економските трансакции во рамки на и надвор од своите граници. Притоа, клучни се два извори на сила: 1) промовирањето на дерегулаторни сили за овозможување пристап до локалниот национален пазар (иницијално поради трговија, а подоцна заради привлекување на странски директни инвестиции и финансиски текови) и 2) промовирање на договори за регионална трговија, кои фактички ги поместуваат регулаторните процеси на повисоко географско и институционално ниво.

[101] Dicken, Peter ,Global Shift, Mapping the Changing Contours of the World Economy, 5th Edition, 2007, op.cit.,стр. 437.

3. *технологијата*, фундаментална движечка сила на глобализирање на економските активности. Од аспект на глобалните промени на економските активности, најголема заслуга имаат иновациските технологии кои придонесоа за просторно и временско приближување на процесите, при што настана приближување на глобалното и локалното поле на економско дејствување. Во тој контекст, заслугата е на информациско-комуникационите технологии - ИКТ, кои го трансформираа процесот и организацијата на производството во насока на зголемена флексибилност и модуларност.

Начинот на кој овие фактори ги обликуваат процесите се разликува кај разните видови на економски активности. Факт е дека еднонасочната траекторија, која кај потрошувачката, на пример, се однесува на тоа дека глобалниот потрошувачки пазар не препознава локални потреби и преференции, е мит. Глобализациските процеси не водат кон бришење на локалните разлики. Напротив, географската диференцијација стана уште позначајна во свет во кој географската оддалеченост повеќе не игра никаква улога врз економските активности. Следствено, директните, примарни ефекти на глобализациските процеси се чувствуваат на локално ниво, а не на глобално или национално. Заедниците се местото каде што луѓето водат секојдневна реална борба за економски опстанок. Токму на ова ниво се мери ефективноста и ефикасноста од економските активности. Де факто, и најголем дел од енергијата која ги придвижува економските промени се генерира на локално географско ниво.

Одговорот на дилемата за ефектите од глобализациските процеси и што тие значат за поединците, луѓето, не е едноставен и целосно е зависен од преспективата на мерење на резултатите. Според поддржувачите на економската глобализација, растот на глобалната економија во последните неколку декади е драстично поголем во споредба со минатиот период. Ова е глобална перспектива. Таа тврди дека производството, трговијата, странските директни инвестиции, потрошувачката на глобално ниво се многукратно зголемени, технолошките процеси унапредени, материјалното богатство зголемено. Сепак, клучното прашање кое овде се поставува е каква е дистрибуцијата на ефектите

од глобализациските процеси? Теоријата, праксата и претходно изнесените аргументи нудат доволно докази за да се заклучи дека модерните глобализациски процеси се проследени со пораст на глобална нееднаквост и ранливост. Околу 20 проценти од светската популација која живее воземјите со висок приход контролира над 80 проценти од светскиот приход, трговија, инвестиции и комуникациона технологија. Дваесет проценти од светската популација која живее во најсиромашните земји контролира само околу 1 процент.[102] Оттаму, глобалната перспектива е ирелевантна за проценката на глобализациските ефекти.

Локалната перспектива содржи поинакво квалитативно разбирање на ефектите од економската глобализација, а таа секогаш како појдовна основа за анализа го има поединецот, индивидуалецот, граѓанинот. Приходот претставува клучен основ за материјалната благосостојба на поединецот и неговата фамилија. Неговиот недостаток генерира сиромаштија, која не е единствена и ултимативна негативна последица, туку средство кое води кои поголема, а тоа е недостаток од индивидуална слобода. Во тој контекст, еден од начините да се измерат ефективноста и ефикасноста на глобализациските процеси е и квантификација на расположливите средства за трошење по ден и по глава жител. Еден од пет жители на земјата, односно 1,2 милијарди жители, живее со помалку од 1 САД-долар на ден. Околу 70 проценти од оваа сиромашна популација живее во Јужна и Субсахарска Африка и нивниот број се зголемува.[103] Две третини од нив се жени. Истражувањата на Oksfam откриле дека во 2015 година, шеесет и двајца најбогати луѓе на светот поседуваат исто толку колку и половина од светската популација, односно колку 3,7 милијарди луѓе.[104] (Графикон 8).

Глобализацијата продуцира сиромаштија, ширење на моноцентричниот модел на САД и осиромашување на растечката периферија. Според нобеловецот Amartya Sen, постојат добри причини за да ја разбереме сиромаштијата како лишеност од можноста за реализирање на сопствените индивидуални капацитети, како резултат на немањето пристап до соодветно образование, технологија, знаење, финансиски ресурси и можности за себеостварување како личност.

---

[102] Ibid, стр.440.
[103] World Bank Report, 2001.
[104] Nejednakost u svetu nikad veca, Milijarderi imaju para kao pola svetske populacije zajedno, Jutarnji list,18.01.2016. http://www.blic.rs/vesti/svet/nejednakost-u-svetu-nikad-veca-milijarderi-imaju-para-kao-pola-svetske-populacije/9bvmxbe.

Локалната перспектива ни ја нуди приближната реална слика за поразителните ефекти на економската глобализација предводена од мегакапитализмот. Вака конципирана, таа не нуди перспектива и развој на поединецот, а со тоа ни на човештвото.

**Графикон 8 Богатството на врвот од 62 индивидуалци наспроти дното од 50% светска популација (во милијарди САД-долари)**




Извор: Credit Suisse, Global Wealth Databook 2015 и Forbes, годишна листа на милионери за 2015.

## 2. Развиените и земјите во развој - добитници и губитници

Глобализациските придобивки за човековиот развој се екстремно поразувачки. Евидентни разлики постојат како помеѓу развиените и земјите во развој, така и во рамки на самите развиени земји и истите само се продлабочуваат.[105]

[105] Human Development Report, UN, 2005.

*2.1. Ефектите во развиените земји*

Евидентен добитник на мегакапитализмот е транснационалната капиталистичка класа - ТКК, чии членови претежно доаѓаат од развиените земји и се претставени од сопственици и менаџери на големи ТНК, глобализациски бирократи и политичари вмрежени во бизнисот на ТНК преку каналите на „rent seeking“, глобални професионалци со конкретна експертиза, евентуално по некој претставник од академија, трговци и претставници од областа на медиумите. Тие го имаат главниот збор во глобалниот дискурс на креирање на политики. Транснационалната капиталистичка класа покажува бројни заеднички модели на однесување[106]:

- глобално ориентирани економски интереси;
- однесување базирано на специфични форми на глобална конкуренција и консумеристичка реторика и практика;
- надворешна ориентираност по основ на економски, политички, културни и идеолошки прашања;
- сличен стил на живеење, особено на модели на високо образование, консумирање на луксузни производи и услуги, припадност кон ексклузивни клубови и ресторани, приватни, наместо масовни форми на патување и забава и, секако, видлива сегрегација од масата по основ на прашањето на домување;
- себеидентификување според местото на раѓање и промовирање во граѓани на светот.

Проблемот на растечката невработеност и неинтегрираност во глобалната економија, кој резултира со ширење на периферијата на глобалната економска мапа ги засега и земјите во развој и развиените, само од различна квалитативна перспектива. Развојот на технологијата креира зголемено ниво на побарувачка на пазарот, која иницијално започнува од пазарите на развиените земји, поради што се зголемуваат и можностите за вработување. Од друга страна, иновациите на процесите на производство имаат цел да ги намалат трошоците и тенденција да се намали потребата од нова работна сила, особено во технолошки

[106] Dicken, Peter, Global Shift, Mapping the Changing Contours of the World Economy, 5$^{th}$ Edition, 2007, op.cit.,стр. 443.

застарените дејности типични за ерата на индустријализација, потиснати од ерата на информациона технологија. Во најголем број случаи, полу и нискоквалификуваната работна сила се групите кои претрпуваат најголем удар. Графикон 9 го покажува трендот на намален удел на индустриското производство врз вкупниот број вработени во неколку развиени земји за периодот 1970-2000 година.

**Графикон 9 Намалувачки тренд на индустриското производство во вкупната вработеност**




Извор: The Economist, 1 октомври 2005, слика 1.

Според Светската организација на трудот, развојот на секторот на информациско-комуникациските технологии нема негативен ефект врз вработеноста. Работните места изгубени од индустрискиот сектор се компензираат многу бргу преку развојот на ИКТ услужниот сектор (софтвер, процесирање на податоци). На тој начин, синџирот на вредности се качува по нагорна линија и се креира потреба од висококвалификувани работни места.[107]

[107]Останува фактот дека растечкиот тренд на компјутеризација на работните процеси од сите аспекти на економијата придонесува за драматично продлабочување на разликите во трудовата квалификуваност, а со тоа и намалување на можноста за вработување на сè поширок круг на луѓе. Конкурентноста на пазарот на работна сила е условена од континуирана надградба, усовршување, обуки и доквалификации.

Во ерата на инфо-капитализам, вмрежувањата помеѓу компаниите без оглед на тоа дали се глобални, локални, мали или големи се сметаат за panacea на проблемите со невработеноста. Сепак, ваквата состојба е карактеристична за развиените, но не и земјите во развој. Тенденција на ТНК е да вршат дислокација на своите производствени капацитети токму во овие земји, во потрага по евтина нискоквалификувана работна сила.

### *2.2.Ефектите во земјите во развој*

Проблемот на креирање работни места е особено горлив во земјите во развој. Начинот на кој функционира инфо-технолошкиот корпоративизам демонстрира дека самото постоење на странска компанија во земјата домаќин не гарантира дека технолошкиот трансфер широко ќе продре и од него ќе има корисност целата национална економија. Во голем број случаи, тенденција во пракса е да се обелоденуваат само резултатите од новата технологија, но не и начинот и тајната на иновативните процеси, односно know-how, но не и know why. ТНК ги лоцираат технолошко-креативните активности во својата домицилна земја. Досега, само мал дел од активностите за истражување и развој се лоцирани во земји во развој, иако токму овде лежи клучот за интегрирање на локалната економија во глобалните процеси. [108]

Бројот на новокреирани работни места во земјата домаќин ги вклучува оние во локалниот огранок на ТНК (директни) и оние кои се генерирале кај локалната мрежа од добавувачи и соработници (индиректни). Тој зависи од природата на самата инвестиција, обемот на активности, степенот на вмреженост со локалните компании и нивото на приход генериран од ТНК и реинвестиран во локалната економија. Наспроти стимулирачкиот развоен ефект врз локалната економија, практиката покажала и примери на истиснување на локалната конкуренција и уништување на домашните фирми во економски активности кои се во директна конкурентска позиција со ТНК. Ефектот е губење на работни места. Нето-ефектот на ТНК врз вработувањето се коригира со бројот од изгубени работни

[108] Истражувањата од светската практика генерираат мешани докази. Според студија од областа на електронската индустрија од источноазиските земји, учеството на ТНК овозможило латентни технолошки способности за технолошка апсорпција кај локалните фирми, додека пак студија од две карипски земји тврди дека ТНК само минимално придонеле за зајакнување на локалните иновациски системи.

места. Високата стапка на раст на работоспособното население во земјите во развој врши силен притисок на пазарот на работна сила кој не може да се елиминира исклучиво со инвестиции во производствени капацитети. Претходното излагање на трудот покажа дека инфо-економијата има ексклузивен карактер и не е пријателски настроена кон периферијата на глобалната мапа. Оние работни места кои ги нудат СДИ и ТНК имаат ниска апсорпциона моќ кон стоките и услугите на пазарот, зашто се ниско платени и нискоквалификувани. Следствено, високата продуктивност генерирана од технологијата се обидува да најде своја валоризација преку шпекулативните инструменти на мегафинансискиот капитал, кој работната сила на периферијата ја конвертира во „финансиски робови на 21 век“.

Глобално гледано, во 2005 година околу 192 милиони луѓе се евидентирани како невработени во глобалната економија, односно околу 17 проценти од вкупната глобална работна сила, што претставува пораст од 2,2 милиони во споредба со 2004 година.[109] Овие податоци се однесуваат само на т.н. „отворена“ невработеност, не сметајќи ги милионите невработени кои не се официјално квантифицирани. Само 1 процент од проектираниот раст на глобалната работна сила за периодот 1995-2025 година се однесува на земјите со висок приход, додека повеќе од две третини се однесува на земјите во развој. На земјите со среден и низок приход им припаѓа околу 85 проценти од глобалната работна сила.[110] Предизвикот за нивно економско интегрирање и инклузија во инфо-економијата е огромен.

## 3. Четвртиот свет - периферија на глобалниот економски поредок

Ефектите на мегакапитализмот се асиметрични, но нивната крајна дестинација е идентична - континуирана концентрација на капиталот во рамки на моноцентричната структура на геоекономската мапа и раст на осиромашената периферија. Паралелно на процесот на заобиколување на државата нација од страна на глобалните финансиски текови под диригентската палка на

[109] Dicken, Peter , Global Shift, Mapping the Changing Contours of the World Economy, 5th Edition, 2007, op.cit.,стр. 450.
[110] Ibid.

меѓународните финансиски институции креирани токму од страна на државите нации со цел да им се овозможи преживување пред налетот на глобализациските трговски и финансиски текови, социјалната држава се појавува во центарот на метата на мегакапитализмот. Регулацијата се намалува, исто како и социјалниот „deal“ помеѓу државата и поединецот, кој е поставен пред предизвикот од исчезнување. Новите технологии не индуцираат невработеност директно, но се директна причина за радикална промена на политиките на работодавците. Соочени со строгите правила, високите работнички плати и дарежливите социјални пакети на развиените земји со социјален тип на капитализам (Европската Унија), тие одбиваат да креираат работни места во својата национална економија. Наместо тоа, се одлучуваат или за автоматизација на производството или за инвестиција на друга поатрактивна и поевтина локација, во исто време продолжувајќи да ги продаваат своите стоки на европскиот и западниот пазар, заобиколувајќи ги регулативите и анулирајќи ја социјалната заштита на работната сила. Ова е главната причина за очигледната контрадикторност - во зенитот на најпрогресивниот период од човечката цивилизација, луѓето ширум светот се во паника.

Паралелно на просперитетот и изобилството на мал сегмент од светската популација кои успеале да го подобрат квалитетот на својот живот, во последните децении се појавува тренд на формација на т.н. „четврти свет“, окарактеризиран со економско-социјална ексклузија. Овој свет е составен од индивидуалци и територии кои ја изгубиле својата вредност во однос на доминантниот информациски и мегакапитализам. Причини за нивната ексклузија се минимизираниот инпут како производители и како потрошувачи, функционална неписменост или неадекватно образование. Некои од нив живеат на маргините на општествениот морал. Тие се резултат на системската поврзаност помеѓу растот на информацискиот мегакапитализам и социјалната ексклузија и деградацијата на хуманоста.

Инвестициите во образование се ултимативно продуктивни, особено во ерата на информационата економија. Сепак, образованието само по себе не нуди квалитетен живот, без социјалната платформа која овозможува здравствено осигурување, соодветно домување, психолошка стабилност и мултидимензионален квалитет на живот. Оттука, социјалната држава е фактор

на продуктивност, а не товар на буџетот на државата нација. Интеракцијата помеѓу економскиот раст и социјалниот развој во ерата на информациона економија е многу покомплексна. Личната слобода е предуслов за претприемништво и иновативност. Социјалната солидарност и вербата во институциите како систем на управување се критични за стабилноста и следствено, за предвидливоста на инвестициите. Дисасоцијацијата помеѓу економскиот раст и социјалниот развој е не само морално погрешна, туку и неодржлива на долг рок.

Реинтеграцијата на економскиот раст и социјалниот развој преку технолошките иновации и информацискиот менаџмент не може да се оствари врз основа на пазарните механизми или индивидуалните спорадични напори на државите нации. Таквиот чекор ќе бара технолошка надградба на регионите, земјите, компаниите и огромни инвестиции во образовниот систем преку одржлива соработка и градење синергии помеѓу централните и локалните власти и глобалните и локалните бизниси. Ваквите процеси ќе овозможат активирање и реинвестирање на маргинализираниот човечки потенцијал во рамки на полицентрична економска структура базирана на знаење и информации преку најлогичниот процес - *економската локализација.*

## 4. Предлози и инструменти за излез од кризата на мегакапитализмот

### *4.1. Полицентрична партиципативна економија во ерата на инфо-капитализам*

Ефектот на технолошкиот развој како движечка сила на мегакапитализмот е демонтирање на социјалниот пакт помеѓу поединецот и државата и креација на структурен проблем на глобалната периферија. Се создава впечаток дека технологијата е коренот на глобалните проблеми и дека технолошкиот развој е најголем непријател на човековиот развој. Проблемот не е во технологијата, туку во условите под кои се врши нејзината дифузија и достапност, како и во

нејзината ултимативна насоченост како инструмент на мегакапитализмот за концентрација на капиталот преку раст на профитната стапка.

Употребата на технолошките достигнувања може да се конвертира во инструментален пререквизит за економска и социјална инклузија на периферните територии во системот на глобалната економија преку концептот на партиципативна економија. Технологијата вмрежува, поврзува и создава синергии. Таа е функционален еквивалент на електричната енергија во индустриската ера, а би можела да биде и функционален еквивалент на капиталот во ерата на мегакапитализмот. Таа би можела да продуцира квалитативно различни ефекти доколку би била користена за креирање на егалитарно општество. Прашањето е, кој би го почнал тој процес? Квантитетот и квалитетот на технолошкиот развој не можат да бидат фактори на човековиот развој без соодветна организациска структура која продуцира ефекти на инклузија на маргинализираните територии од периферијата на глобалната економска сцена.

Економетриските студии укажуваат на блиски релации помеѓу дифузијата на информационата технологија, продуктивноста и конкурентноста на земјите, регионите, индустриите и компаниите и дека адекватното општо ниво на образование, надополнето со специфични вештини, се пререквизити за дизајнирање и продуктивна употреба на новите технологии. Способноста за инклузија во мрежната економија на информациската ера зависи од капацитетот на маргинализираните категории за едукација и способност за асимилација и процесирање на комплексните информациски текови. Ваквиот процес започнува од системот на образование, од долу-нагоре и се поврзува со целокупниот процес на културолошки развој. Во тој контекст, она што се случува во пракса е регионите и компаниите кај кои се сконцентрирани најнапредните производствени и управувачки системи континуирано привлекуваат таленти на глобално ниво, маргинализирајќи ги сегментите на интерната популација чии образовни и културно-технолошки вештини и способности не се во согласност со барањата на новите производствени системи. Типичен пример е Силиконската долина, најнапредниот технолошко-производствен регион во светот кој го одржува своето темпо на иновации преку континуирано регрутирање на илјадници инженери и научници од Индија, Кина, Тајван, Сингапур, Кореја,

Израел, Русија и Западна Европа на работни места кои не можат да бидат пополнети од локални кандидати поради недостатокот на адекватни вештини. Слични се процесите и во останатите научно-технолошки центри (Bangalore, Mumbai, Seoul), кои соработуваат со „силиконските долини“, оставајќи ја нискоквалификуваната работна сила на маргините на мрежната економија. Технолошко-инфериорните региони се соочуваат со мала веројатност за развој, на периферијата на новата мрежна економија. Иако не постои нужност за нивна локална производствена инклузија на информациско-технолошки хардвер, неопходна е адаптација и имплементација на напредните ИКТ што претпоставува комплетна структурна реорганизација и развој на т.н. „soft skills“. Слични закони се апликабилни и на индивидуално ниво. Не секој мора и треба да биде компјутерски програмер или финансиски аналитичар, меѓутоа, само поединците со доволно образование и способност за себерепрограмирање низ текот на променливата траекторија на нивните професионални животи ќе имаат можност да уживаат во бенефитите на продуктивноста на новата економска ера. Останатите ќе можат да бидат вклучени во овој современ систем единствено преку соодветни инклузивни јавни политики и стратегии. Оставени единствено на суровоста на пазарните сили, тие ќе станат жртви на непобитната тенденција на поларизација во и помеѓу националните економии со краен исход, исфрлање на периферијата на глобалната економска сцена.

Сумирано, ИКТ се есенцијална алатка за економскиот развој и материјалната благосостојба во ерата на мрежната економија. Тие креираат моќ, знаење и креативност, кои на сегашниот степен на развој на мегакапитализмот се нееднакво дистрибуирани помеѓу регионите и националните економии. За целосна реализација на нивниот огромен развоен потенцијал, потребна е креација на поврзани системи на флексибилни организации и информационо ориентирани институции кои оперираат врз основа на размена на знаење и информации преку каналите на партиципативната економија. Накратко, културниот и образовниот развој иницираат технолошки развој, кој пак доколку е соодветно и правично имплементиран резултира со економски и социјален развој, кои во една повратна спрега повторно стимулираат циклус на културно-образовен развој. Оваа каузална спрега има потенцијал да се претвори во доблесен систем на одржлив човеков развој кој имплицира редистрибуција на

профитот врз основа на фер правила, или пак надолен спирален пад на неразвиеност и поларизација. Насоката на процесот не е детерминирана од технологијата per se, туку од начинот на менаџирање на конфликтната општествена динамка.

Затоа, од ултимативна важност е да се најдат модалитети на економски систем кои би го спречиле ваквиот надолен спирален тренд на ексклузија на мегакапитализмот и би ги искористиле информационите и комуникациони технологии за унапредување на човештвото во најбуквална смисла на зборот, со фокус на индивидуалецот, граѓанинот, крајниот консумент. За таа цел, теренот на делување се конвертира од глобално на локално ниво и тоа преку креирање на глобално-локални синергии.

Креирањето на глобално-локални поврзаности е можеби единствената придобивка на современиот high tech глобализациски тренд, но не секогаш квантитетот на реализирани врски имплицира соодветен квалитет. Од аспект на бенефициите за националната економија, целта на земјата домаќин треба да биде остварување на т.н. „развојни врски“, наспроти поврзаности во кои локалната компанија станува зависна од странската[111] (табела 6).

[111] Практиката покажала дека во помалку развиените земји, особено оние со кратка историја на индустриски развој, глобално-локалните поврзаности се многу слаби и претежно се однесуваат на нискотехнолошки инпути. Исто така и модалитетот на влез на ТНК игра клучна улога. Прибавените компании и заедничките вложувања се повеќе склони кон градење на врски со локалните добавувачи за разлика од гринфилд инвестициите.

**Табела 6 Развојни и зависнички глобално-локални врски**

| | **Зависничка структура** | **Развојна структура** |
|---|---|---|
| Формирање на локални врски | Нееднаквост во трговските аранжмани и тенденција кон заштеда на трошоци | Соработка и доверба во односите помеѓу партнерите<br>Акцент на додадена вредност и развој на технолошка база |
| Траење и природа на локални врски | Краткорочни договори | Долгорочни партнерски односи |
| Степен на локална интегрираност на инвеститорот | Слаба локална поврзаност | Длабока интегрираност<br>Инвестиции во децентрализирани мултифункциионални операции |
| Користности за локалните форми<br><br>Проспекти за локалната економија | Нискотехнолошки компоненти<br>Поставени стандарди за локалните фирми | Развој на локален пазар<br>Трансфер на експертиза и технологија на локално ниво |
| Квалитет на креирани работни места | Осетливост на надворешни влијанија<br><br>Нискоквалификувани, ниско платени, краткорочна вработеност | Самоодржлив развој преку експанзија на поврзани компании<br>Висококвалификувани, високо платени, долгорочна вработеност |

Извор: Dicken, Peter, Global Shift, Mapping the Changing Contours of the World Economy, 5th Edition, 2007

## *4.2. Децентрализација на глобалната економија*

Дали инфо-капитализмот е компатибилен со социјалдемократското сценарио? Одговорот на ова прашање е суштински поврзано со спремноста на меѓународните финансиски институции да имплементираат радикална реформа на нивната монетаристичка и кредитна политика во насока на стимулирање на развој, наместо наметнување на ригидни контракционистички политики кои резултираат со стерилни економии. Во случајот со Европската Унија, мал раст на инфлацијата, високотехнолошки инвестициски проекти мотивирани од структурни реформи и развој базиран на социоинституционален инженеринг, би ја зголемиле продуктивноста на економијата и би креирале платформа за

динамична интеграција на европската економија со доминантното јадро на мегакапитализмот.

Ваквиот процес би креирал широк потенцијал за селективна интеграција и на пазарите во развој. Меѓутоа ултимативна инклузија на целокупната периферија на глобалната економија ниту теоретски, ниту пак практично е можна. Таквиот процес бара креација на повеќе од два или три центри кои продуцираат продуктивност и раст, состојба која е малку, скоро воопшто веројатна дека е можна да се постигне со акција на глобално ориентирана мрежна економија која својата продуктивност ја влече од технолошкиот развој емитиран од јадрото на САД со безрезервна политичка поддршка на финансискиот капитал од најмоќната земја на глобално ниво. Доколку најоптимистички претпоставиме дека дури 20% од економиите во развој би имале директна корист од економскиот раст на глобалната мрежна економија, повторно мнозински дел од човештвото останува под немилосрдните удари на мегакапитализмот, без можности за директна корист. Ако кон ова го додадеме и големиот број општествени групации од развиените земји кои се социјално и економски дисконектирани, состојбата станува уште посложена. Факт е дека и покрај неверојатниот развој на САД како јадро на мегакапитализмот и центар кој емитира високотехнолошки развој, околу 15% од популацијата живее во сиромаштија, а една четвртина од вкупната бројка на затвореници на глобално ниво се лоцирани во затвори на САД - криминализирана структура која по дифолт е општествено дисконектирана.[112]

Ефектот на информационата технологија на ширење на феноменот на поларизација, нееднаквост и ексклузија преку диспаритетите во квалитетот на образованието и можностите за вмрежување континуирано се засилува. Презентираните тези не се насочени во полза на дедукцијата дека можностите за квалитетно образование се нееднакво распоредени (иако и тоа е многу важен аспект), туку дека ваквиот тип на капиталистичко уредување кое својата најголема движечка сила ја црпи од технолошката генијалност на еден глобален центар (Силиконската долина), потпомогнат од волунтаризмот на

---

[112]The National Academic Press, The Growth of Incarceration in the United States, Exploring Causes and Consequences (2014). http://www.nap.edu/catalog/18613/the-growth-of-incarceration-in-the-united-states-exploring-causes?gclid=CMaT3qeGp8wCFewW0wod3skNNQ.

шпекулативниот финансиски капитал и културниот индивидуализам е политички, општествено и пред сé економски неодржлив. Тој продуцира високотехнолошки архипелаг во море на осиромашена периферија, која на долг рок е неспособна да одговори на потребите на продуктивноста на технолошкиот архипелаг. Нивото на ефективната потрошувачка и на центарот и на периферијата не може да му парира на нивото на продуктивноста на центарот. Откако пазарот ќе достигне ниво на сатурација исцрпувајќи ја куповната моќ, дејствувањето на шпекулативниот капитал преку кредитните инструменти е единственото сврзно ткиво помеѓу центарот и периферијата. На оваа точка се формира плодна почва за експанзија на криминална економија со сите нејзини корозивни ефекти на политичките и општествените структури ширум светот, дисторзирајќи го системот на универзални човечки вредности.

Новата технолошка ера на бранот К-5 има потенцијал да го назначи крајот на деструктивниот тренд, но проблемот е што не постои политичка волја за децентрализација на глобалната економија во насока на креирање на локални полицентрични структури на глобалната геоекономска мапа со фер правила на игра за економска инклузија на што поголем дел од периферијата. Ерата на информации би можела да се конципира поинаку, без да мора да се избира помеѓу неограничениот инфо-капитализам и неговата крајност, враќање кон комунизмот. Новите информациони технологии би можеле да резултираат со плодна интеракција меѓу силите на умот и општествената благосостојба. За тоа не мораме да гледаме кон иднината, доволно е да се потпреме на храбрите чекори на некои поедници од нашето време. Соодветен пример е првото вистинско информациско општество кое тивко и нечујно беше воспоставено во Финска. Тоа вклучува еден веб-сајт по особа, 100% пристап до интернет во училиштата, кампања за компјутерско описменување на возрасните, најголема распространетост на компјутерската и моќта на мобилната телефонија во светот и глобално конкурентна индустрија на информационата технологија на чело со Nokia. Софтверскиот иноватор Linus Torvalds, кој како дваесетгодишен студент на Хелсиншкиот универзитет го креира Linux, многу подобар оперативен систем од Microsoft, е Финец. Torvalds слободно го пушти системот на интернет, придонесувајќи илјадници корисници да имаат слободен пристап до софтверот, кои он-лајн го унапредуваа неговиот код. Неговите корисници кои тековно

надминуваат бројка од 10 милиони го сметаат за супериорен во однос на кој било друг Unix software, особено поради фактот дека е подложен на константно унапредување, токму поради инпутот на колективниот ум. Отворената информациона технологија охрабрува инклузија на многу умови ширум светот да живеат од неа на иновативен и креативен начин. Проблемот е во тоа што Linus Torvalds денес живее во Силиконската долина!

И покрај сето ова, со соодветни политики, Финска успеа да ја одржи државата во благосостојба. Нивното општество поттикнува граѓански иницијативи и внимателно ги одржува универзалните човечки вредности, базирајќи се на еден избалансиран модел на партиципативна економија.

Ако корупцијата се разбере како злоупотреба на доверената моќ за остварување на лични цели и користи[113], важен фактор за правичната распределба на придобивките од економската глобализација е и борбата со интелектуалната корупција. Токму поради системски распространетата интелектуална корупција, поединците кои во глобални рамки најмногу придонеле за оштата човечка благосостојба, не се ни приближно толку наградени од економскиот систем колку што придонеле кон општествениот систем во целина. Напротив, генијалците во бизнисот и правењето профит се оние кои стојат на врвот на светската економска пирамида. На пример, Tim Berners-Lee, пронаоѓачот на World Wide Web, никогаш не се појавил на Forbes листата на најбогати луѓе на светот, само затоа што тој ја „продаде“ својата идеја бесплатно, со цел да придонесе кон општата човечка благосостојба. [114] Со тоа во голема мера го забрза развојот на интернетот, а подоцна и Steve Jobs и иноваторите на алатките за пребарување и социјалните медиуми и самиот Mark Zuckerberg, основачот на Facebook се најдоа на високи позиции на листата на глобални милијардери. Сите овие се генијалци, но некои од нив и бизнис-генијалци. Подеталната анализа на успехот на тие од врвот на економската елита покажува дека голем дел од нивната „генијалност“ лежи во фактот дека тие знаеле да осмислат подобри начини од другите за тоа како да ја свртат моќта на пазарот и пазарните несовршености во своја корист, наспроти општествената корист.

### *4.3. Тенденција кон локализација и економија на локалните заедници*

Позицијата на многу сиромашни земји е крајно маргинализирана во контекст на глобалната економија. Вообичаените совети на „докторите“ од ММФ и Светска банка е дека тие треба со поголем интензитет да ги отворат своите економии,

[113] http://www.transparency.org/whatwedo?gclid=Cj0KEQjwrPqnBRD56dGe1o_WlZsBEiQAb5ugt_kb-7KtMRg2urSydtgjigiDV0R076xDQVO4H0ht798aAoKg8P8HAQ.

[114] Stiglitz, Joseph E., op.cit., str. 41.

особено преку либерализација на сопствените регулаторни механизми. Отвореноста и либерализацијата се клучните рецепти. Но, практиката покажала дека не постојат убедливи докази според кои слободниот проток на стоки и капитал придонесува за подобрени економски перформанси - напротив, врската помеѓу отвореноста и економскиот раст е слаба и зависна од постоењето на комплементарни политики и институции.[115] Отвореноста е ефикасна само доколку теренот на игра е еднаков за сите, што не е случај во праксата.

Ако глобализацијата на 21 век ја разбереме како мултидимензионален процес кој има географска појдовна основа и креира специфични географски одредници кои по квалитет се разликуваат меѓусебно и инволвираат различни актери кои се поврзани во наизменични процеси на соработка и конкуренција преку асиметрични врски на моќ, јасно е дека не постои едноставно и брзо решение за настанатите глобални проблеми. Постојат повеќе можни варијанти на економско делување со цел да се неутрализираат негативните ефекти и во крајна линија секоја заинтересирана страна мора самата да одлучи за каква насока ќе се определи. Таа зависи од инхерентниот локален контекст и е ограничена од постоечкото знаење и ресурси. Сепак, главните глобализациски опоненти имаат едно нешто заедничко - потребата од промена на глобализацискиот систем. Според антикапиталистичките групации, потребна е комплетна замена на капиталистичкиот систем, иако прашањето за неговата алтернатива не е прецизно одговорено. Според други, замената би била демократски избрана глобална влада или пак структура во која средствата за производство би биле контролирани од национално избрани претставници. За трети, тоа е изградба на системи на самоодржливи локални заедници помеѓу кои меѓусебната трговија би била сведена на минимум.

Спротивна на идејата на неолибералистите, кои решението го гледаат во максимална отвореност на пазарот во буквална смисла на зборот, е идејата за т.н. „економија на заедниците“. Табела 7 ги сумира главните аспекти според кои тие се разликуваат од mainstream економиите.

[115] Ibid.

**Табела 7 Контрирачки карактеристики на mainstream и економија на заедници**

| **Mainstream економија** | **-------------** | **Економија на заедниците** |
|---|---|---|
| Глобална | _________ | Поврзана со локација |
| Специјализирана | _________ | Диверзифицирана |
| Сингуларна | _________ | Повеќекратна |
| Широк опфат | __________ | Тесен опфат |
| Конкурентна | __________ | Кооперативна |
| Централизирана | __________ | Децентрализирана |
| Контракултурна | __________ | Културно специфична |
| Антисоцијално втемелена | __________ | Социјално втемелена |
| Нелокално сопственииштво | __________ | Локално сопственииштво |
| Агломеративни | __________ | Дисперзирани |
| Интегрирани | ___________ | Автономни |
| Извозно ориентирани | ___________ | Локално пазарно ориентирани |
| Краткорочни добивки | ____________ | Долгорочни инвестиции |
| Ориентирани кон раст | ____________ | Ориентирани кон виталност |
| Извоз на нова вредност | ____________ | Интерна циркулација |
| Приватна сопственост | ____________ | Сопственост на заедницата |
| Управувани од менаџер | ___________ | Управувани од заедницата |
| Контролирани од приватен одбор | ____________ | Контролирани од заедницата |
| Приватна дистрибуција на приход | _____________ | Дистрибуција на приход од заедницата |
| Еколошки неодржливи | _____________ | Еколошки одржливи |
| Фрагментирани | _____________ | Целосни |
| Аморални | _____________ | Етички |
| Водени од криза | ______________ | Хармонични |
| Просторна поделба на труд | ___________ | Локално трудово ориентирани |

Извор: Gibson-Graham, J.K. (2006) Post-Capitalist Politics. Minneapolis, MN: Minnestota University Press.

Економскиот развој на заедниците подразбира развој воден од локалното население кое има моќ да донесува одлуки кои се базираат на локално знаење со цел креирање на економски можности и подобри локални услови на живеење.

Креира локални канали на понуда и побарувачка, пазари и сопственост и се базира на моќта на заедницата. Економскиот развој на заедниците може да се оствари преку формирање на локални организации со социјални цели, но најефикасен метод е преку партиципација и инклузија на членовите на заедницата (сопственици, инвеститори, потрошувачи, итн.). Сите засегнати страни се рамноправни припадници на локалната заедница, што води кон редистрибуција на моќта, редуцирање на нееднаквоста и ранливоста. Економијата на локалните заедници се ограничува на редуцирана потреба од совладување на физичка оддалеченост, максимално искористување на локалните ресурси, зголемена свесност за нивна ефикасна употреба со локални и глобални позитивни ефекти врз животната средина.

Според истражувањата на Localize West Midlands[116], кога локалната понуда во економиите на заедници се менува, поголема е веројатноста локалните бизнисмени да реагираат со соодветни иновации на пазарот, наместо да се пренасочуваат на други пазари. Фокусот на делување е економска партиципација, остварување на социјални цели и развој на локалното претприемништво преку користење на локално знаење, средства за работа и контрола. На тој начин, економијата на локални заедници[117]:

- креира повратна спрега помеѓу зајакната економска партиципација и зајакнати и силни локални бизниси;
- гради успешна и инклузивна локална економија со зголемен број работни места и благосостојба на членовите на заедницата;
- поддржува развој и креирање на локална моќ при носење на клучни одлуки за инвестиции и иновации;
- ја охрабрува инклузивноста и економската инволвираност на локалното население преку високо ниво на меѓусебна доверба и соработка и гради социјален капитал, вреднувајќи ги локалните ресурси на знаење и информации;
- креира економија базирана на локална визија, потреби и ресурси.

[116] www.localisewestmidlands.org.uk.
[117] Ibid.

Специфичната предност на економијата на заедниците се идентификува во фактот дека заедничките, т.н. „shared values" се императив на економските делувања, а не профитот per se. Тие го нарушуваат основното начело на капиталистички ориентираната глобална економија, чија основна движечка сила е потрагата по чист профит, кој исклучиво им припаѓа на сопствениците на капиталот, а неговата редистрибуција е во директна корелација со дискреционото право на носење одлуки на капиталистот. Останатите засегнати страни во процесот немаат моќ на носење одлуки, факт кој спирално придонесува за креирање негативни ефекти и строга сепарација на потчинети и супериорни, експлоатирани и експлоататори. Економијата на заедници врши хомогенизација на општествените поларитети, таа го неутрализира процесот на сегрегација во заедницата преку инклузивност при носењето одлуки. Економските активности се насочени кон профит, меѓутоа начинот на неговата дистрибуција е круцијалната разлика - спротивно од тенденциите на mainsteram економијата, економијата на заедници им доделува моќ на одлучување на сите засегнати страни и врши правична распределба на профитот. Крајниот ефект е - мотивирани учесници, максимална вработеност, благосостојба и компактност на локалната заедница.

# V Позицијата на Република Македонија во глобалниот економски систем

## 1. Историски контекст

По стекнувањето на државна независност во септември 1991 година, Република Македонија од поранешната југословенска федерација наследи доста тешка економска ситуација и специфична политичко-безбедносна констелација. Спорот околу името со соседна Грција и економските санкции од меѓународната заедница врз соседна СР Југославија, која зафаќаше значаен процент од пазарот на македонската економија, во корен го попречија патот на РМ кон глобалните економски текови. Земјата ги изгуби сигурните пазари за пласман на својот извоз и мораше да побара алтернативи. Процесот беше долг и болен, „потпомогнат“ со политички и безбедносни конфликти. Надворешниот долг изнесуваше повеќе од 1 милијарда американски долари[118], а истовремено се наследи и внатрешен долг, поради неможноста на банките да ги сервисираат обврските кон граѓаните врз основа на т.н. „старо девизно штедење“[119]. Македонскиот банкарски систем целосно го изгуби својот кредибилитет, а Владата мораше да го преземе долгот кон граѓаните и да гарантира негово сервисирање. Од друга страна, Република Македонија наследи слаба институционална структура, навикната на хиперрегулација и истата мораше да претрпи значајна пазарна трансформација.

Транзициониот шок кој го доживеа македонската економија беше вонредно силен и резултираше со високи негативни стапки на движење на бруто-домашниот производ (БДП). Тенденцијата на опаѓање на БДП беше особено нагласена во првите четири години од транзицијата (1991-1994) и се задржа до

[118] Фити, д-р Таки, Економска филозофија на ММФ - основа за економски раст или погрешен концепт: Македонија во глобализацијата, редактор, Наталија Николовска, Економски факултет - Скопје, 2004, стр.74.

[119] Со распадот на СФРЈ, Народната банка на Социјалистичка Федеративна Република Југославија престана да биде гарант на депозитите на граѓаните во странски парични единици. По прогласувањето на независност, во Република Македонија таа улога ја презема македонскиот банкарски систем. Со истиот проблем се соочија сите поранешни југословенски републики.

1995 година.[120] Периодот 1990-1994 година остана запаметен и по високата, троцифрена стапка на инфлација, која во комбинација со високите негативни стапки на движење на БДП уште повеќе ја влоши и така негативната економска констелација на земјата.[121] Од 1996 година македонската економија почнува да остварува позитивни стапки на раст, кои во основа беа релативно ниски и нестабилни и како такви се одржуваат до денес.[122]

## 2. Макроекономската позиција на Република Македонија

Како рецепт за интегрирање во глобалната економија на РМ ѝ беше понуден пакетот на „Вашингтонскиот" консензус, во чии рамки се најдоа 1) приватизацијата, 2) стабилизацијата на цените и интерната конвертибилност на валутата, 3) дерегулацијата, 4) либерализација на надворешно-трговската размена и 5) развивање на стратегии за привлекување на странски директни инвестиции како фундаментална детерминанта за трансфер на капитал и технологија. Целта беше да се излезе од стапицата на хиперрегулацијата и да се редуцира улогата на државата со нејзино сведување на акцелератор на работата на приватниот сектор. Ваквата реторика требаше да се операционализира преку програмите за стабилизација и структурно прилагодување на ММФ и Светска банка, кои со своите програми одиграа клучна улога во моделирањето на македонската економија. Овие програми беа интегрален дел од стратегијата која во основа претставуваше комбинација од „неокласичен либерализам" и „ортодоксен монетаризам".[123] Тие ја поставија парадоксалната макроекономска

---

[120] L. de Haan, A. Naumovska and H.M.M. Peeters, MAKMODEL: A Macroeconometric Model for the Republic of Macedonia, De Nederlandsche Bank, Econometric Research and Special Studies Department Research Memorandum WO&E no. 665, August 2001, стр.12. http://www.dnb.nl/en/binaries/wo0665_tcm47-145967.pdf (достапно на 04.10.2010).

[121] L. de Haan, A. Naumovska and H.M.M. Peeters, MAKMODEL: A Macroeconometric Model for the Republic of Macedonia, De Nederlandsche Bank, Econometric Research and Special Studies Department Research Memorandum WO&E no. 665, August 2001, op.cit. стр. 21. http://www.dnb.nl/en/binaries/wo0665_tcm47-145967.pdf (достапно на 04.10.2010).

[122] Ако како база се земе годината непосредно пред осамостојувањето-1989 и ако вредноста на БДП од 1989 ја означиме со 100, тогаш проценетото ниво на реалниот бруто-домашен производ во Македонија во 2002 година изнесува 77. Со други зборови, Македонија и по цели 13 години транзиција не го достигнала нивото на БДП од периодот пред започнување на транзицијата!

[123] Николовска, д-р Наталија, Транзиција кон третиот свет: Македонија во глобализацијата, редактор, Николовска Наталија, Економски факултет-Скопје,2004,стр.19.

рамка на земјата која се крепи на два противречни столба: либерализација и стабилизација.[124]

Македонската економија сосема неподготвена се соочи со дисбалансот помеѓу понудата и драстично намалената побарувачка заради фактот дека новонастанатите држави во регионот воспоставија царински бариери што доведе до драстично намалување на производството, зголемена невработеност и сè пониско користење на расположливите ресурси. Во склад со laissez faire политиката на ММФ и Светска банка, земјата ги либерализира надворешно-трговските односи, склучувајќи договори за слободна трговија (седум билатерални и три мултилатерални за периодот 1996-2006 година) вклучувајќи 39 европски земји. ЕУ стана еден од најважните трговски партнери на земјата (со 40% на страната на извозот и околу 35% од вредноста на увозот)[125]. Клучниот чекор кон целосна либерализација беше направен во октомври 2002 година, кога Република Македонија стана членка на Светската трговска организација и со тоа стана дел од глобалниот институционален трговски систем.[126]

Република Македонија се отвори кон глобалниот пазар на стоки, услуги и капитал, но не поседуваше ништо за да го возврати контраударот на глобалната конкуренција. Отсуството на здрава конкуренција помеѓу банките, сиромашните и недоизградени финансиски инструменти и особено рестриктивната монетарна политика (заради одржување на фиксен девизен курс на денарот и стабилност на цените) го спречија позначајното намалување на каматните стапки. Она што земјата можеше да го понуди на пазарот беа неконкурентни скапи стоки (заради оскудниот скап капитал и високите каматни стапки), застарена технологија далеку од современите стандарди за квалитет на кои се повикува глобалниот пазар при давање дозвола за пристап и неатрактивно опкружување за привлекување на странски капитал.

Политиката на стабилен девизен курс оствари само една од очекуваните цели: намалување на инфлацијата. Општата несигурност во земјата е присутна во речиси целиот период на имплементација на режимот на фиксен девизен курс на денарот, поради што инвестициите бележат најниско ниво во Европа.

[124] Ibidem.

[125] Mojsovska, Dr.Silvana, Macedonia’s Economic Arrangements with International Organizations: Gains and Losses, Discussion paper DP 29, The Center for the Study of Global Governance, стр.22.

[126] Важно е да се спомне фактот дека и пред потпишувањето на членство во СТО, Република Македонија успеа да достигне високо ниво на трговска либерализација (околу 75%!).

Билансот од транзиционите напори за економска ефикасност е економија зависна од увоз и неповолна глобална конкурентност.

## 3. Конкурентноста на македонската економија

Во македонската економија најмногу преовладуваат секторот на услуги, среден по обем производствен сектор и мал земјоделски сектор. Во секторот на производство доминираат текстилната индустрија и застарени индуструски гранки кои примарно се базираат на суровини (екплоатација на метали, како железото и челикот, и минерали). Во 2013 година учеството на секторот на услуги во БДП изнесувал 62,3%, наспроти учество од 27,5% на индустријата и 10,2% на земјоделскиот сектор[127].

Според глобалниот индекс на конкурентноста 2014-2015, Република Македонија се наоѓа на 63. позиција од вкупно 144 земји на листата на конкурентност направена од страна на Светскиот економски форум.[128] Со индекс од 4,3 Македонија се наоѓа во групата на земји со средна и ниска конкурентност. Овој индекс има за цел да го квантифицира квалитетот на макроекономското опкружување, развојот на државните и јавни институции и нивото на технолошка подготвеност.[129] Неповолната глобална конкурентност се рефлектира врз континуираниот дефицит на платниот и трговскиот биланс.[130] Во случај на здрава економија која се стреми кон индустријализација и развој на технолошката база, дефицитот на платниот биланс е нормална состојба која се финансира од извоз и создавање на нова вредност. Меѓутоа, рецептите на ММФ инсистираа на финансирање на дефицитот со увоз на капитал и тоа преку значително поголемо задолжување на државата од нејзиниот реален капацитет за сервисирање на тој долг. Така, строгата рестриктивна монетарна практика и политиката на фискална дисциплина ги проширија границите на делување надвор од реалниот капацитет на македонската економија.

[127] Investment Policy Review for former Yougoslav Republic of Macedonia, UNCTAD, 2012, p.6. и http://www.indexmundi.com/macedonia/gdp_composition_by_sector.html. (CIA World Factbook).
[128] Оваа листа ги калкулира рангирањата на земјите врз основа на јавно достапни податоци и истражување со 13.000 бизнис-лидери од 133 земји. На првите позиции доминираат САД и европските земји Швајцарија, Шведска, Данска, Финска, Германија и Холандија. Од балканските земји, пред Македонија се Црна Гора и Хрватска.
[129]The Global Competitiveness Report 2014-2015, World Economic Forum.
[130] Трговскиот дефицит изнесуваше 1,8 мил. евра во 2014 година http://www.stat.gov.mk/.

Според економските експерти на ММФ и Светска банка, успешноста на земјата се мери исклучиво преку одржување на стабилност на цените, вклучително и курсот на денарот како лидерска цена. Континуираниот тренд на раст на трговскиот дефицит и континуиран тренд на фиксен девизен курс, високи каматни стапки и скап капитал укажуваат само на едно - курсот е преценет. Увозот на капитал дополнително создава пресија врз понудата и врши апрецијациски притисок на курсот, дотолку повеќе што тој не се користи за инвестициски и продуктивни цели, туку за инвестиции од чисто историско-идеолошки карактер. Основно економско правило е дека тековните расходи треба да бидат одредени од приходите во Буџетот, односно во рамки на наплата на даноците. Парите од задолжувања не смеат да се трошат тековно, туку исклучиво за инвестиции од капитален карактер. Структурата на трошење на јавни финансии во Република Македонија е таква што фискалните мултипликатори се или многу мали, или пак негативни. Огромниот дел од фискалниот простор кој го имавме од 2008 наваму, кога јавниот долг беше само 23% од БДП, го искористивме крајно непродуктивно: се градеа административни згради, споменици и сè друго што опфати проектот „Скопје 2014“, а најголем дел од овие пари завршија надвор од земјата, бидејќи градежништвото во голема мера е поврзано со увоз на материјали, така што фискалните мултипликатори се негативни.[131]

Резултатот е дезиндустријализација, деаграризација, зголемено ниво на невработеност и недоволно користење на продуктивниот работен контингент.[132] Тие се и најголемата причина за неповолната глобална конкурентност на македонската економија, наспроти монетаристичките критериуми за номинална конвергенција и исполнување на Мастришките критериуми (ниска стапка на инфлација, стабилен девизен курс, јавен долг до 60% и буџетски дефицит од 3%) занемарувајќи го процесот на реална дивергенција мерен според ниското ниво на индустријализација, застарената технолошко-производствена платформа, растот на трговскиот дефицит и невработеноста. Атрофијата на производствениот капацитет се движеше во паралела со зголемување на бруто задолженоста од

---

[131] Фити, д-р Таки: Брзо да се скратат владините трошења, оти ќе треба да се зголемат даноците! Објавено на 1 април 2016, 10:12 од редакцијата на капитал во МКД-Бизниси и политика. http://kapital.mk/fiti-brzo-da-se-skratat-vladinite-troshena-oti-ke-treba-da-se-zgolemat-danotsite/.

[132] Николовска, д-р Наталија , Глобализациски парадокс-државата агент v. кочничар на економскиот развој (случајот на Р Македонија), стр. 11.

49,8% од БДП во 2004 година, на 67,6% од БДП во 2014-та. Евентуалната депрецијација (девалвација) со цел да се реши проблемот со дефицитот во надворешниот сектор и да се забрза економскиот раст и понудата на домашни производи во странство може да предизвика нарушување на макроекономската стабилност без реална можност да се постигне целта, особено поради фактот дека на ценовната конкурентност на економијата не и парира технолошка, квалитативна структурна конкурентност, а во структурата на извозот недостига технолошка интензивност.

Така, неолибералната економска доктрина создаде солидна основа за остварување на сценариото на класична должничка криза на македонската економија, постепено и сигурно.

## 4. Влијанието на странските директни инвестиции

Сите напори за создавање на стабилна макроекономска рамка беа со една цел - интегрирање во глобалната економија и привлекување на странски директни инвестиции. Во контекст на големината и нивото на економски развој, Република Македонија успеала да привлече лимитиран обем на странски директни инвестиции. Таа заостанува зад перформансите на другите земји од Југоисточна Европа. Според индексите на UNCTAD, потенцијалот за СДИ на македонската економија е лимитиран, а земјата беше рангирана на 100-та позиција од вкупно 141 во 2008 година и покрај позитивната слика за подобноста на инвестиционата клима споредбено со другите земји од регионот (табела 8). Според World Bank Doing Business 2015, Македонија се наоѓа на рангот 30 од вкупно 189 земји, факт кој дава позитивен стимул за привлекување на СДИ.

**Табела 8 Клучни индикатори на инвестиционата клима на Република Македонија**

| | Македонија | Албанија | Бугарија | Просек на централно-источни европски земји |
|---|---|---|---|---|
| Ранг во леснотија на водење бизнис | 38,0 | 82,0 | 51,0 | – |
| Време потребно за започнување бизнис | 3,0 | 5,0 | 18,0 | 21,6 |
| Индекс на заштита на инвестотори | 6,7 | 7,3 | 6,0 | 5,3 |

Извор: http://unctad.org/en/Pages/Statistics.aspx.

Овие податоци се во контрадикција со фактот дека во првите осум месеци од 2014 година, македонската економија привлекла 176 милиони САД-долари вредност на странски директни инвестиции, што е за 11 милиони САД-долари помалку од истиот период за 2013 година (според податоци од НБРМ). Во текот на 2013 година, вредноста на СДИ била 251 милион САД-долари, најлош ранг во регионот и помалку од истиот ваков показател за Косово (259 милиони САД-долари). Како контраст, Црна Гора, која има популација колку една третина од популацијата на Македонија, привлекла скоро 350 милиони САД-долари СДИ во 2013 година, Албанија 920 милиони, Србија 780 милиони, додека Босна и Херцеговина ја завршила 2013 година со 300 милиони САД-долари странски директни инвестиции.[133] И во годините кои претходеа на 2013, СДИ во Република Македонија беа подложни на флуктуации, често ставани во релација со ефектите на глобалната економска криза. Инвестициите забележаа остар пад од 337 милиони САД-долари во 2011, на само 104 милиони во 2012 година. Податоците на НБРМ покажуваат дека 2007 година била најуспешна по основ на привлекување СДИ со вредност од 506 милиони САД-долари.[134]

[133] http://www.balkaninsight.com/en/article/macedonia-fdi-worse-than-last-year.

[134] Investment in Macedonia, KPMG, 2012.

СДИ директно влијаат врз глобалната интеграција на македонската економија и тоа преку аутпутот (БДП), вработеноста, диверзификацијата на извозот, трансферот на технологија и вештини, врските со добавувачите, како и фискалните импликации. Нивното влијание начелно зависи од околностите под кои тие оперираат, односно типот на СДИ (припојување или прибавување - M&A, инвестиции во нови капацитети - гринфилд), секторот на вложување, како и во голема мера од способноста на државата истите оптимално да ги регулира. Во 2009 година, преку спојувања и припојувања апсорбирани се 51.236 вработени, додека пак гринфилд инвестициите вклучиле 17.850 вработени во рамки на своите структури во Република Македонија. Структурното учество на СДИ во БДП за периодот 2003-2013 година е прикажан во графикон 10.

**Графикон 10 Странски директни инвестиции како процент од БДП (2003-2013)**




Извор: Билтен на Министерство на финансии на Република Македонија, декември 2014.

Според Уставот на земјата, врз странските физички и правни лица се применува принципот на еднаквост со локалните при вршење на економски активности во Република Македонија, освен ако тоа не е поинаку утврдено со закон. Република Македонија е потписничка на 27 билатерални договори за заемна заштита и поттикнување на странски директни инвестиции, како и на Конвенцијата за порамнување на инвестициони спорови. Земјата има рамна даночна стапка од 10% за данок на добивка и данок на личен приход. Дополнителна специфика за

системот на оданочување на странските компании е што данокот на добивка се применува само по дистрибуција на профитот, а Законот за технолошко-индустриски развојни зони обезбедува специјални даночни поволности за секој инвеститор кој ќе инвестира во зоните - даночно ослободување од 10 години, ослободување од ДДВ за трговски трансакции во рамки на зоните, како и ослободување од данок на личен приход за вработените во тие компании за период од 10 години на спроведување на бизнис-активности во рамки на зоните.[135] Следствено, иако де јуре еднакви, странските директни инвеститори во Република Македонија де факто се во поповолна позиција од локалните. Така, фаворизирањето на странските директни инвестиции при истовремено дискриминиарње на домашните се рефлектира негативно врз мобилизација на домашната акумулација - малите и средни по големина претпријатија кои треба да бидат стожер на економскиот развој.[136] Во тој контекст сериозно треба да се преиспитаат и ревидираат владините политики за привлекување на странски директни инвестиции. Поволната положба на странскиот капитал во Република Македонија нема само реторички и теоретски, туку практични и финансиски импликации врз буџетот на земјата. Огромните инвестициски олеснувања го субвенционираат странскиот капитал, а тоа повлекува трансфер на ресурси и акумулација од земјата домаќин кон странската компанија. При недостаток на видливи макроекономски ефекти врз извозот и дефицитот на трговскиот биланс, крајниот ефект се сведува на дотации кои Република Македонија ги дава на богатиот транснационален бизнис. Во неколкудеценискиот транзициски период македонската економија не забележа значителен технолошки трансфер од економските активности на странскиот капитал, а тоа е највидливо во континуираниот раст на трговскиот дефицит и неповолната структура на узвозот и извозот. Оттука, потребно е да се направи детална cost-benefit анализа која би го квантифицирала реалниот трошок од: 1) субвенции на странскиот капитал; 2) трошоци околу техничката инфраструктура на СДИ; 3) трошоци на економската дипломатија, бизнис-форуми, учество на саеми и road shows; 4) трошоци околу финансирање на институционалната мрежа за привлекување на СДИ која е на товар на буџетот на земјата, и истиот би го ставила во соодносот со добивките од

[135] Ibid.
[136] Николовска, д-р Наталија, Глобализациски парадокс-државата агент v. кочничар на економскиот развој (случајот на Р Македонија), стр. 12.

СДИ: 1) увоз на нова технологија на производство и управување со процеси; 2) пенетрација на нови пазари; 3) трансфер на знаење, информации и иновации; 4) пораст на вработеноста; 5) процент на репатрирана добивка; 6) процент на увозна компонента наспроти локална во крајниот производ; 7) поврзаност со локалната економија.[137] Ваквата детална анализа ќе покаже дали Република Македонија во трката по привлекување на странски капитал се движи во насока на постепен и сигурен излез од сценариото на должничка економија или пак се тркала кон дното, не обрнувајќи внимание на суровата реалност во која ниските плати на работната сила ангажирана преку СДИ и социјалните услови на работа го надградуваат погубното сценарио во кое покрај заложениот државен буџет и виртуелна, нереална перспектива за развој, во заложништво се става и работникот кој тапка во место и се гуши во финансиска задолженост.[138] Токму тоа е единствената методологија која ќе ја евалуира улогата на државните политики во креирањето на развојна пазарна економија и интегрирање на Република Македонија во глобалното економско опкружување.

Според анализата „Бенефити и трошоци од странските директни инвестиции во технолошко индустриските развојни зони, Случај: Македонија за периодот 2007-2014 година“ на Центарот за економски анализи (ЦЕА) од Скопје, од јануари 2016 година:[139]

1. Македонија не е усогласена со европската регулатива за транспарентност на државната помош, односно висината на доделената државна помош не е позната, не е воспоставен регистар, а наодите на државната ревизија укажуваат и на недостиг на критериуми за селекција на инвеститори и склучување договори за СДИ и недостиг од мониторинг и евалуација на постигнатите ефекти од досегашната државна помош;
2. според дадената методологија на оваа анализа, нето-економските бенефити за државата од компаниите кои оперираат во периодот од 2007 до 2014 година се позитивни само за три од вкупно седум компании;

---

[137] Ibidem.

[138] Задолженоста на македонските граѓани од година во година расте, а истовремено растат и нефункционалните или ненаплатливи кредити, кои во септември изнесувале околу 102 милиони евра. Според Народна банка, годишната стапка на пораст на потрошувачките кредити во септември 2015 година достигна дури 47,5 %.
Види: http://www.novamakedonija.com.mk/NewsDetal.asp?vest=122915838155&id=10&prilog=0&setIzdanie=23650.

[139] Во оваа студија не се опфатени индустриските и зелените зони кои (треба да) оперираат во согласност со Законот за индустриски-зелени зони, Службен весник на Република Македонија бр. 119/2013 и 160/2014.

3. финансиската анализа на вкупните инвестиции укажува дека без инвестицијата на централната власт, инвеститорите не би имале поволен поврат, со исклучок само на Џонсон Мети;
4. потенцијалниот бенефит за позитивни екстерналии, како прелевање на знаење и технологија е оневозможен поради тесната поврзаност на компаниите со нивните компании-мајки од кои се финансираат и кои ги вршат суштинските секторски активности.

Ваквите наоди го поставуваат прашањето на адекватноста на стратегијата за привлекување СДИ и одржливоста на инвестициите поради логичното сценарио на напуштање на бизнисот по истекување на десеттата година и поминување на периодот на субвенционирање, што би резултирало со нагло одлевање на капитал и отпуштање вработени. Проблемот е дотолку поизразен, што тековниот модел не обезбедува прелевање на технологија, знаење и развој на синергии со локалната економија, како еден од основните аргументи за привлекување на СДИ во Република Македонија.

Проблем со несогледливи последици за македонската економија се и тешкотиите за утврдување на вистинското потекло на сопственост над фирмите кои се јавуваат и како увезувачи и како извозници на капитал. Според веќе споменатиот извештај на Global Financial Integrity од декември 2015 година, „Illicit Financial Flows from Developing Countries: 2004-2013“, повеќе од 5 милијарди САД-долари се нелегално изнесени од Македонија за периодот 2004-2013 година, а ако кон ова се додаде и одлеаниот финансиски капитал од 2001, 2002 и 2003 година, вкупниот износ достигнува 5,7 милијарди САД-долари. Според методологијата која ја користи оваа организација, овие финансиски текови потекнуваат од нелегално заработени пари преку лажни фактури, поткуп и корупција на државни функционери, даночно затајување, нелегални трговски активности, па дури и финансирање тероризам.

5. **Контраефекти на laissez faire политиката**

Наместо да се минимизира улогата на државата врз економијата, во Република Македонија се креира еден парадокс - порасна улогата на државата во сите сфери на економијата. Како и кај најголем дел од транзиционите економии, се случи јакнење на државниот интервенционизам наспроти афирмација на пазарната економија. Изворите на грешката се во „експерименталниот процес на монетарната алхемија како фаза на оспособувањето на државите за операциите на глобалниот пазар предводена од мегакапиталистичките моќници“.[140] Методите кои се сметаа како двигател на пазарно-економските процеси (стабилни цени, фиксна валута и либерална методологија за урамнотежување на трговскиот биланс) станаа причина за атрофија на економијата, дезиндустријализација и деаграризација. Лостовите на пазарна рамнотежа се поместија и ја исфрлија државата на површина како водечка активна сила во интегрирање во глобалната економија и привлекување на странски директни инвестиции како основен извор на инвестиционен капитал. „Вашингтонскиот“ консензус ги претвори ТНК во доминантен сврзник помеѓу националната и глобалната економија, интересите на корпоративниот капитал по дифолт застанаа пред интересите на државата, а коренот на проблемот се втемели во противречноста на интересите на крупниот капитал и транзициската држава.

Ако се потпреме на теоријата на Портер, според кој единствен разумен концепт за конкурентноста на национално ниво е де факто национална продуктивност, успехот на националната економија зависи од капацитетот на домашните фирми да го достигнат потребното ниво на продуктивност на трудот кое треба да биде одржливо. Оттаму произлегува дека претераното потпирање на зависноста од ТНК на долг рок е штетно за националната економија. Доколку приливот на технологија и капитал не е адекватен, земјата во развој ризикува да биде „factor driven“, што значи дека има статичен карактер и се води само од извоз на суровини и природни ресурси кои се ограничени. Можност за глобална конкурентност имаат само економиите водени од инвестиции и иновации. Токму затоа и произлегува дека глобализацијата е фатена во замка - рецептите на меѓународните финансиски институции вештачки ги држат економиите на

[140] Николовска, д-р Наталија, Глобализациски парадокс-државата агент v. кочничар на економскиот развој (случајот на Р Македонија), стр. 7.

периферија, а нивната финансиска зависност не им дозволува да влезат во фаза на иновација и инвестиции. Без оглед на К-фазата, тие секогаш се наоѓаат на периферија. Таквите држави стануваат заложници на корпоративниот капитал, чии пазари, пак, стигнуваат до фазата на сатурација и пад на маргиналната профитна стапка. Ваквиот тренд неминовно го отвора патот кон банкротство на македонската економија и запаѓање во матрицата на неоколонијализам, наспроти интеграција во глобалната економија.

## 6. Корпоративна држава наместо фасилитатор на пазарна економија

Буџетската потрошувачка е најдинамична категорија на македонската економија. Тоа е особено видливо во последниве години кога државата континуирано го пречекорува фискалниот дефицит[141] и тоа -3,8%, -3,9% и -3,7% респективно за перидот 2012-2014 година. На тој начин придонесува за акумулирање на јавниот долг кој од 26,2% во 2009 година порасна на 45,98% за четвртиот квартал на 2014 година.[142] Околу 36% од јавниот долг се однесува на плаќање на камати. Структурата на јавниот долг е дадена во графикон 11.

**Графикон 11 Структура на јавен долг во милиони евра**




Извор: Билтен на Министерство на финансии на Република Македонија, декември 2014.

[141] Во однос на планираниот и Мастришкиот од 3%.
[142] Ibid. стр. 14.

Ова е недвосмислен индикатор дека македонската економија е зависна од увозна акумулација која наместо да се троши за инвестициски проекти што би создале нова вредност која би ја раздвижила економијата, се користи за моделирање на економската и општествено-историска реалност според личните потреби и желби на тесната владејачка структура и тоа во проекти кои не имплицираат генерирање на приходи.[143] Парадоксално, наместо да го фасилитира патот на корпорациите кон заживување на македонската економија, што всушност беше и декларативна заложба на машините на „Вашингтонскиот" консензус, резултат од транзицискиот период е должничка економија во која државата се претвори во главна „корпорација" која оданочува, вработува (за периодот од владеење на постојната владејачка структура во јавната администрација се вработени над 100.000 лица, кои заедно со претходната структура се приближуваат до бројката од над 180.000 административни службеници).[144] Наместо да генерира ефикасна јавна администрација во функција на развој на приватниот сектор, државата редистрибуира под лупата на политичко-партиска ориентација.

Дополнително, за да биде товарот поголем, своите фискални интервенции Република Македонија ги финансира непосредно преку емисија на обврзници кои се пласираат на меѓународниот или на домашниот финансиски пазар. На тој начин се апсорбираат заштедите од секторот на стопанството и граѓаните и се насочуваат во непродуктивно трошење на државата. Следствено, реалниот сектор се разјадува, а банкарскиот сектор се дистанцира од својата природна функција да служи како извор на финансиска акумулација за економски цели. Наместо тоа, се ориентира кон државата како сигурен комитент. Ако знаеме дека не се респектираат пазарните услови на инвестирањето и дека не постои секундарен пазар на капитал кој би ја проверил реалната вредност на емитуваните државни обврзници, а намалениот државен кредибилитет[145] не се рефлектира врз намалување на вредноста на обврзниците, се створа опасност од загрозување на имотот и активата на банките, што понатаму се рефлектира врз останатите монетарни параметри. На долг рок, постои реална опасност да се

[143] Типичен пример е проектот „Скопје 2014".

[144] Податокот е добиен од интервјуто со м-р Јахи Јахиу, државен секретар на Министерство за информатичко општество и администрација (Скопје, март, 2016 година).

[145] Според Индикаторите на владеење (Governance Indicators) на Светска банка, Република Македонија е рангирана многу ниско во областа на политичката стабилност, владеењето на правото, квалитетот на регулативата, како и контрола на корупцијата и ефективноста на власта. Република Македонија континуирано бележи висок индекс на корупција и според анализите на Transparency Inetrnational.

уништи единствената придобивка од транзицискиот период, а тоа е скапо платената и преплатена макроекономска стабилност.

## 7. Потребата од редефинирање на корпоративната држава - премин од централно на локално ниво

Република Македонија мора да бара алтернативни извори на акумулација на капитал за да се извлече од судбината на класична должничка економија која неминовно ѝ следи ако трендот на економски развој продолжи по тековниот модалитет. Практиката покажа дека корпоративната држава не ја исполни својата декларативна заложба - наместо олеснувач на процесот на развој на пазарна економија со квалитетни економски субјекти кои би ја насочиле македонската економија од периферијата кон центарот на глобалната економска мапа, таа го постигна спротивниот ефект. Самата држава се прогласи за најголем капиталист, ги централизира и стерилизира економските активности и го стави приватниот сектор во функција на своите краткорочни политички определби.

Моделот за спасување од неоколонијалистичката замка вклучува низа радикални чекори кои бараат пред сè силна политичка волја, високо ниво на државна зрелост и промени во насока на генералниот менталитет на просечниот македонски граѓанин. Според теоријата на холандскиот социјален психолог Gerard Hedrih Hofstede[146] која ја применивме за објаснување на различните типови капитализам, од аспект на културолошката димензија на просечниот македонски менталитет, во Република Македонија постои тенденција на прифаќање на хиерархиски поредок во кој сите имаат свое место, за што не се бара дополнително оправдување. Централизацијата е популарна, потчинетите очекуваат да им се каже што да прават, а идеалниот раководител е добронамерен автократ. Постои тенденција кон избегнување на неизвесноста, наклонетост кон почитување на правила и процедури (дури и кога тие не се ефикасни) и нетолерантност кон неконвенционални и иновативни идеи. Ваквата состојба е резултат на историско наследство и во крајна инстанца продуцира: 1) доминантна

[146] Hofstede е почесен професор (Professor Emeritus) по организациска антропологија и меѓународен менаџмент на универзитетот „Мастрихт“ во Холандија. Претходно бил вработен во IBM, каде и ги вршел своите истражувања.

централизација на процесите на носење одлуки; 2) административна култура заснована на цврсти правила без преземање на ризик; 3) слаби механизми за хоризонтална и вертикална координација; 4) недоволно јакнење на капацитети за креирање на јавни стратегии и политики; 5) општ недостиг на мотивација; и 6) длабоко вкоренета политизација.[147] Следствено, економските реформи за излегување од сценариото на должничка економија мораат да бидат проследени и со долгорочни напори кон промена на менталитетот на граѓаните, едукација кон осознавање на своите вистински вредности и потенцијали, уништување на стравот и потчинетоста кон политичките структури, јакнење на свеста за слобода и демократија. Само со координација на пристапот „одолу нагоре" и „одгоре надолу" (откако ќе се деконтаминира врвот на пирамидата) може да се влијае на уништување на деценискиот тоталитарен режим и отворање на пат кон иновативност, различност, слобода на проток на знаење, информации и економска слобода.

Од чисто економски аспект, основата на излезот е во максимално ангажирање и користење на домашните економски капацитети, првенствено на расположливиот човечки потенцијал, знаење, вештини и информации. За таа цел, фокусот на економско делување мора да се редимензионира во насока на пренасочување на моќта на корпоративната држава и делегирање на надлежностите на пониско ниво на управување кое полесно може да ги вклучи сите заинтересирани страни и ресурси во современите комплексни економски процеси.

Улогата на државата треба да се преформулира во улога на агент за забрзување, а не уназадување на економските процеси и тоа преку креирање политики кои се пријателски насочени кон развојот на домашните компании. Нејзина примарна задача треба да биде одржување на макроекономската стабилност преку промовирање на развојна економија, а не со увоз на странски капитал, задолжување и шпекулативни трансакции кои не носат додадена економска вредност. Политиката на привлекување на странски директни инвестиции мора да се креира во полза на зајакнување на технолошката база на македонската економија на начин што ќе се развијат линкови помеѓу ТНК и локалните

[147] Податоците се преземени од Curriculum за обука на администартивни службеници за спроведување на функционална анализа во институциите на централна и локална власт и Практичниот водич за спроведување на функционална анализа на Министерството за информатичко општество и администрација.

бизниси. Потребни се максимално искористување и мобилизација на расположливиот човечки потенцијал и негово промовирање и вреднување. Моќта на носење одлуки мора да се пренасочи од централно ниво на ниво на локалните заедници (онаму каде што се наоѓаат ресурсите за развој). Локалните заедници мора да добијат фискална самостојност за спроведување на економски активности и промовирање на локални бизниси.

Декларативно, Република Македонија направи чекор напред кон надминување на институционалните слабости и остави простор за непосредно третирање на проблемот на економскиот развој со Законот за локална самоуправа од 2002 година. Де јуре, се отворија поинакви перспективи за интеграција на македонската економија во глобалниот систем - останува таквите можности де факто да се имплементираат во пракса.

# Втор дел

# Економска локализација - современа светска и македонска реалност

## I Основни аспекти на поимот економска локализација

### 1. Појаснувања за поимот економска локализација

Во поимот на економијата е да управува на локално ниво. Зборот „економија“ потекнува од грчкиот збор „oikos“ што значи домаќинство, семејство, куќа. Следствено, економијата значи управување со домаќинство. Таа ги опфаќа системите на труд, капитал и природни ресурси, заедно со производството, трговијата, дистрибуцијата и потрошувачката на стоки и услуги. Економијата е потсистем на природата зашто е нераскинливо поврзана со ресурсите на природата. Ресурсите се примарни (вода, земја, енергија, шуми), додека парите, производсвото и трговијата само произлегуваат од нив. Оттаму, секое оддалечување од природните закони на долг рок е неодржливо за економски развој. Развојот инхерентно е поврзан со локалните ресурси, вклучително и работниот контингент и социјалниот капитал. Економијата во својата суштина е „она што го правиме заедно за да ги задоволиме своите потреби креирајќи меѓусебни врски“, а не тренд кон бесконечно производство и трговија и потрага по профит.[148] Глобалната бизнис-ориентација ги ослабува заедниците. Економската локализација ги зајакнува. Таа ги става заедниците во природен контекст, во склад со можноста за одржливост.

На економските системи им е потребен ребаланс. Турбуленциите на глобализацијата и корпоративната моќ станаа претешки за да се издржат. Проблемите на глобалната економија можат да бидат минимизирани со промена на пристапот - максимално искористување на локалните производствени ресурси, ориентација кон локално производство за локална потрошувачка и децентрализација на моќта на одлучување врз локалната заедница која е одраз на

[148] Economic Localization: A Stratgic Framework for the City and County of Peterborough, November 2013, www.transitiontownpeterborough.ca.

локалната култура и традиција. Ваквиот правец на движење на економските активности е во колизија со глобално централизираниот, очигледно утописки и експанзионистички модел кој направи остра поделба и поларизиранист на геоекономската мапа. Системот, кој се заснова на континуирано ширење на производството и потрошувачката и движење на стоките илјадници километри преку копна и океани, покажа недостаток на капацитет да ги опслужи потребите на мнозинството од глобалната популација. Многу поверојатно е дека локалната заедница преку самостојна управа ќе створи основа за стабилни и задоволни локални заедници кои првенствено би се потпирале на ангажирање на локални ресурси, надвор од стресот и притисокот на глобалната економија. Целта на ваквиот пристап е да направат системи кои би биле одржливи, способни да ги задржат своите основни функции и да ги издржат предизвиците на промените и да се организираат и адаптираат во согласност со настанатите промени. На пример, ако конвенционалната валута девалвира или се чувствува недостиг од истата, системот се ориентира кон употреба на локални валути. Залихите на локална енергија во случај на недостиг се уште еден пример за ваков тип на одржливост.

Економската локализација е стратешки модел кој се изгради на маргините на дискурсот на деградација на природата, недостатокот на ресурси, хуманата експлоатација и глобална економска и финансиска катастрофа. Овие проблеми не се краткорочни и се многу тешки за соочување и решавање. Тие претпоставуваат нов начин на размислување и делување, особено во контекст на прашањето за пристап до основните претпоставки за опстанок: храна, вода, енергија, добросостојба и културни вредности.

Економската локализација треба да ја разбереме како алтернатива - не прост избор помеѓу интеграција и изолација, раст и оскудност, туку паралелен начин на имплементација на економски активности. Таа е креативен начин на пренасочување од неодржливи, осиромашени и уништени кон самоодржливи економски системи. Во транзицијата кон самоодржливост потребна е креативност во имплементација на практики кои се спротивставуваат на процесите на креирање сиромаштија и осиромашување на природните ресурси. Локализацијата не значи целосна изолација зашто многу стоки и специфични услуги не би можеле да се обезбедат на локално ниво. Таа значи зајакната

способност за задоволување на потребите на локалното население преку локално производство онаму каде што тоа е можно и креирање на супститути на увозот. Локализацијата не значи прекинување на врските со остатокот од светот, но значи стремеж за локално задоволување на основните потреби, локално креирање на вработеност и градење на атрактивни и одржливи заедници. На тој начин се придонесува за создавање на баланс помеѓу локалната, регионалната, националната и меѓународната дистрибуција на моќ.

## 2. Аргументи „за“ и „против“ економската локализација

Свеста за разорните последици на економската глобализација сè повеќе расте и опфаќа широк и диференциран спектар на светската популација. Сепак, мислењето дека алтернатива на глобалните проблеми е локализација на економските активности не е прифатено со широк консензус. Веројатноста дека неолибералните глобални машини ќе го запрат својот тек и ќе поддржат мултилатерални повелби кои би им овозможиле на владите да ги заштитат своите системи од налетот на слободната трговија е скоро еднаква на нула. Дури и кога би се случило тоа, глобалната рамнотежа и тренд кон хомогенизација и еквилибриум се невозможни без голем број на мали, локални активности и иницијативи кои треба да се толку разнолики колку што постојат и различни средини и култури во чии рамки би се одвивале. Таквите локални економии не би делувале како изолирани, поединечни напори, туку како институции кои „на големо би го промовирале производството на мало“.[149]

Трендот кон локализација на прв поглед изгледа непрактичен и утописки од аспект на невозможноста на потпирање исклучиво на сопствените, локални ресурси за економска одржливост на една заедница. Сепак, горчливиот проблем на современата економија не се состои во тоа дали луѓето имаат портокали во предели каде што климата е ладна, туку дали нивното млеко треба да патува илјадници километри кога би можело да се произведе во радиус од 90 километри. Проблемот е во тоа што во Монголија, земја која со векови живее на локални млечни производи и која денес има дваесет и пет милиони животни кои даваат

[149] Мандер, Џери, Голдсмит, Едвард, Глобализација, аргументи против, 2005, стр. 386.

млеко, во продавниците се наоѓа воглавно германски путер.[150] Во Кенија, путерот од Холандија чини половина цена од локалниот, а во Шпанија најголемиот дел од млечните производи потекнува од Данска. Во ваква бесмислена ситуација, поединци секојдневно почнуваат да зависат од производи кои се транспортираат илјадници километри, често без никаква потреба. Целта на локализацијата е токму во тоа, не да ја искорени трговијата, туку да го намали непотребниот транспорт, охрабрувајќи во исто време промени кои би го диверзифицирале производството како на локално, така и на национално ниво.

Друг аргумент кој не оди во полза на локализацијата е ставот дека кога богатите земји би се засновале на сопствените сили, тоа би ја поткопало економијата на земјите од третиот свет, на кои им се потребни светските пазари за да се издигнат од сиромаштијата. Напротив, практиката и неопротекционизмот докажаа дека на земјите од периферијата не им се достапни глобалните пазари, а голем дел од нивното природно богатство се испорачува кон богатите земји по многу неповолни услови, во облик на суровини и евтина работна сила. Локализацијата би им помогнала на овие земји да задржат колку што може повеќе од своите ресурси за себе директно инвестирајќи ги во сопствената економија. Тоа далеку побрзо би им помогнало за одлепување од сиромаштијата. Работната сила би останала таму од каде што потекнува. Ако 1.000 луѓе мигрираат во опкружување во кое мора да се ставаат во конкуренција за сто нови работни места, не сме го зголемиле бројот на вработени за сто, туку сме ја зголемиле невработеноста за нови 900 кои останале на општествените маргини склони кон девијантни општествени појави. Глобалниот економски развој ја уништи локалната економија преку процесот на пренасочување на моќта на носење одлуки од локалните заедници во оддалечени бирократизирани урбани центри. Во глобални размери, медиумите ги вовлекуваат поединците во шемата на монокултура, бришејќи ги културните и биолошки разноликости. Глобалните брендови создаваат вештачка потреба од консумирање на стандардизирани производи со цел да се создаде привидна претстава за недостаток, наложувајќи зависност од високоцентрализираната економија. Во услови на демографска експанзија, побарувачката расте само за специфично-таргетирани стоки и услуги, што повратно создава ефект на невработеност, вештачки створена

[150] Ibidem.

конкуренција и конфликти. Токму поради ефектот на демографска експанзија, неминовно е да се напушти глобалниот економски модел кој докажа дека е пријателски настроен само за селектиран демографски сегмент. Дури и во рамки на високоурбанизираните подрачја е можна изградба на нови локални врски преку поврзување на локалните заедници и пренасочување на нивните економски активности кон користење на нивните автентични ресурси.

## 3. Теории на локален и регионален развој

Локалниот економски развој е процес, насоченост и движење на економски активности, а не дефиниран економски модел со специфициран и униформиран пристап. Ниедна економска теорија не дава прецизно објаснување на локалниот и регионалниот економски развој, но неколку парцијални теории укажуваат на една заедничка нишка, која математички може да се означи на следниов начин:[151]

Локален и регионален развој = C x R,

каде што C се однесува на капацитетот на еден локалитет (економски, социјален, технолошки и политички), а R ги означува неговите ресурси (природни ресурси, работна сила, локација, капитални инвестиции, претприемничка клима, транспорт и комуникации, технологија и индустрија, големина на пазар, извозни можности). Ако вредноста на C е еднаква на 1, станува збор за неутрален капацитет кој ниту додава, ниту пак одзема вредност од ресурсите на заедницата. Поголема вредност од 1 означува силен капацитет кој ги мултиплицира локалните ресурси, а вредност помала од 1 означува слаб капацитет на локалната заедница (ниско ниво на функционалност на социјалното, организационото и политичкото лидерство), каде што корупцијата, кронизмот и интересот на тесна група луѓе го подјадуваат потенцијалот на локалните ресурси и спречуваат ефективен развој.

Традиционалните теории на економски развој се фокусираат на R делот од равенката (ресурсите), заобиколувајќи го C (капацитетот). Сепак, современиот

[151] Ibid., стр.55.

економски развој не е можен без тесна корелација на двата сегмента од равенката. Колку поразновиден капацитет поседува локалната заедница, поголема е веројатноста да се стават ресурсите во функција на развој. На локалните заедници им се потребни бизнис-асоцијации, стопански комори, корпорации за економски развој, владини агенции за промоција и поттикнување на развој - институционална поддршка и организиран пристап за целосно искористување на капацитетот на локалните ресурси.

Различните економски теории ставаат акцент на различни типови на ресурси како круцијален услов за локален и регионален економски развој.

### *3.1. Неокласична економска теорија*

Неокласичната економска теорија се заснова на два главни концепти за развој: 1) еквилибриум на економскиот систем и 2) мобилност на капиталот. Таа тврди дека економските системи достигнуваат состојба на еквилибриум по природен пат доколку му се дозволи на капиталот непречено да се движи. Според ова учење, капиталот се движи од области со високи трошоци (плати) кон области со пониски трошоци (плати) со цел да се обезбеди повисок приход од инвестициите. Од аспект на локалниот економски развој, ова би значело дека нискоразвиените локалитети би привлекле капитал и инвестиции заради ниските цени на недвижностите и работната сила во споредба со тие од глобалниот пазар. Доколку овој систем би функционирал совршено, тогаш сите локални економски системи со текот на времето би постигнале слично ниво на развој. На оваа премиса се заснова и неолибералистичкиот бран на дерегулација на финансискиот пазар, зашто теоријата тврдеше дека на ваков начин на локалните системи им се овозможува непречена конкуренција. Заговорниците на оваа теорија, меѓу кои посебно се истакнува влијанието на нобеловецот Милтон Фридман, опонираат на било каква интервенција и регулација од страна на централните и локални власти на движењето на капиталот во рамки на националната економија и глобално, вклучително и на обидите за спас на неконкурентни фирми кои не успеале на пазарот. Според нив, работната сила треба да се пренасочи кон нови подрачја кои нудат можности за развој.

Оваа теорија нашироко се применува од страна на меѓународните финансиски институции, особено во земјите во развој, а нејзините ефекти се покажаа како погубни за нивните економии. Следствено, многу современи заговорници за регионален и локален економски развој ги отфрлаат ваквите политики, согледувајќи го нивниот инхерентен антагонизам кон интересите на локалните заедници. Единствена додадена вредност на оваа теорија која може да се искористи во развојна насока е тенденцијата кон конкурентност, но од аспект на максималното искористување на локалните развојни ресурси во насока на привлекување на свеж капитал.

### *3.2. Теорија на економска база*

Приврзаниците на оваа теорија потенцираат дека економскиот развој на заедниците е во директна корелација со побарувачката на нивните стоки и услуги надвор од границите на локалната економија. Растот на индустриите кои користат локални ресурси, вклучувајќи труд и материјали за извоз, предизвикува отворање на работни места и акумулирање на локален капитал. Имплементацијата на овој модел подразбира воведување на мерки кои се насочени кон редуцирање на бариерите за основање на извозно ориентирани компании на локално ниво, како на пример даночни олеснувања. Логиката е дека извозните индустрии имаат повисок мултипликатор на новоотворени работни места од локално ориентираните компании, односно со секое новоотворено работно место во извозната компанија се отвораат неколку нови работни места во рамки на локалната економија, зависно од секторот.

Слабоста на овој модел се состои во фактот дека растот го засновува на надворешна побарувачка и ги занемарува внатрешните околности на локалниот систем. Претераната апликација на овој модел доведува до локална економија комплетно зависна од екстерните (национални и глобални) пазарни сили.

### *3.3. Теорија на производствен циклус*

Теоријата на производствен циклус беше промовирана од страна на Рејмонд Вернон (1966), кој го поврза производствениот развој со иновации кои

потекнуваат од капитално-интензивни локации, поддржани од локалниот пазар кој може да поднесе повиски цени за сè уште нестандардизирани производи. На пример, новите компјутерски производи е поверојатно да најдат пазар најпрво во области во кои доминираат образовани и богати поединци, отколку во области кои оскудуваат со ресурси. Со текот на времето, производот се стандардизира, станува познат и популарен, цената му паѓа, неговото производство се рутинизира и не е потребна специјализирана работна сила за негово производство. На оваа точка, неговото производство може да се пренасочи во послабо развиени подрачја кои се ценовно, а не технолошко конкурентни и тоа прво преку трговија, а потоа и преку директни инвестиции. Некои индустрии изобилуваат со рапидни промени на производствените циклуси, додека пак други се релативно стабилни, во зависност од тоа колку се подложни на влијанието на современите технолошки трендови.

### *3.4. Теорија на нови пазари*

Оваа теорија е ревитализација на неколку идеи на теоријата на економска база и на тврдењето дека централните градски подрачја и руралните области поседуваат неискористен пазарен потенцијал. Според Мајкл Портер (1995) градските области се водечки сили на новата економија, поради нивната блискост до подрачјата со концентрирани економски активности, пазарен потенцијал и што е најважно, близината на круцијалните глобално конкурентни кластери. Од друга страна, теоријата на нови пазари ги вбројува неразвиените рурални подрачја во зони на економски потенцијал кој не е соодветно искористен. Нивниот економски развој е поврзан со две фази: 1) идентификација на вредностите и ресурсите на заедницата и 2) креирање и поврзување на нивните вредности со соодветни финансиски инструменти. За таа цел, во последните децении се формираат нови форми на економско финансирање, како на пример Финансиски институции за развој на заедниците (ФИРЗ).[152]

[152] Ibid., стр. 62.

### 3.5. *Теорија на локација*

Според стариот модел на индустрија и производство, најдобрата производствена локација скоро секогаш се наоѓа на најевтиниот транспортен линк помеѓу суровините за производство и пазарот. Други варијабли кои влијаат врз квалитетот и соодветноста на локацијата се трошоците на работна сила, енергија, достапноста на добавувачи, комуникациски линкови, објекти за образование и обука и квалитетот и респонзивноста на локалната власт. На различни компании им соодветствуваат различни комбинации на овие фактори за да можат да ја одржуваат својата конкурентност. Затоа, општа тенденција е заедниците да манипулираат со трошоците на овие фактори за да станат конкурентни за привлекување на компании.

Ограничувањата на оваа теорија во современи услови се проектирани во модерната технологија и телекомуникациите, кои го изменија значењето на специфичните локации за производство и дистрибуција на стоки. Од многу аспекти, скоро секоја локална заедница може да биде потенцијален конкурент зашто транспортните трошоци за најголем број софистицирани производи се драматично редуцирани, а предностите на големите пазари и области со природни ресурси се засенети од помалку видливите, но многу позначајни варијабли, како што е квалитетот на живот во заедниците.

### 3.6. *Теорија на централна позиција*

Како варијанта на теоријата на локација, оваа теорија прави обид да ги објасни различните можности за развој на централните и периферните локации. Според теоријата на централна позиција, секој урбан центар е поддржан од серија помали локации кои обезбедуваат ресурси (индустрии и суровини) за централната локација која од своја страна е поспецијализирана и попродуктивна. Тие помали локации се поддржани од уште помали, кои претставуваат пазари и снабдувачи за поголемите. Урбаните центри располагаат со специјализирани дејности кои го опслужуваат целиот регион (професионални специјалисти, како на пример инвестициони банки, адвокатски услуги, седишта на корпорации, хирурзи, непрофитни организации). Кога жителите на многу мало место имаат

потреба од специјализиран производ или услуга, тие мораат да патуваат до централната локација, иако слични такви производи и услуги, но со помал квалитет и пониско ниво на специјализираност можат да најдат и во рамки на сопствените заедници.

Моделите за регионален развој на руралните области во голема мера се потпираат на теоријата на централна позиција од аспект на алокација на ресурсите, базирајќи се на претпоставката дека развојот на централната позиција ќе ја подобри економската благосостојба на целиот регион. Оваа теорија има своја примена и во урбаниот и во руралниот локален економски развој, но важно е да се направи разлика помеѓу функциите на различните месни области - некои од нив ќе се претворат во регионални урбани центри кои ќе го опслужуваат целиот регион, а други ќе останат мали селски и приградски населби кои ќе им служат единствено на локалните заедници.

### *3.7. Теорија на атрактивност*

Се заснова на теоријата на локација и е најупотребувана теорија на економски развој на заедниците. Според оваа теорија, заедниците од целиот свет иницираат различни политики и програми за привлекување на инвестиции, компании, нови мигранти, претприемачи, со цел да постигнат конкурентска предност во однос на другите заедници и локации со слични ресурси и развојни капацитети. Основната претпоставка на оваа теорија е дека локалните заедници можат да ја променат својата пазарна позиција преку нудење на пакети и субвенции, а за возврат новите економски активности ќе генерираат даночни приходи и зајакната економска благосостојба за членовите на локалната заедница. Новиот пристап во привлекување е промена на фокусот од традиционални индустрии и фабрики кон претприемачи, а во тој контекст многу локални заедници се пренасочија од привлекување на бизниси, кон специфична категорија на популација. Овој пристап е особено ефективен во руралните области, каде што факторот квалитет на живот може да привлече нова популација која би водела кон зголемен економски развој поради зајакнатата база на внатрешна потрошувачка или пак извозно ориентираните фирми кои потенцијално ги создаваат новите

мигранти. Во склад со развојот на технологијата и предизвиците на новиот К-бран, многу локални заедници се насочуваат кон креирање на „мрежи на знаење и иновации“ кои би делувале како инкубатори за високо-технолошки компании. Ваквите области, на својот пат кон привлекување нови инвестиции и креирање одржлив развој се претвораат во природни претприемачки центри поради развојот на специфичен и препознатлив стил. Route 128 во Масачусетс, Силиконската долина во Калифорнија и Триаголникот Северна Каролина се примери за локалитети кои добиле таков препознатлив стил и репутација на иновативни центри, а станале воедно и глобално конкурентни.

Во теоријата на атрактивност, заедниците се целосен производ. Тие се стремат да станат препознатливи брендови - локалитети и територии кои се нудат на пазарот на инвестиции и капитал. Како такви, мораат да бидат соодветно „спакувани“ и „изложени“ на препознатливи медиуми кои ги истакнуваат нивните предности во однос на другите заедници.

## 4. Иницијативи, инструменти и практични примери на економска локализација

Економската локализација со себе повлекува низа културни специфики кои укажуваат на фактот дека нема модел кој би одговарал на секоја локација. Нејзината примена зависи од степенот на креативност и иновативност.

Честа е појавата на локални банки и кредитни фондови со цел да се зголеми капиталот кој им стои на располагање на локалните бизнис-иницијатори, а кампањите за купување на локални производи им контрираат на корпорациите кои уживаат субвенции на пазарот. Овие инструменти не само што спречуваат одлив на капитал туку ја исфрлаат на површина вистината за увезените стоки кои иако се произведени далеку и биле подложни на високи транспортни трошоци, сепак се поевтини заради негативните ефекти кои ги имале врз животната средина или, пак, разните поволности кои ТНК ги уживале. Поновата историја познава многу случаи кога бројни масовно организирани движења спречиле влез на глобални брендови  на локалниот пазар (полските активисти успеале да спречат изградба на McDonald’s ресторан во еден стар дел на Краков,

активисти од САД и Канада работат на тоа да ги заштитат своите работни места од налетот на „Вол-Март“, итн.).

Најефикасен начин за задржување на капиталот во локалната заедница е создавање на локални валути. Ако формалната економија не успее на луѓето да им ги обезбеди стоките и услугите кои им се потребни за живот, тие ќе креираат систем на неформална економија заснована на корисности за заедницата. Вакви системи постојат одамна и тоа насекаде во светот, во форми на организирани локални валути (Канада, САД, Европа и Австралија). Тие се легални и лесни за управување и нудат алтернативен начин за замена на системот кој секако ги напушта.

Формалната валута не ги оствари своите потенцијали на глобална хомогенизација заради фактот дека е монополизирана од тесна финансиска и глобално владејачка структура потпомогната од механизмите на меѓународните финансиски институции. Нејзиното генерирање е монополизирано, а нејзината дистрибуција е подложна на политичка манипулација - факти кои ја прават достапна само за повластено малцинство. Постојат во глобала три основни начини на кои конвенционалната валута е дисфункционална: 1) никогаш ја нема во доволна количина таму каде што е потребна; 2) не е правилно распоредена и оди само по каналите на оние кои веќе располагаат со неа и 3) систематски ги прави сиромашните посиромашни, а богатите уште побогати. Симптомите на загаденост на изворот на конвенционалната валута ни се добро познати: инфлација, невработеност, финансиски кризи и банкротства, хипотекарни кредити и јаз помеѓу екстремно богати и екстремно сиромашни. На сцена се појавува локалната валута како алатка за минимизирање на ударите од системот во распад. Контролата ја преземаат локалните заедници кои создаваат систем на локална валута. Таа е легален инструмент чија циркулација не е поттикната исклучиво од желбата да се премости јазот помеѓу тоа колку заработува поединецот и колку му е потребно за да преживее. Повеќе од тоа - локалната валута е алатка за градење на една цела заедница.

Историски гледано, локалната валута и претходи на конвенционалната. Дури со Законот за сојузни резерви од 1913 година се пропиша официјалниот централен банкарски систем. Пред тоа, законската валута била заснована на разни материјални добра. Во текот на Големата светска депресија, потврди за

сопственишто над акции често се користеле како замена за стоки и услуги, кога имало недостаток на долари. Тие потврди биле издавани од локални власти, училишни окрузи, разни служби, дури и од поединци. Валутата на една заедница е инструмент кој ја задржува реалната вредност внатре во локалниот систем. Денешните валутни заедници се различни и користат различни форми на локални валути. Некои од нив се вистински, печатени, други се само електронски поени. Заедничко им е тоа што се насочени кон изградба на локалната заедница. Тие како залог имаат реална вредност, нешто опипливо за кое заедницата се согласила дека има вредност.

### *4.1.Практични примери на примена на економија на локалните заедници*

Разноликоста на економиите во светот е солидна основа за различни можности за креирање на заедници кои функционираат на фер основа. На тој начин, процесот на глобализација се доживува како трансформирачки социјален процес, а не како природна сила. Типичен пример е Mondragon Cooperative Corporation, комплекс кој е распространет низ 14 земји, со седиште во регионот на Баските во Шпанија и е организиран според принципот на работничко сопственишто. Друг пример е LETS (трговски систем на локална размена) кој користи локална „валута“ за размена на услуги или самопроизведени стоки во рамки на локалната заедница.[153]

Пример 1

*Корпорацијата Мондрагон* е федерација на работнички кооперативи со седиште во Баскија. Таа е десетта најголема компанија во Шпанија според обртот на средства и водечка бизнис-групација во Баскија. На крајот од 2014 година имаше 74.117 вработени и 257 компании и организации активни во четири области: финансии, индустрија, малопродажба и знаење.[154] Овие кооперативи го применуваат хуманистичкиот концепт на бизнис, филозофија на партиципативност и солидарност и остварување на заеднички вредности.

[153] Ibid.
[154] http://www.theguardian.com/world/2013/mar/07/mondragon-spains-giant-cooperative.

Правилата на работа се одобрени од мнозинството на Конгресот на кооперативи, кој ги регулира активностите на владејачките тела на корпорацијата. Конгресот ги одобрува генералните политики кои се креираат партиципативно и влегуваат во четиригодишните стратешки и годишни бизнис-планови на индивидуалните кооперативи и на целата федерација. Оваа рамка на бизнис-култура е структурирана според 10-те основни принципи на кооперативност: 1) отворен пристап, 2) демократска организација, 3) суверенитет на трудот и работниците, 4) инструментална и подредена улога на капиталот, 5) партиципативно управување и транспарентност, 6) солидарност во плаќањето, 7) внатрешна соработка, 8) социјална трансформација, 9) универзалност и 10) едукација.[155] Бизнис-практиката на оваа корпорација вклучува кооперативност и партиципативност на работниците во профитот, управувањето и сопственоста.[156] Најголема движечка сила е иновативноста и континуираното вложување во истражување и развој, со цел да се биде во тек со потребите и пазарните трендови. Мондрагон располага со свои патентирани технолошки процеси кои му овозможуваат релативна независност од надворешната конкуренција.

За разлика од работниците во другите компании кои мораат да одговорат на потребите на сопствениците на капиталот, дури и по цена на своите работни места, тоа не е случај со Мондрагон. Причината за одржливоста во вработеноста, според Emilio Sebrián, социјален директор на најголемата единица - Ероски супермаркет групацијата, најчесто е намалувањето на трошоците за плати во согласност со интерни заеднички договори, често откажувајќи се од дивидендите како сопственици на капиталот или пак преку намалување на платите на менаџерите, а не на работниците. Во 2009 година, кога најголем дел од компаниите во Шпанија мораа да вршат драстично отпуштање на работниците, додавајќи околу 3,5 милиони на списокот на невработени зависни од државна помош, Мондрагон не беше дел од тој процес. Платите на постојните работници се намалија за околу 5%, сè додека членовите кои останале без работа не најдат нови работни места. Како резултат на ваквата солидарност, беше затворена само

---

[155] Ibid.

[156] http://www.democracynow.org/2013/3/25/video_understanding_the_mondragon_worker_cooperative_corporation_in_spains_basque_country.

една кооператива од 30 вработени. Денес, едни од најуспешните кооперативи се токму оние на кои им била потребна помош во 2009 година и истите тие според принципот на солидарност им помагаат на останатите кои се соочуваат со финансиски проблем. Како и секоја друга европска компанија, Мондрагон се соочува со остра конкуренција од глобалната економија, особено поради ниските трошоци на работна сила од земјите во развој. Како одговор, тие инвестираат или купуваат компании во други земји во светот.[157]

Извор: http://www.theguardian.com/world/2013/mar/07/mondragon-spains-giant-cooperative.

Дали заедницата може да печати сопствени пари? Практиката покажува дека може и дека тоа е првиот чекор кон преземање на локалната економија во свои раце. Ние сме научени да користиме пари како средство за размена и веројатно подолго време нема да можеме да ја напуштиме таа практика. Парите ги разбираме како гаранција и креација од и на Народната банка. Историски гледано, парите се креирале на различни начини и форми. Валутите кои се издадени и циркулираат локално се јавуваат најчесто во период на економски кризи кога достапноста на официјалната валута е ограничена. Постои силно движење на т.н. „комплементарни валути“ кое им дозволува на локалните заедници да издаваат сопствени валути. Комплементарни се во смисла дека не се законско средство за плаќање, што значи дека не постои принуда во нивно прифаќање при размена на стоки и услуги и можат да се потрошат само на ограничени локации.

Пример 2

*Системи на локална трговска размена*

Трговскиот систем на локална размена (LETS) е локално иницирано, демократски организирано непрофитно локално здружение кое обезбедува информациски услуги за членовите на заедниците и води евиденција на

[157] Во моментов постојат околу 94 компании кои се простираат од Виетнам до Чиле, Мароко и Русија. Тие немаат квалитет на кооперативи.

трансакции на членовите кои разменуваат стоки и услуги преку користење на локално креирани кредитни поени.[158] LETS (local exchange trading system) - системот на локална трговска размена го креирал Мајкл Линтон од Комокс, Британска Колумбија во 1983 година. Како невработен компјутерски програмер, успеал да го детектира проблемот на оскудност - постоење на реални човечки вредности кои не можат да бидат валоризирани  и реализирани со пари. Исто така ги детектирал и недостатоците на системот на проста трампа - ако на водоинсталатерот му се потребни услуги од електричар, но на електричарот не му се потребни водоинсталатерски услуги, во тој случај трансакцијата не може да се реализира. Овие недостатоци лесно ги елиминирал преку системот на локална трговска размена кој ствара платформа за трговска размена помеѓу сите членови на локалната заедница. LETS функционира на следниов начин: ако личноста X и направи услуга на личноста Y, тогаш на X ѝ се припишуваат соодветен број поени во системот на регистрација (се кредитира за тој број поени), а Y се задолжува за истиот износ. Тоа е моментот на креирање на парите. По неколку дена, X ја повикува личноста Z за да добие услуга или производ од Z и наплатата ја врши од регистрираните кредитни поени добиени од Y. Во исто време се кредитира сметката на Z за договорената сума, кој кредит Z понатаму го користи за свои потреби. Сето тоа е регистрирано во еден централен систем. Не постои централно печатење на пари и институција одговорна за тоа, затоа системот се нарекува „заеднички кредитен систем". Во вака креираниот систем, масата на пари во оптек се зголемува и намалува според потребите и затоа никогаш не постои недостиг. Не се наплатува камата на заедничкиот кредитен систем, единствено надоместоци за административно управување (директориум кој нуди листа на понуда и побарувачка на стоки и услуги од заинтересирани граѓани во печатена или електронска форма). Единицата на размена останува таму каде што се креира, обезбедувајќи го потребното ниво на ликвидност, а најголемиот ресурс на заедницата - креативноста, продуктивноста и личните вештини не се ограничени од недостаток на конвенционална валута. Парите ја играат само улогата на единица мерка, техничко средство, а не цел сама за себе.  Членовите на заедницата постојано се опслужени со информации за понудата и побарувачката на локалниот пазар, како и салдата на нивните членови. Нема

[158] https://en.wikipedia.org/wiki/Local_exchange_trading_system.

печатена верзија на банкноти или ковани монети, туку им се дава специфично име на локалните валути во зависност од локалните околности (Beams, TEM, Bobbins) и се води евиденција на сите трансакции. Првобитниот систем започнал со само шест члена, а за четири години прераснал во систем од петстотини членови, вклучувајќи и фирми. Денес системот е проширен насекаде.

Системот за локална трговска размена има видлив позитивен перформанс во Австралија, во периодот кога Британија се приклучи кон заедничкиот пазар на Европската Унија со што Австралија го изгуби својот главен извозен пазар. Производството опаднало, резервите на храна наменети за тој пазар биле уништени, а невработеноста зела замав. Во 1992 година австралиската влада го повикала Линтон со цел да помогне во креирање на локален систем на трговска размена низ целата земја, со тоа што владата пристапила кон спроведување на финансиски обуки, создавање на јавен публицитет и инсталирање на компјутерска опрема. Според некои процени, во Западна Австралија, системот на локална трговска размена продуцирал вредност од 3 милиони австралиски долари.

Секако, системот на локална трговска размена има свои недостатоци и проблеми. Еден од нив е ситуацијата кога одредена личност троши многу повеќе отколку што е спремна да плати. Сепак, самиот систем се базира на начелото дека членовите се спремни да обезбедат и гарантираат фер размена и секој што постапува според добри намери избегнува ситуација во која самиот би се довел до тоа да биде исклучен од системот. Секоја трансакција во ваквиот алтернативен валутен систем е врз основа на обострана согласност. Друг проблем е одредувањето на вредноста на трансакцијата со локалната валута. Во пракса, најчесто вредноста кореспондира со вредноста на официјалната валута, но постојат и тенденции на оддалечување од конвенционалното вреднување на трудот заради елиминација на лоцираните неправди.

Позитивна страна на овој систем е фактот што се враќа човечката димензија во локалните заедници. Луѓето се доживуваат непосредно, а не според титулата која ја имаат и на површина излегува нивната креативност, нивните споредни вештини и хобија, а не само главната струка. Системот игра круцијална улога во структурно преобразување и градење на локално и регионално засновани економии контролирани од заедницата.

Покрај LETS, постојат и други локални системи на плаќање: 1) Итака часови

(каде што трудот е деноминиран во временски единици за кои се доделува соодветна вредност) и 2) временски долари (со секој час труд се заработува иста вредност, без разлика на вештините кои ги поседува поединецот).

Во контекст на актуелните случувања во Грција, вреден за спомнување е случајот со користење на локалната валута ТЕМ. Според Christos Papaioannou, кооснովач на ТЕМ во градот Волос и еден од 1.000 регистрирани корисници на алтернативната валута „парите се тешко достапни, но луѓето сé уште ги имаат истите знаења и вештини како и пред кризата“.[159]

ТЕМ е софистицирана форма на бартер, чие име потекнува од грчкиот акроним за локална алтернативна валута. Основана е во 2010 година во првите месеци од финансиската должничка криза со само неколку членови. Денес, поголемиот дел од локалните бизниси се дел од оваа мрежа, кои успеваат на алтернативен начин, во недостаток на евра, да ги продадат своите стоки и услуги. Во секој случај, употребата на ТЕМ е строго лимитирана на приватните бизниси кои врз доброволна основа стануваат дел од овој систем, но сепак, финансиските обврски кон државата, комуналните услуги и слично мораат да се платат во официјалната валута.

Пример 3

Форма на локална валута која стана популарна во Велика Британија е *локалната фунта во печатена форма* според примерот на Berkshares, локална валута од Масачусетс. Поединечни градови од Велика Британија печателе сопствена локална валута (Lewes Pounds, Brixton Pounds, Bristol Pounds, Stroud Pounds, Totnes Pounds) кои претставуваат еквиваленти на фунтата стерлинг. Локалната валута се печати од организација која чува еквивалент на фунта стерлинг како покритие на локалната валута. Луѓето ја заменуваат локалната валута за одредени процентни поени во локалните продавници, кои често одредуваат попусти или пак назначуваат рокови на истекување на локалната валута со цел да охрабрат фреквентни трговски трансакции. Во Брикстон,

[159] Извор: The Wall Street Journal. http://www.sigmalive.com/en/news/greece/133701/tem-alternative-currencies-flourish-in-greece#sthash.AL0kEIn6.dpuf.

постои партнерство со локалниот совет, така што вработените можат да одлучат да земат дел од месечната плата во локална валута, Брикстон фунта. Се појавува во 2009 година во печатена форма, а веќе во 2011 се јавува нејзина електронска верзија и вклучува околу 250 бизниси. Во Бристол, според договорот со Кредитната унија, некои од локалните даноци и такси исто така можат да бидат платени во локална валута, Бристол фунта.[160] Локалните валути во печатена форма не креираат нови пари, затоа што имаат покритие во официјалната валута.

**Локална валута во печатена форма - банкноти**




Извор: http://www.reconomy.org/economic-enablers/alternative-means-of-exchange/complementary-currencies/.

Пример 4

*Временските банки* се друга форма на заеднички кредитен систем каде што валутата е претставена во часови. За секој час кој учесниците го депонираат преку давање на помош или поддршка на други, тие имаат можност да искористат помош во еквивалентно времетраење кога за тоа ќе имаат потреба. Во најголем дел од заедниците, овој метод се користи при давање на социјални услуги на индивудуи кои имаат реална потреба. Во Велика Британија временското банкарство е поддржано од владата, која обезбедува обуки за заинтересирани учесници.

[160] Како куриозитет, првиот градоначалник на Бристол е платен во локалната валута, Бристол фунта.

# II Децентрализацијата како почетна фаза на економската локализација

## 1. Пренасочување на моќта на носење одлуки

Постулатите на современото разбирање за едно демократско општество се во спротивност со практичните тенденции на функционирање на глобалната економија. Ако тврдиме дека демократската власт е власт на народот и за народот, во тој случај тешко би го окарактеризирале како демократски сегашниот политички систем во кој граѓаните гласаат свои претставници како носители на моќ на одлучување во нивно име, а немаат влијание врз процесите на носење одлуки помеѓу два изборни циклуси. Напротив, таа моќ суптилно им е доверена на богатите финансиски моќници кои од јадрото на корпоративната држава се шират како октопод до најмалата клетка - локалната заедница, користејќи масовни и софистицирани јавни политички кампањи. Ако власта треба навистина да биде власт на народот, тогаш треба да му се дозволи непречено да учествува во носењето на одлуки за прашања кои директно се однесуваат на неговата благосостојба и опстанок. Учеството на граѓанинот во процесите на носење одлуки може единствено и ефективно да се реализира на локално ниво, таму од каде што потекнуваат ресурсите, каде што се чувствуваат проблемите и каде што се делат исти интереси помеѓу членовите на заедницата.

Во економскиот свет кој рапидно се менува, соодветните промени на перцепциите и разбирањето на економските текови доведуваат до транзиција кон економска локализација. Овој процес мора да биде проследен со промена во политиките на национално и меѓународно ниво. Ваквите политики мораат да го оттргнат фокусот од штитење на моќта на ТНК и слободната трговија, ограничувајќи ја притоа и нивната политичка моќ. На локалните иницијативи мора да им се даде простор за делување, кој е задушен од огромните државни субвенции кои корпоративната држава им ги нуди на моќните бизнис-елити. Со самиот факт на потпишување на одредбите за членство во Светската трговска организација и прифаќањето на политиките на кондиционалност на ММФ и Светска банка насочени кон стерилизирање на домашната економија и стварање

на круг на зависност од странски капитал, централните влади го пренесуваат водењето на своите економски политики на меѓународната бирократија која е оддалечена од животите на обичните граѓани, рамнодушна кон локалните проблеми и потчинета на мултинационалните компании. На тој начин уште повеќе сме се оддалечиле од суштината на демократските процеси. Глобалните економски ентитети не доаѓаат во локалните средини со цел да ги унапредат и да креираат нови работни места, туку за да извлечат профит онолку колку можат за што е можно пократко време. Отворањето работни места за нив има значење само доколку на тој начин можат поевтино да ја остварат својата цел кон извлекување на профит. Идеалот на една ТНК е да биде било каде (во контекст на сопствена корист) и никаде (во контекст на одговорноста која би ја сносела)[161]. Неопходно е да се постави граница на моќта на владејачкиот апарат и да се пренасочи текот на носење одлуки кон локалните заедници преку градење на цврста локална управа која ќе им ја врати демократијата и економската слобода на своите членови. Ваквиот децентрализиран систем на одржлива локална економија се гради постепено. Економската локализација мора да биде проследена со политичка локализација, а економската демократија да се изгради преку политичката демократија која ќе овозможи управување со економијата на ниво на локалната заедница.

## 2. Децентрализација - прв чекор кон локализација на економските активности

Неуспехот на централизираните административни форми на државна интервенција во комбинација со тенденцијата кон имплементација на теориите на слободен пазар преку политиката на макроекономска стабилизација и структурно прилагодување без реален успех, се доволна причина за премин кон децентрализација на економскиот развој.[162]

Процесот на децентрализација значи трансфер на надлежности и одговорност за вршење на јавни функции од централната власт кон подредени владини

[161] Мандер, Цери, Голдсмит, Едвард, Глобализација, аргументи против, 2005.
[162] http://www.ciesin.columbia.edu/decentralization/English/General/history_fao.html.

организации или кон приватниот сектор. Пристапот на развој „од горе надолу“ го заменува со пристапот „од долу нагоре“. Таа е важна алатка за зајакнување на економската ефикасност преку поставување на директни линкови помеѓу локалните потреби и доставувањето на услуги кон крајните корисници. Од тој аспект, реално е очекувањето дека децентрализацијата промовира раст. [163]

Децентрализацијата покрива широк спектар на концепти и се јавува во повеќе форми: политичка, административна, фискална и пазарна.[164] Сите тие имаат различни карактеристики, импликации врз политиките и услови кои треба да бидат исполнети за да бидат спроведени на успешен начин.

Политичка децентрализација. Таа има за цел да им додели на граѓаните и нивните избрани претставници поголема моќ во процесот на јавно носење одлуки. Ја поткрепува демократизацијата преку доделување на моќ на граѓаните за влијание во формулирање и имплементирање на политиките. Застапниците за политичка децентрализација претпоставуваат дека одлуките кои се донесени со поголема партиципација се порелевантни кон различните интересни групи во општеството за разлика од оние одлуки кои се донесени од страна на националните политички авторитети. Концептот имплицира дека изборот на претставници на власт од локалните заедници им овозможува на граѓаните поголема ефикасност поради фактот дека имаат полесен пристап до информации за потенцијалните кандидати, а од друга страна, пак, избраните претставници на власта имаат можност подобро да ги запознаат потребите на своите конституенти. Политичката децентрализација подразбира уставни и статутарни реформи, развој на плуралистички модел на политички партии, зајакнување на легислативата и креирање на локални политички единици.

Административна децентрализација. Административната децентрализација врши редистрибуција на авторитетот и надлежностите за обезбедување на јавни услуги помеѓу различните нивоа на власт. Таа се однесува на трансфер на надлежност за планирање, управување со одредени јавни функции од централната власт и

[163] Hammond, George W. ,The Impact of Local Decentralization on Economic Growth: Evidence from U.S. Counties, (West Virginia University) Mehmet S. Tosun (University of Nevada), Discussion Paper No. 4574 November 2009.
[164] Rondinelli, Dennis , World Bank Institute Intergovernmental Fiscal Relations & Local Financial Management Program, What is decentralization? Decentralization Briefing Notes.

нејзините агенции кон подредени тела и пониски нивоа на власт, полуавтономни јавни авторитети или корпорации или пак регионални и функционални авторитети. Административната децентрализација има три значајни форми: деконцентрација, делегација и деволуција - секој од нив со посебни карактеристики.[165]

*Деконцентрацијата* значи редистрибуција на моќ за носење одлуки и финансиски и управувачки надлежности помеѓу различни нивоа на централна власт и поради тоа се смета за најслаба форма на децентрализација. Се употребува најчесто во унитарни држави. Во рамките на овој концепт, политиките и можностите за локален инпут варираат - деконцентрацијата може да се однесува само на поместување на надлежности од централно ниво во главниот град кон регионите и провинциите или пак може да значи креирање на зајакната теренска администрација или локален административен капацитет под супервизија на министерствата од централна власт.

*Делегацијата* е поекстензивна форма на децентрализација. Преку делегација, централните власти трансферираат надлежност за носење одлуки и администрација на јавни функции на полуавтономни организации кои не се целосно контролирани од централната власт, но се ултимативно одговорни пред неа. Владите делегираат надлежности кога креираат јавни претпријатија, корпорации за регионален развој или пак специјални единици за имплементација на проекти. Обично, сите тие имаат високо ниво на дискреција при носење на одлуки. Може да се изземени од ограничувањата на регуларните државни служби и да наплатуваат директно за доставување на услуги кон крајните корисници.

*Деволуцијата* значи трансфер на авторитет за носење на одлуки, финансирање и управување кон квазиавтономни единици на локална власт. Деволуцијата обично трансферира надлежности за доставување на услуги врз општини кои избираат свои градоначалници и совети, прибираат сопствени приходи и имаат независен авторитет да носат одлуки за инвестиции. Во таков систем, локалните власти имаат јасни и законски признати географски граници во чии рамки имаат

[165] http://www.ciesin.org/decentralization/English/General/Different_forms.html.

авторитет да спроведуваат надлежности и вршат јавни функции. Токму овој тип на децентрализација најмногу кореспондира со политичката децентрализација.

Фискална децентрализација. Финансиската одговорност е суштинска компонента на децентрализацијата. Ако локалните власти или приватни организации спроведуваат децентрализирани функции, за да го направат тоа ефективно, мораат да располагаат со соодветни приходи кое се генерирани или локално или пак се трансферирани од централната власт, заедно со соодветен авторитет да носат одлуки за трошење на генерираните средства. Фискалните приходи можат да потекнуваат од различни извори: директна наплата од крајни корисници за доставени јавни услуги; кофинансирање со учество на крајните корисници; приходи од даноци на имот или на промет; локални такси и јавни давачки; како и авторизација за позајмување на финансиски средства на пазарот на пари и капитал.

Економска и пазарна децентрализација. Најкомплетни форми на децентрализација од аспект на власта се приватизацијата и дерегулацијата. Тие пренасочуваат надлежности за вршење на функции од јавниот кон приватниот сектор и дозволуваат функции кои претходно биле примарно и ексклузивно право и надлежност на централната власт, да бидат спроведувани од страна на бизнис-групи, приватни компании, волонтерски организации и невладини организации. Приватизацијата и дерегулацијата обично се придружени со економска либерализација и политики на развој на пазарот.

Приватизацијата може да варира во својот обем и интензитет од доставување на стоки и услуги врз основа на целосно слободно делување на пазарот, до креирање на јавно-приватни партнерства во кои власта и приватниот сектор соработуваат. Приватизацијата вклучува и дозволување на приватни претпријатија да вршат функции кои претходно биле монополизирани од власта. Исто така може да вклучи најмување на комерцијални фирми за вршење на управувачки функции врз процеси на обезбедување на јавни услуги. Во шеми на приватизација спаѓаат и случаи кога програми од јавниот сектор се финансираат преку пазарот на капитал со адекватна регулатива и со дозволена партиципација на приватни компании.

Дерегулацијата е процес кој се однесува на редуцирање на законските ограничувања врз учество на приватниот сектор во доставување на услуги или пак дозволува конкуренција помеѓу приватните добавувачи за доставување на услуги кои претходно биле доставувани од страна на владата или преку регулирани монополи.

Последниве години, приватизацијата и дерегулацијата како главни постулати на глобалната економија и нејзините агенти, меѓународните финансиски и трговски институции, станаа многу атрактивни алтернативи на државните власти за обезбедување на јавни услуги во земјите во развој. Сличен тренд постои и кај локалните власти во однос на доставување на услуги или администрација.

Сите видови и форми на децентрализација можат да помогнат кон проширување на партиципацијата во политичките и економските активности и придонесуваат за надминување на проблемот на „тесно грло“ при носење на одлуки кои се однесуваат на животот и благосостојбата на членовите на локалната заедница. Децентрализацијата ги поедноставува комплексните бирократски процедури и ја зајакнува сензитивноста кон локалните потреби. На ваков начин, можностите на членовите на локалните заедници за партиципација во креирање на сопствените услови за економски опстанок се зголемени, што повратно води кон креирање на политичка стабилност и економски просперитет. Сепак, ваквите потенцијални користи не секогаш се остваруваат во пракса. Пред да се стават во функција механизмите на децентрализација, мора правилно да се проценат и идентификуваат најниските организациски нивоа на управување кои можат да ги вршат функциите ефикасно и ефективно, како и најадекватната форма и степен на приватизација и дерегулација.

## 3. Историја и почетоци на процесот на децентрализација во Република Македонија

Пред осамостојувањето (во текот на 70-тите и 80-тите години од минатиот век) во Република Македонија функционираше двостепен систем на управа во облик на општини и окрузи. Општините имаа широки ингеренции, вклучително во областа на економијата. Сепак, јазот помеѓу развиените и помалку развиените

општини се прошируваше, а во исто време се чувствуваше оддалеченост на големите општини од реалните проблеми и потреби на граѓаните. Следствено, ваквиот наследен модел на локална самоуправа се покажа како несоодветен и рестриктивен во смисла на развојот. Истражувањата покажале дека додека една третина од општините беа развиени, исто толку беа многу слабо економски развиени.[166] По распадот на југословенскиот модел на самоуправување, независноста на новата македонска држава создаде потреба од консолидирање на моќта на централната држава. Транзиционите реформи на системот на локална самоуправа во Република Македонија беа иницирани со Уставот од 1991 година кој го гарантираше правото на локална самоуправа како уставна основа.[167] Со систем од 34 општини кој во тој период сè уште се сметаше за еден од најдецентрализираните во Европа[168], Република Македонија го започна својот самостоен економски развој во насока на високоцентрализирана држава.

Периодот на транзиција од 1991-1999 година опфати неколку иницијативи за измена на системот на локална самоуправа. Покрај Законот за локална самоуправа (1995) се донесе и Закон за територијална поделба и определување на подрачјата на единиците на локална самоуправа (1996) со кој бројот на општините се зголеми на 123 плус градот Скопје како посебна единица на локална самоуправа и се донесе Закон за Град Скопје (1996 година). На овој начин, се створи една парадоксална институционална основа која од територијално-географски аспект беше насочена кон децентрализација, но од легален аспект премина во централизиран модел на управување во кој единиците на локална самоуправа добија ограничени надлежности во клучните области кои задираат во економскиот развој - урбанистичкото планирање и комуналните дејности.

Ваквиот модел, во склад со паралелните политики на централно ниво за стабилизација и структурно прилагодување на македонската економија со цел да се имплементира економската и пазарна децентрализација потпомогнати од политиките на меѓународните финансиски иституции под чија капа се одвиваа целокупните економски реформи, се покажа економски неефикасен за остварување на крајната цел и резултираше со креирање на феноменот на

---

[166] http://www.pravdiko.mk/istorija-na-lokalnata-samouprava-vo-republika-makedonija/.
[167] Силјановска Давкова, Гордана , Митков, Владимир, Локална самоуправа Скопје, 2004, стр. 155.
[168] Извештај за проценка на децентрализацијата 2006-2011, Мисија на ОБСЕ Скопје,декември 2011, стр. 3.

корпоративна држава која ја презеде функцијата на основен агент на економскиот развој. Неизбежни беа дополнителни реформи насочени кон поголема автономија на единиците на локална самоуправа, во склад со напорите за исполнување на критериумите за членство во Европската Унија.
Дополнителна основа за реформи создаде и промената на изборниот систем, каде што моделот на индиректни избори беше заменет со систем на директни избори што создаде можност за промена на организационата структура на единиците на локална самоуправа со директен избор на систем градоначалник - совет. Реформскиот процес кон зајакнување на автономијата на локалната самоуправа започна кон крајот на ’90-тите години. Во 1997 година Парламентот ја ратификува Европската повелба за локална самоуправа, кон крајот на 1998 беше формирано Министерството за локална самоуправа, а во 1999 година се усвои првата стратегија за децентрализација. На тој начин, формално се прифатија европските стандарди за пренос на надлежности од централните на локалните власти - општините. Импетус на процесот му даде потпишувањето на Охридскиот рамковен договор (ОРД) во 2001 година, кој ги постави темелите на понатамошна децентрализација со забрзано темпо. Ваквите реформи се одвиваа во услови кога изворите на финансирање на локалните надлежности беа на многу ниско ниво.[169]

## 4. Развој на процесот на децентрализација и пренос на надлежности од централно на локално ниво

По потпишувањето на Охридскиот рамковен договор во 2002 година, се усвои Закон за локална самоуправа (2004), со кој се зајакнаа овластувањата на избраните локални претставници и значително се зголемија општинските надлежности во согласност со Европската повелба за локална самоуправа. Во рамки на пакетот закони за децентрализација се донесоа и Закон за територијална организација на единиците на локална самоуправа, Закон за финансирање на единиците на локална самоуправа и Закон за Град Скопје

[169] http://www.pravdiko.mk/istorija-na-lokalnata-samouprava-vo-republika-makedonija/.

(2005). Тековниот процес на децентрализација на надлежностите од централно на локално ниво на управа официјално започна на 1 јули 2005 година и вклучи две главни компоненти: административен трансфер на човечките ресурси и имот на општините и финансиски трансфери од централно на локално ниво. Првично, територијалната организација вклучуваше 84 општини и Град Скопје, како независна единица на локална самоуправа. Со измените на Законот за територијална организација од 2013 година бројот на општините изнесува 80 без Град Скопје.[170] Иако се различни по големина, број на жители, територија, рурален или урбан карактер, густина на населеност и економски потенцијал за креирање на одржлив развој, сите општини имаат еднаков статус, односно Република Македонија го прифати монотипниот карактер на единици на локална самоуправа. Сите единици на локална самоуправа се одговорни за имплементација на следниве 12 надлежности:[171]

1. урбанистичко и рурално планирање;
2. заштита на животната средина;
3. локален економски развој;
4. комунални дејности (водоснабдување, канализација, јавна хигиена, управување со отпад, јавен превоз, изградба и одржување на локални патишта);
5. култура;
6. спорт и рекреација;
7. социјална заштита и заштита на деца;
8. образование (основно и средно);
9. здравствена заштита;
10. активности за заштита и спасување на граѓаните и добрата;
11. противпожарна заштита;
12. надзор врз вршењето на општинските надлежности.

---

[170] Со новите измени на Законот за територијална организација, општините Зајас, Осломеј, Вранештица, Другово и Кичево се споија во една општина (Кичево). Логиката за ваквата промена содржи политичка конотација, иако и од економски аспект малите рурални општини во овој регион немаат капацитет за самостојност и одржливост.

[171] Закон за локална самоуправа, Службен весник на РМ бр. 05/2002, член 22.

За да се забрзаат активностите за имплементација на процесот на децентрализација на надлежности во 2003 година Владата усвои Оперативна програма за децентрализација на надлежностите за периодот 2003-2004 година која го дефинираше временскиот распоред за донесување на потребните закони. Истата година се формираше и Меѓуресорска работна група за децентрализација заедно со Координативно тело на државни секретари со цел да се координира имплементацијата на процесот. Се потпиша и Меморандум за соработка со Заедницата на единици на локална самоуправа (ЗЕЛС) и со Агенцијата за државни службеници[172] (како давател на обука на локалните државни службеници за имплементација на новостекнатите надлежности), формализирајќи го нивното партнерство со централната власт во имплементација на процесот.

Законски пропишаните надлежности од централно на локално ниво беа пренесени во согласност со двете тригодишни Програми за имплементација од 2004-2007 и 2008-2010 и Деталниот план за пренос на надлежностите и ресурсите во процесот на децентрализација од април 2005-та.

Со цел да се овозможи процесот на пренос на надлежности, средства, објекти и вработени од централно на локално ниво на власт, беа донесени и изменети повеќе од 80 закони со кои се регулира процесот на децентрализација. Законите кои директно се однесуваат на регулирање на пренесените надлежности се дадени во табела 9.

**Табела 9 Релевантни закони кои го регулираат процесот на децентрализација**

| | |
|---|---|
| Урбанистичко и рурално планирање | 〉 Закон за одредување на имиња на улици, плоштади и други инфраструктурни ибјекти<br>〉 Закон за јавни патишта<br>〉 Закон за водоснабдување и канализација<br>〉 Закон за јавен превоз |
| Заштита на животна средина | 〉 Закон за заштита на природата |

[172] Агенцијата за државни службеници според најновите законски измени од областа на реформи во јавната администрација се нарекува Агенција за администрација со драстично намалени овластувања и надлежности во спроведување на реформските процеси. Нејзините надлежности се пренесени на Министерството за информатичко општество и администрација.

| | |
|---|---|
| | 〉 Закон за животната средина / управување со отпад<br>〉 Закон за квалитет на воздух |
| Локален економски развој | 〉 Закон за угостителство<br>〉 Закон за туризам<br>〉 Закон за занаетчиство<br>〉 Закон за трговја |
| Култура | 〉 Закон за култура<br>〉 Закон за музеи<br>〉 Закон за меморијални споменици<br>〉 Закон за библиотеки |
| Спорт и рекреација | 〉 Закон за спорт |
| Социјална заштита и заштита на деца | 〉 Закон за социјална заштита<br>Закон за заштита на детето |
| Образование (основно и средно) | 〉 Закон за основно образование<br>〉 Закон за средно образование |
| Здравствена заштита | 〉 Закон за здравствена заштита<br>〉 Закон за инфективни болести и заштита на населението |
| Активности за заштита и спасување на граѓани и добра | 〉 Закон за одбрана<br>〉 Закон за заштита и спасување |
| Надзор врз извршувањето на општинските надлежности | 〉 Закон за инспекција во образованието |
| Друго | 〉 Закон за комунални даноци<br>〉 Закон за административни даноци<br>〉 Закон за даноци на имот |

Во 2008 и 2009 година Парламентот усвои дополнителни закони со цел дополнително да се регулира имплементацијата на општинските надлежности. Законот за меѓуопштинска соработка ги дефинира инструментите за стимулирање на соработка помеѓу општините за поефикасна и ефективна

имплементација на пренесените надлежности, а со Измените на Законот за градежно земјиште од јули 2011 година, општините се стекнаа со право директно да управуваат со градежното земјиште кое се наоѓа на нивната територија независно од централната власт, секако по исполнување на пропишани критериуми во врска со нивниот капацитет и спремност. До 2015 година, вкупно 42 општини се стекнаа со ова право.[173]

Во септември 2011 година централната власт донесе нова тригодишна Програма за имплементација на процесот (2012-2014). Фокусот на програмата беше ставен на фискалната децентрализација и општините кои сè уште немаа преминато во втората фаза, градење на капацитетите на општините за управување со долговите, унапредување на законската рамка за оптимизирање на финансирањето на имплементацијата на надлежности, зголемување на инклузивноста на граѓаните во носење на локалните политики и обезбедување на непречен и еднаков регионален развој и намалување на постојните диспаритети помеѓу општините.

Најновата Програма за одржлив локален развој и децентрализација во Република Македонија се донесе за периодот 2015-2020 година. За разлика од претходните плански документи кои беа посветени на воспоставувањето на правната и институционалната рамка во која функционира системот на локална самоуправа и на трансферот на надлежностите и ресурсите од државата до општините, фокусот на новата програма целосно е поставен врз целите на одржливиот локален развој, доброто владеење и создавање на поактивна, поефективна, иновативна и динамична улога на локалните власти во остварување на националните цели за раст и развој.[174] Квалитетот на програмата се заснова на прифатените европски трендови (развојната агенда Европа 2020) според кои развојот на локалната економија е функција на знаење, иновативност и одржливост.

Сите овие реформски процеси се насочени кон создавање на платформа за економска демократизација и суштинска демонополизација, односно доближување на моќта за носење одлуки до граѓаните и формален трансфер на одговорноста за собирање, планирање, управување и користење на ресурсите од централно на локално ниво.

[173] Информацијата е добиена од Заедницата на единици на локална самоуправа (ЗЕЛС).
[174] Програма за одржлив локален развој и децентрализација во Република Македонија 2015-2020, стр. 1.

## 5. Фискална децентрализација

Паралелно на процесот на административната децентрализација и преносот на надлежности од централно на локално ниво се одвива и процесот на фискална децентрализација. Таа е нераскинлива компонента на целокупниот процес на децентрализација, чија крајна цел е економска одржливост и самостојност во функционирањето на единиците на локална самоуправа. Повисокото ниво на автономија на општините повлекува и зголемено овластување за креирање на сопствена финансиска платформа и капацитет за финансиска одржливост.

Во доменот на финансирање на единиците на локална самоуправа можеме да разграничиме четири периоди и тоа[175]:

- од 1991 до 1996 година;
- од 1996 до 2005 година;
- од јули 2005 година;
- од септември 2007 година.

За првиот период не постои посебен закон за финансирање на општините. Тоа се регулираше со различни законски и подзаконски акти што создаде ситуација на несигурност и нетранспарентност. Во најголем дел трансферот на финансии потекнуваше од централниот буџет и тоа на многу субјективизиран и политизиран начин. Во овој период, сите буџети на општините учествуваа со не повеќе од 0,5% во БДП, што пак беше сериозен индикатор за висок степен на централизација на економските активности.[176] Администрирањето на даноците и таксите кои се трансферираа на општините ги извршуваа централните финансиски институции.

Во 1996 година започна вториот период, во кој со посебен законски акт (Законот за локална самоуправа од 1996) се регулираа изворите на финансирање на општините во земјата. Тие вклучуваа: 1) дел од данокот на промет на стоки и услуги; 2) данок на имот, наследство и подарок и данок на промет на недвижнини и права; 3) земјишни такси, комунални такси и приходи од услуги; 4) приходи од сопствен имот; 5) приходи од донации од земјата и странство; 6) добивка од

[175] Извештај за процесот на фискална децентрализација во Република Македонија, Урбан Рурален Консалтинг, Скопје, октомври 2007, стр. 8.
[176] Ibidem.

јавните претпријатија основани од општините; 7) дел од добивката на државните јавни претпријатија кои остваруваат дејности на територија на општините; и 8) приходи од казни за непочитување на прописи на единицата на локална самоуправа. Администрирањето на сите даноци и такси беше во надлежност на централните институции, кои вршеа трансфер на локално ниво според утврдени критериуми. Се очекуваше дека најголем дел од финансиските средства на општините ќе се трансферира од данокот на промет на стоки и услуги (сегашен ДДВ), но тоа не се случи до 2005 година. Исто така, од државните претпријатија кои имаа свои подрачни единици во општините ниту еднаш не се случи да се трансферираат финансиски средства на локално ниво. Овој систем на финансирање иако можен на хартија, во реалноста се покажа како многу неприменлив и неадекватен.

Третиот период на финансирање на единиците на локална самоуправа започна на 1 јули 2005 година со официјалниот почеток на процесот на децентрализација според новиот пакет закони во согласност со Европската повелба за локална самоуправа. Овој период се однесува на првата фаза од фискалната децентрализација.

Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа од 2005 година предвиде фазен пристап во добивањето на поголеми финансиски надлежности на единиците на локална самоуправа кој требаше да се заснова на следниве принципи: 1) постепен пренос на надлежностите соодветно на капацитетот на општините да преземат финансиска одговорност; 2) праведно и адекватно обезбедување на средства за ефикасно и континуирано вршење на пренесените надлежности; и 3) намалување на средствата во државниот буџет на сметка на зголемување на сопствените приходи на општините за финансирање на надлежностите.

Централната власт утврди рокови во кои општините мораа да ги зајакнат внатрешните капацитети, а првата фаза на фискалната децентрализација започна со тоа што општините го добија правото да располагаат со следниве извори на приход:

1. сопствени приходи (локални даноци, локални такси, локални давачки, донации и самопридонеси);

2. трансфери од централниот буџет (наменски дотации за образование, социјална заштита, култура, противпожарна заштита, капитални дотации за изградба и одржување на патишта, приходи од ДДВ и персонален данок на доход); и
3. приходи од задолжување.

Пренесувањето на приходи од централниот буџет до единиците на локална самоуправа во првата фаза на фискалната децентрализација се вршеше во согласност со усвоените критериуми и услови на централната власт за дистрибуција на приходи генерирани од ДДВ, капитални и наменски дотации. Министерството за финансии се задолжи да ги информира општините преку буџетски циркулар за износот на приходите планирани во централниот буџет, а општините беа обврзани да направат планови за исплата на заостанатите долгови настанати пред 31 декември 2001 година. Понатаму, се постави услов најмалку 90% од општините кои покриваат најмалку 90% од населението, во рамки на општинската администрација да имаат најмалку двајца вработени квалификувани кадри за финансиски менаџмент, подготовка на буџет и негово извршување, сметководство и подготовка на финансиски извештаи и најмалку тројца вработени квалификувани кадри за евиденција и наплата на даноци.

Во јануари 2007 година Владата формира Комисија за оценување дали општините ги исполниле потребните услови за влегување во втората фаза на фискалната децентрализација. Комисијата се задолжи да поднесува тримесечни извештаи за резултатите на општините во подготовката за почеток на втората фаза. Две години по официјалниот почеток на процесот на децентрализација, во јули 2007 година, првата група од 42 единици на локална самоуправа заедно со Град Скопје влегоа во втората фаза на фискална децентрализација и со тоа започна четвртата фаза на финансирање на единиците на локална самоуправа во Република Македонија. Овие општини имаа обврска да ги исполнат следниве критериуми:

1. да ги исполнат сите претходно наведени услови за првата фаза;
2. да имаат адекватен кадровски капацитет за финансиски менаџмент;
3. да покажале позитивни финансиски резултати во последните 24 месеци;

4. да го информираат Министерството за финансии за своите финансиски резултати и Министерството да ги потврди резултатите;
5. да немаат заостанати долгови кон своите добавувачи и сите други доверители надвор од вообичаените услови на плаќање.

Иако законските обврски за влегување во втора фаза не беа исполнети, особено во делот на намирување на заостанатите долгови, заклучно со крајот на 2015 година, само една општина не успеала да премине во втората фаза на фискалната децентрализација.

Од 2005 година наваму во континуитет се прават напори за менување и прилагодување на законската основа за поволно финансиско опкружување на локално ниво. Тоа беше и главната цел на формираната Комисија за следење на развојот на системот на финансирање на локалната самоуправа, предводена од претставник на Министерството за финансии, вклучувајќи во својот состав претставници од другите ресорни министерства и организации чии надлежности задираат во работата на единиците на локална самоуправа (Министерство за локална самоуправа, Министерство за образование и наука, Министерство за труд и социјална политика и Заедницата на единици на локална самоуправа - ЗЕЛС). Оваа Комисија има улога во водење на политиките за договарање и предлагање законски промени до Владата кои се потребни за надминување на пречките во имплементација на процесот. Сепак, Комисијата не успеа да одговори на реалните барања на општините за јакнење на фискалната база и поголема финансиска независност и не ги оствари очекувањата на коректор на несовршеностите на примарно дизајнираниот систем на локално финансирање. Не постојат извештаи од седниците на Комисијата објавени на веб-страницата на Министерството за финансии, што зборува за нетранспарентноста на нејзината работа.

Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа ги пропишува изворите на финансирање на локалната самоуправа и со него општините се здобија со право самостојно да ги дефинираат стапките на локалните даноци, такси и надоместоци како главни извори на сопствени општински приходи.

Сопствени приходи. Во сопствени приходи спаѓаат оние извори на приходи за кои општинската администрација е единствено одговорна за прибирање и наплата.

Во ова група спаѓаат: 1) локалните даноци; 2) локалните такси; 2) локалните надоместоци; 4) приходите од сопственост, 5) донациите, 6) паричите казни и 7) самопридонесите.

Според законската регулатива, општините имаат право на 3% од приходите од персоналниот данок на доход (ПДД) од своите жители, додека останатите 97% одат во централниот буџет. На општините им е исто така дозволено да задржат 100% од ПДД од оние локални жители кои се занимаваат со занаетчиство. Приходите од ПДД се за општа намена и општините самостојно одлучуваат за начинот на нивното трошење. Данокот на имот е исто така нискодоходовна ставка во структурата на сопствени приходи, затоа што најголем дел од општините немаат ажурирана база на даночни обврзници, а даночните стапки се мали и се движат од 0,1 до 0,2% од пазарната вредност.[177]

Приходи од централен буџет и буџетите на фондовите. Приходи добиени од централниот буџет се следниве: 1) приходи од данокот на додадена вредност (ДДВ); 2) наменски дотации; 3) блок-дотации; 4) капитални дотации; и 5) дотации за делегирана надлежност.

Приходи од данок на додадена вредност се алоцираат до општините преку месечни трансфери од централниот буџет. Наменски дотации се дотации наменети за финансирање на конкретна активност и не може да се користат за друга цел. Капиталните дотации се во функција на финансирање на општински проекти за капитални инвестиции, а со блок-дотациите се финансираат надлежностите во областите утврдени со закон. Дотации за делегирана надлежност се трансфери од централниот буџет до општината и се користат за финансирање на надлежност која ѝ припаѓа на централната власт, но која таа одлучува да ја пренесе на некоја општина. Ресорните министерства и државните фондови се должни да ги објавуваат критериумите, постапките и роковите за дистрибуција на наменските и капиталните дотации на годишно ниво.

Многу важна измена на Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа е направена во 2009 година, кога Владата одобри постепено зголемување на износот на делот на ДДВ наменет за општините од 3 на 4,5% фазно до 2013 година. Сепак, ваквата измена е далеку од потребите и

---

[177] Закон за даноци на имот, Службен весник на РМ бр. 61/2004.

очекувањата на општините и во спротивност со барањата на ЗЕЛС, според која делот од ДДВ наменет за општините би требало да изнесува најмалку 6% од вкупниот национален агрегат. Овој приход се дистрибуира до општините според методологија предложена од министерот за финансии и усвоена од Владата. Општините добиваат фиксен износ од ДДВ-приходите, покрај варијабилниот износ кој се пресметува брз основа на претходно дефинирани критериуми утврдени со бројот на жители во општината, бројот на населени места и големината на општинската територија. Табела 10 дава подетален увид во методологијата за дистрибуција на ДДВ во 2011 година. Истата методологија е сè уште во сила.

**Табела 10 Редистрибуција на приходите од ДДВ на единиците на локална самоуправа**

<table>
<tr><th colspan="6">Приходи од ДДВ кои се трансферираат до единиците на локалната самоуправа</th></tr>
<tr><td>Фиксен дел</td><td colspan="5">Варијабилен дел</td></tr>
<tr><td rowspan="2">3.000.000 денари до секоја единица на локална самоуправа</td><td colspan="2">12% за Град Скопје и десетте општини во Скопје</td><td colspan="3">88% за општините надвор од Скопје</td></tr>
<tr><td>40% за Град Скопје</td><td>60% за десетте општини во Скопје</td><td>65% население</td><td>27% територија</td><td>8% населени места</td></tr>
</table>

Извор: Извештај за проценка на децентрализацијата 2006-2011, Мисија на ОБСЕ, Скопје, декември 2011.

Приходите од ДДВ се единствените ненаменски приходи кои потекнуваат од централниот државен буџет, што значи дека општините можат самостојно да одлучуваат како најдобро ќе ги искористат во согласност со локалните приоритети.

За финансирање на конкретни проекти, општините се зависни од надлежните министерства (Министерство за локална самоуправа, Министерство за сообраќај и врски, Министерство за образование и наука, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство) кои му предлагаат на Министерството за финансии критериуми за дистрибуција на наменските дотации.

Оние општини кои ги исполните критериумите и влегле во втората фаза на фискалната децентрализација добиваат блок-дотации за финансирање на образование, заштита на деца и стари лица, култура и здравствена заштита.

Критериумите и формулите за распределба на блок-дотациите се усвоени од централната власт. Владата исто така усвојува и годишна програма за финансирање на инвестициски проекти. Врз основа на програмата, ресорните министерства дистрибуираат капитални дотации до општините.

Приходи од задолжување. Со член 9 од Европската повелба за локална самоуправа се регулира правото на единиците на локална самоуправа да имаат пристап до пазарот на капитал за реализирање на инвестициони проекти. Според законската регулатива, општините во Република Македонија можат да се задолжуваат со стапувањето во втората фаза на фискална децентрализација на краток или долг рок, во земјата или странство, а сите пристигнати обврски кон добавувачите кои надминуваат деведесет календарски денови имаат третман на задолжување. Кај краткорочното задолжување, заемот треба да се врати до крајот на календарската година, а вкупниот износ на краткорочно задолжување не смее да надмине износ од 20% од реализираните вкупни приходи на тековно-оперативниот буџет на општината од претходната фискална година. Во тековно оперативниот буџет спаѓаат сите приходи на буџетот, освен дотациите од централниот буџет и буџетите на фондовите наменети за финансирање на капитални инвестиции, средствата од самопридонес и средствата обезбедени преку заеми. Услов за долгорочно задолжување на општината е вкупниот износ на непристигнатиот долгорочен долг на општината да не го надминува износот на вкупните приходи на тековно-оперативниот буџет од претходната фискална година. Друг услов кој општините мораат да го исполнат за долгорочно задолжување е вкупниот износ на годишно отплаќање на долгот да не надминува 15% од вкупните приходи на тековно-оперативниот буџет. Министерството за финансии ги пропишува критериумите кои една општина мора да ги исполнува од аспект на квалитетот на управување со локалните финансии за да добие дозвола за долгорочно финансирање. Со новите законски измени, лимитот на задолжување и кај краткорочното и кај долгорочното задолжување се хармонизира и се прошири на 30%. Во согласност со одредбите на Законот за хартии од вредност, по исполнување на критериуми и по обезбедено позитивно мислење од Министерството за финансии, општините се овластени и да издаваат обврзници на примарниот пазар на хартии од вредност.

Зголемувањето на фискалните овластувања на општините беше причина за воведување на солиден систем на ревизија и контрола над нивната работа. Според Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, поголемите општини со просечен годишен буџет над прагот од 3.000.000 денари во последните три години се обврзани да формираат сопствена единица за внатрешна ревизија, со најмалку двајца вработени. Општините со помали буџети можат да формираат заеднички административни одделенија за внатрешна ревизија преку формите на меѓуопштинска соработка. Покрај механизмите за внатрешна контрола и ревизија, Државниот завод за ревизија (ДЗР) врши периодични ревизии во одбрани општини во согласност со меѓународните ревизорски стандарди и дава препораки до градоначалниците и општинските администрации за подобрување на работните процедури и до Владата за соодветни законски измени со цел зголемување на ефикасноста на фискалната рамка.

## 6. Предизвици на практичната имплементација на децентрализираните надлежности во Република Македонија

### *6.1. Проблемот на оскудност со сопствени финансиски ресурси*

Од самиот почеток на имплементација на процесот, општините се соочуваат со големи предизвици и проблеми при извршување на надлежностите. Со посебна тежина се истакнува проблемот на недостаток на финансиски средства. Според истражувањата на Мисијата на ОБСЕ во Скопје кои го опфаќаат целокупниот период од почетокот на процесот на децентрализација, кон крајот на 2011 година, процентот на општини кои пријавиле финансиски недостаток е скоро 90% (шеесет и три општини од вкупно седумдесет и четири кои одговориле на прашалникот го потврдиле овој факт).[178] Општините имаат потреба од дополнителна финансиска поддршка од централната власт доколку сакаат да ги имплементираат пренесените надлежности. Другите проблеми - недостаток на административен капацитет, недостаток на соодветно законодавство и

[178] Извештај за проценка на децентрализацијата 2006-2011, Мисија на ОБСЕ во Скопје, декември, 2011.

недостаток на технички капацитет се засенети од доминантноста на финансискиот проблем. Нискиот административен капацитет за извршување на надлежностите го потврдиле само 4% од општините. Графиконот 12 дава приказ на поразителната состојба со финансиската оскудност и на тоа како овој проблем е перципиран од единиците на локална самоуправа.

**Графикон 12 Кој е најголем проблем во извршување на надлежностите?**




Извор: Извештај за проценка на децентрализацијата 2006-2011, Мисија на ОБСЕ, Скопје, декември 2011.

Прибирањето на средства од сопствени извори е на многу ниско ниво, иако според природата на системот на локално финансирање тие се најзначајни од аспект на самостојноста во носење одлуки за нивно користење.

Според теоријата на фискална децентрализација, општо правило е сопствените извори на приходи да покриваат мнозински дел од локалните расходи, што не е случај со ситуацијата на локално ниво во Република Македонија.[179] Најголемиот дел од сопствените приходи потекнуваат од еднократни наплаќања како што е надоместокот за уредување на градежно земјиште и пренос на недвижен имот. Приходниот прираст на годишниот данок на имот е прилично низок и достигнува ниво на околу 0,18% од БДП после седум години од почетокот на процесот.[180] Иако повеќе од двојно поголем од 2006 година, овој пораст не го достигнува просекот на другите земји во транзиција.[181] Во високоиндустријализираните

[179] Cyan, Dr. Musharraf R., Martinez – Vazquez, Dr. Jorge, Timofeev, Dr. Andrey, Fiscal Decentralization for Local Development, An Integral Study, UNDP, Skopje, Republic of Macedonia, Ministry of Finance, Atlanta, Georgia (USA), Georgia State University, May 2012, стр. 8.

[180] Ibidem.

[181] Property Tax Reform in Developing and Transition Countries, USAID, Fiscal Reform and Economic Governance Task Order, December, 2009, стр. 4.

земји, данокот на имот е значаен извор на сопствен приход и во просек изнесува повеќе од 2% од БДП.[182]

Следниот приказ дава податоци за стапката на наплата на планираниот данок на имот во 2010 година по број на општини.

**Табела 11 Стапки на наплата на планираните приходи од данок на имот во 2010 година според бројот и процентот на општините**

| Стапка на наплата | Број на општини | (%) |
|---|---|---|
| До 25% | 5 | 6,76 |
| 26% - 50% | 15 | 20,27 |
| 51% - 75% | 19 | 25,68 |
| 76% - 100% | 25 | 33,78 |
| Над 101% | 9 | 12,16 |
| Без одговор | 1 | 1,35 |
| Вкупно | 74 | 100,00 |

Извор: Извештај за проценка на децентрализацијата 2006-2011, Мисија на ОБСЕ, Скопје, декември 2011.

Само една четвртина од 74 општини кои дале податоци успеале да приберат приходи од данок на имот во интервалот 76%-100%. Многу мал дел (9 општини) имаат над 100%-на реализација, а кај најголем дел од општините стапката на наплата на овој локален данок е далеку под нивниот реален капацитет.

Во структурата на општински приходи, трансферите од централниот буџет се најголемата категорија на приходи, која изнесува 62,9% од вкупните локални приходи во 2010 година. До истиот заклучок се доаѓа и доколку се направи споредба на структурата на општинските приходи од 2010 година со претходните години од почетокот на процесот - трансферите и дотациите од централната власт (тековни и капитални) со растечки тренд се најголемата категорија во приходите на локалната власт.[183] Трендот на поединечните приходи на локалната самоуправа е прикажан во графикон 13.

[182] Ibidem.

[183] Растот кој се случи во 2008 година се базираше на воведот на блок-дотации за финансирање на активности од областа на образование и заштита на деца и стари лица.

**Графикон 13 Структура на приходите на локалната самоуправа 2005-2010**




Извор: Извештај за проценка на децентрализацијата 2006-2011, Мисија на ОБСЕ, Скопје, декември 2011.

Во делот даночни приходи, централните трансфери од ДДВ во износ од 3%-4,5% од вкупниот национален агрегат наменет за единиците на локална самоуправа ни оддалеку не отсликуваат состојба на фискална децентрализираност, иако според својата природа тие се единствени централни трансфери за чија распределба на расходната страна од локалните буџети општините самостојно одлучуваат.

## *6.2. Проблемот на задолженост на единиците на локална самоуправа*

Централната власт не го започна процесот на децентрализација од нулта точка, туку ги обремени општините со почетни долгови пренесени од претходниот систем на администрација. Единиците на локална самоуправа ги преземаа пренесените законски надлежности во пакет со долгови кои во мај 2004 година се проценуваа на околу 50 милиони евра (3,1 милијарда денари) или 1,4% од вредноста на БДП[184]. Долговите се заостанати неплатени обврски акумулирани пред 31 декември 2001 година, а искуството покажува дека доколку тие успеат да заштедат 15% од тековните оперативни расходи за исплата на овие долгови, на дваесет и четири од тогашните вкупно 84 тогашни општини би им требале повеќе од седум години да го исплатат својот долг, а на десет општини би им

[184] Информација за долговите на општините на Република Македонија, Влада на Република Македонија, Министерство за финансии, февруари, 2005.

биле потребни повеќе од 10 години[185]. Овие заостанати обврски имаат големо влијание на кредитоспособноста на македонските општини и на нивниот реален капацитет да користат кредитни инструменти за имплементирање на капитални програми, затоа што ова е форма на скриен оперативен дефицит со кој единиците на локална самоуправа го започнаа периодот на децентрализирано управување.

Радио Слободна Европа, 27.03.2011

**Охрид - втора фаза на децентрализација?**

*„Советот на општината едногласно донесе одлука за кредитно задолжување на Општина Охрид со долгорочен кредит од 6 милиони евра. Градот чека потпис и согласност од министерот за финансии Зоран Ставрески, како услов за добивање кредит од комерцијалните банки, наменет исклучиво за сервисирање на старите наследени долгови, со што, според охридскиот градоначалник Александар Петрески - ќе се надмине финансиски неповолната состојба во која повеќе од една деценија се задушува Охрид и неговиот развој...“. „Со враќање на овие средства ние ќе можеме да влеземе во втората фаза од децентрализацијата, што значи дека ќе можеме да користиме и други кредити...“.*

Со цел да се придонесе кон намалување на бројот на општини со блокирани сметки,[186]се утврди законска основа за нов инструмент за помош и финансирање на општините во вид на краткорочна и долгорочна позајмица од Буџетот на Република Македонија, преку Правилникот за начинот на постапување при одобрување и враќање на краткорочна и долгорочна позајмица на Општината од Буџетот на Република Македонија.[187]

И покрај високиот степен на задолженост, Министерството за финансии подготвува измена на законската регулатива со цел да им се даде можност и на општините со блокирани сметки да можат да се задолжуваат кај комерцијалните

[185]Извештај за процесот на фискална децентрализација во Република Македонија, Урбан Рурален Консалтинг, Скопје, октомври 2007, стр. 66.
[186]Официјална информација од интервју со г-ѓа Вукица Савеска, раководител на одделение за буџети на единици на локална самоуправа, Министерство за финансии на РМ, 30 март, 2016 година.
[187] Службен весник на РМ бр. 28/2010.

банки.[188] Во услови на висок степен на финансиска зависност на локалната од централната власт, се случува инсталирање на сосема легален систем во кој централната власт во сценариото на должничка економија ја втурнува и младата и неразвиена локална самоуправа. (Графикон 14).

**Графикон 14 Надворешен и внатрешен долг на општините за периодот 2009-2014 година**




Извор: Билтен на Министерство за финансии на Република Македонија, 2014, НБРМ. Податоците заклучно со 2011 година се официјални податоци на Државниот завод за статистика (објавени на 30.09.2014). Податокот за 2014 година е проекција на Министерството за финансии.

Дополнителен аргумент во полза на должничкото сценарио е и новата измена на Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, според која условите за прогласување на финансиска нестабилност на општините значително се олабавуваат. Наместо континуирано блокирана сметка во период од 30 календарски дена, или 45 со прекини во рамки на 60 календарски денови како што иницијално беше пропишано со Законот,[189] според новите законски измени, еден од условите за прогласување на финансиска нестабилност на општините е блокирана сметка подолго од шест месеци, или во период од шест месеци, континуирано секој месец, со состојба на крајот од месецот, вкупниот износ на неизмирени обврски над 60 дена да надминува 80% од реализираните

[188] ЗЕЛС Билтен на активности, 10 април, 2012.
[189] Закон за финансирање на единиците на локална самоуправа, Службен весник на РМ бр. 61/2004, член 39.

приходи на основниот буџет од претходната година.[190] Констатирањето на значителни неправилности на работата на општината од страна на Државниот завод за ревизија не е повеќе услов за прогласување финансиска нестабилност. Во комбинација со преголемата задолженост на централно ниво, широкиот законски простор за задолжување на општините е сериозна потенцијална закана на макроекономската стабилност, доколку изостанува развојната компонента на инвестирањето и во отсуство на одржлива економска база за враќање на позајмените средства.

### *6.3. Квалитетот на соработка помеѓу двете нивоа на управување - централно и локално*

Клучен услов за премин кон децентрализиран модел на управување со пренесените надлежности кои имаат за крајна цел подобрување на квалитетот на животот и благосостојбата на граѓаните е соработката со централната власт. Теренските истражувања на Одделот за демократско управување при Мисијата на ОБСЕ во Скопје за квалитетот на соработката помеѓу централната и локалната власт за периодот 2006-2012 година исфрлија на површина сериозен степен на недоверба на централните власти во локалните власти, голема разлика помеѓу декларативните определби и конкретните политики и постапки, неисполнување на законските обврски, несериозност во функционирањето на владината Комисија за следење на развојот на системот на финансирање на единиците на локална самоуправа и распределба на финансиските средства спротивно на принципите на објективност и транспарентност и следење на партиски и слични необјективни критериуми за распределба.[191] Во истражувањето беа опфатени сите единици на локална самоуправа, а одговор на Анкетниот прашалник дадоа 74 општини (табела 12).

---

[190] Закон за изменување и дополнување на Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, Службен весник на РМ бр. 47/2011, член 2.

[191] Извештај за процесот на фискална децентрализација во Република Македонија, Урбан Рурален Консалтинг, Скопје, октомври 2007, стр. 94.

**Табела 12 Најголемите проблеми на општините во соработката со институциите од централната власт**

| Институција | Проблеми |
|---|---|
| **Министерство за локална самоуправа** | • Недостаток на комуникација<br>• Недостаток на советодавна поддршка за општините<br>• Неуспех да се известат општините за настани кои се битни за нивната работа<br>• Веб-страницата не се ажурира редовно |
| **Министерство за финансии** | • Не одговараат на прашања поврзани со работата на општините<br>• Намалување на финансиските средства наменети за општините<br>• Недоволни финансиски средства за реализација на надлежностите<br>• Многу централизиран пристап и влијание врз работата на општините |
| **Министерство за транспорт и врски** | • Проблематична комуникација<br>• Не реагираат и често доцнат во комуникација<br>• Предолги постапки<br>• Искуство со доцнење во изградба на патишта |
| **Министерство за образование и наука** | • Искуство со доцнење во пренос на средства за општините<br>• Недоволно и намалено финансирање<br>• Намалување на роковите за поднесување на буџетски предлози<br>• Предолги постапки за одобрување нови вработувања |
| **Министерство за труд и социјална политика** | • Неурамнотежена распределба за капитални инвестиции<br>• Немање интерес за потребите на руралните општини<br>• Слаба комуникација со општините |
| **Министерство за култура** | • Немање доволно средства за имплементација на проекти |

| | |
|---|---|
| | • Неурамнотежена распределба на капитални инвестиции<br>• Недостаток на соработка со општините<br>• Многу централизиран пристап |
| **ЗЕЛС** | • Недостаток на информации и недоволно инволвирање во постапките на централната власт<br>• Недоволно ангажирање со овластените органи<br>• Недостаток на координација<br>• Недостаток на интерес за потребите на руралните општини |

Извор: Извештај за проценка на децентрализацијата 2006-2011, Мисија на ОБСЕ, Скопје, декември 2011.

Според резултатите од истражувањата, лесно се заклучува дека соработката и помошта од ресорните министерства и централната власт за ефикасна и ефективна имплементација на процесот на децентрализација на надлежности се на многу ниско ниво. Уште попоразителен е фактот што општините имаат најголеми тешкотии за соработка токму со оние институции на централната власт кои ги предводат реформските процеси: Министерството за локална самоуправа и Министерството за финансии.

### *6.4. Партиципативноста во носење на одлуки на локално ниво*

Елемент од суштинско значење за локалната демократија е учеството на граѓаните во процесот на носење одлуки на локално ниво. Вклучувањето на граѓаните во политичкиот процес претпоставува транспарентност и достапност на локалните власти и мотивираност на страната на граѓанскиот сектор да го искористи своето право на партиципација во креирањето на локалните развојни политики. Довербата на граѓаните во избраните локални власти е главен предуслов за градењето на инклузивни и кохезивни локални заедници. Во делот 1.5. Охридскиот рамковен договор (ОРД) вели дека „развојот на локалната самоуправа е есенцијален за поттикнување на граѓанското учество во демократскиот живот и промовирање на разбирање и почит кон идентитетот на

заедниците“. Поконкретно, во делот 3, ОРД повикува на зголемена моќ и ресурси на единиците на локална самоуправа, при што процесот на децентрализација во согласност со Европската повелба за локална самоуправа ќе овозможи креирање на локални политики во согласност со приоритетите на членовите на локалните заедници, а учеството во носењето на одлуки и задоволството од процесот на креирање на локалните политики ќе ја зајакне и лојалноста кон државата.

Непосредното учество на граѓаните во процесот на одлучување во општините се уредува со Законот за локалната самоуправа, каде што членот 25 ги наброjува следните инструменти: 1) граѓанска иницијатива; 2) собир на граѓани; 3) референдум, а членовите 29 и 30 ги предвидуваат и: 4) претставките и предлозите; и 5) јавните трибини, анкети и предлози, како дополнителни алатки за вклучување на граѓаните во процесите на носење одлуки. Покрај законски пропишаните форми, за користење се достапни и други европски практики, од кои суштинско значење за локалниот економски развој имаат: 1) стратешкото планирање; 2) партиципативно буџетирање; и 3) јавно-приватно партнерство.

Секоја единица на локална самоуправа развива посебни методи за граѓанско учество во зависност од спецификите на локалните заедници, а успешноста на процесот во голема мера зависи од квалитетот на комуникациските врски помеѓу општинските службеници и граѓаните и постојната свест за важноста на вклучувањето на граѓаните во процесите на локалниот развој.

Моментално, постоечките 80 општини се нерамномерно поделени во однос на развиените практики за учество на граѓаните. Резултатите од теренското истражување во периодот јуни - октомври 2012 година, спроведено во рамки на Одделот за демократско владеење на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, покажаа поделби помеѓу општините, потенцирајќи ги следниве две групи:

- Општини кои го усвоиле граѓанското учество како интегрален дел од своето функционирање (добри практики во оваа група покажала Струмица) и
- Општини кои практикуваат ад хок учество на граѓаните (руралните општини и поголем дел од урбаните).

**Графикон 15 Методи на граѓанско учество (% на општини кои ги користат)**




Извор: Учество на граѓани во носење на одлуки на локално ниво, Водич со алатки, Мисија на ОБСЕ во Скопје, ноември, 2013 година, стр. 30.

Истражувањето покажа дека најчесто применувани методи на граѓанско учество се законски пропишаните, како и стратешкото планирање и партиципативно буџетирање. Јавно-приватните партнерсва се многу ретки, а онаму каде што постојат се јавуваат првенствено во фаза на планирање на активности за развој, додека пак синергијата помеѓу граѓаните, бизнис-заедницата и општинската администрација недостасува во фазата на конкретна имплементација на стратешките и акциски планови за ЛЕР. Практиката на спојување на финансиските ресурси помеѓу општините и локалните бизниси е многу ретка, речиси непостоечка. Ова е особено случај во руралните општини. Евидентен е и трендот на зависност на процесот на граѓанско учество од странски донатори кои ги условуваат своите грантови со примена на практики на граѓанско учество - факт кој зборува за отсуството на инхерентност на политиките и спорадичност во имплементацијата наспроти нужноста од системски приод кој е идентификуван во многу малку општини.[192]

[192] Аналитички извештај за процесот на децентрализација, Граѓанско учество на локално ниво, Мисија на ОБСЕ во Скопје, септември, 2014 година, стр. 81.

*Најдобра практика во Република Македонија на системска примена на граѓанското учество при носење на одлуки на локално ниво - Општина Струмица.*[193]

Една од најтранспарентните општини е Струмица, каде што инструментите за учество на граѓаните се системски вклучени во редовната работа на Општината. Таа има вкупно 30 единици на месна самоуправа (ЕМС) - 8 урбани и 22 рурални. На барање од градоначалникот, претседателите на сите месни заедници поединечно, редовно во октомври од тековната година, следејќи повик на јавна дебата, организираат работилница за своите граѓани. Во секоја поединечна месна заедница, граѓаните се договараат за најважните идејни проекти, кои подоцна се презентираат пред градоначалникот од страна на претседателите на месните заедници и влегуваат во рамки на предлог-буџетот кој се става на гласање пред Советот на општината. Во основа, целиот буџет е конституиран на партиципативен начин и техниките се вклучени во системот на функционирање на Општината.

Дополнително, градоначалникот е достапен за своите граѓани лично, но и преку локалната телевизија каде што еднаш месечно ја претставува работата на општинските органи и е отворен за директни прашања и предлози од граѓаните. Многу често, тој им дава повратни информации за прашања и проблеми преку личен контакт, на сопствена иницијатива.

Од развојна перспектива, многу интересен е податокот дека во просек околу 15% од годишниот буџет на Општината е наменет за тековни трошоци, а останатите 85% се наменети за капитални инвестиции. Струмица спроведува балансиран општински развој, ширејќи инвестиции на територијата на целата општина, иако високи 80% од нејзините приходи потекнуваат од урбаните заедници.

*Извор: Интервју со Кирил Парталов, секретар на Општина Струмица, јуни, 2012.*

Учеството на граѓаните во процесот на донесување одлуки во општините е на ниско ниво и според резултатите од истражувањето на Министерството за локална самоуправа во периодот 3 до 17 ноември 2014 година. Само 14% предложиле иницијатива за решавање на некој проблем во надлежност на Општината (најголем дел лично, или пак групно, преку НВО, куќен совет, фирма и слично), додека пак 82% никогаш не го сториле тоа. Кај една третина од граѓаните преовладува ставот дека граѓанското учество нема ништо да промени од аспект на квалитетот на доставените услуги од општината, 16% сметаат дека

[193] Учество на граѓани во носење на одлуки на локално ниво, Водич со алатки, Мисија на ОБСЕ во Скопје, ноември, 2013 година, стр. 30.

општините не се заинтересирани за тоа, а особено интересен е податокот дека 15% немаат време за сорабока со локалните власти.

**Графикон 16 Причини за отсуство на заинтересираност за граѓанско учество**




Извор: Информација од Министерството за локална самоуправа, ноември, 2015 година.

Само 4% од анкетираните граѓани одговориле дека се целосно информирани за работењето и услугите на општината, додека најголемиот дел од граѓаните се или делумно или воопшто не се информирани за работата на општината во која живеат. Околу 37% не се задоволни со нивото на транспарентност во однос на трошењето на општинскиот буџет, а 35% како најголем проблем ја посочуваат корупцијата на локално ниво.

### *6.5. Перцепции на крајните корисници на ефектите на децентрализацијата во Република Македонија*

Во септември 2012 година, со техничка поддршка на Институтот за демократија „Социетас Цивилис“ Скопје, Мисијата на ОБСЕ во Скопје направи истражување на мислењето на граѓаните за неколку клучни аспекти на ефектите од процесот на децентрализација кои се тесно поврзани со локалниот развој:

- влијанието на децентрализацијата врз подобрување на квалитетот на живот на граѓаните;

- степенот на задоволство од квалитетот на услугите на локално ниво;
- степенот на политизираност на општинската администрација.

При одредување на оценка за влијанието на децентрализацијата врз подобрување на квалитетот на животот на локално ниво, на скала од 1 до 5 (каде 1 значи *нема влијание*, а 5 значи *големо влијание*), повеќе од една третина го оцениле влијанието со средна оценка, т.е. 3 (35,1%), а голем број на испитаници дале негативна оценка за влијанието (17% од испитаниците сметаат дека процесот нема никакво влијание, додека пак 18,3% дале оценка 2). Само мал дел од испитаниците имале позитивен став (18,6% дале оценка 4, а 9,9% ја оцениле децентрализацијата со 5). Притоа, оценките на етничките заедници се речиси идентични.

Поврзано со првото прашање, второто прашање имаше за цел да го измери задоволството на граѓаните од квалитетот на услугите кои ги нуди општината, на скала од 1 до 5 (каде 1 значи *незадоволен*, а 5 значи *многу задоволен*). Речиси една четвртина од испитаниците дале ниска оценка и скоро толку (27,3%) дале средна оценка. Висок степен на задоволство од квалитетот на услугите на локално ниво дале само 12,4% од испитаните граѓани.

Од испитаниците беше побарано да дадат свое мислење за тоа дали постои политизираност на општинската администрација во локалните заедници на кои тие припаѓаат. Околу 60,2% од вкупниот број испитаници дале позитивен одговор, додека само 18,2% дале негативен. Повеќе од една петтина од испитаниците не дале одговор на ова прашање, со образложение дека не се информирани.

**Графикон 17 Дали сметате дека постои политизација на општинската администрација во вашата општина?**



Истражувањето покажало дека кај испитаниците со високо образование почесто се јавува тенденција да веруваат дека постои политизација, наспроти испитаниците со понизок степен на образование. Од испитаниците кои потврдно одговориле на третото прашање беше побарано да го оценат степенот на влијание на политизираноста на општинската администрација врз локалната заедница со оценка од 1 до 5 (каде 1 значи *нема влијание*, а 5 значи *многу силно влијание*). Речиси половина од испитаниците (46%) одговориле со највисока оценка, а релативно голем број испитаници дале оценка 3 (23,9%) и оценка 4 (23,3%). Само мал дел дале оценка која значи *ниско влијание*. Просечната оценка изнесува 4,1, што укажува на општа перцепција дека политизацијата има големо влијание врз квалитетот на животот на локално ниво. (Графикон 18).

**Графикон 18 Како Вие би ја оцениле политизацијата на општинската администрација во вашата општина?**




На прашањето за идентификација на главните проблеми и предизвици на локално ниво, 33,9% одговориле дека тоа е недостатокот на расположливи средства, а 22,3% дека политичката вмешаност во работата на локалната власт е најголем проблем. Не е за занемарување и процентот од 11,9 од испитаниците кои како најголем локален проблем ја посочиле корупцијата.

Ваквите ставови недвосмислено ја потврдуваат тезата дека и по скоро деценија од имплементацијата на најважните надлежности на локално ниво, процесот на децентрализација не го подобрува квалитетот на животот на крајните корисници на реформските процеси. Напротив, развојот на локалната самоуправа се случува во средина на висока политизираност, корупција и слаб квалитет во испорачување на услуги до граѓаните. Централната власт има влијание врз скоро

сите аспекти од животот на членовите на локалните заедници и претставува сериозна пречка на патот кон економската локализација, кој се одвива во услови на висок степен на политичка пресија и тренд на антидемократизација.

Следниот графикон го дава трендот на индексот на демократско владеење во Република Македонија според Bertelsmann Transformation Index, за 2014 година.

**Графикон 19 Тренд на развој на демократијата во Република Македонија**




Извор: http://knoema.de/GSBTI2014/bertelsmann-transformation-index-2014?regionId=MK.

## 7. Фискална или финансиска децентрализација - нефункционалност на системот

Преминот од прва во втора фаза на фискална децентрализација за општините значеше зголемена одговорност во областа на буџетирање (наместо наменски дотации, општините почнаа да добиваат блок-грантови кои покрај сумите за тековни трошоци за имплементирање на надлежностите, содржеа и износ за плати на администрацијата) и здобиено право на задолжување. Квалитативна разлика и користи од аспект на поголем пристап до финансиски средства и самостојно располагање со истите, единиците на локална самоуправа не добија. Напротив, само се зголеми административниот товар на локалната јавна администрација.

Инсталираниот систем на финансирање на надлежностите на единиците на локална самоуправа е нефункционален затоа што најголем дел од нив се

финансираат од финансиските трансфери на централната власт. Уделот на финансирање со сопствени приходи е на многу ниско ниво, што зборува дека иако декларативно и де јуре Република Македонија прифати деволуција како највисока фаза на децентрализација, де факто имаме состојба на деконцентрација, односно хоризонтално порамнување, а не функционална вертикална фискална децентрализација. Имено, според политичката теорија на односите на различни нивоа на власт, најчесто за извршување на делегирани надлежности од повисоките кон пониските нивоа на власт се трансферираат и одредени финансиски средства, како наменски или блок-дотации, чиј обем и структура на извор останува во надлежност на централната власт. Ова се нарекува финансиска децентрализација. Доколку за одредени изворни надлежности на локалните власти се определуваат и дискрециони фискални права, во тој случај зборуваме за фискална децентрализација.[194]

Сопствените приходи на општините ниту во обем, ниту пак по структура (видови и висина на даноци, даночна стапка и даночна основа) не обезбедуваат издржан фискален систем на локалната самоуправа. Постои „широка листа“ на видови даноци и такси, но тие се со многу тесен финансиски капацитет кој ја исфрла на површина некомпатибилноста помеѓу трансферираните надлежности и обезбедените финансиски средства за нивна имплементација. Речиси сите даноци кои се поврзани со низок степен на извршување на економски дејности и ниска основа за прибирање на финансиски средства (како, на пример, персоналниот данок на занаетчии во износ од 100% на личните приходи на чевлари, самарџии и сл.) им се оставени како изворни приходи на локалните власти, наспроти даноците поврзани со економски активности кои имаат висок финансиски потенцијал (на пример 95.5% од ДДВ и 97% од персоналниот данок на доход на вработените во сите други сектори, освен секторот занаетчиство), кои централната власт ги задржува за себе.

Трансферите од централната власт се базираат исклучиво на историски трошоци според методологии и практики кои потекнуваат од строго централизиран систем на управување, а реалните пазарни вредности на трошоците и расходите на единиците на локална самоуправа се занемарени. Следствено, се чувствува висок степен на недостиг на финансиски средства при имплементација на

---

[194] Kenneth D.,Fiscal Authonomy and Efficiency, Bexeti A.,Македонија по Рамковниот договор, ФИОМ, Скопје, 2006.

делегираните надлежности. Дополнителен товар е огромната условеност и критериуми кои мораат да бидат исполнети за трансфер на капитални дотации, чие одобрување е дискреционо право на ресорните министерства, многу често по политичка и нетранспарентна основа. Основните начела според кои требаше да се одвива фискалната децентрализација не се почитуваат, особено принципот на намалување на средствата во државниот буџет на сметка на зголемување на сопствените приходи на општините за финансирање на надлежностите. Наместо тоа, имаме обратен процес на контрадецентрализација и централизација на управувањето со финансиските средства наменети за локален развој. Ваквиот тренд на локално финансирање и пристап на локалните власти до развојни ресурси е во колизија со Програмата за одржлив локален развој и децентрализација за периодот 2015-2020, чија имплементација се заснова на начелата на иновативност, знаење, претприемништво и промоција на развојот на локалната економија.

Реалната фискална децентрализација беше саботирана уште на самиот почеток на процесот, кога општините ја започнаа имплементацијата на делегираните надлежности со пренесен јавен долг од над 3 милијарди денари кој континуирано се зголемува. Државата не пронајде механизам за расчистување на овие долгови преку централниот буџет, туку галантно им ги пренесе на новоформираните единици на локална самоуправа, со што уште на самиот почеток ги лиши од можноста за креирање на солидна финансиска основа за работа и ги направи целосно зависни од трансферите на централната власт.

## 8. Децентрализација - агент на локализација или централизација?

Клучен индикатор за нивото на децентрализација на една земја е уделот на расходите на локалната власт во БДП. Пред почетокот на децентрализацијата, Република Македонија беше една од најцентрализираните држави во Југоисточна Европа. Учеството на локалните расходи во БДП на почетокот на процесот во 2005 изнесуваше 1,8%. Од 2006 година наваму, процентот константно се зголемува, но со многу слаб интензитет и е на значително пониско ниво од другите земји во Европа кои важат за децентрализирани и кон кои се стреми Република Македонија во своите реформски напори. За споредба, во 2009

година во Данска процентот е 32,8, а во Република Македонија 5,2% од БДП.[195] (графикон 20).

Во 2011 година овој процент изнесува 5,78, а во 2012 е зголемен за 1 процентен поен.[196]

**Графикон 20 Расходи на локалната самоуправа според нејзиниот удел во БДП (2006-2010)**




Извор: Извештај за проценка на децентрализацијата 2006-2011, Мисија на ОБСЕ, Скопје, декември 2011.

Според податоците од завршните сметки на општините за периодот од почетокот на процесот на децентрализација до 2010 година, платите на локалните административни службеници се најголема буџетска ставка.[197] Уделот на локални расходи за капитални инвестиции покажува видлив тренд на опаѓање за истражуваниот период од 5 години (табела 13).

[195] Извештај за процесот на фискална децентрализација во Република Македонија, Урбан Рурален Консалтинг, Скопје, октомври 2007, стр. 67.

[196] Decentralization and Local Development, What's Next, UNDP, 2014.

[197] Со почетокот на втората фаза на фискална децентрализација кога платите на локалните административни службеници беа пренесени на сметките на општините како дел од блок-дотациите, учеството на плати изнесува околу 50% од вкупните општински расходи.

**Табела 13 Структура на расходите на локалната самоуправа 2005-2010 (во мил. денари)**

| | 2005 | % | 2006 | % | 2007 | % | 2008 | % | 2009 | % | 2010 | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Капитални расходи | 2.446,6 | 48,89 | 2.581,6 | 34,43 | 2.838,0 | 28,84 | 4.053,3 | 21,68 | 4.163 | 19,76 | 4.839 | 20,64 |
| Стоки и услуги | 1.554,5 | 31,06 | 3.443,3 | 45,92 | 3.950,0 | 40,14 | 4.985,9 | 26,67 | 5.687 | 27,00 | 6.067 | 25,88 |
| Камати | 2,9 | 0,06 | 1,6 | 0,02 | 0,4 | 0,004 | 1,3 | 0,01 | 1.824 | 8,66 | 1 | 0,00 |
| Резерви | 23,4 | 0,47 | 22,6 | 0,30 | 15,4 | 0,16 | 33,2 | 0,18 | 39 | 0,19 | 41 | 0,17 |
| Социјални бенефиции | 6,9 | 0,14 | 13,7 | 0,18 | 12,4 | 0,13 | 14,1 | 0,08 | 21 | 0,10 | 22 | 0,09 |
| Плати и надоместоци | 69,9 | 13,96 | 1.193,3 | 15,92 | 2.662,4 | 27,05 | 8.901,8 | 47,61 | 10.478 | 49,74 | 11.715 | 49,98 |
| Субвенции и трансфери | 220,7 | 4,41 | 224,8 | 3,00 | 363,0 | 3,69 | 705,9 | 3,78 | 669 | 3,18 | 750 | 3,20 |
| Тековни трансфери | 19,8 | 0,40 | 0,2 | 0,00 | 0,0 | 0,00 | 0,1 | 0,00 | 1 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| Вкупно | 5.003,9 | 100,0 | 7.497,8 | 100,0 | 9.841,6 | 100,0 | 18.697,1 | 100,0 | 21.064 | 100,0 | 23.441 | 100,0 |

Извор: База на податоци на ОБСЕ за годишните сметки на единиците на локалната самоуправа за 2005-2010 година.

Учеството на локалните даноци во БДП од 1% во 2006 година е зголемено на само 1,5% во 2013 година за период од 7 години, што е релевантен податок дека придонесот на локалната економија во креирање на националниот аутпут е на многу ниско ниво.[198]

Во прилог на тезата дека во пракса се одвива обратен процес на децентрализација зборуваат и самите документи и анализи на централната власт кои го признаваат високиот степен на инволвираност на централната власт врз работата на локалната самоуправа. Во Програмата за спроведување на процесот на децентрализација и развој на локалната самоуправа во Република Македонија за периодот 2011-2014 година, во делот - Стратешки параметри на програмата, како главни предизвици се подвлечени значителното влијание на централните власти врз локалната самоуправа и перцепцијата дека ефектите на процесот на децентрализација сè уште не се опипливи и видливи за просечниот граѓанин.[199] Овие податоци ја потврдуваат неадекватноста на системот и високиот степен на зависност од централната власт, конвертирајќи ја децентрализацијата во својата спротивност, далеку од нејзината декларативно поставена улога на агент на процесот на локализација и обратно од современите трендови на земјите членки

[198] Програма за одржлив локален развој и децентрализација во Република Македонија 2015-2020, стр. 4.
[199] Програма за спроведување на процесот на децентрализација и развој на локалната самоуправа во Република Македонија 2011-2014, Министерство за локална самоуправа.

на Европската Унија (каде процентот на расходи на централната власт од 18,8% од вредноста на БДП во 2010 година се намалил на 17,9% во 2011).[200]

Иако изворите на локални приходи се во константен пораст, тоа се одвива со многу слаб интензитет и повеќекратно е надминат од порастот на расходната страна. И покрај дискреционото право на локалните власти да ги менуваат стапките на данок на имот (а од неодамна со промена на легислативата тоа е проширено и на деловните објекти), данокот на имот и другите локални даноци не можат да обезбедат соодветна база на финансирање на локалните расходи. Поради инхерентната нерамнотежа во структурата на локалните приходи од аспект на соодносот на стабилни и еднократни, вкупните извори на сопствени приходи паднале за 20% во 2009 година, а напорот на собирање на локални приходи во Република Македонија е под просекот на другите унитарни држави во рамки на OECD.[201]

Процесот на економска локализација подразбира приходна автономија и фискален суверенитет на локалната власт. Фискалната децентрализација во глобални рамки е предмет на интерес и во развиените и во земјите во развој како предизвик на монополот на централната власт во носењето на одлуки. Во суштината на овој процес се овластувањата и одговорноста на локалната власт за сопствено финансирање на потребите на членовите на локалните заедници. Тоа подразбира право за самостојно одредување на даночните стапки и основици, што индиректно влијае врз поттикнување на конкурентноста помеѓу самите општини, а се остава простор и за инвентивност во креирањето на локалните фискални политики преку воведување на традиционални локални даноци, како на пример еколошки даноци и даноци поврзани со спецификите на локалната економија, со што се збогатува даночниот микс кој му недостига на централниот буџет.

Фискалната децентрализација во најширока смисла значи зајакнување на моќта на граѓаните преку зајакнување на финансиската моќ на нивните локални власти (Bahl, 2008). Финансиската моќ се зајакнува исклучиво преку пренесување на моќта и авторитетот за локално буџетирање од страна на централната власт врз избраните субнационални власти и доделување на автономија во носење на

[200] Eurostat, Statistics in focus, Economy and Finance, 52/2012.

[201] Cyan, Dr. Musharraf R., Martinez – Vazquez, Dr. Jorge, Timofeev, Dr. Andrey, Fiscal Decentralization for Local Development, An Integral Study, UNDP, Skopje, Republic of Macedonia, Ministry of Finance, Atlanta, Georgia (USA), Georgia State University, May 2012, op.cit.,стр. 60.

одлуки за оданочување и трошење на средствата од локалниот буџет. Стремежот кон поголема автономија на локалните власти претставува глобален тренд. Степенот на локална независност во голема мера зависи од политичката зрелост на една земја, зашто тестот на кој локалниот електорат ги поставува своите политичари е многу потежок ако самите граѓани директно плаќаат од свој џеб за услугите кои ги добиваат од локалната власт, отколку ако тие исти услуги се финансирани преку трансфери од централнот буџет. Република Македонија само де јуре и во склад со декларативните определби за интегрирање во Европската Унија се определи за децентрализиран модел на управување, но де факто не покажа ниту политичка зрелост, ниту пак знаење и експертиза кај централната власт за корисностите и неопходноста од имплементација на реален процес на децентрализација и финансиско и економско зајакнување на локалните заедници. Наместо стремеж кон пронаоѓање на алтернативи на неоколонијалистичката замка во која Република Македонија западна под диригентската палка на меѓународните финансиски и трговски институции, и модалитети за излегување од лавиринтот на финансиска задолженост, низок раст на БДП, слаба технолошка база и судбина на должничко-увозна економија, единствена движечка сила на процесот на децентрализација беше потпишувањето на Охридскиот рамковен договор кој се базираше на сè, само не на економски параметри.[202] Така, процесот на децентрализација никогаш не стана агент на инвентивност и раст на локалната економија, туку политички инструмент на централната власт во остварување на своите корупτивни и политичко-пазарни трансакции. Наместо агент, корпоративната држава се претвори во пречка на процесот на економска локализација.

[202] Територијалната организација на единиците на локална самоуправа се базираше на политичко-етнички наместо на економски критериуми.

# III Современи трендови на локалниот економски развој (ЛЕР)

## 1. Современи аспекти на концептот локален економски развој

Технолошкиот развој и темпото на промени на околностите на глобалната економска сцена поставија нови правила на игра - периодот во кој квалификуваната работна сила му носи профит на работодавецот е толку скратен, што стана непродуктивно за компаниите да нудат договори за перманентно вработување. Во моментот кога работната сила повеќе не е во склад со очекувањата на работодавецот, тој го прекинува договорот. Ваквите промени се случуваат толку бргу,  што работникот и заедницата од која потекнува имаат многу малку време за адаптација на новонастанатите глобални промени, а пазарот на работна сила се менува во насока на исчезнување на терминот „привремено вработување", зашто де факто сите работници ја носат таа квалификација. Работната сила е застаната пред предизвикот да се прилагоди на новите услови доколку сака да биде конкурентна на пазарот, пренасочувајќи се кон нови знаења, вештини и потрага по нови професионални предизвици. Како резултат на технолошкиот развој. конкурентската предност на компаниите во рамки на „новата економија" се состои во поголемата специјализираност, што пак од своја страна отвора процес на поголема зависност од други компании, организации и добавувачи. Бизнисот повеќе не зависи од квалитетот на работа на само една компанија. Во новата „мрежна економија", вештините на добавувачите се на исто ниво на важност како и вештините под супервизија на менаџменотот на компанијата.

Новата современа економска теорија тврди дека невработеноста е проблем чие решавање е директна функција на конкурентската позиција на локалната во рамки на националната и глобалната економија.[203] Во последните неколку децении, локалната економија го зеде приматот во решавање на проблемите на пазарниот неуспех, како на национално, така и на глобално ниво. Стремежот е да се почне од најдецентрализираната економска основа - економскиот потенцијал на локалните заедници. Од тој аспект се јави предизвик за правилна и

[203] Blakely, Edward J., (New School University), Bradshaw, Ted K.  (University of California, Davis), Planning Local Economic Development and Practice, 3rd Edition, стр. 22.

интелигентна промоција на локалните економски ресурси (човечки, организациски, социјални, институционални и физички) за стекнување на конкурентска предност во креирање на нови фирми и зајакнување на локалната економска база. Се открија нови хоризонти кои ја потенцираа улогата на локалните партнерства за градење на самоодржливи економски системи на заедниците кои во крајна линија значат зголемување на квантитетот и квалитетот на нови работни места достапни за членовите на локалните заедници. За остварување на оваа цел, локалните власти и членовите на заедниците мораат да заземат активна и претприемничка улога.

Следствено, локалниот економски развој претставува процес во кој локалната власт и партнерите од деловниот и невладиниот сектор работат заедно во насока на подобрување на локалната бизнис-клима, креирање нови работни места и одржлив раст и развој. Крајната цел е подобрен животен стандард на жителите на локалната заедница.

## 2. Синтетички пристап кон компонентите на ЛЕР

Постоечките развојни теории поединечно се неадекватни за холистичко објаснување на процесот на регионален и локален економски развој. Потребно е соодветно реформулирање на концептите и елементите на ЛЕР-локација, бизнис и економска база, ресурси за креирање работни места и ресурси на заедниците воопшто, во склад со новите тенденции на глобално-локалната економска сцена. (Табела 14).

**Табела 14 Реформулација на компонентите на локален економски развој**

| *Компонента* | *Стар концепт* | *Нов концепт* |
|---|---|---|
| Локација | Физичката локација (во близина на природни ресурси, транспортни капацитети, пазари) ги зајакнува економските опции | Квалитетното опкружување и силниот капацитет на заедниците ги мултиплицираат природните предности за економски раст |
| Бизнис и економска база | Индустриите ориентирани кон извоз стимулираат економски развој | Кластерите на конкурентните индустрии поврзани во регионални мрежи на фирми креираат нов раст и приход |
| Ресурси за вработување | Повеќе фирми креираат повеќе работни места, иако многу од нив се со минимална плата | Сеопфатниот развој на вештини и технолошките иновации носат квалитетни работни места, зголемена продуктивност и повисоки плати |
| Ресурси на заедниците | Единечните организации ги засилуваат можностите за развој на заедниците | Партнерствата и соработката помеѓу групите и членовите на заедницата водат кон воспоставување на квалитетна основа за привлекување конкурентни индустрии |

Извор: Blakely, Edward J., (New School University), Bradshaw, Ted K. (University of California, Davis), Planning Local Economic Development and Practice, 3rd Edition, стр. 67.

Технологијата ја замати традиционалната слика за доминација на физичката локација како главна детерминанта на развојот. Компаниите, дури и оние од областа на индустриското производство, повеќе не се врзани за специфична локација, поради фактот дека сѐ повеќе ја намалуваат зависноста од природни ресурси кои се супституираат со мобилни ресурси, пред сѐ знаењето како критички инпут на процесот на производство. Од тој аспект, гледиштето дека

достапноста на транспортните врски и пазарот ја детерминираат економската одржливост на заедниците е застарено. Економските потенцијали на локалните заедници се во директна корелација со достапноста на квалитетни човечки ресурси. Новиот модел на локален економски развој во развојни фактори го вбројува квалитетот на локалната физичка, општествена и институционална (мека) инфраструктура. Тој се фокусира на квалитетот на трансакциите во рамки на економскиот систем и на идејата дека локалната економија мора да ги максимизира внатрешните институционални поврзаности помеѓу приватниот и јавниот сектор. Заедниците можат да ја земат контролата врз својата судбина во сопствени раце единствено ако ги спојат ресурсите и информациите во рамки на еден отворен политички процес кој би ги ставил граѓаните во централна позиција на процесот на економско планирање и управување. Во новата економија, бизнисот е повторно во фокусот на економскиот развој, но промената се движи во насока од индивидуалните компании кон мрежи од компании и кластери на независни фирми во индустрии каде што се присутни предности од поврзаност и синергии помеѓу природните, човечките и технолошките ресурси.[204]

Главната и единствена причина зошто заедниците се вклучуваат во активни развојни проекти е отворањето на нови работни места. Според класичниот модел, ниските плати и пониските трошоци на производство се доволна причина за креирање на нови вработувања. Компаниите се вреднуваат од аспект на квантитетот на нови работни позиции, без оглед на нивото на квалификуваност и плати. Многу често, компаниите тенденциозно се насочуваат кон локалитети кои толерираат вакви практики на отворање на бројни нископлатени работни места и ги туркаат членовите на локалните заедници во сиромаштија и финансиска зависност. Ваквите практики не се од корист за заедниците. Во новата економија, компаниите се базираат на висококвалификувана работна сила и се спремни соодветно да платат за тоа, иако во склад со потрагата по профит инхерентна за капитализмот како економски модел, тие секако преферираат повисоко стручна работна сила со колку што е можно помалку трошоци. Сепак, висококонкурентните компании се свесни дека и тие и заедниците мораат

[204] Соодветен пример се екоиндустриските паркови, каде фирмите се лоцирани една до друга бидејќи инпутот на една компанија произлегува од отпадниот аутпут на друга соседна компанија, а неколку компании користат ист извор на енергија и други ресурси достапни на дадената локација.

континуирано да инвестираат во квалитетот на работната сила. Ако локалната база на човечки ресурси е доволно квалитетна, или ќе бидат креирани нови компании внатре во локалниот систем или, пак, тие ќе бидат привлечени од надвор.
Новиот економски модел ја признава улогата на бројни институции и организации со различни интереси и само преку нивна идентификација и меѓусебна соработка е можен квалитетен локален економски и регионален развој кој претставува симбиоза на човечките и природните ресурси со крајна цел креирање на работни места и раст. Во тој контекст, одговорноста на властите се состои во редуцирање на економските и социјалните диспаритети преку овозможување на ефикасност во функционирање на пазарот, зашто суштината на локалниот економски развој се состои во зајакнување и признавање на вредноста на луѓето, тие се крајната цел, а не средство.

## 3. Планирање и управување со локалниот економски развој bottom up

Во современи услови, планирањето на локалниот економски развој е процес од кој се очекува конкретен продукт - квантитет и пред сè квалитет на новоотворени работни места, зголемен личен приход за членовите на локалните заедници и можности за личен развој. Основни варијабли и елементи на процесот на планирање се квалитетот на расположливите ресурси (човечки, природни, финансиски, технолошки) и локалната инфраструктура.
Процесот на планирање бара лидерство, добро дефинирани цели, детална анализа, долгорочна обврзаност на инволвираните страни и партиципативност на различни членови од заедниците (претставници од бизнис-заедницата, локални власти, невладини организации и граѓани) за постигнување на широк консензус и легитимност на резултатот. Во современата пракса, планирањето на ЛЕР се води од ефективна организациона структура, најчесто во облик на корпорација за економски развој или слична специјализирана организација со цел развој на програми и проекти за одреден локалитет.
Локалните власти можат да ги имаат следниве потенцијални улоги во процесот на планирање и управување со локалниот економски и регионален развој:

1. *претприемничка улога*, каде што се презема целосна одговорност за управување со бизнис-компанија. Преземањето ризик и претприемничкиот дух од страна на претставниците на локалните власти и носители на политики се потребни за промовирање на новите можности за членовите на локалната заедница. Онаму каде што приватните компании не наоѓаат интерес за преземање ризик, локалните власти и организациите формирани од членовите на заедницата би можеле да се јават како релевантно алтернативно решение за обезбедување на одредени стоки и услуги и креирање нови работни места. На тој начин се избегнува и потребата за увоз од надвор;
2. *улога на координатор*, при што локалните власти или групи формирани од членовите на заедниците координираат процеси, политики и стратегии за развој на локалната област. Поради високиот степен на локален импакт врз квалитетот на услугите кои се нудат на локалната заедница, ваквите локални совети се стремат да обезбедат лидерство во процесите на планирање и координирање на доставувањето услуги. На тој начин се постигнува подобар квалитет на аутпутот (крајниот резултат), како и ефективно искористување на инпутите (ограничените локални ресурси) и се обезбедува конзистентност со економските стратегии и програми на централната власт (координација помеѓу top down и bottom up);
3. *фасилитатор,* каде што членовите на локалните совети како избрани претставници на заедницата ги претставуваат локалните економски проблеми и можности за нивно решавање пред повисоките нивоа на власт, а нивната улога на лобисти е дотолку посилна, колку што е обезбедена поголема поддршка од бизнис-секторот и локалната заедница;
4. *стимулатор,* улога во која локалните совети и членови на групи од заедницата преземаат специфични акции за стимулирање, креирање и експанзија на бизниси и задржување на компаниите во рамки на локалната заедница. Овие активности се различни, почнувајќи од развој на брошури до индустриски работилници. Постојат многу примери во светот каде што локалните власти обезбедуваат користење на простории по поволни цени за претпријатија и кооперативи кои се лоцирани во рамки на локалната

заедница, со цел да се остварат локалните цели на креирање нови работни места.

Основен чекор во процесот на планирање на ЛЕР е одредување на географската локација која ја покрива планот (најчесто таа коинцидира со границите на локалната самоуправа) и по правило мора да се карактеризира со внатрешна конзистентност и кохезивност. Самиот процес опфаќа шест фази, кои во суштина опфаќаат три главни столба:[205] 1) собирање на информации и анализа; 2) развој на стратегија; и 3) развој на проекти. Првата фаза опфаќа прибирање на детални и објективни информации за природата и проблемите на економската база. Во втората фаза се врши избор на една од повеќе потенцијални стратегии за решавање на идентификуваните проблеми во првата фаза. Третата фаза се фокусира на проектите кои можат да се имплементираат во рамки на избраната стратегија. Тоа се конкретни програми, активности, инвестиции и маркетинг напори насочени кон имплементација на стратешките цели. Акционите планови на стратешките проекти се развиваат во четвртата фаза и тие ја поставуваат специфичната финансиска и оперативна рамка за имплементација. Во рамки на петтата фаза се специфицираат проектните детали и се воспоставуваат системи на мониторинг и евалуација на процесите на проектна имплементација, а шестата фаза ги содржи сите потребни проектни елементи, планови и специфични аранжмани, вклучувајќи и комплетна идентификација на сите предности, средства, поддршка од заедницатата и нивен соодветен маркетинг.

Типологијата на пристапи на планирање вбројува четири главни ориентациони модели: 1) *планирање на вработување*; 2) *планирање на импакт* (влијание); 3) *планирање на непредвидени ситуации;* и 4) *стратешко планирање* (Bergman 1981). Првите два модела се одговор на надворешните услови и влијанија[206]. *Планирањето на вработување* е традиционален пристап кон економски развој кој се користи за корпоративна експанзија. Инволвирањето на јавноста е лимитирано, а политиките инхерентни на овој пристап имаат тенденција да оперираат под претпоставката дека секој бизнис е добар за заедницата.[207] Овој пристап е активен. *Планирањето на влијанија* е понова практика која има за цел

[205] Blakely, Edward J., (New School University), Bradshaw, Ted K. (University of California, Davis), Planning Local Economic Development and Practice, 3rd Edition, стр. 80.

[206] На пример, преземање на активности за градење или одржување на економската база во согласност со надворешните услови.

[207] Типичен вид на планирање според овој пристап е преземањето различни видови напори за зајакнување на имиџот на локалитетот како поволен за бизнис.

да го ублажи или редуцира негативниот импакт од затворање на бизниси во рамки на заедницата, особено од аспект на отпуштање на работна сила. Ова е реактивно планирање кое се случува по загубата на индустриската база.[208]

Следните два пристапа се многу посеопфатни. Пристапот на *планирање на непредвидени ситуации* е интерактивен и ја препознава потребата од флексибилност кон променливите услови во опкружувањето. Тој се надоврзува на слабостите на системот на импакти и ја признава потребата од предвидување на можните исходи, наместо реагирање откако тие ќе се случат. При планирање на ефектите и влијанијата од непредвидени ситуации се претпоставуваат двете екстремни сценарија (најдобар и најлош исход) и се овозможува мобилизирање на ресурси за навремено елиминирање на негативните резултати или пак нужно прилагодување кон неменливите екстерни фактори. Правилно се проценуваат силните страни на сите економски сектори и се доставуваат сите релевантни информации до лидерите на локалната заедница за иницирање на конкретна акција. *Стратешкото планирање* има проактивен пристап и гради долгорочен и мултидимензионално респонзивен систем на економските околности. Економскиот развој се перципира како долгорочна цел на сите тековни функции на локалната власт. Стратешкиот аспект на планирањето се врши од страна на специјалисти за економски развој кои таргетираат привлекување на бизниси и компании во склад со локалните потреби и ресурси, а не врз база на достапните можни решенија. Моделот на интервенции е во тесна корелација со иницијативи поддржани од јавноста и интегрирани политики на клучните засегнати страни. (Табела 15).

[208] Типичен пример е воведување на програма за вработување поради ненадејно затворање на фабрика.

**Табела 15  Модели на планирање на локален економски развој**

| | *Перспективи на респонзивност* | | *Перспективи на планирање* | |
|---|---|---|---|---|
| | Предактивни (I) | Реактивни (II) | Проактивни (III) | Интерактивни (IV) |
| *Планирање* Модел на планирање | Планирање на вработување | Планирање на импакт | Стратешко планирање | Планирање на непредвидени случаи |
| *Политики* Индустрија | Индустријализација | Деиндустријализација | Нови локални (домородни) фирми | Надградување на постоечката база на фирми |
| Типови претпријатија | Помош во прилагодување од компании | Спозорирани од власта | Базирани на нова технологија | Базирани на инпути од заедницата |
| *Развој* Модел на интервенција | Индустриски поттикнувања | Трошоци од владини програми | Развој инициран од пошироката јавност | Развој инициран од заедницата |

Извор: Blakely, Edward J., (New School University), Bradshaw, Ted K. (University of California, Davis), Planning Local Economic Development and Practice, 3rd Edition, стр. 90.

### *3.1. Јавно-приватно партнерство - основен модел на современото стратешко планирање и управување на ЛЕР*

Локалните економски активности се инхерентно поврзани со политиките на јавниот сектор, а локалниот економски развој има силен потенцијал доколку тие се респонзивни на потребите и активностите на бизнис-секторот, граѓаните и целокупниот невладин сектор. Јавно-приватните партнерства имплицираат долгорочни и комплицирани процеси кои го надминуваат капацитетот на монетарните и материјални ресурси и повлекуваат висок степен на немонетарни ресурси (т.н. goodwill на заедницата, политички врски итн.). Ваквиот пристап опфаќа многу поширока платформа од обична соработка која јавниот сектор му ја нуди на приватниот за спроведување на економски активности кои резултираат со приватна добивка. Партнерството значи преземена заедничка обврска за постигнување на заеднички економски цели, заеднички одредени

преку инволвирање на сите засегнати страни (јавен, бизнис-сектор и граѓаните на заедницата). Успешните партнерства се базираат на следниве принципи:

1. изградена култура на граѓанско учество при носење одлуки на локално ниво, насочена кон развојот на заедницата и постигнување на состојба на вработеност на нејзините членови. Ваквиот пристап има широк локален консензус. Традиционалните инсуларни власти кои се тесно поврзани со интересите на селектирана група на бизнис-сопственици не можат да изградат квалитетна платформа за партнерство;
2. реалистична и општоприфатена визија за заедницата заснована на предностите, слабостите, можностите и заканите кон развојот, како и општоприфатен развоен концепт. Ова е најважниот сегмент на едно партнерство - без општо разбирање на тоа што заедницата поседува, каде се наоѓа и каде сака да биде во иднина, не е возможно да се изгради поквалитетен живот за нејзините членови;
3. ефективни невладини и граѓански организации кои се во состојба да направат компромис помеѓу интересот на поединците и поширокиот интерес на заедницата. Несомнено, сопствениот интерес е движечка сила на секоја активност и тоа е факт, но ако интересот на граѓанското лидерство (индивидуален и колективен) може да се канализира преку структури на начин што истовремено може да се постигне и заедничкиот интерес на заедницата, тогаш процесот на развој е функционален;
4. мрежа на клучни групи и индивидуалци која овозможува комуникација, координација и медијација помеѓу различните видови интереси. Таа има за цел да изгради атмосфера на почит и доверба во заедницата и приближување на различните интереси на локалната власт, бизнис-групациите и работната сила;
5. способност и желба за негување на граѓанско претприемништво, односно охрабрување на преземачите на ризик;[209]
6. континуитет на политиките и нивна конзистентност, вклучувајќи ја способноста за адаптирање кон променливите надворешни околности.

[209]Ништо не е попоразително за економскиот развој од заедниците кои ја негираат работата на ефективните поединци. Ако тие не се соодветно наградени и вреднувани, процесот на развој ќе запре.

Стратешкото планирање е општоприфатен модерен пристап за детерминирање на насоките на движење на економскиот развој во рамки на локалната заедница. Стратегијата содржи сет од принципи и концепти кои се основа за преземање на специфични акции насочени кон креирање на работни места за и со помош на членовите на локалната заедница. Самата стратегија е пакт на партнерство помеѓу јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор. Таа е насочена кон стимулирање на интерни или привлекување надворешни инвеститори во склад со профилот на локалната работна сила. Процесот на генерирање на работни места се поместува од *страната на побарувачката, кон страната на понудата* - кои работни места најдобро би одговарале на профилот на локалниот работен контингент. Целта е постигнување на локална економска стабилност и независност од надворешни влијанија. Од тој аспект, локалната заедница мора да креира диверзифицирана економска база и не смее да се потпира на силата на еден тип бизнис, без оглед на тоа дали е од високо или ниско технолошки карактер. Како што локалните бизниси растат и стануваат глобално конкурентни, потребно е локалната заедница да развива регионална стратегија за креирање на мрежа од социјална и економска инфраструктура која би делувала како центар за нивна поддршка.

Најквалитетни се оние ЛЕР-стратегии кои промовираат т.н. „базични" вработувања. Тие се таков тип вработувања кои вклучуваат активности на доставување стоки и услуги примарно надвор од локалните граници, но чии приходи се насочени интерно кон локалната заедница во форма на плати, тековни и капитални трошоци. „Небазичните" вработувања се однесуваат на доставување стоки и услуги примарно во рамки на локалната заедница, па оттаму и изворите на приходи се локални.

### *3.2. Аналитички техники во функција на стратешко планирање и управување на ЛЕР*

Успехот на процесот на планирањето на економскиот развој е директно зависен од квалитетот на аналитичката рамка која треба да содржи детален опис на локалниот економски контекст, вклучувајќи ги социјално ранливите групи со

посебни потреби, достапните локални ресурси и позицијата на заедницата во рамки на поширокиот регионален, национален и глобален контекст. Како есенцијални сегменти кои ја градат националната економија, локалните заедници се насочени кон подобрување на сопствената благосостојба и покачување на нивото на економски активности прво во локални рамки, а потоа и во однос на националната економија во насока на зајакнување на нејзината глобална конкурентност и економска независност. Според тоа, вистинскиот развој започнува од моментот на скенирање на расположливите локални капацитети и нивно соодветно ставање во функција.

Интервенциите насочени кон локален економски развој претпоставуваат детална анализа на силните и слабите страни на локалната економија, можностите и силите кои го попречуваат.[210] Во суштина, ова значи детерминирање на тоа кои проектирани промени на локалното опкружување би требало да се поддржат и зајакнат, а кои треба да се отстранат. Локалниот контекст мора да се стави во корелација со надворешниот сет на глобални економски сили и трендови (на пример, новата технологија, променетата достапност на природни ресурси, трговската и монетарна политика и сл. имаат силно влијание врз локалните потреби и можности). Избраната стратегија мора да биде реална, а услов за тоа се точни и прецизни податоци и остварливи проектни активности.

Аналитичката рамка на податоци се гради врз основа на споредба на вредностите на локалните варијабли со варијаблите на валидни референти на ниво на поширокиот регион. Добиените податоци укажуваат на трендови кои се земаат како основа за планирањето на ЛЕР. На пример, локалната заедница може да открие дека нивната стапка на невработеност е значајно над или под истата стапка на регионално или локално ниво или пак дека во рамки на одреден временски интервал драстично се изменила. Промените во локалната економија се комплексни и зависни од комбинација на повеќе сили (глобална конкуренција, технолошки промени, миграции и нови пазари) кои ја менуваат природата на локалната економска база. За правилно поврзување на влијанијата на макрониво врз локалните бизниси и ефективно планирање на економскиот развој на заедниците, потребна е инволвираност на специјалист за економски развој.

[210] Ваквиот пристап се нарекува SWOT анализа.

William Schaffer (Duke University) ги идентификува следниве основни елементи на аналитичката рамка на податоци за ЛЕР: 1) главен фокус на анализата е заедницата како целина, а не поединечните компании и домаќинства; 2) интерните и екстерно достапни иницијативи, лидерството и ресурсите на заедницата се интегрален дел на аналитичката рамка; 3) учеството на граѓаните при носење одлуки е основен метод за развој и надградба на податоци; 4) економската анализа на заедницата е холистички процес кој ги препознава разните човечки, физички и економски димензии; и 5) однесувањата на луѓето можат да бидат и можности и пречки на економскиот развој. Поради сите овие аспекти, планирањето на економскиот развој мора да ги комбинира професионалните статистички и квантитативни анализи со единственоста и спецификите на конкретната локална заедница.

Крајната цел на плановите за економски развој е здрава локална економија способна за извоз на работни места, задржување на значителен дел од бизнис-приходот во локални рамки и градење интерни линкови. Утврдувањето на природата и големината на економските врски внатре во локалниот систем и екстерно, со останатите локални заедници во регионот, во национални или глобални рамки е основен предизвик на аналитичките техники за ЛЕР. Подетално, анализата е насочена кон пронаоѓање одговори на следниве прашања:

- Кои делови од локалната економија се највреднувани од локалното население и политичките лидери и како граѓаните на локалната заедница се гледаат себе во споредба со останатите локални заедници?
- Кои се составни сегменти на локалната економска база и кои сегменти учествуваат најмногу во креирање работни места и раст на приходи?
- Кои сектори на локалната економија растат со најбрза стапка и што можат локалните власти и лидери да сторат во однос на другите економски сектори?
- Како влијае растот или опаѓањето на економските активности во еден економски сегмент врз останатите со кои има воспоставено бизнис-релации?
- Кои делови од локалната економија се вмрежени во кластери?

За правилна анализа на овие аспекти од локалната економија потребни се податоци од следниве четири главни области:

1. демографска структура на локалната заедница (големина на популација, стапка на наталитет, степен на сиромаштија, приходи итн.). Многу е важно да се одреди мобилноста на работната сила (на пример, дали младите се вработуваат локално или пак постои тренд на миграција);
2. перформансите и квалитетот на локалната бизнис-заедница, кои се одредуваат преку лични контакти, фокус-групи или пак прашалници и анкети преку мрежите на бизнис-асоцијациите и стопанските комори;
3. физичките и локациски услови (листа на средства со кои располага заедницата и бариери во имплементација на зацртаните цели);
4. социјална (мека) инфраструктура, односно достапноста на институции кои нудат образовни, информативни, рекреативни, културни и услуги на истражување и развој на членовите на локалната заедница и локалните бизниси.

Откако ќе се осознае тековниот карактер на економската база, понатаму следи идентификација на трендот на промена на економијата. Динамичкиот квалитет на локалната економија не се демонстрира преку бројни независни индустрии кои делуваат во изолација, напротив, тој се состои од високо интерконектирана мрежа на економска размена, каде што извозот или потрошувачката се последниот чекор од низата. Кога еден член на локалната заедница купува компјутер, на пример, компанијата која го произведува компјутерот купува делови од многу други компании кои можат, но и не мора да се наоѓаат во рамки на границите на иста национална економија како и компанијата која го произведува компјутерот, но кога таа ја зголемува продажбата, истото се случува и со компаниите добавувачи. Од тој аспект, за да се процени степенот на кумулативни промени кои може да ги предизвика одредена активност во интерконектираната локална економија врз економската база, се користи концептот на мултипликатор. *Мултипликаторот во една локална економија претставува сума на сите економски активности балансирани со излезот надвор од локалната економија.* На пример, локалниот мултипликатор за компјутерска индустрија која добила нарачка во вредност од 1.000$ за нови компјутери изнесува 1.000$ плус вредноста на сите продажни трансакции

директно или индиректно стимулирани од тие 1.000$ вредност. Генерално, локалните мултипликатори се највисоки во области каде што голем дел на инпути се произведени локално и во индустрии кои се карактеризираат со многу трансакции. Ако сите составни делови на производителот на компјутери се набавени од друга национална економија, тогаш тие 1.000$ ќе имаат многу мал локален импакт. Ако производителот на компјутери се наоѓа во Силиконската долина, на пример, тогаш локалниот мултипликатор ќе биде многу висок. За подобро да се разбере како функционира локалниот мултипликатор, ќе го наведеме примерот со трудово-интензивните бизниси, како на пример бизнисот со хемиско чистење. Тој имплицира многу малку надворешни трансакции кога бизнисот се зголемува зашто најголем дел од работните трошоци се состојат од интерен човечки труд. Нивниот мултипликатор е мал, без оглед на тоа каде се лоцирани добавувачите. Затоа, многу е важно да се предвиди како промените се мултиплицираат низ локалната економија.[211]

Типичната современа локална економија се состои од бројни концентрирани индустрии, од кои некои се растечки, а многу од нив се поврзани во силни локални мрежи на купопродажни трансакции. Експертите за ЛЕР го признаваат фактот дека не сите бизниси имаат исто значење и додадена вредност од аспект на нивниот придонес кон растот и развојот на локалната економија, потенцијалот за креирање работни места и подобрување на општата локална благосостојба. Од тој аспект, многу значаен е новиот концепт на индустриски кластери за објаснување на развојниот потенцијал на локалните економии.[212] Целта на оваа анализа е да се идентификуваат кластери на локации каде тие не се видливи и да се подигне нивото на свесност за потенцијалниот индустриски сет кој може да се развие во кластер и да ги ужива ефектите на економија на агломерација.[213] Предностите на индустриските кластери и нивниот придонес кон развојот на локалната економија се состојат во географската концентрација на одреден регион, корисностите од меѓусебната близина и поделбата на специјализирани услуги (маркетинг, мрежи на дистрибуција и слично) и физичка

[211] Многу ефикасна аналитичка техника за планирање на локалниот економски развој е и концептот инпут - аутпут анализа на W. Leontief.

[212] Кластерите се мрежи од меѓусебно поврзани фирми кои купуваат и продаваат од исти добавувачи, делат пазари и се поддржани од заедничка специјализирана инфраструктура.

[213] Корисности од близина до сродни фирми и користење на заедничка база на информации, образовни услуги, енергетски извори и слично.

и мека инфраструктура (транспорт, пристап до ресурси, образовни и центри за истражување и развој и финансиски институции).

## 4. Инструменти на развој на локалниот бизнис

Развојот на бизнисот во рамки на локалната заедница и креирањето на силен сет од економски институции кои се конкурентни како на локално, така и на глобално ниво е движечка сила на индивидуалната и колективна благосостојба. Без оглед на тоа дали промовираме нов бизнис или пак го задржуваме постојниот во локални рамки, постојат неколку основни алатки кои се клучни за овој процес: *едношалтерски центри; центри за финансирање на старт ап бизниси; центри за развој на мали бизниси; групни маркетинг системи; програми за истражување и развој; технолошки паркови; економски зони;* и *центри за развој на претприемништво.*

*Едношалтерските центри* за развој на бизниси се значајна компонента на структурите на современите локални власти. Традиционалната улога на овој тип центар е да служи како клучна точка за контакт помеѓу локалните власти и претставниците на бизнис-заедницата. Нивната современа улога се проширува на ниво на развој на локалниот бизнис преку давање на советодавни услуги и информации (индикатори и статистички податоци за локалниот пазар на работна сила, локални планови за развој, достапност на локации за инвестирање, регулативи и дозволи за градба, финансиски податоци).

*Финансиските институции за развој на заедниците* се механизми кои им овозможуваат на членовите на локалната заедница да инвестираат во развој на локални бизниси кои имаат потенцијал за брз раст, се засноваат на иновација на производите, процесите или маркетинг системот, имаат потенцијал за извоз и силен и висококвалификуван менаџмент.

*Центрите за развој на мали бизниси* нудат услуги од областа на истражување и развој, обука за менаџмент и советодавни и консултантски услуги за поддршка на нови бизниси со цел намалување на стапката на неуспех на новоотворените компании, зајакнување на нивото на технолошка иновативност и модернизација и потенцијал за креирање работни места. Најдобриот пристап кон постигнување на овие цели е формирање на специјализирана институција во тесна соработка со

универзитетски и други образовни центри. Друга димензија во работата на овие центри е идентификација на талентирани потенцијални претприемачи меѓу невработените членови на локалната заедница и нивно упатување кон сегменти од пазарот каде би можеле да развијат сопствени бизниси. За таа цел се обезбедуваат практични обуки, се издаваат простории со ниски трошоци, како и централизирани административни услуги.

*Системите за групен маркетинг* се користат од групи на самовработени индивидуи или компании кои се насочени кон освојување на ист пазарен сегмент. Локалните власти можат да заземат активна улога кон поддршка на овие аранжмани преку нивна организација и координација на заинтересираните мали бизниси.

Доминантна карактеристика на современите економии се високотехнолошки компании базирани на ресурс - знаење. Глобалната пазарна конкуренција наложува развој на продукти кои содржат додадена вредност од аспект на знаење, иновации и истражувања. Информацијата не е повеќе само средство, туку краен продукт кој има своја цена, а употребата на таквиот продукт како производствен инпут носи висока конкурентска предност. Во подемот на петтиот технолошки бран на биотехнологија, информациона технологија и екоиндустрии, новите технологии имаат силно влијание врз карактерот на производствените процеси и продуктивноста. Новите софистицирани индустрии имаат потреба од географска локација за да почнат со бизнис-активности. Во потрага по идеална локација, тие најчесто се привлечени од добро организирани територии кои изградиле квалитетни линкови помеѓу локалните власти, бизнис заедницата, универзитетските центри, институциите на централната власт и финансиските институции. Од тој аспект, пристапот до центри за истражување и развој соодветно финансиски поддржани од специјализирани фондови е клучен за изборот на локација за инвестирање во индустриите на бранот К-5. Истражувачите и иноваторите имаат потреба од средина која би го поддржала процесот на развој на нов производ од фазата на инкубација до комерцијализација и лансирање на пазарот. Од тој аспект, клучна е улогата на *центри за технолошки развој и технолошки паркови* кои обезбедуваат локациски, образовни, административни и финансиски поволности за развој на иновативни производи.

*Индустриските зони* се локации каде што регулативите за водење бизнис се сведени на минимум и се нудат атрактивни финансиски иницијативи за потенцијалните инвеститори.[214] Ваквиот пристап се базира на претпоставката дека отстранувањето на статуторни и административни контроли го поттикнува претприемништвото. Овие зони нудат и даночни олеснувања, субвенции на плати и поволни локации. Според современата теорија, во суштината на претприемништвото е преземање на ризик. Меѓутоа, не сите преземачи на ризик успеваат на пазарот. За да се успее, потребни се прецизни и правилно донесени одлуки, кои се базираат на знаење, истражување и информации и соодветни вештини за носење одлуки и нивна имплементација. Локалните власти во голема мера можат да го олеснат процесот на идентификација на индивидуи со претприемнички потенцијал и да инвестираат во нивен развој. За таа цел, се основаат *центри за развој на претприемништво* и се промовира позитивна локална клима за развој на бизнис, сè во насока на намалување на ризикиот од неуспех и поддршка на претприемничкиот дух.

Од правилно поставените локални политики и поддршка на економските иницијативи зависи благосостојбата на членовите на локалната заедница и нејзината препознатливост во регионални, национални, па и глобални рамки. Новите иновативни бизниси денес се големите нови фирми на иднината.[215]

Инструментите и алатките кои локалните заедници ги користат за привлекување на инвестиции зависат од достапните ресурси. Секоја заедница мора да изгради сопствени механизми кои се во корелација со нејзините специфични вредности, средства и можности за развој. Видлива предност имаат оние локални заедници кои успеале да обезбедат соодветна мека инфраструктура (информации, финансии) и кои успеале да изградат култура на претприемништво.

[214] Овој концепт е воведен во Обединетото Кралство во далечните ’70-ти години на минатиот век, базирајќи се на практични податоци од Хонг Конг кои индицираат зголемена фреквенција на отворање нови работни места во локации каде е редуцирана регулацијата.

[215] Пред неколку децении Microsoft беше само една мала фирма, за денес да прерасне во глобален гигант. Тој е значајна компонента на економијата на Seattle.

## 5. Територијален маркетинг - стратешки инструмент на локалниот економски развој

Според современите теории на локален економски развој, еден од најважните фактори кои влијаат врз локациските одлуки за нови инвестиции на приватниот сектор е атрактивноста, односно квалитетот на живот кој го нуди локалитетот. Многу често, одлуките на приватниот сектор за инвестициска експанзија не се директно поврзани со опипливи аргументи. Одлуката за избор на локација помеѓу неколку конкурентни опции во голема мера зависи од способноста на локалната заедница за територијален маркетинг и способност за квалитетна самопрезентација.

Во англиската литература, терминот територијален маркетинг се среќава како маркетинг на место, локација, регион, општина, град, итн. (place marketing, local marketing, spatial marketing, municipal marketing, city marketing). Овој концепт на маркетинг го заменува обичниот производ или услуга со регион, место, локација која е управувана од локални или регионални власти кои имаат авторитет и моќ да носат одлуки и да управуваат со развојот на територијата. Од тој аспект, територијалниот маркетинг е процес во кој локалните власти се поврзуваат со потребите на таргетираниот клиент. Територијалниот маркетинг може да се разбере и како сет на маркетинг активности преземени од страна на членовите на заедницата во рамки на процесот на стратешко планирање на локалниот економски развој.[216]

Целите на концептот на територијалниот маркетинг се разликуваат од целите на комерцијалниот маркетинг кои често се поистоветуваат со директен финансиски профит. Територијалниот маркетинг го редефинира терминот профит на начин што во него вклучува многу индиректни и потешко мерливи социјални користности (подобрен животен стандард за членовите на локалната заедница). Тој се јавува како природна последица на конкуренцијата помеѓу градовите, регионите и локалните територии кои се натпреваруваат за привлекување на ресурси, инвестиции, јавни фондови, работна сила, туристи итн.

Модерните локални и регионални власти го вбројуваат територијалниот маркетинг како посебен сегмент на локалната јавна политика. Тој е главна

[216] Florek, Magdalena , Territorial marketing, theoretical issues and empirical survey in wielkopolska communes, Poznan University, Poland, November 2003, стр. 4.

одговорност на избраните локални власти и е тесно поврзан со стратешките развојни планови. Локалната територија „се пакува“ и се нуди на продажба како посебен вид на мегапроизвод кој се состои од многу материјални и нематеријални субпродукти. Еден од критериумите за идентификување на составните делови на мегапродуктот е аспектот на функциите кои тие ги извршуваат. Од тој аспект ги разликуваме следниве субпродукти: 1) туристички (хотели, ресторани, споменици, природни атракции); 2) инвестициски (локација, земја, технолошки паркови, работна сила); 3) резидентен (објекти за домување); 4) социјален (сезонска или постојана работа, социјална помош); 5) трговија и услуги; 6) култура и образование (универзитетски центри, театри, кина); 7) јавен сектор (администрација, јавни услуги, здравство); 8) спорт и рекреација; 9) саеми и изложби итн. Главните квалитети на сите овие потсистеми на територијата како продукт ги сочинуваат луѓето, нивните културни особини, дијалекти, имиџ, историја, традиција, менталитет и обичаи. Комплексноста на мегапродуктот се зголемува со мешањето на резиденти од различни култури и традиции и е правопропорционална со територијалната и административна големина на регионот.

Маркетингот на заедницата е многу сличен процес на маркетинг на било кој производ или услуга. Процесот инволвира истражување на типовите на ресурси со кои располага заедницата, потенцијалните клиенти и пазар на кој би можеле да се понудат. За таа цел, потребни се истражувања и цел сет од информации за потребите и преференциите на потенцијалните пазарни клиенти. Според јазикот на маркетингот, производот треба да биде одраз на потребите и желбите на крајниот клиент. Од тој аспект, мегапродуктот на територијалниот маркетинг нема флексибилност и можност за адаптација. Напротив, тој е резултат на долг процес кој вклучува историја, традиција, специфичен развој и неговата модификација е невозможна на краток рок. Како посебен инструмент на територијалниот маркетинг може да се искористи имиџот на мегапродуктот територија. Тој е посебен субпродукт кој претставува збир на верувања, идеи и импресии кои креираат посебен бренд, идентитет на мегапродуктот по кој тој се разликува од останатите територии и е функција на однесувањето, визуелната идентификација, презентација и начин на комуникација со надворешната средина. Атрактивноста на локалитетот го отсликува духот на локалната

заедница и од тој аспект квалитетот на локалниот имиџ е главен фокус на современите локални власти во контекст на глобалната конкуренција во привлекување на бизнис. Тие се стремат кон креирање на визуелна препознатливост која креира сопствен идентитет на локалитетот, означува квалитетни услови за живот во заедницата, заштита на животната средина и сензитивните делови од локалната територија.

Освен продуктот, територијалниот маркетинг е детерминиран и од цената, дистрибуцијата и промоцијата како составни елементи на маркетинг миксот. Одредувањето на цената е индиректно и немонетарно, насочено кон поставување на атрактивни иницијативи за потенцијалните клиенти на територијата и корисниците на стоките и услугите кои таа ги продуцира. Процесот на дистрибуција инволвира канали на комуникација и пристап, а промоцијата на мегапродуктот е способност за размена на информации со заинтересирани страни со цел да се потенцира компаративната и конкурентска предност на понудената територија. Таа е највидливата маркетинг алатка директно поврзана со имиџот и брендот на мегапродуктот.

Производот/територијата кој се нуди на пазарот може да се разгледува и како „претпријатие“ кое продуцира услуги наменети за задоволување на потребите на членовите на заедницата/општината и бизнис-заедницата како ултимативни заинтересирани страни. Практиките на маркетинг на локалните заедници ги опфаќаат следниве сегменти:

1. *Идентификација на долгорочните цели на заедницата.* Развојните цели на заедницата се ставаат во контекст со квантитетот и квалитетот на популацијата и типот на расположливите ресурси. На пример, за остварување на процентот на раст кој се таргетира може да се јави потреба од привлекување на меѓународен фактор, а малите и средни потенцијални компании да се посоодветни за заедницата ако таа преферира контролиран развој. Успешен пример за тоа како една заедница успеала да ги организира и проектира сопствените ресурси е биотехнолошкиот центар Emeryville, California. Со популација од помалку од 10.000 жители, Emeryville го насочи развојот на инфраструктурата во насока на привлекување на компании од областа на новите биотехнолошки индустрии и како таква стана препознатлива.

2. *Презентација на заедницата.* Презентацијата мора да ја отслика заедницата во нејзиното вистинско светло, заедно со реалните можности кои ги нуди. Манипулаторскиот пристап и неточните информации сериозно му наштетуваат на имицот на заедницата. Многу индустриски компании имаат високоразвиени мрежи за истражување и развој, така што сé она што се пласира, лесно може да се провери. Типот на комуникација кој се избира за целите на маркетингот, мора да биде примамлив за потенцијалните клиенти. На пример, ако потенцијални клиенти се јапонски бизнисмени, информациите за привлекување инвестиции во локалната заедница мораат да се пласираат во јапонски медиуми, на јапонски јазик. Многу понесоодветно е тие да бидат напишани на англиски и предадени на јапонскиот конзулат од страна на локалниот градоначалник во облик на брошура.
3. *Иницијативи.* Со цел да се одговори на потребите на потенцијалните фирми или претприемачи, локалната заедница припрема пакети на иницијативи од финансиска и нефинансиска природа, кои покрај пристап до соодветни локациски капацитети, центри за развој и истражувања, вклучуваат и агресивна и флексибилна локална власт која умее да воспостави квалитетни линкови со локалната бизнис-заедница и има интегрален, холистички пристап кон промоција на локалната територија.
4. *Проспект на заедницата.* Целта на овој документ е да го отслика специфичниот идентитет и препознатливост на локалната заедница. Тој ги вклучува сите индустриски и пазарни потенцијали, минати и идни трендови, физичка инфрастуктура и мека инфраструктура (капацитети за истражување и развој, достапност на квалитетни човечки ресурси).

Маркетинг стратегиите на најголем дел од развиените урбани заедници имаат високотехнолошка димензија. Нивен интегрален дел се технолошките стратегии кои користат ресурси на мека инфраструктура за креирање или инкубација на иновативни фирми со специјализирани технологии кои можат да пенетрираат на глобалниот пазар. Целта на модерните заедници во склад со новиот технолошки бран не е да привлечат фирми, туку да креираат соодветни услови за креирање на нови високотехнолошки иновативни бизниси. Теоријата и практиката недвосмислено го потврдуваат фактот дека е скоро невозможно да се продуцира

или купи (увезе) висока технологија преку традиционалани индустриски иницијативи, како на пример слободен пристап до локација, даночни олеснувања или владини субвенции. Пресуден е карактерот на локалната заедница кој имплицира мултидимензионални, нелинеарни, индиректни и непредвидливи поврзаности на глобално-локални комплекси. Клучното прашање кое овде се поставува е дали локалната заедница може да креира и стимулира развој на технолошко-развојна средина. Иако не постои строго дефинирана формула за успех на овој план и секој локалитет мора да направи индивудална процена и изгради свој специфичен пристап, креирањето на системи кои ја максимизираат размената на информации, лични комуникации и формирањето на стратешки поврзаности е клучот за успешен технолошки развој. Таквите мрежи во комбинација со системите на размена на капитал и експертиза го формираат јадрото на современиот технолошки индустриски развој - еликсир на современиот економски развој на заедниците кој гласи: „Ако не можете да привлечете бизнис, креирајте го“.[217]

## 6. Економски развој на заедниците

Како резултат на неуспехот на глобалната економија да ги опслужи потребите на најголем дел од светската популација, се родија иницијативите за развој на заедниците. Овие развојни иницијативи имаат за цел да генерираат социјално корисни и трудово-интензивни проекти во рамки на расположливите ресурси со цел да остварат профит и да го зголемат степенот на вработеност помеѓу членовите на заедницата.

Клучна движечка сила на економскиот развој е сопственоста. Според Parzen и Kieschnick, цитирањето на старата парабола за објаснување на суштината на економскиот развој скоро е неизбежно - можете да го нахраните некој за еден ден, ако му дадете една риба или пак за цел живот, ако го научите да ја лови. Сепак, современиот контекст на ова објаснување се огледа во тоа кој го поседува морето со риба. Постојат суштински разлики помеѓу двата екстрема: 1) локална заедница чии ресурси се поседувани од далечен инвеститор и 2) локална заедница која поседува сопственост на ресурсите. Основната цел на концептот на

[217] Blakely, Edward J., (New School University), Bradshaw, Ted K. (University of California, Davis), Planning Local Economic Development and Practice, 3rd Edition, стр. 374.

економија на заедниците е да ги едуцира членовите на локалната заедница да се стремат кон сопственост над локалните ресурси преку стекнување контрола над локалната економија, генерирање вработеност за своите членови, поттикнување на меѓусебна групна поддршка и помош, работење за јавна корист, насочување кон алтернативни економски сектори и промовирање на демократска контрола и управување со претпријатија. Локалните заедници се проблематична точка во стратегијата за локален економски развој. Додека таа има за цел промовирање на вработеност во рамки на локалната заедница, глобалниот технолошки развој имплицира фактичка одвоеност помеѓу локациите за живеење и локациите каде се сконцентрирани работните места. Обратно од ваквиот глобален тренд, клучот за успех на локалната економија се наоѓа во способноста на локалната власт во координација со членовите на локалната заедница да го искористи технолошкиот прогрес во насока на поставување директни линкови помеѓу локалната заедница и глобалниот пазар. За таа цел, заедниците мора да имаат контрола врз локалните економски активности и процесот на креирање работни места. Следниве организациони форми поддржани од локалните власти делуваат во функција на економски развој на заедниците (табела 16).

**Табела 16 Организациони форми за економски развој на заедниците**

| *Организација* | *Цел* | *Метод* |
|---|---|---|
| Корпорација за развој на заедниците | Изградба на институции на ниво на заедницата | Организација на заедницата и формирање на бизнис |
| Кооператива | Контрола на производство од страна на вработените / заедницата | Колективен бизнис |
| Агенција за локални претпријатија | Формирање на локален бизнис | Мобилизација на локални ресурси |
| Работничка сопственост | Контрола од страна на вработените | Финансирање од страна на вработените |
| Борд за обука и вработување на членови на заедницата | Развој на човечки ресурси | Обука |

Извор: Blakely, Edward J., (New School University), Bradshaw, Ted K. (University of California, Davis), Planning Local Economic Development and Practice, 3rd Edition, стр. 283.

*Корпорациите за развој на заедниците* како институционална форма која потекнува од САД, сè повеќе е во фокусот на интерес на европските локални власти. Тие обезбедуваат професионален кадар со знаење, технички вештини и компетентност за развој на заедниците кои се запоставени од интересот на приватниот сектор. Тие се насочени кон реизградба на економската и социјална структура на областите кои генерираат ниско ниво на приход. За разлика од финансискиот и банкарски сектор кој се базира исклучиво на профитни критериуми, корпорациите за развој на заедниците се сензитивни на политички, социјални, исто како и на економски бариери. Поради нивната структура, цел и специфичен пристап кон економскиот развој, корпорациите за развој на заедниците имаат уникатен карактер. Тие ги користат техниките на развој на приватниот сектор за остварување на јавни цели, обезбедуваат корисности за пошироката јавност, мобилизираат локални иницијативи за решавање на локални приоритети, заземаат долгорочен пристап кон економскиот развој, се инволвирани во процеси како на јавниот, така и на приватниот сектор и тоа од кооперативна, а не конкурентна природа, ангажираат и приватни и јавни ресурси и ги реинвестираат локално. Ваквите функции се во партнерство и со поддршка на локалните власти.

Донеодамна, сопственоста на *кооперативите* беше ограничена исклучиво на примарните индустрии. Поради нивниот демократски пристап на управување и трудово-интензивен карактер, интересот за нив се зголемува. Нивното етаблирање бара сеопфатна анализа на изводливоста, достапноста на ресурси и обучен кадар и пазарен пристап.

*Агенциите за локални претпријатија* имаат за цел креирање на вработувања преку поддршка и развој на локални претпријатија, играјќи улога на директен линк помеѓу приватните и јавните институции и заедницата. Тие функционираат примарно преку обезбедување пристап до капитал, техничка и професионална помош. Многу често, тие се партнерства и коалиции помеѓу локалните власти, локалните бизнис-унии и организации на заедниците.

*Работничката сопственост* е нов феномен, реакција на можноста од затворање на локалниот бизнис. Членовите на заедницата и работниците проценуваат дали

прифаќањето на сопственост над компанијата и управувањето со нејзината работа би можело да ја одржи на пазарот.

*Бордот за обука и вработување на членови на заедницата* е насочен кон развој на квалификуван локален кадар преку имплементација на програми за обука и креирање на линкови со потенцијални работодавачи.

Успехот во напорите за економски развој на заедниците е во тесна корелација со соодветно организираната локална власт која е ултимативно посветена на целите на локалниот економски развој и креира политики со непосредно учество на сите заинтересирани страни и членови на локалната заедница. Во потрагата по економски можности за раст и развој, тие треба да бидат вкоренети во реалните потреби на групите и индивидуалците и да понудат структура и ресурси кои растот и развојот ги третираат на ниво на најмалите заедници, нудејќи алтернативен пристап кон економскиот систем.

# IV Имплементација на локалниот економски развој (ЛЕР) во Република Македонија

## 1. Законската рамка на ЛЕР

Концептот на локална самоуправа и независноста на општините во остварување на со закон загарантираните надлежности, во чии рамки посебно место му припаѓа на локалниот економски развој, е една од темелните вредности на уставниот поредок во Република Македонија.

Листата на надлежности од областа на локалниот економски развој кои се пренесени на локално ниво се пропишани во Законот за локална самоуправа во членот 22, точка 3.[218] Исто така, Законот за Град Скопје во член 10 и член 15, точка 3 ги предвидува работите за чија имплементација е надлежен Град Скопје како посебна единица на локална самоуправа, односно општините на Град Скопје. (Табела 17).

**Табела 17 Надлежности од областа на Локален економски развој**

| *Општина* | *Град Скопје* | *Општина во Град Скопје* |
|---|---|---|
| Планирање на локалниот економски развој | Планирање на локалниот економски развој на Град Скопје | Планирање на локалниот економски развој на општината |
| Утврдување на развојните и на структурните приоритети | Утврдување на развојните и на структурните приоритети на ниво на Град Скопје | Утврдување на развојните и на структурните приоритети на општината |
| Водење на локалната економска политика | Водење на локалната економска политика на ниво на Град Скопје | Поддршка на развојот на малите и на средните претпријатија и на претприемништвото во општината |
| Поддршка на развојот на малите и на средните претпријатија и на претприемништвото на локално ниво и во тој контекст, учество во воспоставувањето и во развојот на локална мрежа на институции и агенции и промовирање на | Утврдување на стратегијата и давање поддршка на развојот на малите и на средните претпријатија и на претприемништвото. | |

[218]Службен весник на РМ бр. 5/2002.

| | | |
|---|---|---|
| партнерства. | | |
| | Развој и поттикнување на алтернативниот и на културниот туризам и подобрување на условите за престој на туристите во градот Скопје и туристичко пропагандно информирање. | |

Законската рамка не содржи пропишани мерки за тоа како да се реализира надлежноста на ЛЕР. Таа им остава простор на општините самостојно да развијат методи кои соодветствуваат со нивните социо-економски и финансиски потреби.

Законската уреденост на локалниот економски развој е тесно поврзана со легислативата која се однесува на голем број други активности .[219] Од тој аспект, посебно значење имаат Законот за рамномерен регионален развој[220], кој ја дефинира рамката за водење на политика на рамномерен регионален развој, создавајќи услови за динамизирање на ЛЕР, Законот за концесии и јавно-приватни партнерства[221] и Законот за меѓуопштинска соработка[222] која се воспоставува заради заедничко вршење на работи кои се од надлежност на општините кои или немаат сопствен капацитет или пак трагаат по поефикасни и поефективни модели на имплементација.

Вистинскиот импетус на локалниот економски развој го овозможи Законот за градежно земјиште[223] од февруари 2011 година. По исполнување на критериумите од член 89 од Законот, единиците на локална самоуправа можат да се стекнат со право самостојно да управуваат со градежното земјиште, а погодностите за ЛЕР се многустрани. На пример, Законот ја поедноставува постапката за формирање јавно-приватни партнерства и склучување деловни договори помеѓу потенцијални приватни инвеститори и оние општини кои се здобиле со правото да управуваат и располагаат со градежно земјиште и овозможува создавање на директни линкови на комуникација помеѓу самата општина и потенцијалните инвеститори. Според податоците на ЗЕЛС, досега 42 општини се здобиле со право да управуваат со градежно неизградено земјиште и

[219] Најмалку 39 закони влијаат врз имплементацијата на ЛЕР.
[220] Службен весник на РМ бр. 63/2007.
[221] Службен весник на РМ бр. 07/2008.
[222] Службен весник на РМ бр. 79/2009.
[223] Службен весник на РМ бр. 53/2011.

да добијат 80% од приходите остварени од тие активности (останатите 20% се наменети за централната власт), но оваа бројка се очекува наскоро драстично да се зголеми.

## 2. Планирање на локалниот економски развој во Република Македонија

Уште на самиот почеток на децентрализацијата, општините го препознаа локалниот економски развој како надлежност што во најголема мера може да влијае врз целокупниот развој на локално ниво и да помогне во подобрување на економската состојба на членовите на локалните заедници. Сепак, планскиот и стратешки пристап кон ЛЕР на почетокот од децентрализацијата беше поттикнат од помошта на странски проекти и донации кои ги поставија пионерските чекори за изработка на првите стратегии за локален економски развој и асистираа во отворање на првите канцеларии за ЛЕР во општините.[224] Во 2007 година, една од компонентите на проектот за поддршка на процесот на децентрализација финансиран од ЕУ беше фокусирана на јакнење на капацитетите на локалната администрација за планирање на локалниот економски развој, утврдување на приоритетите и развивање на конкретни проекти. Извештајот од проектот, кој имаше за цел да ја мапира состојбата со ЛЕР во општините, го исфрли на површина податокот дека генерално, општините поседуваат соодветна литература, материјали за обука и валидна документација за планирање на ЛЕР.[225] Во овој период се публикувани и различни методолошки прирачници за ЛЕР, материјали за обука, прирачници на ЗЕЛС за проектен циклус итн.[226] Една од целите на прирачниците за стратешко планирање беше да се воведе нова парадигма дека планирањето на локалниот развој на општините е пошироко од планирањето на локалниот економски развој и да се прошират видиците дека иако ЛЕР е една надлежност на општините, таа е во директна интеракција со сите други. Во таа насока треба да

---

[225] Support to the Decentralization Process (2007), EU Project, Background of local development in 36 project municipalities, Inception Report, June 2007.
Пред донесувањето на Законот за локална самоуправа, во декември 2001 година, Американската агенција за развој (УСАИД) го промовираше проектот за соработка со општините при изработка на ефикасни планови за ЛЕР.
[226] Reality or only municipal competence, Monitoring the Decentralization of Local Economic Development in the Republic of Macedonia, Foundation Open Society-Macedonia, 2010 Report, Skopje, September 2011, стр.19.

се размислува и за поставување на нова организациона структура на единиците на локална самоуправа, од аспект на организациската и функционална интеграција на различните надлежности во еден единствен сектор за локален развој на општината.

Активностите за развој на стратегиите и плановите за локален економски развој во општините се дел од сите програми и планови на централната власт за спроведување на процесот на децентрализација. Во Акциониот план за реализација на програмата за спроведување на процесот на децентрализација 2004-2007 година, како приоритет е предвидена активноста 7.1 - Развој на стратегии и планови. Покрај изработката на стратешките планови, оваа активност предвидуваше и утврдување на програми, проекти и активности за намалување на невработеноста со помош на меѓународната заедница, како и ажурирање на податоците за општините во поглед на демографската структура, пазарот на трудот, инфраструктурата и условите за развој на деловните капацитети. Програмата од 2008-2010 година предвиде мерка - Подготовка на методологија за локален развој со цел да се изедначат методологиите што се користат за изготвување на стратегиите за локален развој. Сепак, ваквиот top down пристап во стандардизација на планирањето на ЛЕР не соодветствува со модерните практики и не се применува во ниту една европска децентрализирана земја. Современите трендови на планирање на економскиот развој поаѓаат од специфичните потреби и капацитети на општините и се усогласуваат со квантитетот и квалитетот на нивните ресурси. Поставувањето на приоритети треба да се движи оддолу (крајните корисници, граѓаните) нагоре (локалната власт, па дури потоа централната власт) и е процес на учење во кој главната улога треба да ја имаат членовите на локалната заедница. Стандардизацијата може да се употреби единствено во делот на терминологијата која се користи во рамки на различните методолошки пристапи со цел да се постигне хоризонтална и вертикална усогласеност на планските документи.

Пристапот кон прилагодување на националните политики кон локалните потреби и примената на моделот на повеќеслојно владеење (multilevel governance) е појдовна основа на новата Програма за децентрализација за периодот 2015-2020 година, која ги признава одржливиот развој, заштитата и искористувањето на природното и културното наследство и зајакнувањето на економската,

социјалната и територијалната кохезија. Основната идеја е дека „подобрата вертикална и хоризонтална координација на националните и локалните политики и спроведувањето на интегрирани развојни проекти прилагодени на локалните потреби и услови ќе доведе до поизбалансиран и територијално насочен локален развој“[227] заснован на знаење и намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост.

Сепак, досегашните практики на финансирање на единиците на локална самоуправа ни одблизу не кореспондираат со вака усвоената програма за одржлив економски развој. Иако се дава приоритет на современите концепти и елементи на ЛЕР, централната власт со своите планови и активности на терен покажува и докажува дека не е спремна да ја отстапи моќта во полза на локалната власт, туку продолжува со имплементација на сопствените политики, планови и програми според тоа како таа ги замислува локалните потреби, наспроти реалноста на локално ниво. Високото ниво на политизација на релација централна - локална власт дополнително го спречува процесот на водење независни локални економски политики во координација со потребите, капацитетите и ресурсите на бизнис-заедницата и членовите на локалните заедници. Ваквите тенденции придонесуваат голем дел од локалните планови за економски развој да не ја доживеат фазата на имплементација, иако сè поголем број општини користат методи на стратешко планирање.

Според резултатите од истражувањата на Одделот за демократско владеење при Мисијата на ОБСЕ во Скопје за периодот 2006-2011 година, бројот на општини кои применуваат стратешки пристап во планирањето на ЛЕР секоја година се зголемува, така што процентот на општини од 54,4% во 2006 година се зголемил на 87% за 2009 и 2010 година.[228]

[227] Програма за одржлив локален развој и децентрализација на Република Македонија 2015-2020, стр. 1.

[228] Во анкетните прашалници беа опфатени сите тогашни 84 општини и Град Скопје, на кои во периодот 2006-2010 година одговори дале околу 90% од општините за секоја година посебно.

**Графикон 21 Процент на општини кои усвоиле акциски планови за ЛЕР**




Извор: Извештај за проценка на децентрализацијата 2006-2011, Мисија на ОБСЕ, Скопје, декември 2011, стр. 49.

Сепак, повеќе од половина од општините го признале фактот дека квалитетот на стратешкото планирање на ЛЕР е незадоволителен. Плановите најчесто се носат со нереални рокови за имплементација и во услови на недоволна соработка со локалната бизнис-заедница и граѓаните. Отсуството на примена на принципот на системско партиципативно планирање при изработка на стратешките плански документи на ЛЕР ја доведуваат во прашање нивната валидност и корелација со реалните капацитети, потенцијали и потреби на членовите на локалната заедница.

## 3. Предизвици и проблеми на локалниот економски развој

Недостатокот на финансиски ресурси за имплементирање на пренесените надлежности е највидлив кај локалниот економски развој поради комплексноста на надлежноста. Според истражувањата на Институтот отворено општество - Македонија за периодот до 2010 година, околу 85% од вкупниот буџет на анализираните општини во просек се троши за тековни трошоци и расходи за плати, а само 15% за развојни програми, а општините во текот на 2010 година во

просек финансирале четири пати помалку средства по глава на жител за капитални инвестиции во споредба со централната власт.[229] Исклучок од овој тренд се забележува кај Општина Струмица, каде што 85% од расходите на општинскиот буџет се наменети за капитални инвестиции.[230]

Финансиските ресурси се најголем проблем при имплементација на ЛЕР и според Извештајот за имплементација на процесот на децентрализација на Мисијата на ОБСЕ во Скопје 2006-2011, од декември 2011 година.[231] На прашањето за типот на проблеми и предизвици со кои се соочуваат во имплементација на ЛЕР акционите планови како составни делови на стратегиите, 49 од 50 општини кои го одговориле ова прашање на Анкетниот прашалник во 2011 година потврдиле дека тоа е недостатокот на финансиски ресурси.

**Графикон 22 Најчести пречки во имплементација на акционите планови на ЛЕР**




Извор: Извештај за проценка на децентрализацијата 2006-2011, Мисија на ОБСЕ, Скопје, декември 2011, стр. 44.

Многу од општините се реферирале и на неквалитетна физичка инфраструктура, несоодветни човечки ресурси, нереални рокови и недоволна соработка со бизнис-заедницата како најрелевантен ЛЕР-фактор.

Во суштина на финансирањето на локалниот економски развој се капиталните инвестиции на локално ниво. Три најосновни извори на нивно финансирање кои можат да бидат активирани од страна на една општина се сопствените средства,

---

[229] Reality or only municipal competence, Monitoring the Decentralization of Local Economic Development in the Republic of Macedonia, Foundation Open Society-Macedonia, 2010 Report, Skopje, September 2011, op.cit.,стр. 20.

[230] Податокот е добиен од директно интервју со Тони Милушев, раководител на одделението за ЛЕР на Општина Струмица.

[231] Овој извештај е резултат на теренски истражувања во сите општини за периодот 2006-2011 година со 90% одговорени анкетни прашалници. Резултатите од терен се комбинирани со податоци од ресорните министерства и директни интервјуа со административни службеници од централната и локалната власт.

општински задолжувања и добивање капитални дотации од централниот буџет. Генерално, во Република Македонија можат да се идентификуваат три групи на општини помеѓу кои постои голем диспаритет во однос на капиталните инвестиции, и тоа:[232]

- триесет и седум рурални општини, кои иако се речиси половина од вкупниот број општини, во нив живеат околу 20% од населението на РМ и имаат многу помалку приходи по жител во однос на урбаните и три пати помалку од националниот просек, а капиталните инвестиции во нив изнесуваат во просек 10% од вкупните капитални инвестиции по жител;
- триесет и три урбани општини надвор од Скопје во кои живее околу 50% од населението и кои генерираат повеќе приход од руралните, но помалку од општините на градот Скопје. Капиталните инвестиции изнесуваат околу 20% од вкупните капитални инвестиции по жител;
- Град Скопје и неговите 10 општини кои го опфаќаат остатокот од населението и трошат и до 70% од развојните капитални инвестиции.

Според препораките на Физибилити студијата на УНДП од мај 2009 година[233], треба да се изготват посебни политики за изедначен економски развој и намалување на сиромаштијата и за спречување на процесот на финансиска миграција кон урбаните центри.

Очекувањата на општините во времето кога се носеше Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа беа дека во годините што следуваат тие ќе добиваат многу повеќе средства за капитални проекти во согласност со локалните стратегии за развој што би претставувало квалитетен исчекор во спроведување на процесот на децентрализација. Системот требаше да обезбеди повеќе општи средства за капитални проекти кои транспарентно би се распределувале помеѓу општините. Но, вака замислениот пристап до сега не се реализираше според очекувањата, како резултат на следниве аспекти:

1. Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа воопшто не споменува финансирање на проектите утврдени со развојните стратегии на општините, туку како основа за распределба на финансиите се зема „Програмата утврдена од Владата" (член 11, став 1), односно се

[232] Среднорочен преглед на процесот на децентрализација во Македонија, УНДП (2011.

[233] Сиан, Мушараф Р., Мартинез -Баскез, д-р Хорхе, Тимофеев, д-р Андреј, Финансирање на испораките на подеднакви услуги за сите граѓани, Физибилити студија, УНДП, мај 2009.

финансираат проектите кои ќе бидат одобрени од страна на централната власт. Како резултат на ова, се стекнува впечаток дека поддршката е насочена кон реализација на националните, наместо на локалните приоритети и не придонесува за градење на локалната автономија во согласност со принципите на Европската повелба за локална самоуправа. Друг резултат на овој систем е нетранспарентноста во интервенциите на централната власт и задирањето во локални надлежности. При една ваква состојба, не може да се направи дистинкција во однос на тоа кој за што инвестира во Република Македонија и на кое ниво. Оваа констатација може да се аргументира со следниве примери: а) Не е јасно зошто набавувач на автобусите за јавен градски превоз е Министерството за транспорт и врски, а не Град Скопје? Според завршната сметка на Буџетот на РМ за 2011 година, Министерството за транспорт и врски потрошило повеќе средства за набавка на градски автобуси (554.571.433 денари потрошени за локална надлежност во 2011 година)[234] отколку за инвестиции за железничката инфраструктура (465.440.466 денари потрошени за централна надлежност); б) централната власт спроведува посебна програма наречена „Инвестиции во образованието“, во која се предвидува изградба и реконструкции на објекти поврзани со основното и средното образование во услови кога правни сопственици и одговорни за одржување на објектите се локалните власти; в) спротивно на овие две министерства, во Министерството за економија нема ниту активности, ниту пак потрошени средства за поддршка на општините во реализација на нивните локални развојни програми. Значи, иако формално постои поделба на надлежностите помеѓу централната и локалната власт, трошењето на буџетските средства не е секогаш во согласност со надлежностите и постои јасен тренд на волунтаристички пристап кон трошењето на јавните финансии.

2. Не постојат јасни и транспарентни постапки за начинот на конкурирање за користење на капиталните дотации и критериумите според кои тие се доделуваат од централната на локалните власти. На општините им се

[234] Local and Regional Development in R.M.: Neither Local, nor Regional, Monitoring the Decentralization of Local Economic Development in the Republic of Macedonia, Foundation Open Society-Macedonia, 2011 Report, Skopje, September 2012, стр. 49.

доделуваат повеќе видови капитални дотации за јавни патишта, системи за водовод и канализација, култура, образование и заштита на животна средина, но одлуките многу често се субјективни и политички мотивирани. Општините и ЗЕЛС се практично исклучени од постапките за избор на приоритетите и распределба на капиталните трансфери.

**Графикон 23 Капитални дотации кон ЕЛС како % од вкупните капитални дотации во централниот буџет (2006-2011)**




Извор: Local and Regional Development in R.M.: Neither Local, nor Regional, Monitoring the Decentralization of Local Economic Development in the Republic of Macedonia, Foundation Open Society-Macedonia, 2011 Report, Skopje, September 2012, стр.52.

3. Износите на капитални трансфери во општинските буџети се многу мали од самиот почеток на процесот на децентрализација. Според завршната сметка на Буџетот на РМ за 2011 година, за капитални трансфери кон единиците на локална самоуправа се реализирани вкупно 1.572.189.678 денари, додека вкупните капитални расходи изнесувале 17.797.537.675. Тоа значи дека помалку од 9% од вкупните капитални расходи на ниво на државата биле реализирани преку локалната власт. Со оглед на фактот дека во овие капитални трансфери влегуваат и дел од средствата наменети за општина Центар и Град Скопје поради проектот „Скопје

2014“, овој процент е значително помал од нивото во 2006 (кога уделот на локалната власт во вкупните капитални трансфери изнесувал 11%[235]).

Во контекст на состојбата со капиталните дотации, ЗЕЛС во своите систематизирани ставови за 2011 година побарале „капиталните инвестиции да се префрлаат на општините и тие самостојно да одлучуваат за тоа какви проекти ќе реализираат со тие фондови“ (ЗЕЛС, 2011). Дополнително, ЗЕЛС предлага формирање на работно тело кое би ја утврдило вкупната вредност на капиталните инвестиции во сите ресорни министерства и етапна децентрализација на капиталните инвестиции.

Горчлив проблем на ефективната локализација на економскиот развој е и присуството на корупција. Според истражувањето на Мисијата на ОБСЕ во Скопје во соработка со Transparency International - Macedonia и Државната комисија за спречување на корупцијата во рамки на проектот „Промовирање на концептот на демократско владеење во примена на антикорупциската политика“ во 2013 година, речиси половина од испитаниците (49,6%) сметаат дека кај локалната самоуправа постои многу корупција, а само 7,6% изјавиле дека воопшто не постои корупција.[236] Ова е загрижувачки податок ако се земе предвид фактот дека граѓаните на многу директен начин ги чувствуваат последиците и резултатите од корупцијата на локално ниво. Ова истражување ги потенцира следниве битни заклучоци: 1) прилично е висок процентот на оние граѓани кои сметаат дека средствата од буџетот во нивната општина не се користат за потребите на граѓаните, туку, веројатно, за некои други потреби; 2) граѓаните сметаат дека корупцијата во локалната самоуправа најмногу е присутна при вработувањето (45,1%), проследена со корупција во инспекциските служби (25,7%) и корупција при доделување на јавни набавки (22,0%); 3) жителите на поголемите општини и градот Скопје полесно препознаваат корупција при донесувањето и менувањето на урбанистичите планови на општината, за разлика од оние кои живеат во рурални области; 4) кај помалите општини перцепцијата за злоупотреба е помала, реално и поради малите ресурси со кои располагаат овие општини; 5) градоначалниците се перципирани како

[235] Извештај на Урбан Рурал Консалтинг Скопје, 2009.

[236] Види повеќе во: Промовирање на соработката преку добро владеење во спроведувањето на антикорупциската политика - истражувања и анализи, Државна комисија за спречување на корупцијата и Мисија на ОБСЕ во Скопје, декември 2014 година.

најподложни на корупција, следени од инспекциските служби и администрацијата; 6) околу 6,5% од анкетираните изјавиле дека за извршување на некоја работа во општината им биле побарани пари, стока или друг вид на услуга, односно дека биле директно изложени на корупција; 7) дури 7,2% од анкетираните граѓани пријавиле незаконитост или неправилност во надлежност на општината до соодветни надлежни органи, а дури 85% од нив не биле задоволни од исходот и постапката.

Во корелација со високиот степен на политизација, локалната власт многу често делува како продолжена рака на централната власт, дистанцирана од реалните капацитети и потреби на граѓаните, првенствено насочувајќи го својот фокус кон интересите на корпоративната држава, преживувајќи на маргините на осиромашениот централен буџет кој се претвори во инструмент на владата за реализација на историско-идеолошки, наместо економски проекти.

## 4. Мерки за унапредување на имплементацијата на ЛЕР

Во обидот за привлекување инвестиции и подобрување на бизнис-климата за периодот од почетокот на децентрализацијата до 2010 година, најголем дел од општините се насочиле кон модернизирање на локалната инфраструктура.

**Табела 18 Имплементирани активности за унапредување на ЛЕР**

| | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 |
|---|---|---|---|---|
| Подобрена локална инфраструктура | 61 | 53 | 65 | 59 |
| Промоција на економски потенцијали | 52 | 38 | 55 | 53 |
| Стандардизирани административни процедури | 36 | 24 | 36 | 31 |
| Намалени општински даноци и такси | 16 | 17 | - | 25 |
| Учество во работа на регионални бизнис-мрежи | 9 | 27 | 29 | 29 |
| Формирање јавно-приватни партнерства | 10 | 8 | - | 6 |

Извор: Извештај за проценка на децентрализацијата 2006-2011, Мисија на ОБСЕ, Скопје, декември 2011, стр. 50.

Голем број општини ги промовирале своите локални потенцијали внатре и надвор од локалната заедница и се насочиле кон унапредување и стандардизирање на интерните процедури на локалната администрација. Околу една третина од општините како фактор на привлекување бизниси го признаваат

намалувањето на локални даноци и такси, а особено важен е трендот (од само 9 општини во 2007, на 29 во 2010 година) на партиципација на општините во активностите на регионалните економски и бизнис-асоцијации. Само мал и незначителен број на општини генерално од урбани подрачја основале јавно-приватни партнерства како алатка на локалниот економски развој. Според резултатите од анализата, кај урбаните општини веројатноста за имплементација на активни мерки за промоција на ЛЕР е двојно поголема споредено со руралните општини.

Бројот на општини кои вклучиле економски зони во рамки на деталните урбанистички планови генерално е константен за периодот 2006-2010 година (околу три четвртини од вкупниот број на општини), додека пак постои растечки тренд на општини кои ја ажурирале постоечката дата-база на податоци со активни бизниси (од 42% во 2007, на 70% од општините во 2010 година).

Со оглед на фактот дека сите напори на локалната власт во соработка со бизнис-заедницата и граѓаните се насочени кон намалување на локалната невработеност, разгледуваниот период 2007-2010 година покажува негативни перформанси на активностите за локален економски развој.

**Графикон 24 Локални стапки на невработеност според процентот на општините (2007-2010)**




Извор: Извештај за проценка на децентрализацијата 2006-2011, Мисија на ОБСЕ, Скопје, декември 2011, стр. 51.

Голем број на општини пријавиле стапка на невработеност над 30%, од кои повеќето спаѓаат во групата на рурални општини. Особено алармантен е податокот дека многу мал број општини пријавиле невработеност под 10%.[237]

Најдоминантна економска дејност кај 62% од општините во периодот од почетокот на децентрализацијата до 2010 година е земјоделството. Трговијата и индустријата доминираат кај една третина од општините, а евидентен е и тренд на пораст на секторот на услужни дејности, кој е застапен кај повеќе од една четвртина од општините.

Се очекуваше дека преземените економски реформи ќе придонесат за зголемување на способноста на општините за пристап до диверзифицирани извори на капитал и помала зависност од централната власт и донаторска помош, склучување на јавно-приватни партнерства, динамизирање на приватизацијата во насока на доделување на имплементацијата на дел од трансферираните надлежности на надворешни субјекти, преку т.н. „outsoursing" на општинските услуги. За жал, мора да се констатира дека финансиските капацитети на општините не се усогласени со пренесените надлежности за локален економски развој.

## 5. Тековни политики и практики на меѓуопштинска соработка во функција на ЛЕР

Најголем дел од општините во Република Македонија се мали и рурални (околу 38% имаат до 10.000 жители). Нивната големина и структура имплицира сериозни тешкотии во имплементација на пренесените надлежности, така што меѓуопштинската соработка се јавува како основен инструмент за совладување на истите во услови на недостиг на адекватни финансиски и човечки ресурси. По квалитет, таа е тесно насочена и во најголем дел парцијално третира определени локални надлежности.

Меѓуопштинската соработка во РМ се остварува во различни облици и области на општински надлежности. Од вкупно 80 општини, 62, или 77,5% имаат

[237] Во 2007 и 2010 година ниту една општина не пријавила невработеност под 10%, додека пак во 2008 и 2009 година само 1% и 2,8% од општините респективно пријавиле невработеност во оваа категорија.

воспоставено меѓуопштинска соработка.[238] Според податоците од Министерството за локална самоуправа, малите урбани и рурални општини се многу поподложни на креирање МОС, вклучувајќи аранжмани со повеќе од две општини за повеќе надлежности. Облиците и формите на МОС обично се дизајнираат на начин што нема да предизвикаат значајни промени во организационата поставеност и менаџментот на локалните администрации. Најчесто се склучуваат договори за вршење на надлежности од страна на една општина за потребите на една или повеќе други општини или пак се формираат заеднички работни тела или комисии. Истражувањата на Министерството за локална самоуправа  покажале дека општините многу ретко се одлучуваат да основаат заедничко јавно претпријатие, а многу честа е појавата на МОС овозможена од страна на донатори заради имплементација на заеднички проектни активности или пак за аплицирање за средства во соодветни европски фондови. Овој тип на МОС најчесто престануваат по завршувањето на проектот, односно не содржат компонента на одржливост.

Воспоставувањето МОС со вклучување на сите општини од еден плански регион е сè почеста практика. Таков е примерот со Вардарскиот плански регион, каде што општините имаат формирано заедничко работно тело - Мрежа за инклузивен развој на Вардарскиот плански регион лоцирана во Велес, како и заедничко административно тело за енергетска ефикасност на општините од овој плански регион, лоцирано во Неготино.

*Иновативни форми на меѓуопштинска соработка*

Во 2013 година, со помош UNDP се изработи Програмата за работа на Мрежата за инклузивен развој на Вардарскиот плански регион за периодот 2014-2016. Процесот беше инклузивен и ги зема предвид интересите на различните заедници и граѓаните од сите општини, промовирајќи креирање на локални партнерства и соработка.

Мисијата на оваа мрежа е да креира услови за силна и конкурентна економија, можности за нови вработувања и запирање на процесот на миграција кон центарот и надвор од националната економија. Таа користи современи методи на иновативни истражувачки постапки за потребите на планирање на активностите на терен, како на пример online crowdsourcing, локални медиуми и hotlines. Од граѓаните беа собрани вкупно 133 предлози и сугестии, како резултат на што се идентификувани следниве приоритети:

[238] Информација од Министерство за локална самоуправа, октомври, 2014 година.

1. градење на капацитетите и доставување на иновативни услуги за брз локален економски развој;
2. градење на капацитетите и доставување на иновативни услуги за поефикасна и поефективна социјална заштита, заштита на деца и социјална инклузија; и
3. градење на капацитетите и доставување на иновативни услуги за поефикасна и поефективна заштита на животната средина и рурален развој.

Институционалната платформа и структура на Мрежата на Вардарскиот плански регион дозволува комбинација на различни видови на финансирање - централен буџет, државни програми, ИПА-фондови, донаторска поддршка, приватен сектор и донации од граѓаните.

Мрежата за инклузивен развој на Вардарскиот плански регион ги вклучува: 1) Центарот за развој на Вардарскиот плански регион; 2) општините Велес, Кавадарци, Неготино, Свети Николе, Демир Капија, Чашка, Лозово, Градско и Росоман; 3) Регионалната стопанска комора во Велес; 4) Унијата на национални стопански комори; 5) Регионалната комора на занаетчии; 6) Бизнис-заедницата; 7) Туристичкото биро од Неготино; 8) Центарот за образование и networking во туризмот од Демир Капија; и 9) претставници од граѓанското општество.

Со помош на UNDP во Вардарскиот плански регион се воспостави Заедничка административна единица за енергетска ефикасност во 8 општини. Енергетската ефикасност е пристап со повеќе димензионални позитивни ефекти кој овозможува повраток на инвестираните средства во краток временски интервал, долгорочни заштеди и подобрени услови за живот и работа.

*Извор: Decentralization and Local Development: What's next? UNDP, 2014.*

## 6. Перцепција на граѓаните за ЛЕР

Во рамките на проектот „Транспарентна и ефикасна децентрализација“ на Институтот отворено општество - Македонија во 2010 и 2011 година беа реализирани истражувања за задоволството на граѓаните од услугите што ги добиваат од општините.[239] На специјално дизајнираниот прашалник одговориле 1.759 граѓани на 52 прашања групирани во 7 области на надлежности на општините, меѓу кои и локалниот економски развој и на 9 дополнителни прашања. Граѓаните го оцениле квалитетот на секоја општинска услуга на скала од 1 до 5: 1 - многу слаба; 2 - слаба; 3 - добра; 4 - многу добра; 5 - одлична. Во наредната табела се претставени вкупните оценки за локалниот економски развој како надлежност која е перципирана во целина и поединечно преку поддршката на одделни активности за 2010 и 2011 година.

[239] http://soros.org.mk/dokumenti/sledenje_decentralizacija_mk_web.pdf.

**Табела 19 Перцепција на граѓаните за ЛЕР**

| Перцепција на услугата | Вкупно задоволство 2010 | Вкупно задоволство 2011 | 1 2011 | 2 2011 | 3 2011 | 4 2011 | 5 2011 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Локален економски развој** | **2,32** | **2,48** | **20,74%** | **32,35%** | **29,64%** | **12,34%** | **4,92%** |
| Активности за зголемување на вработувањето | 2,07 | 2,24 | 29,81% | 33,86% | 22,69% | 10,17% | 3,47% |
| Промовирање и стимулирање на локалниот економски развој | 2,39 | 2,52 | 17,47% | 34,14% | 31,77% | 11,75% | 4,87% |
| Обезбедување услуги за развој на земјоделството | 2,47 | 2,69 | 15,06% | 28,40% | 35,04% | 15,57% | 5,93% |
| Промовирање на условите за развој на МСП | 2,52 | 2,62 | 14,73% | 31,71% | 34,96% | 13,80% | 4,81% |
| Промовирање на условите за развој на индустријата | 2,24 | 2,42 | 22,74% | 34,81% | 25,65% | 11,81% | 4,99% |
| Учество на граѓаните и на бизнис-заедницата при изработка на општинските стратешки документи за развој | 2,23 | 2,43 | 24,33% | 30,85% | 28,09% | 11,09% | 5,65% |

Генерално, кај граѓаните постои тренд на слабо задоволство од начинот на имплементација на ЛЕР во сите области, почнувајќи од активностите кои локалните власти ги преземаат за зголемување на локалната вработеност, па сé до учеството на граѓаните во изработка на локалните стратешки развојни документи.

Во периодот од 3 до 17 ноември 2014 година, Министерството за локална самоуправа, во рамки на својата со закон утврдена надлежност да го следи развојот и да предлага мерки за унапредување на локалната самоуправа, спроведе истражување на задоволството на граѓаните од квалитетот на живот во местото каде што живеат и од услугите што им ги дава општината. Резултатите индицираат дека најслаби перформанси од аспект на граѓаните се забележани кај локалниот економски развој (оценет со 2,9 на скала од 1 до 5) особено во делот на активностите за зголемување на вработувањето. Незадоволство е искажано и во доменот на локалната демократија (транспарентноста и отчетноста во работата на општините, информациите за трошење на општинскиот буџет,

справување со корупцијата и учеството на граѓаните при носење на стратешки одлуки од локално значење).

**Графикон 25  Генерално задоволство од услугите на општините по надлежност**




Извор: Информација од Министерство за локална самоуправа, ноември, 2015 година.

Во рамки на ЛЕР надлежноста, најголемо е задоволството на граѓаните од обезбедување услуги за развој на земјоделството (3,13), потоа следат поддршката на развојот на мали и средни претпријатија (3,02), а најслабо оценети се учеството на граѓаните и бизнис-секторот во изработка на општинските стратешки документи за развој (2,86) и активностите за зголемување на вработувањето (2,71).

**Графикон 26  Просечно задоволство од општинските услуги од областа ЛЕР**




Извор: Информација од Министерство за локална самоуправа, ноември, 2015 година.

## 7. Економскиот суверенитет на локалните заедници - основен предуслов за локализација

Локализацијата не значи комплетна изолација од глобалната економска сцена, туку нуди модел за одржливост на локалните заедници во кој тие се поврзани со современите глобални трендови, но се комплетно независни од нив и поседуваат контрола врз самите себе. Ваквиот став би требало да претставува основа во креирање на економските политики и на централно и на локално ниво, зашто во услови на тонење во бездната на финансиска презадолженост и ниска технолошка база, ориентацијата кон внатре во системот на сите негови нивоа е основен предуслов за спас. Одржливата економска база на локално ниво е основен преуслов за користење на локалното задолжување како форма на финансирање на економскиот развој. Во спротивно, тоа само е инструмент за потхранување на сценариото на должничка економија.

Економските активности мораат да се демонтираат на мали сегменти кои полесно се управуваат и тоа на најниско ниво на носење одлуки. Потребно е соодветно да се одговори на негативните глобализациски ефекти преку кинење на старите и неефективни врски и градење на нови кои фокусот го ставаат на локалната заедница и сите нејзини ресурси. Проектот локализација иницира ретериторијализација на економските текови, заживување на локалните иницијативи за бизнис, креирање на локални системи на производство, трговија, размена преку употреба на локална валута и партиципативна локална власт.

Минимизирањето на негативните глобализациски ефекти претпоставува намалување на дистанцата помеѓу производителот и потрошувачот, намалување на зависноста од ресурси и стоки кои се илјадници километри далеку од географската локација на потенцијалниот потрошувач. Токму во ова се состои основната грешка на македонските реформатори кон пазарна економија уште на самиот почеток на процесот на пазарна децентрализација - безусловната либерализација и постепеното уништување на македонската локална економија. Катализатор и движечка сила на овој уништувачки процес за македонската економија беа неолибералните експерти на ММФ и Светска банка и нивните аранжмани кои го контаминираа буџетот и продолжија да дејствуваат преку

концептот на „корпоративна држава“ менаџирана од нетранспарентна и корумпирана владејачка структура.

Модерната држава мора да работи во партнерство со локалната власт и да креира политики кои ултимативно ги штитат членовите на локалните заедници, а не да дејствуваат како конкурент на локалната власт. На таков начин ќе се изгради систем кој ќе ја унапреди функционалноста на целокупното општество и успешно ќе го адаптира на глобалните трендови. Процесот е повеќедимензионален и претпоставува не само промена на улогата на државата, туку и спремност и насоченост на членовите на локалната заедница да ја преземат водечката улога во суверено управување со сопствениот развој.

Важноста и значењето на ЛЕР се идентификуваат во интенцијата кон вреднување на ендогените потенцијали, оптимално искористување на постоечките локални капацитети, мапирање на потенцијали за инвестирање, поддршка на претприемништво и пристап до нови пазари, со крајна цел - подобрување на квалитетот на живот во заедницата, креирање на нови и задржување на постоечки работни места и генерирање на приход. За таа цел се применуваат различни инструменти:[240] 1) јавно-приватни партнерства; 2) поддршка на мали бизниси; 3) регионален развој; 4) развој на кластери засновани на знаење (за што подетално ќе стане збор во третиот дел од трудот).

[240] Hristova Snezana Phd, Local Economic Development in the Era of Globalization: The Case of Republic of Macedonia, University American College Skopje, April, 2013. http://papers.ssrn.com/sol3/papers.cfm?abstract_id=2245571.

# V Рамномерниот регионален развој во функција на балансирање на развојните диспаритети во Република Македонија

## 1. Теоретски појаснувања

Феноменот на регионален развој и неговите законитости се инхерентно поврзани со едноставниот емпириски факт дека развојот не се појавува во сите точки и на секоја територија во исто време, нема еднаков интензитет, не се шири по исти патишта и доведува до различни трајни последици. Во таа насока во 60-тите години на минатиот век беше развиена *теоријата на полови на растот* која доби универзална вредност заради идентификуваниот „ефект на доминација во областа на економијата“, кој произлегува од пазарните сили и односи. Ефектите на доминација се случуваат кога одредени региони се во состојба да им се спротивстават на асиметричните влијанија на други региони. Доминантните потсистеми демонстрираат хиерархиска моќ која произлегува од економија на обем, екстерна економија или, пак, во склад со современите технолошко-развојни тенденции, од економија на агломерација. Според основоположникот на оваа теорија, Ф. Перу, растот во одреден регион е магнет за мобилизација на развојните ресурси и поседува способност да продуцира раст (trtikle down effect) и во опкружувањето. Сепак, овој теориски концепт, кој е основа на *теоријата центар-периферија* чии карактеристики ги објаснивме во првиот дел од трудот, има свои оправдани конфронтации кои се сублимираат во фактот дека  полот (регионот) не емитира раст туку кумулираната пропулзивна структура е фактор на истоштување на периферијата.[241]

Од средината на деведесеттите години, доминантниот фокус на регионалниот развој се прошири од економските, кон социјалните, еколошките, политичките и и културните развојни аспекти. Дискурсот на поимање на регионалниот развој ги инкорпорира сите аспекти на благосостојбата на граѓаните и членовите на локалните и регионални заедници, водејќи сметка за намалување на социјалната

[241] Николовска, д-р Наталија, Регионалниот модел на центарот и периферијата во светлината на кризата на ЕУ, Општествено-економскиот развој на Република Македонија со посебен осврт врз регионалната компонента и пазарот на труд, Зборник на трудови по повод 100 години од раѓањето на академик Кирил Миљоски, МАНУ, Универфзитет „Св. Кирил и Методиј“, Економски факултет-Скопје, op.cit.,стр. 115.

нееднаквост, промовирањето на концептот на одржлив раст во услови на одржлив квалитет на животната средина, инклузивни влади и добро управување и почитување на културолошките диференцијации.

Политиката на рамномерен регионален развој во Република Македонија има долгорочна цел - креирање на полицентричен развој на земјата со конкурентни региони и минимални диспаритети помеѓу нив. Рамномерниот регионален развој е многу сложен, долг и повеќедимензионален процес кој инволвира економски, просторни, културни и социјални аспекти кои бараат целосно разбирање на концептот и ефикасна координација помеѓу сите субјекти, со цел да се намалат диспаритетите во развојот на регионите.

Анализата на оваа политика инволвира неколку аспекти - релевантната законска рамка и институциите за нејзина имплементација, самиот процес на имплементација и мониторинг на ефектите на политиката.

## 2. Основни постулати и институции на политиката на рамномерен регионален развој во РМ

Најважниот документ во политиката на рамномерен регионален развој е Законот за рамномерен регионален развој од 2007 година[242], со кој се воспостави принципот на партнерство како фундаментален принцип, нагласувајќи ја потребата од соработка помеѓу централната и локалната власт во процесите на подготовка, имплементација, мониторинг и евалуација на планските документи за регионален развој. Законот ги одредува целите, правилата и одговорните субјекти во врска со имплементација на политиката и обезбедува правна рамка за планирање, финансирање и алокација на средства за спроведувањето на регионалните развојни планови и проекти. Тој предвидува формирање на осум региони за целите на планирање и имплементирање на регионални развојни активности, кои територијално кореспондираат со статистичките региони на NUTS 3 ниво[243] од 2005 година. Планските региони кореспондираат со осумте

[242] Службен весник на РМ бр. 63/2007.

[243] Поделбата на ниво на NUTS 3 региони служи за статистички цели и мерење на диспаритетите во рамки на и помеѓу земјите членки на ЕУ, како и земјите кандидати за членство. Според демографските критериуми за NUTS 3 региони, тие можат да покријат територија со 150.000 до 800.000 жители. Во зависност од

статистички региони во земјата: Вардарски, Источен, Југоисточен, Југозападен, Пелагониски, Полошки, Североисточен и Скопски. Тие немаат квалитет на административни единици со посебна политичка моќ.

Основните цели на политиката на рамномерен регионален развој се однесуваат на балансирање на интерните социо-економски диспаритети и се дефинирани на следниот начин:[244]

- постигнување на балансиран и одржлив развој на целата територија на земјата врз основа на моделот на полицентричен развој;
- редукција на диспаритетите помеѓу и внатре во регионите и подобрување на квалитетот на живеење на граѓаните;
- зголемување на конкурентноста на планските региони;
- формирање и зачувување на специфични идентитетски вредности на планските региони;
- ревитализација на руралните подрачја и развој на подрачјата со специфични развојни потреби;
- зајакнување на меѓуопштинската и прекуграничната соработка на општините во насока на зајакнување на регионалниот развој.

Институционалната рамка на рамномерниот регионален развој се постави во периодот 2008-2009 година. Законот за рамномерен регионален развој ги утврдува следните субјекти како носители на политиката на рамномерен регионален развој:

1. Националниот совет за рамномерен регионален развој, со кој претседава заменик-премиерот за економски прашања и во кој седат министрите на следниве ресори: локална самоуправа; финансии; транспорт и врски; труд и социјална политика; култура; заштита на животната средина; земјоделство, како и претседателите на Советите на планските региони. Тој има надлежност за хармонизирање на политиката на рамномерен регионален развој со макроекономската и секторските политики на централната власт;

спецификите на одделните области, во Република Македонија се воспоставени осум NUTS 3 статистички региони.

[244]Закон за рамномерен регионален развој, член 3, Службен весник на РМ, бр. 63/2007.

2. Министерството за локална самоуправа, со надлежност во формулирање и имплементација на регионалната развојна политика;
3. Советите за развој на планските региони кои вклучуваат градоначалници на општините од планските региони, експерти, претставници на стопанските комори, синдикатите, граѓанските здруженија и други релевантни партнери од приватниот и граѓанскиот сектор. Тие имаат надлежност да ги креираат и имплементираат програмите за развој на планските региони.

Други важни субјекти во регионалниот развој се Бирото за рамномерен регионален развој (претходно познато како Биро за развој на недоволно развиените региони) и осумте Центри за развој на планските региони, кои служат како оперативни единици за имплементација на политиката на централно и локално ниво респективно. Бирото е орган во рамките на Министерството за локална самоуправа, со статус на самостојно правно лице. Неговите надлежности се движат од обезбедување на аналитички бази за пишување на плански документи до подготовка на годишни извештаи за имплементација на акциските планови и предлагање на список на области со специфични развојни потреби. Бирото, исто така, дава професионална помош на Центрите за рамномерен регионален развој и дистрибуира информации за типот и опсегот на средствата за стимулација на регионален развој. Центрите за развој на планските региони се одговорни пред Советите за регионален развој на планските региони. Специфична улога во контекст на политиката на рамномерен регионален развој им е доделена на самите општини - тие можат да развиваат заеднички регионални проекти кои би придонеле кон унапредување на нивото на регионален развој на односниот регион на кој припаѓаат.

Регионалното развојно планирање се базира на два клучни документи - првиот е Стратегијата за регионален развој на Република Македонија кој покрива период од 10 години и беше усвоен од Владата во 2009 година, а вториот клучен документ е Програмата за развој на планските региони, со која се покрива период од 5 години и се подготвува од страна на Центрите за развој на сите осум плански региони. Овие програми се усвојуваат од осумте поединечни Совети за развој на планските региони, по претходна согласност добиена од Националниот

совет за рамномерен регионален развој на земјата. Истите мораат да бидат елаборирани во согласност со националната стратегија за регионален развој и програмските документи за пристапот на земјата во ЕУ, како и да се засновани на методологијата пропишана од министерот за локална самоуправа.

Осумте Центри за развој на планските региони се лоцирани во општината со најголем број на жители во секој плански регион. Тие се формирани од сите општини во рамките на регионот и се финансирани од општинските буџети и централната власт на основа 50%-50%. Директорите на овие центри се избираат врз основа на јавен конкурс.

## 3. Развојните диспаритети на планските региони

Политиката на регионален развој имаше значајно место во рамки на севкупната економска политика на земјата и пред осамостојувањето, меѓутоа, поради фактот дека не беа утврдени плански региони, не постоеше сеопфатен концепт, а регионалната политика во основа се сведуваше на парцијално промовирање на побрз развој на економски недоволно развиените подрачја, преку Агенцијата за развој на недоволно развиени подрачја.[245] Некоординираните политики доведоа до појава на суштински развојни диспаритети, а препуштањето на регионалниот развој исклучиво на пазарните стихии ја потврдија законитоста на поларизација и концентрација на економските текови во главниот град, кој покрај административен, прерасна во најсилен економски центар, што пак резултираше со креација на моноцентричен тип на економски развој на земјата. Тредот на моноцентризам беше потпомогнат со политиката на ултимативна трговска либерализација и дисторзија на локалните пазари, рестриктивна монетарно-кредитна политика која ги централизираше финансиските текови во главниот град, фискална политика која ги заобиколи локалните економии и супституција на секторски политики со монетаристичка, со краен резултат - миграции, економски и политички монопол и деформирана просторна структура .

Развојните диспаритети креираат силен предизвик на политиката на рамномерен регионален развој да го конвертира регионалниот развој од моноцентричниот во

[245] Во 1995 година, дури 43% од општините, според тогашната територијална поделба, остваруваа БДП по жител под 70% од републичкиот просек, со што добија третман на економски недоволно развиени подрачја.

полицентричен, каде што населението ќе биде еднакво распоредено околу повеќе економски, финансиски, политички и културни центри, кои својот развој би го базирале првенствено на ендогениот потенцијал на ресурси, особено човечки (капитал и знаење во контекст на новиот К-бран). Ако стремежот на националната политика е територијална кохезија, развојот на рамномерен полицентричен систем со квалитетни урбано-рурални врски[246] би требало да биде приоритет на целокупната економско-развојна политика, чиј основен инструмент е буџетот на централната власт.

Моноцентричната развојна структура со која започна имплементацијата на политиката на рамномерен регионален развој е видлива според индексите на развој во табела 20, каде што центарот (главниот град и Скопскиот регион во кој е сконцентрирана повеќе од една третина од населението[247]) покажува значително поразлични развојни перформанси од останатите региони.

**Табела 20 Класификација на планските региони во Република Македонија**

| Плански регион | Индекс на развој | Социо-економски индекс | Демографски индекс |
|---|---|---|---|
| Македонија | 1 | 1 | 1 |
| Скопје | 1,48 | 1,86 | 1,25 |
| Југоисточен | 0,89 | 1,38 | 0,58 |
| Пелагониски | 0,73 | 0,79 | 0,69 |
| Југозападен | 0,72 | 0,50 | 0,86 |
| Полошки | 0,72 | 0,18 | 1,05 |
| Вардарски | 0,69 | 0,63 | 0,73 |
| Источен | 0,67 | 0,95 | 0,50 |
| Североисточен | 0,56 | 0,33 | 0,70 |

Извор: Одлука за класификација на планските региони според индексот на развој за периодот 2008-2012 година, Службен весник на РМ 162/08.

Скопскиот плански регион е скоро три пати поразвиен од најнеразвиениот, Североисточниот регион. Индексот на развој на регионите е пресметан врз

[246] Во планирањето на регионалниот развој основни се два концепта и принципи: 1) нодално-функционален концепт, каде што главниот град функционално е поврзан со руралното опкружување во единствен комплементарен систем и 2) принцип на ред и големина, според кој големината на центарот е каузално поврзана со неговата важност во просторот, така што треба да постои регуларност во однос на големината на градовите (Николовска).

[247] Несторовски, д-р Методија, Регионални аспекти на инвестициите во Република Македонија, Општествено-економскиот развој на Република Македонија со посебен осврт врз регионалната компонента и пазарот на труд, Зборник на трудови по повод 100 години од раѓањето на академик Кирил Миљоски, МАНУ, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Економски факултет-Скопје, стр. 101.

основа на комбинација од социо-економскиот[248] и демографскиот индекс[249] и врз основа на податоци од периодот 2003-2006 година, непосредно пред официјалното отпочнување на политиката на рамномерен регионален развој. Според двата индекса, Скопскиот регион бележи високо ниво над просекот на национално ниво. Другите региони не се разликуваат во голема мера според нивниот индекс на развој, но постојат разлики во структурните подиндекси, кои укажуваат на спецификите на регионите од аспект на социо-економскиот и демографскиот развој.

Економските разлики помеѓу регионот на главниот град и останатите плански региони остануваат огромни и по воспоставување на институционалната рамка на рамномерниот регионален развој .

**Табела 21 Најзначајни индикатори за развој на планските региони во РМ**

| Регион | БДП во мил. ЕУР | % во БДП | БДП по глава жител (ЕУР) | % во индустриски сектор | % во трговски сектор | % на невработеност | % во инвестиции | Локални патишта во км |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Македонија | 6.694,7 | 100,0 | 3.270,7 | 100,0 | 100,0 | 33,8 | 100,0 | 8.995 |
| Вардарски | 490,5 | 7,3 | 3.187,4 | 11,5 | 5,9 | 43,6 | 5,1 | 1.088 |
| Источен | 509,5 | 7,6 | 2.826,3 | 11,5 | 4,3 | 20,0 | 6,4 | 1.245 |
| Југозападен | 544,6 | 8,1 | 2.451,6 | 7,5 | 9,0 | 39,3 | 4,5 | 1.301 |
| Југоисточен | 471,4 | 7,0 | 2.735,1 | 5,9 | 5,3 | 11,7 | 4,3 | 902 |
| Пелагониски | 798,2 | 11,9 | 3.398,2 | 15,6 | 6,9 | 34,5 | 6,9 | 1.165 |
| Полошки | 484,3 | 7,2 | 1.549,2 | 5,3 | 5,8 | 26,4 | 7,7 | 1.193 |
| Североисточен | 345,8 | 5,2 | 1.983,9 | 5,0 | 3,6 | 58,0 | 2,5 | 909 |
| Скопски | 3.050,4 | 45,7 | 5.114,3 | 37,7 | 59,2 | 37,3 | 62,6 | 1.192 |

Извор: Дата-база на регионална статистика, Државен завод за статистика на Република Македонија. (http://www.stat.gov.mk/pxweb2007bazi/Database/Статистика%20по%20региони/databasetree.asp) http://www.stat.gov.mk/KlucniIndikatori.aspx.

Скопје придонесува со скоро 46% во структурата на БДП на земјата и во 2008 година[250], следен со Пелагониски регион (12%), додека пак најнеразвиениот, Североисточен регион учествува со само 5% во креирање на националниот БДП. Дополнително, Скопскиот плански регион доминира со учеството од 38% во вкупниот индустриски аутпут и со преку 50% во трговијата со стоки и нивото на вработеност. Исто така, најголем дел од инвестициите, вклучително и СДИ се спроведени во Скопскиот регион (62,6% од вкупниот агрегат), факт кој креира

[248]Социо-економскиот индекс е базиран на БДП по глава жител, бруто додадена вредност на нефинансискиот сектор, фискални приходи по глава жител и стапка на вработеност.

[249] Демографскиот индекс е базиран на стапката на раст на населението, коефициентот на старост, стапката на миграција и соодносот на универзитетски дипломи на 1.000 жители.

[250] Mojsovska, Dr. Silvana, Decentralization and Regional Policy in the Republic of Macedonia: Developments and Perspectives, LSEE Papers on Decentralization and Regional Policy, Research Paper 4, July, 2011, стр. 17.

дополнителен потенцијал за проширување на веќе постоечките развојни диспаритети. Од вкупните активни деловни субјекти на национално ниво во 2010 година, 39,3% му припаѓаат на Скопскиот регион, 11% на Пелагонискиот, а најмал дел, односно 5,8% на најнеразвиениот, Североисточен плански регион. Останатите региони имаат удел кој варира во интервалот 7%-9% од вкупниот агрегат на активни деловни субјекти.[251]

Економската доминација на Скопскиот регион повлекува и повисоки културни и социјални стандарди на центарот vis-a-vis периферијата. И покрај ваквите перформанси, сепак, според податоците на Заводот за статистика, Скопскиот плански регион се соочува и со високо ниво на невработеност и тоа на ниво над националниот просек. Овој податок е во колизија со друг податок на Државниот завод за статистика, според кој стапката на сиромаштија во Скопскиот плански регион изнесува 12,8%, споредено со истата стапка од 39,2% во останатите урбани општини во земјата и високата стапка на сиромаштија од 48% во руралните општини.[252] Се поставува прашањето како е можно да имаме релативно пониско ниво на сиромаштија во Скопскиот регион во услови на висока стапка на невработеност? Ова укажува на неконзистентост во објавувањето на податоци на Државниот завод за статистика и го загрозува објективниот процес на анализа на социо-економските перформанси на регионите. Друг неконзистентен податок добиен од Државниот завод за статистика е стапката на раст на бројот на вработени во Североисточниот регион од 19,76% за периодот 2009-2012 година и само 6,11% за Скопскиот регион за истиот период. Податоците дека вработеноста во Североисточниот регион расте три пати побрзо од вработеноста во Скопскиот во контекст на податоците дека Североисточниот плански регион има најмал удел во БДП, најмал процент на учество во бројот на активни деловни субјекти и најниско ниво на инвестиции се неприфатливи.

Во 2013 година, Скопскиот регион повторно има најголемо учество во вкупниот БДП (42,6%) и во вкупниот инвестиционен агрегат (56,8%), а Североисточниот регион најмало (5,3% учество во вкупниот БДП и 2,1% учество во вкупните

---

[251]Несторовски, д-р Методија, Регионални аспекти на инвестициите во Република Македонија, Општествено-економскиот развој на Република Македонија со посебен осврт врз регионалната компонента и пазарот на труд, Зборник на трудови по повод 100 години од раѓањето на академик Кирил Миљоски, МАНУ, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Економски факултет-Скопје, op.cit.,стр. 104.

[252] Овие податоци се однесуваат на 2010 година.

инвестиции во основни средства). Овој податок недвосмислено ја потврдува неефикасноста на имплементацијата на политиката на рамномерен регионален развој и неуспехот во приближување на центарот и периферијата. Република Македонија заостанува зад просекот на ЕУ во однос на БДП по глава жител со околу 30% од европскиот просек.[253] Ова укажува дека во европски контекст, дури и Скопскиот регион не може да се квалификува како развиен, додека пак ситуацијата со останатите региони е уште попоразителна.

Во секој случај, доминацијата на Скопскиот регион над сите останати е неспорна, како и преваленцијата на моноцентрична структура со акцент на главниот град и состојба на огромни развојни диспаритети помеѓу периферијата и центарот. Поради транзициските турбуленции, многу општини се соочија со демографски промени и миграција на работоспособното население од осиромашената периферија кон центарот на националната економија и надвор од нејзините граници и тренд на технолошка, економска и социјална деградација. Потребата од активни политики на локален развој и соработка помеѓу централната и локалната власт е повеќе од евидентна.

## 4. Финансирањето на рамномерниот регионален развој - проблеми и предизвици

Новиот систем за стимулирање на рамномерниот регионален развој (РРР) е многу важна алатка за намалување на развојните диспаритети помеѓу различните делови во земјата. Гледано од финансиски аспект, овие реформи се уште поважни, зашто не постои фонд за фискално изедначување помеѓу општините, така што придобивките од системот на РРР се од особено значење за понеразвиените општини и региони, како нивна единствена дополнителна поддршка во напорите за економски развој. Членот 27 на Законот го посочува буџетот на РМ како еден од главните извори на финансиски средства за РРР, проследен со буџетот на општините, фондовите на Европската Унија и донациите. На годишно ниво, според законските одредби[254], мора да се издвојуваат средства од најмалку 1% од БДП наменети за потребите на рамномерниот регионален развој. Овие средства, понатаму треба да се

[253] Eurostat, http://ec.europa.eu/eurostat.
[254] Закон за рамномерен регионален развој, Службен весник на РМ бр. 63/2007, член 27, став 2.

распределуваат во однос 70% за финансирање на проектите за развој на планските региони, 20% за финансирање на проектите за развој на подрачјата со специфични развојни потреби и 10% за финансирање на проекти за развој на селата. Членот 28 ги пропишува следниве инструменти за поттикнување на рамномерниот регионален развој: капитални влогови, неповратни грантови, финансирање и кофинансирање на изработка на анализи, студии, плански документи и акциони планови и финансирање на градење на институционални капацитети за регионален развој на земјата. Дополнително, централниот буџет е отворен и за заеми под поволни услови, гаранции за заеми и осигурување на кредити, даночни олеснувања, субвенции и други инструменти во согласност со закон.

Бирото за регионален развој финансира три типа на проекти:[255] инфраструктурни проекти, проекти за економска поддршка (на пример кредити за мали претпријатија) и стручна обука и придонеси во здравството и безбедносно осигурување за вработените. Во случај на проекти за економска поддршка, професионална обука и придонеси во здравството и безбедноста, кандидати можат да бидат правни или физички лица лоцирани во одредени области, додека пак за инфраструктурни проекти финансирањето се извршува преку општините. Сите проекти мораат да бидат во согласност со Програмата за развој на планскиот регион, што подразбира висок степен на соработка и координација помеѓу општините. Во тој контекст, клучна улога во имплементација на концептот за рамномерен регионален развој имаат токму локалните заедници/општините. Во текот на годината, Бирото објавува тендери во претходно наведените области, а апликантите ги доставуваат своите проекти до Бирото и Комисија составена, меѓу другите, и од претставници на Министерството за локална самоуправа и ресорните министерства, која врши селекција. Формално, изборот на проекти се врши според специфични критериуми, но општините тврдат дека тие не се доследно применувани и се подложни на политички влијанија.[256]

---

[255] Cyan, Dr. Musharraf R., Martinez-Vazquez, Dr. Jorge, Timofeev, Dr. Andrey, Fiscal Decentralization for Local Development, An Integral Study, UNDP, Skopje, Republic of Macedonia, Ministry of Finance, Atlanta, Georgia (USA), Georgia State University, May 2012,op/cit.,стр. 8.

[256] Nicoletta, Feruglio, Martinez-Vazquez, Jorge and Timofeev, Andrey, Assessment of Fiscal Decentralization in Macedonia, UNDP Macedonia 2008.

Сепак, реализацијата на вака дизајнираниот систем се соочува со неколку клучни проблеми. Најголем проблем претставува височината на средствата алоцирани за РРР од централниот буџет. За илустрација на тезата, со Буџетот за 2011 година, Владата на РМ за програмата за регионален развој иницијално резервираше 1,01% од вкупната сума наменета за сите 12 владини програми, односно 0,05% од БДП за 2010 година, што е за дваесетина пати помал износ од законски предвидениот. Во завршната сметка за Буџетот за 2011 година, стои дека за програмата за РРР се потрошени 0,03% од БДП или триесет пати помалку од пропишаниот износ. Постојат тврдења дека остатокот од средствата за РРР се вложуваат преку програмите на ресорните министерства и фондовите, но дури и да претпоставиме дека е така, повторно се јавува проблем со непочитување на законската процедура за начините на трошење на средствата за РРР. Имено, законот пропишува дека 70% од вкупните средства се наменети за финансирање на проектите за развој на планските региони во согласност со годишните програми на советите за регионален развој кои се доставуваат до Бирото за регионален развој кое има улога на администратор на активностите. Конечната и формална одлука за финансирање на проектите доставени од советите треба да биде донесена од страна на Националниот совет за регионален развој, што значи дека ресорните министерства немаат значајна улога во носењето на одлуки за тоа кои проекти ќе се финансираат и во кои региони. [257]

Евидентна е постепена, но константна редукција во финансирањето на регионалниот развој од централниот буџет. Тенденцијата е уште поалармантна ако се споредат податоците од периодот пред и по усвојувањето на Законот за рамномерен регионален развој од 2007 година. Споредбата помеѓу двата периоди на финансирање (1994-2007 и 2009-2015) јасно илустрира дека значително повеќе финансиски средства биле алоцирани за регионален развој со претходниот Закон за поттикнување на развојот на економски недоволно развиените подрачја[258]

[257] Во 2011 година преку Бирото за РРР се реализирани проекти за планските региони во вкупен износ од 92.065.766 денари. Доколку се почитувал Законот, сумата за проектите на планските региони требало да изнесува 2.900.811.200 или 31 пат повеќе од она што е реализирано.

[258] Закон за стимулација на развој на економски неразвиените региони, Службен весник на РМ бр. 02/1994 и 320139/1999.

**Табела 22 Одобрени и планирани средства од централен буџет за економски недоволно развиени подрачја (1994-2007)**

| Година | Износ одобрен од буџет (МКД) | Пропишано со закон (МКД) | Одобрени средства (% од пропишани) |
|---|---|---|---|
| 1994 | 418.000.000 | 1.464.090.000 | 28,55 |
| 1995 | 700.000.000 | 1.695.210.000 | 41,29 |
| 1996 | 750.000.000 | 1.764.440.000 | 42,51 |
| 1997 | 500.000.000 | 1.860.180.000 | 26,88 |
| 1998 | 520.000.000 | 1.949.790.000 | 26,68 |
| 1999 | 470.000.000 | 2.090.100.000 | 22,49 |
| 2000 | 758.000.000 | 2.363.890.000 | 32,08 |
| 2001 | 560.000.000 | 2.338.410.000 | 23,95 |
| 2002 | 850.000.000 | 2.388.900.000 | 35,58 |
| 2003 | 238.000.000 | 2.388.900.000 | 9,96 |
| 2004 | 221.132.000 | 2.652.570.000 | 8,33 |
| 2005 | 205.132.000 | 2.866.260.000 | 7,15 |
| 2006 | 166.000.000 | 3.076.290.000 | 5,4 |
| 2007 | 184.000.000 | 3.326.090.000 | 5,53 |

Извор: Мониторинг на имплементацијата на начелата на добро управување со јавните средства, нацрт-извештај, ФИООМ, 2008.

**Табела 23 Одобрени и планирани средства од централен буџет за рамномерен регионален развој (2009-2015)**

| Година | Средства од БРР (пред ребалансот) (МКД) | Вкупно средства од БРР и МЛС (пред ребалансот) (МКД) | Бр. на Службен весник | Средства од БРР (после ребалансот) (МКД) | Вкупно средства од БРР и МЛС (по ребалансот) (МКД) | Бр. на Службен весник |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2009 | 150.000.000 | 300.000.000 | Бр. 3 од 09.01.2009 | 120.000.000 | 243.000.000 | |
| 2010 | 116.000.000 | 246.000.000 | Бр. 20 од 11.02.2010 односно бр. 8 од 21.01.2011 | 96.000.000 | 198.000.000 | Бр.18 од 17.12.2000 односно бр. 164 од 20.12.2010 |
| 2011 | 85.491.000 | 202.291.000 | Бр. 21 од 21.02.2011 | 67.491.000 | 135.691.000 | |
| 2012 | 65.500.000 | 174.500.000 | Бр. 8 од 18.01.2012 | 49.500.000 | 77.362.000 | Бр. 90 од 18.07.2012 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2013 | 51.543.000 | 99.405.000 | Бр. 4 од 09.01.2013 | / | 99.405.000 | |
| 2014 | 60.243.000 | 117.105.000 | Бр. 7 од 13.01.2014 односно бр. 8 од 14.01.2014 | 60.243.000 | 117.105.000 | Бр. 22 од 30.01.2014 |
| 2015 | 60.043.000 | 117.709.000 | Бр. 195 од 26.12.2014 односно бр. 196 0д 26.12.2014 | 60.043.000 | 147.709.000 | Бр. 24 од 18.02.2015 односно бр. 164 од 22.09.2015 |

Извор: Информација од Биро за рамномерен регионален развој, 24.03.2015.

Податоците недвосмислено го потврдуваат фактот дека од 2009 година наваму, процентот од БДП за потребите на РРР преку Бирото за регионален развој е далеку под 1% (помалку од 0,02%)!

По правила на нештата и по закон, сите средства треба да бидат лоцирани во Бирото за регионален развој како имплементатор на политиката. Но, бидејќи „каде се финансиите таму е моќта“, централната власт овие средства ги подели на две буџетски програми со идентични имиња и идентична цел, едната во Министерството за локална самоуправа, другата во Бирото за регионален развој. За вкупните средства (и од МЛС и од БРР) Бирото распишува јавен повик (заеднички) за прибирање на проекти и на крајот се изготвува една заедничка листа на проекти за финансирање. Значи, откога ќе се одобрат проектите и објават во Службен весник, дел од проектите се плаќаат преку МЛС, а дел преку БРР врз основа на договор помеѓу министерот и директорот на БРР.[259]

Истото се случува и со останатите ресорни министерства, кои влегуваат во централниот буџет со посебни програми за капитални проекти, што резултира со една комплетно дисторзирана слика за тоа кои средства се капитални дотации за општините (за кои Министерството за финансии потврди дека не постои методологија за нивна распределба)[260], а кои за рамномерен регионален развој.

Во 2010 година Центарот за развој на локални политики (ЦРЛП) изработи документ за јавна политика (Policy Brief): „Децентрализацијата во Република

[259] Информација од Биро за рамномерен регионален развој, 24.03.2015.
[260] Официјална информација од интервју со г-ѓа Вукица Савеска, раководител на одделение за буџети на единици на локална самоуправа, Министерство за финансии на РМ, 30 март, 2016 година.

Македонија - забавена или заборавена“[261], кој дава приказ на состојбата во врска со имплементацијата на концептот за рамномерен регионален развој и ја потенцира минимизираната улога на Советите на планските региони, Центрите за регионален развој и општините кои со голем ентузијазам влегоа во овој процес. Практиката на имплементирање на рамномерниот регионален развој остава впечаток дека планските региони се единствено поставени за планирање на РРР, но не и за реализација на мерките и инструментите за негово поттикнување. Ваквата теза лесно се поткрепува со фактот дека во периодот 2009-2010 година само 4,8%[262] од средствата планирани со Законот за рамномерен регионален развој реално им се ставени на располагање на планските региони за апликација на проекти на повик на Бирото за рамномерен регионален развој. Консеквентно, воопшто не можеме да зборуваме за почитување на начелото на супсидијарност, односно се доаѓа до заклучок дека планските региони и општините не се надлежни за планирањето, реализацијта, контролата и оценувањето на останатите 95,2% од вкупните законски одредени средства. Исто така, воопшто не е почитувано и начелото на партнерство, зашто нема партнерски однос ако средствата се спроведуваат во сразмер 95,2% наспроти 4,8% во корист на централната власт. Ситуацијата е идентична како да постои само еден субјект, еден партнер и актер на рамномерниот регионален развој во Република Македонија. Дополнително, никаде не постои објаснување дали распределбата на овие средства е во согласност со „Одлуката за класификација на планските региони според степенот на развиеност за периодот 2008-2012“. Затоа, сосема оправдани се заклучоците дека не можат точно да се утврдат критериумите врз основа на кои се врши дистрибуција на средства за рамномерен регионален развој во Република Македонија и дека постојат сериозни недостатоци во процесот на планирање и координација на средствата на хоризонтално ниво помеѓу ресорните министерства и институции што индицира несериозност и непосветеност кон овој концепт како област од национален интерес. Се доаѓа до заклучок дека самата централна власт не прави разлика помеѓу локален/регионален и рамномерен регионален развој, калкулирајќи ги сите активности под идејата за локален/регионален развој, без оглед на тоа дали

[261] http://soros.org.mk/dokumenti/zabavena-ili-zaboravena--za-WEB.pdf.

[262] Reality or only municipal competence, Monitoring the Decentralization of Local Economic Development in the Republic of Macedonia, Foundation Open Society-Macedonia, 2010 Report, Skopje, September 2011, op.cit.,стр.25.

истите придонесуваат за намалување на развојните диспаритети или напротив, ги зголемуваат. До вакви заклучоци доаѓа и GIZ во својата „Детална анализа на расположливите програми и потпрограми во другите министерства за поддршка на регионалниот развој во Република Македонија за 2010 година".

Слично на претходните години, и во предлог-буџетот за 2012 година беа планирани далеку помалку средства од 1% од БДП, т.е. 1.175.600.000 денари, што претставува намалување од околу 14% во однос на планираниот буџет од претходната година.[263] Овие средства се дополнително намалени на само 78. 462.000 денари со ребалансот на буџетот во текот на годината. Ваквиот скромен износ наменет за рамномерен регионален развој воопшто не соодветствува со барањата на Националната стратегија за регионален развој и уште помалку со исполнувањето на целите од потпрограмата за регионален развој, каде што е напишано дека „со потпрограмата ќе бидат поддржани проекти чија цел е развивање на современа модерна инфраструктура во планските региони и поттикнување на економскиот раст" (ребаланс на Буџетот на РМ с. 401). Колку за споредба, трошоците за проширување и реконструкција (не изградба) на само еден булевар во Скопје („Свети Климент Охридски") во вкупна должина од 900 метри, изнесувале 67,5 милиони денари, сума што е речиси идентична со износот што е планиран за целокупниот регионален развој на ниво на целата држава за сите плански региони.

За сериозноста на проблемите на регионалниот развој зборуваат и заклучоците на Генералното собрание на ЗЕЛС (13 јули, 2011 година), во кои специфично е идентификувана „неактивност на надлежното Министерство за локална самоуправа во решавање на проблемите на рамномерниот регионален развој" и „низок степен на ефикасност на Бирото за рамномерен регионален развој". Забележани се и случаи на губење на проектна документација, а речиси сите проекти биле запрени во својата реализација.[264] Општините изразиле незадоволство и жалење поради преголемите очекувања за брз развој со донесување на овој системски закон. Во таа насока се дизајнирани и систематизираните ставови на ЗЕЛС од 2010 до 2014 година во континуитет, кои

[263] Local and Regional Development in R.M.: Neither Local, nor Regional, Monitoring the Decentralization of Local Economic Development in the Republic of Macedonia, Foundation Open Society-Macedonia, 2011 Report, Skopje, September 2012, стр. 5.

[264] http://www.zels.org.mk/Upload/Content/Documents/Aktivnosti/GS/Zapisnik/%20od%204-ta%20sednica%20na%20G%20S%20%20na%20ZELS.pdf.

апелираат за целосно почитување на Законот во поглед на одредбите за финансирање на рамномерниот регионален развој со минимум од 1% од БДП, или пак соодветно усогласување на законските одредби со практиката на имплементација на концептот на РРР.

Транспарентната и правична алокација на финансиски средства на единиците на локална самоуправа е проблем кој е адресиран и од страна на Извештајот за ревизија на имплементацијата на Охридскиот рамковен договор од аспект на социјалната кохезија, подготвен од страна на Владата на Република Македонија, Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Европскиот институт за мир во декември, 2015 година. Тој укажува на фактот дека тековните практики се незадоволителни од аспект на промовирање на рамномерен регионален развој, а услугите кои се доставуваат на членовите на локалните заедници не се споредливи по квалитет.[265]

Главен акцент во овој извештај е ставен на препораките за транспарентна и објективна алокација на капитални грантови, приближување на процентот на вкупни општински расходи кон просекот на земјите од регионот (14%) со истовремено зајакнување на капацитетите на општините за прибирање сопствени приходи, зголемување на процентот од данокот на приход и ДДВ наменет за општините и самостојност на општините во креирање и имплементација на развојните политики во согласност со сопствените приоритети.

## 5. (Не)кохезивноста помеѓу локалниот и рамномерниот регионален економски развој

Политиката на регионалниот и локалниот економски развој во Република Македонија се развиваат под различни околности, но и двата процеса поседуваат потенцијал за поттикнување на процесот економска локализација со крајна цел, подобрување на квалитетот на животот на граѓаните на субнационално/локално ниво. Двете политики се развиваа во различни временски рамки, но нивната имплементација има допирни точки и корелации. Локалниот економски развој

[265] Ohrid Framework Agreement Review on Social Cohesion , Skopje, 2015, стр. 16.

како најважна децентрализирана надлежност, во најголем дел е резултат на политичките притисоци за деволуција на надлежности од централно на локално ниво, како резултат на потпишувањето на Охридскиот рамковен договор (ОРД), иако потребата и консензусот за децентрализација датираат години претходно, со потпишувањето на Европската повелба за локална самоуправа. Фактичкиот трансфер на надлежности започна во јули 2005 година и сè уште не е завршен, со оглед на фактот дека една општина ја нема завршено првата фаза на фискалната децентрализација. Од друга страна, пак, рамномерниот регионален развој е креиран како одговор на проблемот на големи економски и социјални диспаритети помеѓу главниот град и другите делови на земјата. Политиката на регионалниот развој беше креирана во пократок временски период (2007-2009) со усвојувањето на двата најважни документи - Законот за рамномерен регионален развој (2007) и Стратегијата за регионален развој (2009), но фактичката имплементација на процесот сè уште е во својата рана фаза дури и седум години подоцна, особено од аспект на главната цел на политиката - балансиран развој и намалување на развојните диспаритети помеѓу регионите.

Постои и надворешна димензија на креирањето на регионалната развојна политика, која се однесува на процесот на приближување и аспирации за членство на Република Македонија кон Европската Унија. Во контекст на тенденцијата кон социјална кохезија во рамки на Унијата, секоја земја членка е обврзана за отпочнување на подготовки за прилагодување кон европската регионална политика во текот на процесот на пристапување. Овој критериум во голема мера влијаеше врз напорите на македонските власти за развој на политиката на рамномерен регионален развој. Во согласност со стандардите на ЕУ, Република Македонија се квалификува како единствен регион за користење на структурните и фондовите за кохезија по евентуално добивање на членство, што имплицираше елаборација на регионална развојна политика во согласност со европските принципи, која ги третира внатрешните развојни диспаритети помеѓу регионите на земјата. Дополнително, се очекуваше дека ваквата регионална политика ќе ги зајакне капацитетите на субнационално ниво за апсорпција на европските ИПА-фондови, преку поставување на цврсти стандарди за подготовка и имплементација на регионални проекти.

Без оглед на различните околности, двете политики беа креирани да им обезбедат поголема автономија на единиците на локална самоуправа во управување и користење на сопствените локални ресурси. Регионалната развојна политика не повлекува официјално ниво на политичко и административно управување, но законот пропишува креирање на осум плански региони и други регионални структури за поддршка на имплементацијата на процесот. Планските региони содржат општини кои треба да соработуваат во подготовката и имплементацијата на регионални развојни проекти. Системот на финансирање на регионалните проекти вклучува задолжителна меѓуопштинска соработка на барем две општини во рамки на еден регион. Од тој аспект, двете политики се засноваат на иста основна единица - општината. За креирањето и имплементацијата на двете политики е задолжена иста институција на централната власт - Министерството за локална самоуправа.

Најголем дел од децентрализираните надлежности се инхерентно поврзани со целите на политиката на регионален развој. Како што е презентирано во табела 24, од вкупно 12, дури осум децентрализирани надлежности се поврзани со специфичните цели и приоритети на Стратегијата за регионален развој на Република Македонија. Од тој аспект се доаѓа до заклучок дека проектите за рамномерен регионален развој наменети за остварување на специфични регионални развојни цели, можат да резултираат во унапредени и поквалитетни услуги на општините.

**Табела 24 Линкови помеѓу децентрализираните надлежности и Стратегијата за регионален развој на Република Македонија**

| | **Децентрализирани надлежности** | **Стратегија за регионален развој** |
|---|---|---|
| 1. | Урбан и рурален развој | Развој на функционално-просторни структури (Приоритет 2.2) |
| 2. | Заштита на животната средина | Заштита на животната средина (Приоритет 1.7) |
| 3. | Локален економски развој | Зголемување на конкурентноста на регионите. Намалување на диспаритетите во и помеѓу регионите |
| 4. | Комунални услуги (управување со вода, отпад и изградба и одржување на патишта) | Развој на модерна инфраструктура во планските региони ( Приоритет 2.2)<br>Заштита на животната средина (Приоритет 1.7) |
| 5. | Култура | Намалување на диспаритетите во и помеѓу регионите |
| 6. | Спорт и рекреација | Нема конкретен линк со стратегијата |
| 7. | Социјална заштита и заштита на деца | Зголемување на нивото на социјален развој во регионите (Приоритет 2.4) |
| 8. | Образование | Зголемување на нивото на човечки капитал во регионите (Приоритет 1.4) |
| 9. | Здравствена заштита | Зголемување на нивото на социјален развој во регионите (Приоритет 2.4) |
| 10. | Заштита од елементарни непогоди | Нема конкретен линк со стратегијата |
| 11. | Противпожарна заштита | Нема конкретен линк со стратегијата |
| 12. | Мониторинг на резултатите од децентрализираните надлежности | Нема конкретен линк со стратегијата |

Извор: Mojsovska, Silvana (PhD.), Decentralization and Regional Policy in the Republic of Macedonia: Developments and Perspectives, LSEE Papers on Decentralization and Regional Policy, Research Paper 4, July, 2011, стр. 25.

Покрај потенцијалот на политиката на рамномерен регионален развој за поддршка и унапредување на имплементацијата на децентрализираните надлежности и локалниот економски развој, логично се поставува прашањето за можноста на политиката на децентрализација да ја поддржи имплементацијата на РРР, со оглед на веќе докажаните линкови помеѓу сферите на влијание на двете политики. Сепак, проспектите на кохезивноста се замаглени од неуспехот на централната власт да одговори на финансиските обврски зацртани во законската легислатива на рамномерниот регионален развој, поради што изостанува мотивот и интересот на општините како носители на одлуки, своите

активности да ги стават во корелација со целите на регионалниот развој. Овој момент е дотолку повеќе изразен, што општините се основни единици на носење одлуки на регионално ниво и покрај доминацијата на централната власт, со оглед на фактот дека управувачките структури на планските региони не се директно избрани претставници, туку се застапени од избраните претставници на единиците на локална самоуправа. Ваквата ситуација креира сериозна пречка во процесот на интеракција на двете политики, со многу поверојатно сценарио во кое политиката на рамномерен регионален развој би ја поддржала политиката на децентрализација и локален економски развој, а не обратно.

Имајќи го предвид незадоволителниот исход од имплементацијата на двете политики, она што недостасува за зајакнување на кохезивноста на рамномерниот регионален и локалниот економски развој е поголемата финансиска поддршка за рамномерниот регионален развој од страна на централната власт и поголема финансиска самостојност на општините за да можат да одговорат како на сопствените, така и на финансиските потреби на планските региони чии основачи се општините.[266] Двата случаја претпоставуваат намалување на моќта на корпоративната држава во корист на пониските нивоа на власт - услов кој со оглед на тековната политичко-економска состојба на државата има многу мала веројатност за реализација на доброволна основа.

## 6. Препораки за унапредување на локалниот и рамномерен регионален развој во Република Македонија

Потребата од системски реформи со крајна цел - економска локализација е јасна и недвосмислена. Многу анализи на домашни и странски независни експерти, индивидуално, или пак во рамки на меѓународни институции укажуваат на истите препораки. Во тој контекст вреди да се потенцира и документот на Конгресот на

[266] Голем дел од Центрите за развој на планските региони се соочуваат со проблем во наплата на членарините од основачите, односно општините. На пример, ЦРПР за Југозападниот плански регион моментално има побарување од 9 милиони МКД, од кои 5,7 милиони МКД се побарувања од општините заклучно со 31.12.2014 година. Ова укажува на потребата од подобрување на постоечкиот механизам за финансирање на основните функции на планските региони.

локални и регионални власти на Советот на Европа „Локалната демократија во Македонија“, од 26 февруари, 2013 година, според кој:

1. иако де јуре општините добија надлежности и политичка моќ за нивно извршување, де факто надлежностите на двете нивоа на власт многукратно се испреплетуваат и постои сериозна опасност од континуирана интерференција на централната власт врз работата на локалната;
2. спротивно на одредбите на Законот за локална самоуправа, бројни потесни закони содржат одредби кои ја загрозуваат локалната автономија;
3. зависноста на општините од грантовите на централната власт е многу изразена и имаат многу мала дискреција во однос на локалните даноци, а нивото на изворите на сопствени приходи е пропорционално ниско во споредба со вкупните извори на приходи;
4. инструментите на директно учество на граѓаните во носење одлуки на локално ниво многу слабо се користат во пракса.

И извештаите на Европската комисија за Република Македонија за последните неколку години континуирано ја потенцираат потребата од обезбедување ресурси за поддршка на локалниот развој и вложување напори за креирање финансиска одржливост на единиците на локална самоуправа.

Генералниот заклучок за нивото на локализација на економскиот развој на Република Македонија е дека тој не е ниту локален, ниту регионален. За приближување на перформансите на локалниот и регионалниот економски развој кон барањата на современите теории и практики потребни се сериозни, сеопфатни и повеќедимензионални реформи во Република Македонија. Основен услов за започнување на таквите реформски процеси е исполнувањето на неколку базични предуслови кои се искристализирани како резултат на препораките на целокупната меѓународна заедница и домашна интелектуална елита: 1) основа за финансирање на единиците на локална самоуправа треба да бидат развојните стратегии на локално ниво, а не програмите на децентрализација и економски развој на централната власт; 2) потребно е да се изгради поартикулиран top-down пристап на централната власт, чии политики и активности треба да бидат насочени во функција на зајакнување на локалната автономија и економски суверенитет, а не директен упад во ингеренциите на

локалната власт; 3) да се изврши ревизија и да се адаптираат постојните методологии за блок-дотациите и капиталните трансфери, во насока на рамномерно стимулирање на локалниот економски развој, а одлуките за финансирање на капитални инвестиции да се носат на локално и/или регионално ниво; 4) во целост да се имплементира Законот за рамномерен регионален развој и да им се овозможи на планските региони и на општините да доставуваат предлог-проекти на вкупниот износ на средствата распределени во согласност со законскиот минимум од 1% од БДП; 5) во иднина, сите средства за РРР да се сконцентрираат во Бирото за рамномерен регионален развој, кое треба да се одвои од Министерството за локална самоуправа како независна Агенција за РРР; 6) доколку ресорните министерства продолжат со политики на финансирање проекти за регионален развој, треба да изготват и објават јасни и транспарентни процедури според кои планските региони и општините ќе можат да доставуваат проектни апликации; 7) целосно да се почитуваат принципите на партнерство и супсидијарност, а на советите за рамномерен регионален развој да им се овозможи самостојно да ги утврдуваат приоритетните проекти и истите да не бидат предмет на дополнително оценување; 8) централната власт треба да формира посебен Фонд за финансирање на подготовката, аплицирањето и имплементацијата на развојните проекти финансирани од меѓународните институции, пред сè инструментот ИПА на Европската Унија; 9) локалната и централната власт да практикуваат политики на партиципативно буџетирање, јавни дебати и отворени сесии на општинските и регионалните совети, како и лесен пристап до информации од јавен карактер; 10) општините да формираат посебна и соодветна организациона структура која ексклузивно ќе биде посветена на развојните потреби, интегрирајќи ги активностите на сите други локални функции и ангажирајќи квалитетни човечки ресурси; 11) во континуитет да се креира платформа за имплементација на развојни проекти кои инволвираат јавно-приватни партнерства, а општинските администрации да се обучат за реализација на ваквиот тип економска соработка, каде што приватниот капитал ќе го обезбеди потребниот финансиски инпут за реализирање на капитални проекти од јавен интерес; 12) потребно е да им се даде право на општините да управуваат со земјоделското земјиште, пасишта и шуми на сличен начин како што тоа важи и за градежното земјиште, што е од особена важност за

општините со рурален карактер чија тековна економска база е на ниско ниво и не гарантира одржливост; 13) активностите во врска со транспарентното и отчетно работење на општините треба да бидат суштински, а не само формални.

Според проф. Узунов, атрактивноста на локалната територија (општината) за привлекување на капитал и креирање на нови работни места е главен фактор на развојот на националната економија. Од тој аспект, територијалниот маркетинг како современа алатка на обликување на локалниот и регионален економски развој во согласност со потребите на локалните заедници/општините е движечка сила на креирањето и искористувањето на специфичните локални предности со што придонесува не само за поттикнување на интерната конкуренција помеѓу општините и регионите, туку делува како центрипетална сила во привлекување на ресурси и фактори на развој, спротивно на центрифугалната насока на силата на технолошкиот развој која цели кон дивергенција. Законската основа за примена на концептот на територијален маркетинг е втемелена во член 3 од Законот за рамномерен регионален развој, кој во цели и начела на регионалната политика ги вбројува „зголемувањето на конкурентноста помеѓу планските региони преку јакнење на нивниот иновациски капацитет“, „оптималното користење и валоризирање на природното богатство, човечкиот капитал и економските особености на различните региони“ и „зачувувањето и развивање на посебниот идентитет на планските региони, нивна афирмација и развој“. За остварување на овие цели неопходно е формирање на локални/регионални стратегии за територијален маркетинг од страна на центрите на регионите (на регионално ниво) и општините (на локално ниво).

Успехот во економскиот развој се постигнува единствено со оптимална комбинација на центрипеталните и центрифугалните развојни сили. Со цел да ги подобри економските перформанси, Република Македонија мора да креира полицентрични политики на развој кои би придонеле кон превенција и елиминација на диспаритетите и би овозможиле оптимално искористување на достапните економски, човечки и културни ресурси на специфичните развојни региони. Политиката на полицентричен развој би требало да генерира интерна миграција и да стимулира раст и развој во средните по големина и малите, особено руралните општини со цел да ја одржи нивната виталност.

# Трет дел

# Перспективата на економскиот развој на Република Македонија во склад со современите технолошки трендови

## I Централната власт во функција на динамичен локален економски развој

### 1. Генерални консидерации и тенденции

Империјалистичките амбиции на глобалната финансиска елита кон неоколонијализација на цели географски области и држави го исфрлија на површина поимот grobalization (кованица од grow и globalization), кој улимативно имплицира стремеж кон влијание, моќ, профит, раст (grow). Терминот гробализација претставува директна противтежа на локализацијата и на глокализацијата (glocalization), односно „интерпенетрацијата на глобалното и локалното, резултирајќи во единствени исходи на различни географски области“.[267] Гробализацијата овозможува експанзија на идеи насочени кон зајакнување на моќта на одредени нации - предводници на технолошкиот и финансискиот капитал со тенденција на рушење на локалните специфики, потреби и вредности. Глокализацијата се фокусира на единственоста и разликите во и помеѓу различните географски области и на слободата на индивидуата за изразување, адаптација, иновација и маневар во флуктуирачкото глобално опкружување. Глокализацијата ги третира локалните заедници и индивидуи како важен агент на развојот. Додека гробализацијата се фокусира на економскиот раст и развојот на групата, корпорацијата, глокализацијата го става својот акцент на индивидуите, како главен агент и движечка сила на растот и развојот. Гробализацијата е глобализација во својот најсуров вид, експанзија, раст и профит наменети за тесен општествен слој кој успеал капитализмот да го претвори во корпоративизам и максимално да профитира од тој процес.

[267] https://rickleger.wordpress.com/2011/01/04/grobalization-vs-glocalization/.

Основен инструмент за постигнување на целите на експанзионистичката политика на корпорациите и финансискиот капитал се централните власти на економски слабите земји во развој и транзиција. Тие се каналот низ кој се движи моќта на влијание и допира до крајната точка, животот и благосостојбата на обичниот граѓанин.

Во претходниот контекст, првите два дела од трудот недвосмислено ја потврдуваат тезата дека централната власт на Република Македонија е агент на меѓународните финансиски и трговски институции, корпорации и глобално-локални групи на интерес, преку чии аранжмани и влијание ги постави темелите на должничка економија, која преку безусловна либерализација и дерегулација започна процес на систематска деградација на ендогените локални економски ресурси. Перспективата на економскиот развој на Република Македонија, според правилата на овие процеси, не е ветувачка. Глобализацијата во нејзиното тековно светло нема капацитет да ги задоволи потребите на членовите на општествената заедница. Глобалниот пристап кој се форсираше со децении не вроди со плод и не ја подобри благосостојбата на ултимативниот корисник на ефектите од економскиот развој - граѓанинот. Од друга страна, и начинот на кој се поставија темелите на економската локализација во Република Македонија како развоен пристап не демонстрира капацитет за економски развој и унапредување на глобалната позиција на земјата. Потребни се алтернативни локални развојни стратегии, доколку се има цел и намера да се одржи територијалниот интегритет и лојалност на локалните заедници кон „брендот“ Македонија. Изградбата на граѓанско општество според постулатите на Охридскиот рамковен договор бара поинаков развоен пристап - економска инклузија на локалните заедници од различно етничко потекло, интегриран и партиципативен пристап во носење одлуки од стратешко значење.

Економската благосостојба на локално ниво е основен предуслов за демократија. Тековните политики на централната власт не се во прилог на ова сценарио, а корпоративната држава не е двигател, туку кочничар на економскиот развој. *Неопходни се радикални реформи кон реформулирање на улогата на централната власт во креирање и имплементација на економските политики и нејзино конвертирање во фасилитатор, потпомогнувач и поддржувач на процесите кои де факто, а не само де јуре треба да се лоцираат на локално*

*ниво*. Економската локализација на ниво на најтесните локални заедници е логичното сценарио и противтежа на тенденциите кон финансиското ропство наметнато од корпоративизмот. Тековниот тренд на локализација во Република Македонија е скриена форма на гробализација и пат кон дезинтеграција, а не интеграција. Наместо заживување на македонската економија, што всушност беше и декларативна заложба и цел на процесот на децентрализација како прва фаза на економската локализација, се имплементира процес кој ги зајакнува темелите на корпоративната држава и го надградува сценариото на должничка економија. Ваквиот процес не оди во насока на позитивна интеграција на македонската економија во глобалниот економски систем.

## 2. Реформулација на дисфунционалниот систем (функционална анализа)

Крајна цел на сите реформски зафати е динамичен локален економски развој кој ќе влијае на квалитетот на живеење на членовите на локалната заедница. Остварувањето на оваа цел е во корелација со препораките за обезбедување финансиска стабилност на општините, намалување на диспаритетите помеѓу планските региони и општините, поттикнување на учеството на граѓаните во донесување на одлуки за прашања од локална надлежност, како и воспоставување партнерства помеѓу единиците на локална самоуправа, граѓанскиот сектор и бизнис-секторот.

За разлика од традиционалните политики и практики според кои поимот развој бил нераскинливо поистоветен со државата нација, сметајќи дека таа е одговорна за економската благосостојба на граѓаните, денес таа ултимативна одговорност се пренасочува кон регионалните и локалните власти, како важни потсистеми на глобалните општествено-политички системи.[268]

Сведоци сме на радикални трансформации на социо-економските и политичките аспекти на државната реалност на повеќе нивоа: 1) намалување на влијанието и моќта на синдикатите и колективното спогодување; 2) дефицит на демократија, слаба легитимност до нелегитимност и ерозија на државните субјекти; 3)

[268] Христова, м-р Снежана, Локалната самоуправа и локалниот економски развој во Република Македонија, докторска дисертација, ментор, проф. д-р Наталија Николовска, Универзитет Св. „Кирил и Методиј“- Скопје, 2013.

зголемена државна инволвираност и намалена моќ на невладиниот сектор. Потребите и очекувањата на граѓаните и локалниот, мал бизнис се занемарени и се чувствува континуиран недостиг на ресурси. Присутна е повеќегодишна состојба на политички deadlock кој резултира со системска нефункционалност на комплетниот институционален апарат и сите нивоа на власт (парламентарна, извршна, судска). Последнава година и половина сме заглавени во вителот на ултимативно искорумпирана власт и владеење[269], и криза за која тековно не постои рационален консензус за решавање. Негативните економски последици на овие тенденции можат да се минимизираат преку радикални чекори на реконфигурација на внатрешната организација на државата. Генералните насоки за нејзино конвертирање во функционална оперативна матрица ги претставуваме на следниов начин:

1) мора да биде прочистена од стегите на системски криминал и корупција;
2) мора да претрпи сериозна анализа на функциите и функционалноста на тековните органи на извршна власт (хоризонтална функционална анализа[270]) која би резултирала со неодложна имплементација на препораките за интерна реорганизација со крајна цел - економски развој и подобрена благосостојба на граѓаните;
3) мора да ја отстапи моќта (политичка, административна и пред сé финансиска во корист на локалната власт, која би се ослободила од товарот на политичко влијание од страна на централната власт) за самостојно и суверено менаџирање на процесите на локалниот економски развој.

Развојот на информатичката технологија и промените во глобалната економија драстично влијаат врз организацијата и имплементацијата на централните и локални надлежности и на самата држава воопшто. Брзиот раст на информационата и комуникациона технологија е вреден сојузник на

[269] Покрај индикациите за интерна корупција и криминал, постои сомневање и за злоупотреба на средствата од ИПА-фондовите за периодот 2013-2017 година. Република Македонија имаше на располагање околу 620 милиони евра неповратни средства преку ИПА-инструментот за периодот 2007-2013 (за градење на институции, прекугранична соработка, регионален развој, развој на човечки ресурси и развој на земјоделството) од кои до крајот на 2011 беа искористени само 90 милиони преку каналите на централната власт, за кои тековно има сериозни индиции дека биле подложни на корупција. Оттука, многу слаби се очекувањата за искористување на вториот ИПА-бран за периодот 2014-2020.

[270]Функционалната анализа (ФА) е алатка за управување со промени, односно истражување кое има за цел да ги зајакне ефикасноста и ефективноста на јавните служби. Се состои од собирање и анализа на податоци во врска со функциите кои ги извршуваат и оние кои треба да ги извршуваат јавните институции.

имплементацијата на претстојните промени и реформи на функциите на централната власт и зајакнување на граѓанското општество на најниското ниво на одлучување - локалните заедници. Трансформацијата на јавната администрација од традиционален кон современ модел на добро управување и афирмацијата на идеите за иновативност, ефективност и ефикасност се основа на комплетно нов организациски модел на држава кој треба да одговори на новите, современи потреби на граѓаните (графикон 27). Новиот модел на функционална, децентрализирана и социјално подготвена држава ги насочува своите политики кон децентрализираните локални власти и граѓаните.

**Графикон 27 Модел на современа централна власт**




Извор: http://www.zels.org.mk/Upload/Content/Documents/Izdanija/Publikacii/MK/04CONCEPT%20FOR%20MSC.pdf.

## 3. Имплементација на концептот на добро владеење (управување) преку ИКТ-системите

Концептот на добро владеење е стар колку и самата човечка цивилизација. Landel Mils и Serageldin[271] , кои работат со одредени аспекти на владеење како што е вистинската политичка обврзаност и ефективна јавна администрација, го дефинираат владеењето како „употреба на политички авторитет и извршување на контрола за социјален и економски развој“. Оваа дефиниција главниот акцент

[271] Види повеќе: Landell-Mills, Pierre,Serageldin, Ismail, Governance and the External Factor,World Bank,Washington DC, 1991, стр. 3.

го става на политичките и административните аспекти на владеењето, но не ја објаснува комплетната врска помеѓу власта и граѓаните.

Владеењето е систем на вредности, политики и институции преку кои власта (централна и локална) влијае врз економскиот развој на членовите на локалната заедница и воопшто, врз целокупниот човеков развој. Тоа е начинот на кој власта се организира себеси за донесување и имплементирање на одлуки. Ги вклучува механизмите и постапките на граѓаните и заедниците за идентификација на нивните интереси, хармонизација на нивните разлики и извршување на нивните легални права и обврски. Правилата, институциите и практиките се тие што ги поставуваат границите и обезбедуваат поволности за поединци, организации, корпорации. Владеењето, вклучувајќи ги социјалните, политичките и економските димензии, функционира на секое ниво, без разлика дали станува збор за микролокално (домаќинство), локално (општина, место на живеење), регионално, национално или глобално. Основна движечка сила, алатка и медиум на функционалноста на концептот на добро владеење е партиципативноста, учеството во неговите процеси, со посебен акцент на дистрибуција на релевантните знаења и информации низ каналите и мрежите на заинтересираните страни. Всушност, соработката е клучниот фактор, таа е поефективна од конкуренцијата, теза за која своевремено во 1994 година Dr. John F. Nash, од Princeton University ја доби Нобеловата  награда за придонес во економската наука. Поентата е следна - потребна е максимална соработка помеѓу власта и корисниците на нејзините услуги. Тие се субјекти кои се стремат кон иста цел, не се заемни конкуренти! Ваквиот пристап е основната разлика помеѓу корумпирани и транспарентни и отчетни власти (не го употребуваме терминот „некорумпирани“, зашто таква власт во нејзиниот најчист облик не постои). Најблиско ниво на власт која може да спроведе ефективен процес на владеење во склад со потребите на членовите на заедниците/граѓаните е локалната власт. Таа е основната појдовна точка во креирање на современите политики на економски развој. Проблемот со Република Македонија е што корумпираните мрежи на централната власт по политичка линија ги заразуваат и локалните власти и ги попречуваат во остварување на нивната основна цел на владеење - остварување на различните потреби на членовите на локалните заедници. Локалните власти во таков случај не се ништо друго, туку продолжена

рака на централната, која пак е медиум и агент на интересите на корпоративниот капитал.

Современата ИКТ е агент на координација помеѓу локалната, регионалната и централната власт, но само доколку постои вистинска политичка волја. Теоретски, процесот е лесно изводлив, но во пракса се потребни дополнителни напори за реализација на таквата синергија. Најпрво, потребна е правилна дистинкција помеѓу различните нивоа на власт и координација на botom up и top down пристапот. Централната власт не може едноставно да ја пренесе сопственоста, функциите, па дури и ресурсите на локално ниво, без да ги смени своите функции и надлежности. На ист начин, локалните власти не можат ефикасно да ја организираат својата работа, без да се обезбедат соодветни политики и правна рамка на национално ниво. Слично, е-владата не може да се изолира од широкиот контекст на е-владеење. Тоа е предизвик и тест за власта која се става под надзор на граѓаните.

Доброто владеење треба да биде партиципативно, транспарентно и одговорно. Истовремено треба да биде ефективно и правично и да го промовира владеењето на правото/законот. Тоа осигурува дека политичките, социјалните и економските приоритети се базираат на интегрален консензус. Концептот „квалитет за граѓанинот" кој потекнува од приватниот сектор е ориентиран кон обезбедување и испорака и на јавни услуги и задоволување на граѓанските потреби. Овој пристап е основа на концептот „ориентираност-кон-граѓанинот" прифатен од економски развиените земји.

## 4. Супституција на формалните со неформални методи на економски развој

Современите поимања на теоријата и праксата на локалниот економски развој го надминуваат традиционалниот концепт на зависност на локалниот развој од ресурсите на надворешни субјекти. Во склад со новите технолошки трендови, постои тенденција на целосно елиминирање на државата како директен фактор на економски развој. Препораката се движи во насока кон одржување на функциите на централната власт за регулирање на макроекономските процеси, креирање на соодветна легислатива како поддршка на, пред сè, домашниот, а

потоа странскиот капитал и генерално, изградба на базична инфраструктура за економски развој. Сите директни процеси на economic governance (управување со економијата) потребно е да се пренесат на локално ниво. Ваквата функционална поставеност на централната власт е неопходна како заштитен механизам од погубните ефекти на глобалните економски политики, кои преку буџетите и националните политики на централните власти го прошируваат сценариото на должничка економија до ниво на крајните консументи - граѓаните. Процесот не треба да резултира со нужна изолација на локалната заедница од глобалните економски текови, туку напротив, треба да креира поволен амбиент за стварање на директни глобално-локални синергии, без директна инволвираност на централната власт, а поттикнати од инструментите на информационо-комуникационите технологии. На таков начин се креира платформа за супституција на формалните со неформални иновативни методи на економски развој во склад со автентичните потреби на членовите на локалните заедници/општините и капацитетот на нивните локални ресурси.

Новата движечка сила на економскиот развој се ендогените ресурси на локалните заедници/општините, а фокусот се фиксира на квалитетот „одржливост", во контекст на независност од променливото глобално опкружување. Примарна улога имаат знаењето, иновациите, текот на информации, градењето на иновациски системи, мрежи на знаење и интерни функционални линкови[272] помеѓу чинителите на локалниот економски развој.

Старите, традиционални теории и практики го ставаат акцентот на националните економски стратегии и буџетски политики и практики како нивни инструменти, а локалната економија е потчинета на фискалните трансфери на централните власти, занемарувајќи ги своите локални ресурси, потреби и потенцијали. Нивната економска политика се гради исклучиво според насоките на централната власт, која, пак, ретко, скоро никогаш не го усогласува дискурсот на националната економска политика со развојните потреби и капацитети на локалните единици, туку сервилно му служи на интересот на капиталот поседуван од финансиските елити. Ваквата гнила врска и дисторзивен однос на релација глобални финансиски елити - централни власти на државата нација - локални власти - членови на локалната заедница е неодржлива и води кон

[272] Под „функција" се подразбира група од активности кои продуцираат одреден мерлив резултат.

пропаст, а бидејќи крајниот негативен ефект од погубните глобални економски политики го чувствува обичниот граѓанин, логички се наметнува сценариото на „економско отцепување“ на локалната територија од националната, која игра улога на лош медиум на локалната економија со глобалната економска сцена.

Новиот концепт на економски развој ја фаворизира улогата на неформалните, наспроти формалните институции, а доколку на долг рок државата нација има намера да ја одржи својата територијаност и целина, мора да се покори на потребите на современите тенденции и да го отстапи авторитетот за креирање економска политика на локалните власти. Секоја спротивна политика потенцијално води кон дезинтеграција, и тоа правопорпорционално со степенот на истоштување на локалните економии и прелевање на профитот кон финансиските елити, а преку механизмите на корпоративната држава.

Неформалните институции се мрежи на партнерства, групи и влијанија на локално ниво кои мобилизираат внатрешни ресурси (капитал, територија/локација, суровини, знаење, информации, креативност и иновативност) врз основа на партнерство и доверба за реализација на локални развојни стратегии. Зајакнатата меѓусебна доверба и неформалниот пристап на мобилизација влијае врз ефикасноста на спроведување на локалните економски стратегии преку ефектот на намалени трансакциски трошоци на соработка и гарантира квалитет на одржливост. Креирањето на квалитетни интерни локални партнерства ја зајакнува економската база од аспект на имунитетот кон надворешните влијанија. Промоцијата на зајакнати социјални односи помеѓу членовите на локалната заедница и локалните јавно-приватни партнерства се основни фактори на економскиот развој, а нивното вмрежување во диференцирани индустриски, производствени, трговски, услужни и области на истражување и развој се иднината на економската одржливост во флуктуирачкото глобално опкружување.

## II Локална ориентација кон внатре - предуслов за градење на конкурентни економски системи

### 1. Креирање на конкурентност во контекст на локалниот економски развој

Студијата за факторите на регионална конкурентност (Study on the Factors of Regional Competitivness) изработена од Cambridge Econometrics, ECORYS-NEI и Prof. Ronald L. Martin од универзитетот Cambridge, а подготвена како извештај на Европската комисија, Генерален директорат за регионална политика, посочува на повеќеслојни аспекти на поимот конкурентност:

1) концептот на компаративни предности на класичната и неокласичната економска теорија укажува на дејностите на кои еден субнационален регион треба да се потпира при даден квантитет и квалитет на производствени ресурси, технолошка база и структура на побарувачка. Идејата за додадена вредност од унапредена технологија изостанува;
2) конкурентноста станува поразбирлив концепт кога во економските модели ќе се вметне претпоставката за постоење на економија на обем, асиметрични информации, несовршена конкуренција и претприемничка иновативност, како што тоа го прави теоријата на ендоген раст;
3) консензуално прифатениот став за парадигмата „конкурентска способност" акцентот го става на способноста за продавање на странските пазари во услови на ефективна пазарна конкуренција;
4) регионот или локалната територија/заедница може да биде база на конкурентно способни компании, но доколку тие не се занимаваат со активности кои создаваат висока додадена вредност по вработен и доколку регионалната/локалната економија не поседува соодветни институционални предуслови и изградени синергии на соработка, проток на формално и неформално знаење и изградена доверба, конкуренцијата на територијата не може да биде одржлива.

Во таа смисла, врз квалитетот на деловното опкружување се влијае преку изградба на квалитетни институции, воведување стимулации за користење на современа технологија, стимулирање на иновации и претприемништво, извоз на локално производство, изградба на квалитетна образовна инфраструктура, но и

општествен капитал (заедница во која постои доверба, непречен проток на информации, подготвеност за заедничка акција).

Досегашната политика на унапредување на конкурентската способност во Република Македонија на локално ниво, главно се концентрираше на три нивоа: 1) изградба на инфраструктура; 2) подобрување на јавните услуги; и 3) намалување на трошоците за водење бизнис. Современите теории и успешните ЛЕР-практики укажуваат на фактот дека иако остануваат да бидат критични фактори, традиционалните политики и практики не обезбедуваат квалитет на одржливост. Современите економски политики бараат креирање на опкружување кое гарантира дополнителна вредност, во кое компаниите, преку користење на иницијативите за учење и иновации, придонесуваат кон подигање на општото конкурентско ниво на локалната економија.

Интервенциите на локалните власти за подигање на конкурентноста треба да почнат со јасна претстава и разбирање на пазарните механизми и основните двигатели на локалниот економски развој. Конкурентската способност ја креираат фирмите/компаниите, а интервенциите на власта треба да бидат насочени единствено кон регулирање на пазарот, односно негово „исправување“ во ситуации во кои демонстрира неуспех. Преведено во локален контекст, тоа би значело дека локалната власт треба да се насочи кон: 1) креирање на јавни добра (координација, креирање и поддршка на мрежи, врски и синергии); 2) решавање на проблемите на негативни екстерналии (на пример, еколошката загаденост); 3) создавање на позитивни екстерналии (на пример, иницијативи за споделување/прелевање на знаење).

Развојните активности поседуваат изразена тенденција да бидат предмет на правилото на несакана последица. Носителите на одлуки (локалните власти) кои раководат со ЛЕР многу често имаат најдобри намери, но не и соодветно разбирање на системските повратни спреги, поради што нивните политики многу често имаат негативен ефект за дел или целата локална заедница. Локалната економија, пред сè, претставува агрегат кој е функција на однесувањето на членовите на локалната заедница, кое пак е во склад со нивните преференции.

*Пример за позитивни екстерналии*:

Замислете општина во која локалните власти одлучиле да поддржат деловни активности за подобрување на материјалната положба на сиромашното население. За таа цел, локалната власт

гради општинска градина, за чие оперативно управување се најмува локален консултант, а граѓани од локалната заедница се мобилизираат да посадат разни видови зеленчуци со понуда за учество во дел од профитот по продажба на реколтата. По неколку месеци, кога реколтата созрева, локалната власт преговара со локалната болница за да ја откупи реколтата. Доколку претходно болницата набавувала зеленчук надвор од локалната заедница, ваквиот потег на „ориентација кон внатре“ ја зајакнува локалната економија.

*Извор: Узунов, д-р Ванчо, Конкурентност и локален економски развој, Институт за деловно право и економика, Правен факултет „Јустинијан Први“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, стр. 15.*

Ова е типичен пример за успешна економија на локалната заедница. Поинаков би бил случајот ако локалната болница своите набавки претходно ги вршела од интерна компанија од внатре - во таков случај интервенцијата на локалните власти нема позитивни општествени екстерналии, зашто еден локален општествен сегмент профитирал на сметка на загубата на друг интерен сегмент од една иста целина, наречена локална заедница.

## 2. Системска конкурентност на локалната економија

Системската конкурентност означува збир на субјекти, институции, организации и политики што се меѓусебно поврзани со сложени механизми на повратни спреги кои создаваат систем „кој е различен во Германија, од оној во САД...“ Системската конкуренција не ги разгледува прашањата поврзани со економскиот развој само од економска, туку и од социолошка перспектива. Економската перспектива овозможува разбирање на микроекономските аспекти на конкурентноста, т.е. разбирање на начинот на кој функционираат пазарите и на предизвиците со кои се соочуваат компаниите, додека пак социолошката перспектива овозможува разбирање на општествените структури во кои оперираат економските процеси и на структурите на управување и раководење кои ги поддржуваат развојните активности. Системската перспектива на конкурентноста прави суштинска дистинкција помеѓу современиот и ортодоксниот пристап на планирање и имплементација на ЛЕР.[273] Примената на

[273] Ортодоксниот пристап кон ЛЕР вклучува склучување на договор со консултантска фирма или индивидуални експерти кои најпрво вршат анализа на локалните економски параметри, користејќи алатки како што се SWOT анализа или Дијамантот на Porter. Потоа, наодите од анализата се ставаат во контекст со

рамката на системската конкурентност во унапредувањето на локалните економии овозможува специфичен вид дијагноза и на план за акција. Таа не се однесува само на локалното, микрониво, туку и на факторите на макро и меганиво.

Во практична смисла, локалното макрониво се однесува на финансискиот капацитет на локалната власт и локалната регулаторна рамка. Доколку локалната власт, како што е тоа случај со Република Македонија, се соочува со големи финансиски ограничувања, нејзината способност за отпочнување на сериозни развојни проекти ќе биде многу ограничена. Дополнително, доколку локалната регулаторна рамка не се соодветна за водење бизнис (гледано од аспект и на локално донесените правила и на квалитетот на спроведување на политиките на централната власт), развојните проекти предложени од локалната власт нема да бидат прифатени од локалниот приватен сектор. Локалното мега ниво се донесува на локалните заинтересирани страни - на нивната способност за меѓусебно комуницирање, способност за носење консензус по однос на заеднички проблем, формулирање практични развојни активности и нивно ефективно спроведување.

Анализата на макро и меганивото ги дефинира параметрите за активности на микрониво. Доколку таа индицира дека различните заинтересирани страни имаат капацитет за решавање на конфликтите и го прифаќаат стратешкиот пристап, тогаш е оправдано тие да бидат инволвирани во формулирање на сеопфатна и амбициозна политика на локален економски развој. Од практичен аспект, тоа вклучува разновидни активности, како на пример формирање на технолошки инкубатори и истражувачки центри, имплементација на таргетирана инвестициона кампања за привлекување комплементарни компании што треба да го зајакнат локалниот кластер на конкурентно способни компании итн.

Системската конкуренција подразбира изградени локални мрежи, синергии, канали на проток на информации во склад со посебностите и спецификите на локалната заедница и територија (општина, регион). Инклузивниот пристап и вмреженоста се квалитетите кои создаваат дополнителна вредност и интерна

---

најдобрата практика на деловно работење. Крајниот резултат е изработка на специјализиран профил на локалната економија и стратешки и акциски план со долга листа на активности што ќе значат придвижување на локалната економија во посакуваната насока. Потоа, локалната власт може, но и не мора да ги спроведе предложените активности. (Meyer-Stamer, 2008, Systemic Competitiveness and Local Economic Development, стр. 13.)

кохезија и кои прават дистинкција со класичниот, ортодоксен тип на конкурентност.

### 3. Препораки за креирање на интерна кохезија како предуслов за градење на конкурентни локални заедници

Покрај корумпираноста на сите нивоа на власт и генералната институционална дисторзија, во Република Македонија е присутен и тренд на контаминација на приватниот сектор и тоа на најниско, микрониво. Централната власт ја врши својата улога на фасилитатор на бизнис-процесите, но само доколку сопствениците и менаџерите на компаниите се блиски до политичката опција на актуелната власт. Ваквите практики на власта се антипод на практиките на добро владеење/управување. Поинаков е пристапот кон странскиот капитал кој ги ужива сите бенефиции на слабо регулиран пазар и имперфектна пазарна конкуренција заради нивната субвенционираност (финансиска, легална, институционална) од централната власт на земјата. Во рамки на причините за ваквиот повластен третман на странските компании во Република Македонија преовладува факторот на корупција над економскиот фактор. Оваа ситуација креира состојба на нелојална конкуренција на централната врз локалната власт и локалната бизнис-заедница и ја заострува разликата помеѓу социјалните општествени слоеви на сите нивоа. Локалната средна класа која по правила на нештата би требало да биде составена од државната/јавната администрација и просечно успешните претприемачи, поради опаѓачката куповна моќ на граѓаните се придвижува кон групата граѓани со низок приход. Ваквата длабоко поделена општествена структура создава голема меѓусебна недоверба и низок степен на општествена кохезија. Голем дел од граѓаните својот излез го бараат во т.н. „политичка послушност/сервилност“ за пристап до основни услови за егзистенција кои е невозможно да се обезбедат на неконкурентниот пазар на работна сила уништен токму од единствената институција која треба да го гарантира неговото оптимално функциониарње - централната власт. Бројот на државни и јавни службеници постојано расте на сметка на намалените ресурси за развојот и конкурентската способност на приватниот сектор кој требаше да биде

основна платформа на нашата пазарна економија која де јуре ја градиме. Јазот е толку продлабочен, што повторното воспоставување на кохезивни структури е невозможно на макрониво. Потребна е микро ориентација и третирање на најниското локално ниво на заедници и тоа со холистички пристап на инклузија на сите засегнати страни.

Препораките за излез од ваквата неповолна состојба генерално се групирани на неколку нивоа:

1) ослободување од стегите на централната власт и ориентација кон внатре, кон локалниот систем на ресурси;
2) креирање на мрежи и синергии со локалните субјекти кои функционираат без застој во повратниот проток на информации (Plan - Do - Check - Act, односно Планирај - Направи - Провери - Делувај) според принципите на извонредност (графикон 28) и Deming-овиот циклус на стремеж кон извонредност во постигнување на резултати (графикон 29);
3) развој на економија на заедниците преку инклузија на сите институции, граѓани, бизнисмени и особено општествено ранливи групи во согласност со потребите, капацитетите и ресурсите на локалната заедница;
4) онаму каде што локалната власт нема капацитет да отпочне процес на автономност во однос на централната власт, процесот на развој на локалната економија може да го иницира локалното лидерство на иновативни и креативни субјекти преку промовирање на концептот на економија на заедницата објаснет во првиот дел од трудот.

**Графикон 28 Принципи на извонредност**




Извор: Програма за обука за Заедничка рамка за проценка (Common Assessment Framework-CAF) на Европскиот институт за јавна администрација од Мастрихт.

**Графикон 29 Демингов циклус**




Извор: http://www.eipa.eu/files/File/CAF/CAF_2013.pdf.

Клучен сегмент на пристапот е консензус и стратешка усогласеност на заинтересираните страни на локалната заедница во однос на постоењето на заедничка визија, цели и инструменти за креирање на локална конкурентна предност на општината/регионот или локалитетот воопшто.

Како алтернатива на економијата на корпоративната држава, ЛЕР треба да се разбере како процес на фундаментални промени кон прагматичност и развој базиран на деловни принципи. Процесот нема да биде ни најмалку лесен и едноставен, заради инхерентниот отпор и политички спротивставености кои резултираат од невработеноста и сиромаштијата.

Основното прашање кое се поставува е како може да се постигне ефект на урамнотежување на спротивставените ставови и консензус на локалните заинтересирани страни за стратешкиот пристап на ЛЕР. Според наодите на теоријата и практиката ги посочуваме следниве препораки во оваа насока: [274]

1) дури и да постои широк консензус за тоа дека е потребна радикална промена за овозможување на одржлив локален економски развој, во почетокот е невозможно да се мобилизира критична маса на заинтересирани страни. Најдобро е да се започне со мала, но мотивирана група на луѓе кои ќе го иницираат процесот на придвижување;
2) иако се почнува со малку, клучен момент е континуитетот. Процесот на ЛЕР не треба да се започне со настан со голема видливост, кој има за цел да ги мобилизира сите таргетирани субјекти за градење на заедничка визија и стратегија. Подобро е да се инволвира мала група на луѓе во брза оценка на локалните економски потенцијали и да се идентификуваат активности кои би можеле да донесат брзи резултати кои треба да се имплементираат. Понатаму, иницијалниот успех ќе генерира уште поголем успех и инклузија на останатите локални субјекти;
3) не треба да се креира сеопфатен план за акција сè додека не се утврди кој ќе биде вклучен во процесот и кои се изворите на финансиска и техничка поддршка. Во меѓувреме, треба да се користат расположливите ресурси и да се избегнуваат непродуктивни и демотивирачки состаноци. Недостатокот од финансиски ресурси на локално ниво успешно се решава со мобилизирање на интерни локални ресурси или со креирање на системи на локална валута, кои се објаснети на почетокот од вториот дел на трудот;
4) Една група на поединци можат да постигнат ограничени обем на работа заради достигнување на својот потенцијал и максимум. Тоа не треба да

[274] Узунов, д-р Ванчо, Конкурентност и локален економски развој, Институт за деловно право и економика, Правен факултет „Јустинијан Први“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, стр. 21.

биде почеток на криза, туку поттик за учење, активно барање на други заинтересирани субјекти со различни квалификации и креативност кои се ставаат во мрежа на проток на знаење и информации.

Во претходно наведениот контекст, постојат два начина на управување со факторите кои го попречуваат процесот на кохезивен локален економски развој - директен и индиректен. Индиректниот пристап се базира врз селекција на истомисленици од локалната средина и вклучува водење на селективен и теснонасочен процес кој претпоставува активности со брзи резултати и постепено придвижување кон постратешки интервенции кои бараат поширока поддршка и инклузија на сè повеќе заинтересирани страни од локалната заедница. Директниот пристап ги третира менталните матрици и меѓусебните односи на заинтересираните страни на експлицитен начин. Тој се обидува да иницира процес на учење. Притоа, важно е да се направи разлика помеѓу традиционалниот тип на учење во вид на класична обука и современиот, кој има облик на флуктуирачки модел на текови на информации и знаења на помалку формална основа. Методите кои ги користи директниот пристап за менување на ставовите на локалните заинтересирани страни се различни: 1) изработка на анализа на локалната економија спроведена од самите локални групи под водство на екстерни олеснувачи, со што се стекнува чувството на сопственост на ЛЕР-процесот; 2) директна комуникација помеѓу спротивставените заинтересирани групи и замена на традиционалната конфронтација со иновативен неформален пристап; 3) мултидимензионален пристап на учење и проток на информации со користење на електронски и печатени медиуми, интернет, јавни семинари и слично.

Трите круцијални прашања на кои се бара одговор се следниве:

1) *Каде се наоѓаме и каде сакаме да стигнеме?* Секој регион/општина треба да има јасна претстава за својата тековна конкурентна позиција и за начинот на нејзиното функционирање, како и за своите латентни фактори на конкурентност. Доколку се разберат потенцијалните развојни можности и ограничувања на регионот или локалната заедница, лесно ќе може да се исцрта развојната патека кон посакуваната крајна цел;

2) *Како ќе стигнеме до таму?* Секој регион/општина треба да направи приоритизација на сопствените развојни ресурси;
3) *Како ќе се менаџира патеката на локалниот економски развој?* Потребно е да се развие процес на економско управување во согласност со карактерот на општествениот капитал на регионот/општината.

Од аспект на одржување на нивото на системска конкурентност, локалниот и регионалниот економски развој можат да се разберат единствено како динамични категории кои континуирано се движат во склад со современите технолошки тенденции. Економската историја нè има научено дека ЛЕР базиран на компаративни предности произлезени од ниски цени на инпутите е неодржлива опција која резултира со одлив на претходно влезените странски инвестиции или со меѓурегионална трка до дното. Во локалниот и регионалниот развој нема простор за статус кво, туку за динамични процеси кои идеално можат да продуцираат унапредена конкурентност на локалната економска територија/заедница, или пак надолна спирала на континуирано снижување на конкурентската способност.

## 4. Препораки за практична имплементација на локален економски развој

Самата суштина на ЛЕР се состои во поттикнување и базирање на специфики. Сепак, заедничка нишка на различните модели на ЛЕР е изразената оперативност на стратегиите, суптилен избор на субјекти и детално планирање на активностите. Добрите ЛЕР-практики можат да се искористат единствено како идеи и насоки на носителите на политики за адаптација кон спецификите на условите во кои делуваат. Од тој аспект, трудот дава генерални насоки за имлементација на политики на локален економски развој кои својата реализација мораат да ја комбинираат со специфичностите на локалитетите, потребите, иновативноста и креативноста на локалните инволвирани субјекти.
Локалните власти во Република Македонија применуваат ортодоксен модел на локален економски развој. Како што е објаснето во вториот дел од трудот, општините применуваат copy-paste модел на ЛЕР, кој се состои од продукција на

стратешки план[275] и соодветен акционен план за негова имплементација. Во Република Македонија, постојните географски и плански региони претставуваат најсоодветен опсег на територии за стратешко организирање на локалниот економски развој. Многу е важно да се потенцира дека економски оптималните граници на локално ниво најчесто се протегаат до дијаметарот/опсегот на локалните деловни релации. Локалните заедници во регионите како Пелагонија, Полог, Тиквеш, Овче Поле, Мариово, Струмичко Поле, Охридско-преспански регион итн. имаат одамна воспоставени врски кои се протегаат над чистиот економски интерес и вклучуваат и други облици на општествена кохезија, што е од круцијално значење за спроведување на ЛЕР и градење на идентитет на локалните заедници. Територијална организација на 80 единици на локална самоуправа во многу случаи се базира на политичка мотивација и не сите општини имаат реален економски капацитет за генерирање на сопствени приходи, што е и суштината на економската локализација. Имплементацијата на проекти, развојот на поврзаност на локалните субјекти и стекнувањето на нови знаења бараат време, често и повеќе од 10 години, што не е во склад со мандатот од четири години на кој се однесуваат локалните избори. За да бидат мотивирани за локална мобилизација на ресурсите со чувство на одговорност за идниот економски развој на локалната територија, членовите на локалната заедница мораат да почувствуваат припадност, идентитет и доверба кон локалните власти. Оттука, при разгледување на можностите за асиметрична или политипна децентрализација во која различните општини би добиле различни нивоа на надлежности во рамки на поголеми регионални единици врз основа на критериуми во однос на нивниот економски и фискален потенцијал и интерната географско-демографска и социјална кохезија, мора да се има предвид временскиот период во кој се имплементираат економски развојни стратегии, кој по правила на нештата треба да биде подолг од четири години и различен од мандатот на општинските локални власти.

Квалитетното спроведување на ЛЕР претпоставува идентификација или креирање на институција, развојна агенција која ќе ја преземе одговорноста за имплементација на стратегијата. Таа мора да поседува кредибилитет во

[275] Во најголемиот дел случаи не се применува партиципативен модел на стратешко планирање, туку ЛЕР-планот е акт на група поединци и експерти одредени од страна на градоначалникот, кој понатаму автоматски се одобрува од локалниот совет по партиска линија на носење одлуки без фокус на квалитетот на донесените одлуки.

локалната средина и да располага со доволно ресурси. Нареден чекор е изработка на објективна SWOT анализа, која покрај видливите ресурси ги опфаќа и спецификите на деловната култура, традиција и посебен локален менталитет. Предложените активности мораат да бидат во склад и да ја надополнуваат тековната економска развиеност на локалната територија, во согласност со локалните потреби и капацитети, без тенденција кон преголема амбициозност. Целите мораат да бидат јасни, мерливи и остварливи (SMART-специфични, мерливи, можни за реализција, реални и опипливи). *Од клучна важност за успех на процесот е надградувањето на капацитетите на инволвираните субјекти, нивно вмрежување и креирање на канали на непречен проток на информации.* На тој начин се надминува традиционалниот, ортодоксен развоен модел и се остава простор за развој на идеи, иновации и високоспецифични стратегии како составен дел на општата стратегија за локален економски развој (на пример супстратегија за иновативност, за туристичка промоција, територијален маркетинг и слично), а воедно се овозможува и континуиран надзор и прилагодување на имплементацијата на активностите во склад со изменетите фактори на опкружувањето.

За правилна имплементција на ЛЕР многу е важно да се посочат и аспектите кои многу често можат да се јават како „стапици" на патот до успешни резултати. Од тој аспект, потребно е да се избегнува преголема зависност од развојните програми и политики на централната власт, пренагласеното форсирање на модерните трендови и преценување на развојните можности (на пример, инсистирање на развој на високотехнолошки индустрии без пристап до соодветни ресурси, потенцијали и компетенции на локалната заедница).

За квалитетна имплементација на ЛЕР не е важна брзината на спроведување, туку знаењето, упорноста и валоризацијата на различноста. Тоа е основната квалитативна разлика на локализацијата наспроти глобализацијата. Локалните синергии, мрежи и поврзаности мораат да бидат многу цврсти за да успеат да им се спротивстават на силите на глобализација, а таквиот процес бара време и ресурси кои не секогаш се опипливи. Од суштинска важност се меѓусебната доверба, мотивација и чувство на идентитет и припадност. Само на тој начин ќе се неутрализира процесот на безмилосна алокација на ресурсите и профитот во рацете на мала група сопственици на корпорации (гробализација) и ќе се

пренасочи на локално ниво со постепено, но сигурно заживување на локалната економија (локализација) и реизградба на интерната кохезивност на заедниците и нивна поврзаност со глобалната економија (глокализација) до степен и ниво кои се во прилог на локалниот економски развој.

## 5. Добри практики и примери на локален економски развој

Практиката на локален економски развој е изразито богато поле со примери поради што овозможува бројни сознанија од кои лесно можат да се црпат искуства. Од тука, се поставува прашањето: *Кои аспекти од целокупниот збир на сознанија поврзани со имплеменацијата на ЛЕР можат да бидат пренесувани?* Одговорот на ова прашање упатува на потребата од аналитичност и разграничување на оние сегменти на ЛЕР кои можат да бидат пренесувани. Искуствата на земјите членки на OECD укажуваат на фактот дека аспектите на ЛЕР можат да се разграничат според нивната видливост (можност за откривање) и преносливост (можноста за директна применливост во други случаи). Оценките се рангирани на скала од 1 до 3 ( ниско - средно - високо). Овие разлики треба да се препознаат и почитуваат при напорите за применливост на искуствата со ЛЕР. (Табела 25).

**Табела 25 Видливост и преносливост на аспектите на ЛЕР**

| **Аспекти** | **Идеи**<br>**Филозофија**<br>**Принципи** | **Методи**<br>**Техники, Знаење**<br>**Оперативни правила** | **Мерки и програми**<br>**Институции**<br>**Начини на организирање**<br>**Актери, Проекти** |
|---|---|---|---|
| Степен на видливост | Низок | Среден | Висок |
| Степен на преносливост | Низок | Висок | Низок |

Извор: Узунов, д-р Ванчо, Конкурентност и локален економски развој, Институт за деловно право и економика, Правен факултет „Јустинијан Први“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, стр. 33.

Едниот крај на спектарот го сочинуваат базичните аспекти - идеите, филозофијата и принципите, кои се тешки за препознавање и за пренесување. Тие се специфичниот сегмент на секоја локална заедница. Лесно видливите и

препознатливи аспекти, како што се политиките, мерките, програмите, институциите, начините на организација, конкретните проекти и заинтересираните страни се исто така тешко преносливи. Причината за тоа лежи во фактот дека и тие се директна функција на спецификите на локалното опкружување и оттука, нивното директно и буквално копирање во други случаи е несоодветно. Тие можат да се пренесуваат само како сознанија и идеи за потребата и корисноста. Конечно, аспектите со средна видливост, како што се производните методи и техники, знаењето и деловната, оперативна практика се најлесно преносливи.

Искуствата на земјите членки на OECD содржани во разни извештаи, посочуваат дека во принцип постојат два начини за пренесување на искуствата од други средини. Едниот е т.н. фазно-плански модел, а другиот е модел на обиди и грешки. Фазно-планскиот модел на пренесување на искуствата започнува со истражување на природата на проблемите на една локална заедница/општина, што е следено со истражување на други општини кои имале исти или многу слични успешно надминати проблеми. Потоа следи детална анализа на резултатите од конкретниот пример и идентификација на најсоодветните аспекти и начинот за нивно спроведување, за на крај да се пристапи кон пренесување на тие сознанија во сопствената средина. Целиот процес вклучува многу аналитика и учење врз примери од други. За разлика од овој модел, моделот на обиди и грешки се базира на учење преку работење, истражување на соодветни случаи и нивна имплементација во ôд и прагматично фокусирање на елементите што во сопствената пракса носат успех, а напуштање на оние кои не се толку успешни. Поентата е дека сето ова се имплементира директно и во ôд. Контактите со успешните средини се многу почести и подиректни, заради што целокупниот процес е поактивен во смисла на обидот слични проекти да профункционираат во различни средини. Конечно, првиот модел е повеќе стратешки, технократски и менаџерски, а вториот е претприемнички. Во контекст на дилемата за тоа кој модел е подобар, не постои фиксен одговор, зашто во пракса размената на искуства е збир или микс на двата модела. Она што е најважно е да постои интеракција и процес на заемно учење преку работење со цел да се реализира целосниот потенцијал на размената на практични искуства. Иако размената на добри практики на локален економски

развој може да се одвива преку повеќе варијанти на механизми, блиските неформални и долготрајни односи помеѓу луѓето кои го разбираат процесот и луѓето кои ги разбираат условите на една локална заедница се од круцијално значење.

### *5.1. Добри практики од Jerez de la Frontera, Шпанија*

Jerez (лоциран во провинцијата Cadiz, во регионот Андалузија) е град со 190.000 жители во рамки на неразвиен регион со највисока стапка на невработеност во Шпанија. Од економски аспект, историски градот бил зависен од производство на вино, но континуирано бележел значаен пад на вработеноста во овој сектор (од 10.000 вработени во 1992, до 3.000 во 1998). Во последниве години, локалните економски политики се насочени кон економска диверзификација, привлекување на инвестиции во рамки на локалната заедница (во агроиндустрија и доставување на услуги), промоција на туризам и поддршка на креирање на нови компании. Сите неопходни мерки, вклучително и изработка на интегрирана стратегија се искористени. Партнерствата кои се креирани, успешно функционираат. Економската база е зајакната со формирање на Економски и социјален совет, заедничко јавно-приватно претпријатие за промоција, наречено Локален менаџмент на економскиот развој, како и Општински институт за промоција на развојот на градот. Jerez има најактивни локални власти во регионот Андалузија, кои постигнале позитивни резултати во областа на локалниот економски развој.

*Проект J1 : Награда за градски претпријатија*

Ова е невообичаена стимулативна мерка (која не може да се сретне во другите градови на Шпанија), со која локалната власт промовира претпријатија кои испорачуваат позитивни екстерналии за градското население. Наградата се доделува на продуктивни претпријатија од Jerez, кај кои барем 50% од вработените се членови на локалната заедница и кои инвестираат во развој на човечкиот капитал во склад со препораките на Стратешкиот план на градот. Предностите на наградата за фирмите се состојат од следното:

- даночно ослободување - до 50% редукција на данокот на добивка за првите две години и редукција до 50% на трошоците за издавање дозвола за отпочнување на нови иновативни активности;
- купување на земјиште - редукција до 25% од пазарната цена (без ДДВ);

- достапни кредитни линии за купување на индустриска земја;
- обуки: грантови до висина од 50% за обуки на вработените во Jerez Business School;
- претпријатијата кои добиле ваква награда можат да добијат до 30% попуст на трошоците за закуп на центарот за конференции на градот Jerez.

Целта на оваа награда е да придонесе кон креирање на стабилни работни места во мали и средни претпријатија и компании кои се здружуваат со други локални претпријатија, фирми кои се стремат кон истражување и развој, кои се релоцираат во градските бизнис-паркови и имплементираат социјално одговорни активности, особено во поглед на заштита на животната средина.

До четвртата година од воспоставувањето на оваа мерка, доделени се субвенции со вредност од околу три милиони евра, кои повратно генерирале над 90 милиони евра во инвестиции и 4.600 нови работни места. Главната цел на оваа шема, покрај квантитативните резултати е и поставувањето на најдобри примери во практиките на локалната економија, насоченост кон локално вработување, искористување на интерните локални капацитети и човечки капитал и градење на економија на заедниците.

*Извор:*http://ec.europa.eu/regional_policy/archive/innovation/innovating/pacts/pdf/leed_en.pdf.

### *5.2. Добри практики од Ballyhoura Country, Ireland*

Ballyhoura е рурална област со популација од околу 55.000 жители на територија од 1.440 квадратни километри во релативно непристапен дел од средниот запад на Ирска. Како и неколку други рурални заедници во Ирска, оваа област бележи сериозен економски пад - намалена земјоделска активност, рестриктивни приходи на фармерите, висока стапка на емиграција која резултира со намален број на работоспособно население, што пак резултира со затворање на добавувачи на услуги, како на пример поштенски услуги, школи, локални продавници. Ваквата состојба во голема мера е резултат на Реформата на заедничката земјоделска политика на Европската Унија (EU Common Agricultural Policy - CAP). Областа експериментираше со мерки за диверзификација на фармерството и промоција на алтернативни активности како развој на рурален туризам и мали производствени капацитети со цел отворање на нови работни места.

И покрај овие проблеми и предизвици, локалната развојна агенција Ballyhoura Country Local Development, во партнерство со локалната власт на оваа рурална

област, имплементираше бројни програмски активности и го изгради најуспешното искуство на ЛЕР во Ирска. Нејзините успеси вклучуваат: 1) стимулација на 60 позначајни самофинансирани активности за периодот 1995-1998 година како резултат на стимулативните ефекти на агенцијата; 2) креирање на 113 работни места од претприемачи кои поминале низ локални програми за обука и 27 работни места од претприемачи со пристап до локални грантови за вработување во периодот 1996-1997 година; 3) креирање на 23 нови бизниси во периодот 1996-1997 со 81 работно место; 4) стимулирање на проактивна ЛЕР-стратегија на начин кој вклучува дисперзирана рурална популација.

Како потенцијален модел кој би можел да се трансферира и на други територии, нуди многу голема понуда од аспект на иновации и добри практики во процесите на градење партнерства и партиципативност. Постои изразено чувство на локална припадност и идентитет, развиени мултидимензионални, мултисекторски, одржливи и пазарно ориентирани стратегии со внимателно таргетирани ресурси насочени кон подобрување на квалитетот на живот на најранливите членови на локалната заедница.

*Проект В3: SEED (Small Enterprise Entrepreneurship Development) Programme*

Програмата е наменета за сопственици и менаџери на нови локални бизниси. Целта е да се зголеми веројатноста за преживување на бизнисите преку обезбедување на обука за маркетинг и менаџмент вештини. Програмата содржи четири фази: 1) селекција на индивидуи со потенцијал за развој на овие вештини преку фокусирани интервјуа; 2) обуки, семинари и работни сесии со професионалци и бизнисмени; 3) ревизија на тековните бизнис-планови со цел да се провери нивната остварливост во согласност со капацитетите на учесниците; 4) имплементација и корективни акции, менторирање на имплементација на бизнис-плановите со давање на практични совети при појавување на проблеми.

Организаторите на оваа програма оцениле дека процентот на вработени кај учесниците во програмата двојно се зголемил од почетокот на програмата. Партнерите кои биле инволвирани во дизајнирање и испорачување на оваа развојна програма се County Enterprise Boards, Shannon Development и Ballyhoura Enterprise Support Team. Овој тип на ЛЕР-иницијатива е широко применлив и трансферабилен, секако со претходно прилагодување на програмата кон локалните специфики.

*Извор:* http://ec.europa.eu/regional_policy/archive/innovation/innovating/pacts/pdf/leed_en.pdf.

*Контакт-детали за програмите на наведените добри практики:*

| 1. SPAIN - JEREZ | 2. IRELAND - BALLYHOURA |
|---|---|
| Ayuntamiento de Jerez<br>Promocion y Desarrollo de la Ciudad<br>Avda.Alcalde Alvaro Domecq No.5,7,9<br>11407 JEREZ<br>Spain<br>Tel: 34 956 31 96 62<br>Fax. 34 956 31 96 64<br>Miguel Ballesteros Marra-Lopez, Subdirector de Formacion y Empleo | Ballyhoura Development Limited<br>Kilfinane,<br>County Limerick,<br>Ireland<br>Tel: 353 63 91 300<br>Fax: 353 63 91 330<br>E-mail: localdev@ballyhoura.org<br>Carmel Fox, Manager |

## *Добра практика од Бристол, Вирџинија, САД*




Извор: http://www.intelligentcommunity.org/index.php?src=news&refno=301&category=Community.

# III Економија заснована на знаење (Knowledge Based Economy)

## 1. Дефинирање на концептот

Знаењето, како интегрален сегмент на т.н. „човечки капитал“ и технологијата отсекогаш биле движечка сила на економскиот развој, но дури во последните неколку децении неговата важност е признаена како растечки круцијален развоен фактор. Економијата заснована на знаење (KBE) се однесува на економија која апплицира информациски ресурси, технологија, специфични вештини и процеси за постигнување и забрзување на економскиот развој.[276] Идејата дека знаењето игра клучна улога во развојот на економијата не е нова. Adam Smith своевремено се реферирал на „нов тип на специјалисти кои имаат важен придонес во креирање на економски корисно знаење“. Friedrich List ги потенцирал „институциите кои придонесуваат за развој на продуктивни сили преку креација и дистрибуција на знаење“. Идејата на Schumpeter за иновацијата како значајна сила на економската динамика била следена од ученици како Galbraith, Goodwin и Hirschman. Поимот KBE се поврзува и со работата на менаџмент теоретичарот Peter Drucker (1959) и социологот Daniel Bell (1973), меѓутоа терминот „Knowledge Economy“, и неговиот синоним „Knowledge Based Economy“ не беа актуелни сè до раните 90-ти на минатиот век. Од тогаш, развојот на KBE се претвори во водечки принцип на политиките на економски развој во развиените земји и покрај нецелосната дефинираност и обид за оспорување како развоен цонцепт.

Терминот „економија заснована на знаење“ резултира од целосно признавање на улогата на знаењето и технологијата во економскиот раст и развој. Земјите на OECD, на пример, на почетокот од новиот милениум до денес се сè повеќе зависни од производство, дистрибуција и користење на знаење во контекст на економските процеси. Во првите два дела од трудот видовме дека економскиот аутпут и вработувањето во напредните технолошки сектори во земјите од глобалниот центар се зголемува со најголема стапка до сега. Во последната

[276] Asian Development Bank, Innovative Asia:Advancing the Knwledge-Based Economy, The Next Policy Agenda, стр. 3. http://adb.org/sites/default/files/pub/2014/innovative-asia-knowledge-based-economy.pdf.

декада, уделот на високата технологија во индустриското производство на OECD е дуплирано и е проценето дека во најголемиот дел од овие високоразвиени земји, повеќе од 50% од БДП е knowledge based. [277]

Дефиницијата на КВЕ го комбинира пристапот на Светска банка и OECD: „економија заснована на знаење е оној тип на економија која се базира на економски поттик и институционален режим кој стимулира стекнување, креирање, дисеминација и употреба на знаење и проток на информации за зголемување на растот и благосостојбата, како и на ефективни системи на образование и развој на вештини, информациони и комуникациони технологии (ICT), истражување и развој и иновации“. Според Ian Brinkley, поранешен директор на Knowledge Economy Programme на Work Foundation, идејата за КВЕ може да се операционализира преку: 1) дефинирање на индустриите засновани на знаење (на пример, високо технолошко производство или услуги базирани на знаење); 2) работна сила заснована на знаење (на пример, оние со специфични дипломи во најсовремените професионални кодови); 3) извори кои нудат знаење, односно knowledge assets (истражување и развој); и 4) услуги базирани на знаење (пример, вредност/волумен на трговија во индустрии базирани на знаење).

Ова се тесни пристапи во дефинирање на КВЕ. Алтернативно, КВЕ може да се дефинира и како концепт кој инкорпорира комплексни процеси на социо-економско преструктурирање карактеризирано со растечка важност на процесирање на информации и креирање на знаење низ целиот тек на економските активности. Ваквиот концепт инволвира економски раст базиран на инвестиции во наука, технологија, инженерство и математика (Science, Technology, Engineering and Mathematics - STEM), зголемен број на добро едуцирани работници и потрошувачи и развој на комплетно нови high tech сектори и индустрии. Овие трендови водат кон ревизија на економските теории и модели, поради фактот дека анализите секогаш ја отсликуваат реалноста. Економистите продолжуваат во потрага по основите и факторите на растот, меѓутоа традиционалните производствени фактори кои се базираат на труд, капитал, материјали и енергија, и пристап во кој знаењето и технологијата се надворешни фактори кои влијаат на производствениот аутпут се заменуваат со нов концепт и аналитички пристап според кој знаењето е директен фактор на продуктивноста.

[277] Organization for Economic Cooperation and Development, The Knowledge-Based Economy, Paris, 1996, стр. 9.

Инвестициите во знаење можат да го зголемат продуктивниот капацитет на другите фактори на производство и да ги трансформираат во нови производи и процеси. Со цел да се мери и мониторира напредокот на КВЕ, Светска банка разви индекс на економија на знаење (Knowledge Economy Index - KEI) користејќи рамка која се базира на четири столба: 1) економска иницијатива, поттик и институционален режим кој овозможува ефикасна употреба на ново и постоечко знаење и развој на претприемништво; 2) образована популација спремна да креира, споделува и користи текови на знаење; 3) ефикасен систем на компании спремни за апсорпција на иновации и технологија, истражувачки центри, универзитети, консултанти и други организации спремни да дадат свој удел во глобалниот агрегат на знаење, да го асимилираат истиот и да го употребат за локални цели; 4) информациона и комуникациона технолошка инфрастуктура за фасилитирање на ефективна креација, дисеминација и процесирање на информации. Според податоците на Светска банка за 2012 година, земји со највисок KEI се скандинавските земји (со Шведска на прво место од табелата), Европска Унија, САД, Швајцарија, Австралија и Нов Зеланд.[278]

## 2. Идентификација на компонентите на поимот „знаење"

Со сè поголемото додавање на капитал во економијата при дадено ниво на технолошки развој, маргиналниот приход се намалува, ефект кој може да се неутрализира единствено со инфлукс на нова технологија. Технолошките промени ја зголемуваат релативната маргинална продуктивност на капиталот преку едукација и обуки на работната сила, инвестиции во истражување и развој и креирање на нови менаџмент структури и организација на работа. Анализата на долгорочниот економски раст покажува дека во 20 век човечкиот капитал е фактор на производство кој расте со најголем интензитет, а инвестициите во знаење и вештини се следени со растечки профитни стапки.

Инкорпорирањето на знаење во стандардните економски производствени функции не е лесна задача, зашто овој фактор им пркоси на некои фундаментални економски принципи, како на пример тој на оскудноста.

278 http://siteresources.worldbank.org/INTUNIKAM/Resources/2012.pdf.

Знаењето и информациите постојат во изобилство, но она што е оскудно е капацитетот и можноста да бидат употребени на вистински начин. Дополнително, знаењето не може лесно да се трансферира во рамки на стандардни економски трансакции. Трговијата со знаење исто така е отежната поради факторот на асиметричност помеѓу понудата и побарувачката. Некои типови знаење лесно можат да се репродуцираат и трансферираат со ниски трошоци кон широк спектар на корисници, додека пак други не можат да се трансферираат без воспоставување на сложени линкови и мрежи кои имплицираат инвестиција на капитални ресурси и потреба од кодификација и трансформација на знаењето во употребливи информации.

Со цел да се симплифицира анализата и разбирањето на концептот КВЕ, се прави дистинкција помеѓу различните видови на знаење: know-what, know-why, know-how и know-who.[279] Знаењето е многу поширок концепт од информациите и генерално се однесува на компонентите know-what и know-why. Овде постојат компоненти кои се приближуваат кон можноста да се претворат во стоки за продажба или пак економски ресурси кои се инкорпорираат во производствените функции. Другите видови на знаење, особено know-how и know-who се однесуваат на „тацитно знаење“ и се тешки за кодифицирање и мерење.

Know-what се однесува на знаење кое означува факти. На пример, колку луѓе живеат во Њујорк? Овде, знаењето се поистоветува со информација која може да се расчлени на битови. Во некои комплексни области, експертите мора да поседуваат многу од ваквиот тип на знаење за да можат да ги извршат своите работни обврски. Практичарите на право и медицина спаѓаат во оваа група.

Know-why се однесува на научното знаење за принципите на законитостите. Овој тип на знаење е во основата на технолошкиот развој и унапредувањето на производите и процесите кај најголемиот број индустриски гранки. Производството и репроизводството на know-why се организира во специјализирани институции (истражувачки лаборатории и универзитети). За пристап до ваков тип на знаење, компаниите мораат да стапат во деловна интеракција со истражувачките институции преку ангажирање на научно обучена и квалификувана работна сила или пак преку директни контакти и имплементирање на заеднички активности.

[279] Organization for Economic Cooperation and Development, The Knowledge Based Economy, Paris, 1996, op.cit.,стр.12.

Know-how се однесува на вештините и на способностите да се изврши одредена работна задача. Бизнисмените кои даваат проценка на пазарните проспекти за одреден нов производ или пак менаџерот на човечки ресурси кој селектира и обучува персонал мораат да го употребат својот know-how. Истото се однесува и на вештиот работник кој оперира со специфични машински алатки. Know-how е типичен вид на знаење кое се развива и чува во рамки на границите на индивидуалната компанија. Една од најзначајните причини за формирање на индустриските мрежи и кластери е потребата за компаниите да споделуваат и комбинираат елементи на know-how.

Од овие причини, растечка е важноста на know-who. Know-who инволвира информации за тоа кој го поседува знаењето и кој знае како да ја изврши работата (who knows what и who knows how). Овој сегмент инволвира формација на специјални социјални врски и односи кои овозможуваат пристап до екперти и можности за ефикасно користење на нивното знаење. Особено е значајно за економии каде вештините се дисперзирани од територијален аспект. Know-who типот на знаење е од интерен карактер за институцијата или компанијата во многу поголема мера од сите други компоненти на знаењето.

Употребата на сите четири видови на знаење повлекува различни видови на канали за поврзување. Додека know-what и know-why можат да се стекнат преку пристап до библиотеки, предавања и дата-бази, другите два вида на знаење имплицираат практично искуство проследено со учење од други, социјална вмреженост и учество во специјализирани образовни средини. Know-who е социјално втемелено знаење кое не може лесно да се трансферира преку формални канали на комуникација.

Развојот на информационата технологија може да се разгледува како одговор на потребата за користење на know-what и know-why компонентите на многу поефикасен начин. Од друга страна, постоењето на информационата технологија и комуникационата инфраструктура дава силен импетус на процесот на кодификација на одреден тип на знаење. Секое знаење кое може да се кодифицира и редуцира на ниво на информација може да се пренесува на големи далечини со многу малку трошоци. Токму зголемениот интензитет на кодификација на некои елементи на знаењето доведе до современата тековна ера наречена „ера на информации“ - општество во кое мнозинството од работната

сила продуцира, ракува и дистрибуира информации или кодифицирано знаење. Дигиталната революција го интензивира напредокот кон кодификација на знаење и го промени уделот на кодифицирано наспроти тацитно знаење, во рамки на вкупниот агрегат на знаење. Електронските мрежи поврзуваат и интегрираат широк спектар на извори на информации од јавен и приватен карактер (научни списанија, книги, библиотеки, слики, видеоклипови, носачи на звук, електронска пошта итн.). Овие извори на информации, поврзани преку различни мрежи на комуникација, претставуваат компоненти на универзална дигитална библиотека, а поради ефектите на кодификација, знаењето сѐ повеќе добива квалитет на стока за продажба. Ваквите развојни тенденции ветуваат забрзување на стапката на раст на достапното знаење со позитивни импликации за економски раст. Сепак, додека информационата технологија го забрзува процесот на кодификација на знаење и стимулира раст на економијата базирана на знаење, таа креира и процес со различни негативни импликации врз работната сила и земјите од периферијата на глобалната економија кои детално беа објаснети во претходните поглавја од трудот.

Овде е значајно да се потенцира дека, додека од една страна информационата технологија ги поместува границите помеѓу тацитното и кодифицираното знаење, од друга страна ја зголемува неопходноста од здобивање со различни видови на вештини и видови на знаење. Во ерата на информациско општество, сѐ поголем сегмент на работна сила е ангажирана во трансакции со информации наспроти останатите „опипливи“ фактори на производство. Компјутерската писменост и пристап до мрежни системи се многу поважни од писменоста во традиционална смисла. Сепак, иако економијата заснована на знаење е под влијание на растечката употреба на информационата технологија, таа не е синоним со информационо општество. КВЕ се карактеризира со потребата од продукција и континуирано учење на кодифицирано знаење и на компетенциите за негова употреба во работните процеси. Способностите за селектирање на релевантно од нерелевантно знаење и информации, препознавање на модели на интерпретација и декодирање на информации и учењето на нови вештини се во континуиран пораст. Без инвестиции во развој на вештини за управување, како со тацитно, така и со кодифицирано знаење, информационите ограничувања можат да бидат значаен фактор за намалување на економската ефикасност. Од

тој аспект, образованието е центар на КВЕ и инструмент за индивидуален и општествен развој. Финално, битно е да се направи дистинкција помеѓу стекнувањето на формално образование и процесот на учење за апликација на знаењето во работните процеси. Во КВЕ најзначаен сегмент е „учењето преку работа“ или „learning-by-doing“, а компаниите се организираат во мрежи каде што интерактивното учење инволвира производители и потрошувачи во процеси на размена на информации како движечка сила на иновативноста.

### 3. Мрежи на размена на знаење

КВЕ се заснова на дифузија и употреба на информации и знаење на исто ниво како и на процесите на нивна креација. Детерминантите на економскиот подем на компаниите и националните економии сè повеќе се сведуваат на нивната ефективност во собирање и употреба на знаење во економските процеси. Стратешките know-how компетенции се развиваат интерактивно и се споделуваат помеѓу подгрупите и мрежите во кои значајна улога има know-who. Економијата претставува хиерархија од мрежи водени од зголемување на стапката на промена и учење. Она што резултира на крај е мрежно општество, во кое можноста и капацитетот за вмрежување и партиципација во процесите на учење ја одредува социо-економската позиција на индивидуално или корпоративно ниво.
Мрежниот пристап на КВЕ го напушта традиционалниот линеарен модел кој имплицира дека иновацијата е процес на откривање кој следи линеарни секвенци и фази. Според ова гледиште, иновацијата започнува со нови научни истражувања, следи прогрес преку секвенци на развој на производ, негово производство, маркетинг и завршува со фаза на реализација на пазарот. Новиот пристап ја признава идејата дека иновацијата може да произлезе од различни извори, вклучително и препознавање на потребите на специфичен пазарен сегмент. Таа може да прими многу форми (постепени подобрувања на перформансите на постоечки производ, апликација на технологија на нови пазари итн.), а процесите не се комплетно линеарни. Иновацијата повлекува зголемен интензитет на комуникација помеѓу различни субјекти (компании, лаборатории, академски институции и потрошувачи) како и фидбек помеѓу науката, инженерингот, развојот на производи, производството и маркетингот.

Во економија базирана на знаење, компаниите пројавуваат тенденција кон промовирање на меѓусебно интерактивно учење и креирање на комплементарни синергии во кои тие ги споделуваат трошоците и ризиците инхерентни на иновативните процеси. Како што се развиваат новите производи и процеси, компаниите детерминираат кои активности ќе ги преземат индивидуално, а за кои ќе соработуваат со истражувачки центри, универзитети, владини институции од централно или локално ниво или пак со други компании од приватниот сектор. Следствено, иновациите се резултат на бројни интеракции кои произлегуваат од синергии на посебен иновативен систем. Ваквите иновативни системи имаат тенденција кон експанзија надвор од националните граници и стануваат глобални, инкорпорирајќи бројни локално-глобални синергии. Интеракциите во ваквите системи се детерминанти на иновативните перформанси и продуктивноста на компаниите и економиите кои тие ги застапуваат. Од клучно значење е моќта за дистрибуција на знаење на системот, односно неговата способност да гарантира навремен пристап до релевантното знаење.

Политиките на централните и локалните власти мораат да бидат насочени кон промовирање на КВЕ-концептот. Тие мораат да го признаат фактот дека компаниите, фирмите, претприемачите се клучен фактор на современиот економски развој и соодветно на тоа, да ги поддржат националните иновативни системи преку обезбедување на соодветна инфраструктура (физичка, законска, финансиска). Главен акцент би се ставил на следниве приоритети: 1) зајакнување на процесите на дифузија на знаење преку креирање на рамка за соработка на релација универзитети-индустрија-власти; 2) унапредување на човечкиот капитал преку проширен пристап до знаење и вештини, а особено преку зајакнување на капацитетите за нивно стекнување и учење и усогласување на понудата и побарувачката на пазарот на работна сила; 3) конвертирање на технолошките промени во зголемена продуктивност, преку промовирање на флексибилност на работните аранжмани, networking, диверзификација на вештините на работната сила и децентрализација.[280]

[280] Organization for Economic Cooperation and Development, The Knowledge –Based Economy, Paris, 1996, op.cit.,стр.19.

## 4. **Практични примери на Knowledge Based Economy**

*Патот на азиските земји кон KBE*

Важноста на развиените економии од Азија и Пацификот континуирано расте од аспект на нивниот удел во глобалниот БДП, кој од 21% во 1980, пораснал на 38% во 2012 година. Исто така и уделот во глобалниот БДП на земјите во развој од Азија порасна од 8% на 26% за истиот период и се очекува да достигне високи 30% до 2017 (IMF 2012). Извештајот *Азија 2050* на Азиската банка за развој предвидува дека ако Азија продолжи со тековниот растечки тренд, до 2050 година би достигнала 52% учество во глобалниот БДП мерено според паритетот на куповна моќ (АБР 2011). Сепак, овој извештај нагласува дека ваквиот подем на азиската економија и т.н. „Asian Century" е возможен единствено ако регионот покаже способност и капацитет да ја трансферира својата економија во KBE. Извештајот аргументира дека за земјите во подем е неопходно да транзитираат кон knowledge based со цел да го одржат својот раст и развој, во исто време припремајќи се за ефикасно соочување со предизвиците на мрежната глобална економија.
Како резултат на рапидниот раст, Азија има најголема и растечка средна класа. Азиската банка за развој проценува дека помеѓу 1990 и 2008 година, популацијата од средна класа од азиските развојни економии се зголемила од 565 милиони, на 1,9 милијарди, а според извештајот на OECD, уделот на Азија во глобалниот агрегат на средна класа (домаќинства кои живеат со дневен приход по глава жител од 10$ до 100$) е една четвртина со тенденција да стане половина до 2020 година. Во наредната декада се очекува Азија да прерасне во најбрзо-растечки потрошувачки пазар насочен кон стоки и услуги кои инкорпорираат висока продуктивност и се knowledge intensive. Ваквите трендови повлекуваат продукција на знаење како фактор на продуктивноста и унапредување на економијата заснована на знаење.

*Случајот на Сингапур*

Економијата на Сингапур успешно се трансформира од entrepôt во успешна KBE. Патот на развојниот процес беше проследен со серија од економски трансформации, секој од нив долг скоро една декада: 1) трудово-интензивен раст во ’60-те, 2) раст заснован на вештини во ’70-те, 3) раст заснован на капитал во ’80-те, 4) технолошко-интензивен раст во ’90-те и 5) раст преку економија заснована на знаење и иновации од почетокот на 21 век. Голем почетен импетус на економскиот развој му дадоа странските директни инвестиции во 90-те, но подоцна се појави организиран напор кој ја рефокусира економијата кон технолошки развој со крајна цел-трансформација кон KBE. СДИ во голема мера помогнаа за пристап на економијата на Сингапур кон високата технологија и глобална трговија, за подоцна да се пренасочи кон зајакнување на домашните способности за истражување и развој (R&D). Бордот за економски развој ги

координираше инвестициите во R&D, технолошка едукација и промоција на high tech индустрии за зајакнување на технолошката платформа на земјата. Постоеше активна промоција на ИКТ и нивна апликација во јавниот, приватниот сектор и во општеството во целина. Партнерствата со светските водечки образовни институции ја зголемија веројатноста за достапност на талентирана работна сила како основа за етаблирање на КВЕ. Се постави тренд на инвестиции и таргетирана надградба на силните страни на економијата во областа на трговските услуги. Конкурентноста во овој домен се зајакна и ИКТ-инвестициите во трговија и логистика ја лансираа земјата на врвот според Индексот на логистички перформанси на Светска банка за 2012 година.

Во периодот 1991-1995 година се воспостави Националниот технолошки план за засилување на инвестициите во R&D. Во текот на 2000-та, индустриските кластери се диверзифицираа во насока на инклузија на биомедицинската наука. Следствено, аутпутот и додадената вредност во индустријата се зголеми тројно во последните две декади. Деведесеттите години забележаа и раст на услужниот сектор преку основањето на Оддел за промоција на услугите во рамки на Бордот за економски развој. Наскоро, Сингапур се разви во центар на секторот на услуги, а денес е водечки бизнис и финансиски центар на Азија и се рангира помеѓу топ глобалните финансиски центри.

Сингапур постепено и сигурно креира соодветна образовна инфраструктура насочена кон унапредување на науката и технологијата и креирање на локални таленти. Во 1991 година го основа Националниот борд за наука и технологија. Бројот на истражувачки научници и инженери се зголеми од 28,2 на 10.000 работници во 1990-та година, на 87,9 на 10.000 работници во 2001-ва. Во 2000-та се формираа Советот за биомедицински истражувања и Советот за наука и инженерско истражување. Во 2002-ра, Националниот борд за наука и технологија се преименува во Агенција за наука, технологија и истражување (A*STAR) и го зголеми персоналот вработен во секторите за обуки и истражувања со цел ефективна транзиција кон КВЕ. Во 2003-та се формира 500 милиони долари вредниот Biopolis со цел да обезбеди врвен квалитет на биомедицински истражувања на глобално ниво, а во 2008-ма, Fusionopolis, истражувачки центар за наука и инженерство.

*Извор: Asian Development Bank, Innovative Asia:Advancing the Knwledge-Based Economy, The Next Policy Agenda, стр. 2,13.* http://adb.org/sites/default/files/pub/2014/innovative-asia-knowledge-based-economy.pdf.

*Патот на Финска кон КВЕ*

Во доцните 50-ти години на минатиот век Финска сè уште беше земјоделска економија. До 80-тите, како резултат на микроелектронската револуција која се вкорени во економијата на оваа

земја, се почувствуваа бенефитите на силните технолошки способности како промотори на раст и развој. Од 90-тите наваму, Финска се афирмира како економија базирана првенствено на знаење и иновации.

Клучна карактеристика на финскиот пристап кон развој на КВЕ е систематското формулирање и доследна имплементација на политиките на образование, истражување и развој и промовирање на иновации (World Bank 2014). Владата на Финска презема активна улога во промоција и развој на дигиталната и мобилната комуникациона технологија, а инвестициите на централниот буџет беа круцијални за креирање на интерна национална технолошка платформа. Средствата од централната власт беа инвестирани во партнерство со јавните агенции, приватни компании и универзитети и канализирани во насока на поддршка на истражувачки активности наменети за економски развој. Дополнително, централната власт имаше значајна улога во проширување на универзитетските програми во областа на електроника и информациона технологија, како и во насочување на технолошки интензивната владина побарувачка кон домашните компании. Макроекономските политики беа креирани во полза на технолошкиот развој. Целта на Советот за наука и технолошка политика, Science and Technology Policy Council (STPC), беше насочена кон етаблирање на национален иновациски систем. Дури и во текот на рецесијата во '90-тите, јавните инвестиции беа таргетирани кон ИКТ-секторот, како резултат на што мобилната комуникациона технологија продолжи да расте. Овој тренд опстојуваше и во услови на строги политики на рестрикција и штедење. Ваквите свесни напори и одлуки се покажаа како инструментални во промовирање на растот на ИКТ-секторот.

Најзаслужна област од јавните политики на Финска кои ја лансираа земјата од сиромашно земјоделска во ефективна транзиција кон водечка КВЕ е политиката на развој на образовниот сектор и градењето на човечки капитал како основа на економијата заснована на знаење (Kokkinen 2012). Како резултат на ваквите конзистентни напори, успехот во областа на образованието доведе до релативно висока стапка на вработеност помеѓу високообразованото население. Во 2010 година, 69% од популацијата помеѓу 15 и 64 години била вработена и скоро 84% од лицата со терцијарно образование (World Bank 2014).

Клучни институции од Финска кои помогнале во транзицијата кон КВЕ се Финскиот фонд за иновации формиран во 1967 година како дел од Банка на Финска, кој делува како независна јавна фондација под директна супервизија на Парламентот на Финска, Tekes, Агенцијата за финансирање на технологија и иновации, стратешките центри за наука, технологија и иновации (SHOKs) кои оперираат како јавно-приватни партнерства за забрзување на иновативни процеси и спојување на академски и приватни истражувања, како и програмите Innovative Cities (INKA) кои имаат за цел да креираат меѓународно атрактивни локални иновациски центри и да ја интензивираат соработката помеѓу јавниот и приватниот сектор.

*Извор: Asian Development Bank, Innovative Asia:Advancing the Knwledge-Based Economy, The Next Policy Agenda, стр.15.* http://adb.org/sites/default/files/pub/2014/innovative-asia-knowledge-based-economy.pdf.

Клучните лекции кои можат да се научат од искуството на напредните економии кои успеале во сопствената ориентација кон индустриите засновани на знаење се следниве:

1. *Имплементација на координирана стратегија* која ги вклучува сите столбови на KEI и тоа со фокус кон итност и ургентост на имплементацијата. Напредните економии со висок KEI (кои ги вклучуваат Финска, Јапонија, Кореја и САД) го постигнале својот успех преку координирани напори на политиките и градење на соодветни економски и институционални структури кои овозможуваат мобилизирање на инвестициите од динамичниот приватен сектор;

2. *Систематско и континуирано инвестирање во КВЕ*. Ова е клучниот момент кој недостасува кај најголемиот дел од економиите во развој - инвестициите во квалитетен агрегат на човечки капитал мора да бидат долгорочни и континуирани, проследени со соодветна надградба на образовниот систем која ги стимулира кадрите за преземање на претприемнички и иновативни предизвици;

3. *Клучна улога на владините политики во управување со КВЕ*. Ова е особено важно во раните фази на поставување на концептот. Инвестициите на јавниот сектор за стимулирање на побарувачката за технолошко-интензивни стоки и услуги се клучни за анимација на приватниот сектор со консеквентни инвестиции. Фокусот и вниманието на јавните политики мора да се насочи кон елиминирање на пречките за иновации, продукција и дифузија на знаење, пред сѐ бирократијата, неповолните регулативи и корупцијата. Дополнително, КВЕ процесите мораат да се стават во функција на инклузивен и одржлив развој и креирање на флексибилни модалитети на финансирање на економскиот развој базиран на знаење.

Човечкиот капитал и инфраструктурата за поддршка се критични елементи за развој на КВЕ. Терминот „креативна класа" е употребен од Richard Florida[281], автор на трудот „Растот на креативната класа" каде го објаснува оној сегмент од работната сила, чија креативност и иновации додаваат економска вредност. Во ова групација спаѓаат професионалци, техничари и работна сила воопшто која врши проток и апликација на знаење во редовните работни обврски, базирајќи се врз креативност, индивидуалност, диверзитет и заслуга. Креативноста е култивирана и мотивирана во рамки на соодветна организациона структура,

[281] Ричард Флорида е еден од водечките светски интелектуалци на темата економска конкурентност, демографски трендови и културни и технолошки иновации.

социјална атмосфера и охрабрувана од работодавците, соработниците и заедницата. [282]

## 5. Кластерингот како инструмент на Knowledge Based Economy

### *5.1. Индустриски кластеринг*

Како што е објаснето во првиот дел од трудот, кластерите се просторни концентрации на претпријатија, специјализирани компании, универзитети и институции за истражување и развој кои се меѓусебно комплементарни и поврзани со слична технологија и вештини, односи купувач-снабдувач и методи на пристап до пазарот и како такви развиваат специфични предности на агломерација кои тешко се копираат. Ваквата дефиниција е резултат на теоретските и практични истражувања на повеќе еминентни научници.

Според Rosenfeld[283], индустриски кластер е „географска концентрација на слични, поврзани и комплементарни дејности со активни канали на бизнис трансакции, комуникации и дијалог, кои делат специјализирана инфраструктура, пазар на труд и услуги и се соочуваат со заеднички можности и закани". Овде акцентот е ставен на улогата на социјалната интеракција и соработка помеѓу фирмите во одредување на динамичната природа на кластерот. Porter го дефинира поимот кластер како „географски блиска група на интерконектирани компании и поврзани институции од слична област на делување, поврзани со заедништво и комплементарност на активностите". Според Feser[284], кластерите не се само поврзани комплементарни индустрии и институции, туку „поврзани и комплементарни институции кои се многу поконкурентни поради квалитетот на нивната поврзаност".

Базичните фактори кои влијаат на индустрискиот кластеринг се многу слични на факторите кои стимулираат економии на урбани или локални агломерации. Концептот на кластеринг е популаризиран од Michael Porter (1990) во неговото дело „Конкурентска предност на нациите". Тој го продуцира моделот „дијамант

282 Florida, Richard, The Rise of Creative Class, 2002.

283 Rosenfeld, Stuart A., Creating Smart Systems: A guide to cluster strategies in less favoured regions, European Union-Regional Innovation Strategies, April 2002.

284 Feser, Edward J, Industry Clusters and Economic Development: A Learning Resource, University of Illinois,2004.

на предности“ со цел да ги објасни факторите на конкурентска предност и условите кои го фаворизираат развојот на кластери. Дијамант-моделот се состои од следниве елементи:

- *фактори на производство* - богатството на регионот со производствени фактори (човечки ресурси, знаење, физички ресурси, капитал, инфраструктура) го прават потенцијално поспособен за успех во дадена индустрија;
- *фактори на побарувачка* - природата на домашната побарувачка за дадена стока или услуга која врши пресија врз локалните фирми за побрзи иновации;
- *поврзани индустрии - мрежи на купувачи и продавачи* кои делуваат во близина и вршат активна размена на информации, колективно учење и иновации;
- *стратегија на фирмата, структура и ривалство* - условите во земјата кои го одредуваат начинот на кој компаниите се основани, организирани и управувани, како и карактеристиките на домашната конкуренција.

Портер објаснува дека конкуренцијата е движечка сила на кластерскиот развој. Како што расте конкурентската компанија, таа генерира побарувачка за другите поврзани индустрии. Конкуренцијата на компаниите ривали во кластерот поттикнува раст поради потребата од иновативност и креирање на нова технологија.

| |
|---|
| Една од најстарите форми на бизнис-агломерација со елементи на кластери се градските еснафи и индустриски области и региони. Тие ги капитализирале традиционалните активности на одреден град или регион и успеале да ги сочуваат релевантните знаења и вештини со векови: совршениот квалитет на челик од Солинген, финансиските услуги на Лондон и венецијанското стакло се добри примери. Често, нивните предности се поврзуваат со изобилството на природни ресурси на регионот, како што е случајот со француските винарии, полската индустрија на јаглен, австриските и словенечките скијачки центри итн. (*Извор: Национален атлас на кластери, Министерство за економија на Република Македонија, Скопје, 2013)* |

## 5.2. *Организација на индустриските кластери*

Не постои универзално прифатена организација на кластерите како форма на агломерација. Тие имаат изразено динамичен карактер и различен степен на специјализација. Иако првата асоцијација на поимот кластер е иновативност, високоиновативните и тесно специјализирани кластери кои таргетираат специфичен пазарен сегмент се многу ретки. Реално, најголем дел од кластерските агломерации се производствено ориентирани кон поширокиот пазар, креирајќи ги своите конкурентски предности преку мрежи на заеднички добавувачи, услуги, финансии, човечки капитал и слично.

Gordon и McCann[285] идентификуваат три идеални типови на кластери, сумирајќи ги различните теоретски аргументи за бенефитите кои произлегуваат од нив. Првиот тип е *чистиот агломеративен модел* во чии рамки компаниите ги користат позитивните екстерналии, како на пример зајакнати локални вештини, специјализирани услуги и локализирани пулови на знаење со можност за нивно прелевање надвор од системот. Овој модел не имплицира соработка над она што е индивидуален интерес на секоја посебна членка на кластерот. Спротивно, *моделот на индустриски комплекс* се базира на вертикална дезинтеграција и outsourcing, редуцирани трансакциони трошоци и квалитет на добавувачите како резултат на заедничкиот кластеринг. Моделот *социјална мрежа* се базира на идејата дека социјалните мрежи во рамки на кластерот ги надминуваат границите на фирмите и вградуваат доверба поради која компаниите преземаат заеднички активности и делуваат кон постигнување на заедничка цел.

Основна карактеристика на кластерингот и мрежното поврзување е забрзувањето на протокот на информации, знаењето и довербата во и помеѓу учесниците во мрежите/кластерите. Како резултат на тоа, нивните системи на соработка стануваат локално, регионално и во најдобар случај, глобално конкурентни поради зголемената ефикасност од делењето на фиксните трошоци, поефикасна работна сила и пристап до пазар, капитал, а особено технологија и тек на информаци.

---

[285] Gordon, Ian R., McCann, Philip, Industrial Clusters: Complexes, Agglomeration and/or Social Networks?,Article, Urban Studies, Sage Journals, March, 2000, http://usj.sagepub.com/content/37/3/513.abstract.

За креирање на успешен кластер, потребно е да бидат исполнети неколку фундаментални услови: 1) заедничка јасна мисија и перцепција за вредноста на агломерацијата; 2) квалитетно и агилно лидерство и управување со клучните актери во кластерот; 3) јасна поддршка од заинтересираните страни; и 4) високо ниво на доверба помеѓу членовите.




Пример за типичен кластер

Постојат теории кои се обидуваат да ги потенцираат различните аспекти на кластерите во пракса со цел да развијат соодветни пристапи на проблемот на следење на нивниот развој. Главна заедничка карактеристика за сите нив е дека имаат изградени динамични внатрешни врски и соработка на различни проекти, во исто време делувајќи како конкуренти во стремежот кон освојување на пазарот. Компаниите во рамки на ваквите системи се специјализираат во различни сегменти кои се меѓусебно зависни и се надополнуваат на начин што градењето на меѓусебна доверба е основа на деловниот успех. Ваквите интерни процеси на агломерацијата градат посебен вид на know-how кој претставува суштинска база на нивната конкурентска предност vís-a-vís останатите учесници на глобалната економска сцена, делувајќи како промотори на економскиот

развој на регионот на кој припаѓаат. Кластерите продуцираат видливи економски корисности, подеднакво, како за инволвираните бизниси, така и за заедницата во која делуваат. Процесите на пренос на знаење и информации интерно и интеракциите со клиентите се извор на нови идеи и повратна спрега кон дополнителни иновации поради лесните и неформални врски со центрите за истражување и развој и академскиот сектор. Од друга страна, финансискиот сектор е во многу поголема мера насочен кон соработка со кластерите во однос на компаниите надвор од мрежата на агломерација, а процентот на преживеани нови бизниси во рамки на кластерите е многу поголем од просечниот. Кластерите се многу ефективни инструменти за намалување на негативните ефекти од глобална рецесија. Ваквиот висок капацитет на кластерите за самоодржливост е во тесна врска со акумулираниот социјален капитал и тацитното знаење како основни интерни движечки сили. Поради своите бројни предности на синергија, кластерите се совршена средина за инкубација на нови бизниси.

Европската кластерска опсерваторија врши систематско следење и публикување на европските најдобри практики во областа на кластерингот. Кластерите се вбројуваат помеѓу деветте стратешки приоритети на ЕУ во областа на промоција на иновативност. На регионално, локално и национано ниво во ЕУ се поставени соодветни политики за поддршка на кластерите. Како резултат на овие политики, во Европската Унија има повеќе од 2.000 активни кластери.[286] ЕУ постојано ги зголемува очекувањата за поактивна прекугранична соработка на своите земји членки, а креаторите на економската политика на ЕУ сметаат дека иновативните и креативните капацитети на националните економии и компаниите од земјите на ЕУ заостануваат зад оние на САД. Дополнителен негативен момент е фактот дека земјите на ЕУ се толку мали, што дури и најголемите национални кластери имаат недостаток од критична маса за глобална конкурентност. Од тој аспект, тенденцијата е регионално кластерско поврзување, мобилност на квалификуваната работна сила и заеднички активности за истражување и развој. Ваквата политика во симбиоза со барањата за транснационална соработка како услов за апсорпција на ЕУ-фондовите ја обликува европската поддршка на бизнис-секторот во блиска иднина.

*Извор: Национален атлас на кластери, Министерство за економија на Република Македонија, Скопје, 2013.*

[286] European Cluster Memorandum 2008.

### 5.3. *Кластери засновани на знаење (Knowledge Based Clusters)*

Индустриите кои се засноваат на знаење и технологија имаат тенденција да се здружуваат во кластери. Концептот на кластери заснован на знаење (KBC) се разликува од индустрискиот кластер. Кластерот заснован на знаење (knowledge based cluster) е локален иновациски систем организиран околу универзитети, истражувачки институции и фирми кои продуцираат иновации и креираат нови индустрии.

Според дефиницијата на OECD, „индустрии засновани на знаење се оние индустрии кои се релативно интензивни од аспект на инпутот на технологија и човечки капитал“.[287] Такви индустрии се фармацевтската индустрија, медицината, биотехнологија, ИКТ, високотехнолошки интензивните услужни дејности (финансии, осигурување) и слични дејности кои инволвираат висок процент на утилизација на квалификувана работна сила со соодветни знаења, вештини и технологија. Hans-Dieter Evers, професор по развојно планирање (University of Bielefeld), ги опишува KBC како агломерации на организации кои се производствено ориентирани, апсорбирајќи инпути од универзитети и истражувачки центри, think-tanks, владини истражувачки агенции и фирми интензивни со знаење.

Битно е да се направи дистинкција помеѓу кластери на знаење (KBC) и центри на знаење (KH). Центрите на знаење (knowledge hubs) се локалитети со висок степен на внатрешна и надворешна вмреженост, иновациски системи и нодални центри на мрежи на продукција и дисеминација на знаење. Knowledge hubs (KH) се појдовна точка на заедниците и групите на интерес на знаење и остваруваат три значајни функции: генерираат знаење, трансферираат знаење кон точки на апликација и десиминираат знаење кон други групи преку образование и обука. Оттука, KH се сет на корисни процеси кои произлегуваат од интегрираноста во агломерација, односно кластери на знаење.

Концептот на кластери ги нагласува организациските аспекти на агломерациите, додека пак терминот „hub“ или центар се однесува на аспектот на пренос на знаење. Оттука, KBC се агломерации на производствено ориентирани организации кои користат знаење како влез и излез на економските активности.

[287] www.oecd.org/dataoecd/42/34/2087188.pdf.

Тие имаат организациска способност да креираат иновации и нови индустрии и претставуваат центри на епистемолошки локалитети како пошироки структури на производство и дисеминација на знаење. Епистемолошките локалитети настануваат во подолг временски период, како резултат на колективната акција на стратешки општествени групации. Во овој контекст, особено важна е улогата на централните власти во промовирање на иницијативи и изградба на соодветна инфраструктура за поддршка на општества и економии базирани на знаење.

**Табела 26 Кластер на знаење и слични концепти**

| Концепт | Кратка дефиниција | Квантификација (пример) |
|---|---|---|
| K-cluster (кластер на знаење) | Агломерација на институции каде знаењето е инпут и/или аутпут | Број на организации по локација |
| K-hub (центар на знаење) | Локален иновациски систем, центар на мрежи на продукција и дистрибуција на знаење | Број на работна сила со фокус врз знаење и нивен аутпут (патенти, софтвер, документи) |
| K-архитектура | Структури и институции за комуникација и текови на знаење | ИКТ-режим на управување, редовни состаноци и иницијативи за размена на знаење |
| Епистемолошки релјеф | Области со висок или низок интензитет на знаење | Регионални трошоци за R&D, локација на K-кластери и K-центри на знаење |

Извор: Chandan, Dev Singla, Knowledge-Based Cluster Development in India, Opportunities and Challenges, Massachusetts Institute of Technology, September, 2008, стр. 17.

### *5.4. Архитектура на знаење и процеси на учење*

Терминот архитектура типично се однесува на описот за тоа како еден систем е конструиран и какви се интерните релации на комуникација и соработка помеѓу неговите модули или компоненти.[288] IT-архитектурата е крвоток на кластерите засновани на знаење, овозможувајќи формални и неформали интеракции кои со

[288] Evers, Hans-Dieter, Knowledge hubs and knowledge clusters:Designing a knowledge architecture for development, Center for Development Research (ZEF), University of Bonn, 2008. Online at http://mpra.ub.uni-muenchen.de/8778/. MPRA Paper No. 8778, posted 16. May 2008 16:03 UTC.

текот на времето развиваат специфични комуникациони траектории. Секој КВС развива специфичен форма на архитектура специфична на потребите на интерните модули и компоненти која му овозможува специфична конкурентска предност. Таа има тацитен карактер и ја детерминира способноста на компонентите да се здобиваат со знаење, да го користат или да го трансферираат и е детерминанта на нивниот иновативен капацитет. Самото знаење за архитектурата на знаење во рамки на кластерот е фактор на компаративна предност на интерните компоненти и организации во однос на организациите од надвор. Знаењето за архитектурата на проток на знаење и информации се разликува од т.н. „component knowledge" кое се однесува на технологијата на специфичната индустриска дејност и е трансферабилно. Спротивно, „architectural knowledge" е неразделен дел на кластерот и тешко се копира. Овој тип на знаење означува многу повеќе од збирот на знаење на неговите составни делови. Тоа се разликува од личното знаење и го надминува истото. Во модерните општества засновани на знаење, кластерите се "поинтелигентни" од индивидуалците. Ниту еден индивидуалец сам не може да конструира авион, на пример. За оваа задача потребна е специфична интеракција базирана на знаење помеѓу компонентите на еден кластер за креирање на финална вредност.

Локациската блискост и интегрираност овозможува предност поради ефектот на учење и трансфер на работна сила и know-how. Maskell и Malmberg[289] идентификуваат три специфични механизми преку кои компаниите учат една од друга: 1) учење преку мониторинг; 2) учење преку интеракција; и 3) учење преку buzz.[290]

Учењето преку интеракција се случува кај вертикалната димензија на кластери, каде што фирмите се поврзани преку инпут и аутпут релации на размена на знаење, искуства и вештини за извршување на комплементарни активности.

---

[289] Malmberg, A., Maskell,P., Localised learning and industrial competitiveness, Cambridge Journal of Economics, Volume 23, Issue 2, 1999, http://cje.oxfordjournals.org/content/23/2/167.short?rss=1&ssource=mfc.

[290] James, Laura, Guile, David and Unwin, Lorna, From learning for the knowledge based economy to learning for growth: re-examining clusters, innovation and qualifications, Research Paper 29, Centre for Learning and Life Chances in Knowledge Economies and Societies (LLAKES), Institute of Education, University of London.

Успехот на овој процес зависи од софистицираноста на поделбата на трудот во која одделни компании се специјализираат и стануваат препознатливи по супериорноста во вршење на специфични активности во рамки на синџирот на вредности.

Учењето преку мониторинг се случува кај хоризонтално интегрираните компании кои се ангажирани во вршење на слични активности и поради тоа се меѓусебни конкуренти и ривали. Тие учат едни од други преку набљудување на начинот на кој се вршат активностите, компарација и обид за имитација на успешните сегменти. Од критички аспект, ваквите практики не се перереквизит за учење затоа што не прејудицираат директен контакт.

Интерните процеси на учење инволвираат т.н. *праг на когнитивност*, каде што основите на знаење на компаниите се доволно различни за да се случи процес на учење, како и *лимит на когнитивност*, над кој когнитивната разлика е премногу голема и не може да се случи процес на учење. Блискоста на компаниите е важна заради размената на знаење и информации која повлекува регуларни и директни контакти од формален и неформален карактер. Дополнително, географската близина овозможува користење на заеднички институционален контекст и сет на локални специфики кои би го фасилитирале процесот на учење.

Третиот процес на учење, buzz, е многу потежок за објаснување. Bathelt[291] го опишува како „дебел веб на информации, знаење и инспирација кои циркулираат помеѓу актерите во кластерот“. Сличен е концептот „бучава“, според кој актерите не вршат намерно скенирање на средината во потрага по одредена информација, туку се опкружени со импресии, препораки, неформални разговори и стратешки информации поради што се пројавува квалитет на спонтаност и инцидентност на процесите на учење. Овој тип на учење е зависен од фреквентноста на редовните директни средби и интеракции во социјалните и професионални мрежи.

Saxenian[292] ја нагласува важноста на социјалната интеракција за растот на Силиконската долина и припишува голем дел од нејзиниот иницијален успех

[291] Bathelt, Harald, Clusters and knowledge: local buzz, global pipelines and the process of knowledge creation, Progress in Human Geography, Sage Journals, February, 2004, http://phg.sagepub.com/content/28/1/31.short?rss=1&ssource=mfc.

[292] Anna Lee Saxenian е профессор и декан на UC Berkeley School of Information, позната по својата работа на технолошки кластери и социјални мрежи и соработка со Силиконската долина.

токму на социјалната инфраструктура која е двигател на трансферот на технологија и знаење за зајакнување на кластерот и промовирање на раст.[293]

## 6. Развојот на Knowledge Based Economy во Република Македонија

Во времето на глобализацијата на современите технолошки промени, секоја земја која нема активистички однос кон овие промени е осудена на трајна периферизација во светскиот економски развој. Затоа, Република Македонија и покрај сериозните турбуленции и актуелни тешкотии во општествениот живот, нема алтернатива за избор: таа мора да одговори на предизвиците на современите технолошки промени и да ги вгради во новата политика на растот и развојот, примерна на предизвиците на 21 век.[294]

По примерот на земјите во развој од Азискиот регион кои успеале да го подигнат степенот на интегрираност со глобалната економија, концептот КВЕ би можел да се аплицира како алтернатива на економскиот развој на Република Македонија. Според методологијата на Светска банка, Република Македонија со индекс на економија на знаење (KEI) од 5,7 се наоѓа на 57. позиција од вкупно 146 земји и е на листата од десетте земји кои успеале да го подобрат овој индекс за периодот 2000-2012 година.

**Табела 27 Подобрување на KEI ранг-топ 10 земји**

| Земја | Промена на KEI ранг | KEI ранг 20102 | KEI 2012 | Проемна на EIR ранг | EIR ранг 2012 | Ранг на промена на иновации | Ранг на иновации 2012 | Ранг во образование | Ранг во образование 20102 | Промена на ICT ранг | ICT ранг 2012 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Саудиска Арабија | 26 | 50 | 5.96 | +17 | 60 | 0 | 84 | +30 | 58 | +45 | 21 |
| Оман | 18 | 47 | 6.14 | -9 | 44 | +26 | 57 | +15 | 74 | +19 | 55 |
| Македонија | 16 | 57 | 5.65 | +34 | 59 | +10 | 69 | -12 | 78 | +17 | 48 |
| Азербејџан | 15 | 79 | 4.56 | +24 | 103 | +14 | 89 | +8 | 53 | +26 | 78 |
| Албанија | 14 | 82 | 4.53 | +50 | 71 | +8 | 101 | -16 | 83 | +37 | 72 |
| Алгерија | 14 | 96 | 3.79 | +23 | 115 | +6 | 99 | +21 | 71 | +21 | 89 |
| Руанда | 14 | 127 | 1.83 | +45 | 95 | +10 | 134 | +2 | 137 | +3 | 143 |
| Белорусија | 11 | 59 | 5.59 | +21 | 114 | +5 | 60 | -1 | 33 | +20 | 47 |
| Романија | 9 | 44 | 6.82 | +20 | 40 | +10 | 53 | +19 | 29 | +5 | 59 |
| Руска Федерација | 9 | 55 | 5.78 | +15 | 117 | +11 | 40 | -17 | 44 | 19 | 44 |

Извор: http://siteresources.worldbank.org/INTUNIKAM/Resources/2012.pdf.

[293] Saxenian, Anna Lee., Regional Advantage: Culture and Competition in Silicon Valley and Route 128, Massachusetts: Harvard University Press (1994).

[294] Поповска, д-р Златка, Насоки на технолошката политика на Република Македонија, Странскиот капитал во функција на технолошкиот развој на Република Македонија, Реферати и дискусии од научен собир, Економски факултет Скопје, 20 март 2003, стр. 37.

Република Македонија покажува најголем напредок во областа на економска иницијатива и институционален режим, послаб интензитет на напредок во унапредување на системите на иновации и ИКТ и најслаби перформанси според квалитетот на образование.[295]

За успешна реализација на овој концепт потребни се промени во пристапот и организациската поставеност на сите нивоа на власт за кои стана збор во претходните поглавја на трудот, а трендот на локализација нуди солидна основа за инклузивна партиципација на сите заинтересирани страни (истражувачки институции, универзитети, бизнис-компании, центри за развој на планските региони, локални ЛЕР-канцеларии, централни агенции за развој, инвестиции и финансирање на бизнис и слично).

### *6.1. Практичен модел за примена на концептот на кластери засновани на знаење (Knowledge Based Clusters) во Република Македонија*

Последниот дел од трудот ќе се обиде да предложи конкретен модел за апликација на концептот КВЕ во Република Македонија преку кластери засновани на знаење.

Методологија. Во теоретската разработка на идејата како појдовна основа се зема хипотезата дека во Република Македонија постојат услови и спремност кај клучни институции за имплементација на концептот КВЕ преку основање на Knowedge Based Cluster. При изградба на моделот појдовна основа се степенот и типот на економската конфигурација на земјата. Со оглед на моноцентричниот тип на економски развој, концептот на КВС ќе се разгледува во контекст на Скопскиот плански регион, поради просторната концентрација на бизнис-компании, индустрискиот кластер MASIT и компаниите од областа на ИКТ како основен елемент на предложениот КВЕ-концепт, научните и истражувачки организации, степенот на развиеност на единиците на локална самоуправа и агенциите за развој и поддршка на бизнис и инвестиции.

295 http://siteresources.worldbank.org/INTUNIKAM/Resources/2012.pdf.

*Имајќи го предвид фактот дека во земјата сè уште не постои практика на КВЕ преку модел на кластер заснован на знаење, се нуди сукцесивен пристап во развојот на концептот, најпрво преку воспоставување на мрежа на соработка за размена на информации (берза на информации) со интенција истата да прерасне во knowledge hub и финално, во knowledge based cluster.*

Во периодот април-мај 2016 година направено е теренско истражување кое опфати 13 институции од бизнис, академскиот и владиниот сектор на земјата. Во истражувањето е применет методот на директно интервју со раководните органи на предложените институции и прашалник адаптиран на нивните специфики кои беа земени предвид при конципирање на идејата за формирање на берза на информации на Скопскиот плански регион.

Од вкупниот број институции, 8 придонесоа со сопствен инпут и фидбек.

Основни цели на берзата на информации на Скопскиот плански регион. Основна цел на берзата на информации би била непречен проток на знаење и информации помеѓу интерните компоненти со цел да се олесни пристапот на бизнис-заедницата до квалитетни информации, да се иницира процес на акумулација на знаење, да се креираат синергии и поврзаности и да се створат услови за креирање на национален иновациски систем кој би ја унапредил продуктивноста и локалниот економски развој на Скопскиот регион. Поспецифично, целите се следниве:

1. краткорочна цел - етаблирање на центар на продукција и размена на знаење и кластер заснован на знаење;
2. среднорочна цел - унапредување на глобалната конкурентност на Скопскиот регион преку зајакнување на профитабилноста, ефикасноста и ефективноста на бизнис секторот и развој на иновативни бизниси базирани на знаење и иновации;
3. долгорочна цел - развој на економија базирана на знаење (Knowledge Based Economy) и поврзување на економските и образовните политики на Република Македонија.

Берзата на информации би послужила како алатка за постигнување на стратешката цел на Скопскиот плански регион: *„економски атрактивен и престижен регион со стапка на вработеност на Европско ниво“*.

Потенцијални компоненти на берзата на информации. Наредната табела дава приказ на предложените институции кои беа вклучени во теренското истражување од аспект на нивните специфични портфолија и капацитети за инпут во рамки на мрежната структура на потенцијалната берза на информации:

<table>
<tr><td>
Центар за развој на Скопски плански регион (ЦРСПР)<br>
Релевантни надлежности:<br>
1. консултантски услуги за подготовка и имплементација на проекти;<br>
2. информирање за достапни фондови и отворени повици;<br>
3. фасилитирање партнерства;<br>
4. реализација на обуки;<br>
5. организација и менаџирање на обуки од трети лица;<br>
6. лобирање за различни програми на засегнати страни од регионот;<br>
7. лобирање за потребите на бизнис-секторот;<br>
8. поддршка и советодавни услуги за мали и средни претпријатија.
</td></tr>
<tr><td>
Општина Гази Баба<br>
Релевантни надлежности: Поддршка на локалниот економски развој на општината.
</td></tr>
<tr><td>
МАСИТ асоцијација на компании од ИТ-сектор<br>
Релевантни надлежности:<br>
1. заштита и застапување на интересите на ИКТ бизнис-заедницата;<br>
2. зајакнување на конкурентноста на членовите преку градење на капацитети, поттикнување на иновации, доживотно учење, како и сертификација на компании и квалификација на човечки ресурси;<br>
3. соработка и вмрежување на ИКТ-компаниите во земјата, регионално и на меѓународно ниво преку проекти, партнерства, конкурси, признанија и награди и подобрување на брендот на македонската ИКТ-индустрија, нејзината препознатливост, имиџот и репутацијата;<br>
4. подобрување и промоција на извозните политики, меѓународно брендирање и позиционирање, промовирање на кластери и соработка, со крајна цел да се воспостави
</td></tr>
</table>

| |
|---|
| препознатлив македонски бренд за специјализирани, висококвалитетни outsourcing услуги и софтверски производи. |
| *ПСМ Фондација (YES бизнис-инкубатор)*<br>Релевантни надлежности: Комплетна поддршка на претприемнички идеи за реализација на нови бизниси првенствено во областа на ИКТ. |
| *Фонд за иновации и технолошки развој*<br>Релевантни надлежности:<br>1. финансирање на новоосновани микро и мали претпријатија, поттикнување на иновативноста кај компаниите и пренесување на резултатите од научните истражувања во апликативни, односно комерцијални активности, преку формирање „spin off“ компании;<br>2. постигнување долгорочен позитивен придонес за развојот на националната економија, подобрување на конкурентноста преку технолошки и оперативни унапредувања и обезбедување нови работни места; поддршка на формирањето на деловно-технолошки акцелератори, субјекти за давање инфраструктурна поддршка на иновациска дејност, со цел акцелерација на претприемништвото. |
| *CEED Македонија*<br>Релевантни надлежности: развивање, поврзување и менторство на претприемачи, зајакнување на бизниси, градење на заедница на претприемачи. |
| *Македонска банка за поддршка на развојот*<br>Релевантни надлежности: промовирање, поддршка и кредитирање на извоз. |
| *Агенција за поддршка на претприемништво*<br>Релевантни надлежности:<br>1. изградба на поволно економско опкружување и законска регулатива;<br>2. создавање и развој на институционална инфраструктура за поддршка и развој на претприемништвото и конкурентноста;<br>3. спроведување и координација на државната и меѓународната поддршка за микро, мали и средни бизниси;<br>4. промоција на претприемништво преку нефинансиски и финансиски форми на поддршка. |
| *Агенција за странски инвестиции - INVEST Macedonia*<br>Релевантни надлежности:<br>1. промоција и привлекување на странски директни инвестиции, креирање и |

| |
|---|
| имплементација на стратегии за промоција на инвестиции и исполнување на очекувањата на странските инвеститори;<br>2. градење на имиџот на земјата како инвестициона дестинација;<br>3. промовирање на македонските региони и поттикнување на странските инвеститори за користење на производите и услугите на македонски компании;<br>4. идентификување на сектори кои нудат најдобра перспектива за идни инвестиции и одредување стратегии за промоција на инвестициите;<br>5. анализа на инвестиционата клима и промени во законодавството;<br>6. поттикнување и поддршка на технолошки паркови;<br>7. градење ефективни партнерства меѓу јавниот и приватниот сектор за промоција на Република Македонија. |
| *Македонска развојна фондација за претпријатија*<br>Релевантни надлежности: подобрување на пристап до финансиски услуги за претприемачи, развој на партнерства и иновации. |
| *Агенција за вработување*<br>Релевантни надлежности: имплементација на активни политики за вработување, поддршка, помош и услуги за учесниците на пазарот на трудот. |
| *Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство (ФИНКИ)*<br>Релевантни надлежности: научно-истражувачкла работа од областа на ИКТ преку следните институти:<br>1. Институт за теориски основи на информатика и пресметковно инженерство;<br>1. Институт за софтверско инженерство;<br>2. Институт за информациски системи и мрежни технологии;<br>3. Институт за интелигентни системи. |
| *Економски Институт Скопје*<br>Релевантни надлежности: научно-истражувачкла работа од областа на економијата. |

Типот на прашања имаше за цел да го открие тековниот вид на соработка кои одделните институции го имаат со приватниот, јавниот и академскиот сектор и да ја тестира спремноста за вмрежување во систем на размена на информации и

знаење. Следниот приказ ги дава резултатите од спроведеното истражување според автентичните одговори на поставените прашања по одделни институции:

Центар за развој на Скопски плански регион (интервјуто е направено со Розета Арсовска, вршител на должност директор на Центарот на Скопски плански регион)

<table>
<tr><th colspan="3">Генерални информации</th></tr>
<tr><td colspan="2">Датум, време</td><td>20 мај 2016, 18:58</td></tr>
<tr><td colspan="2">Место (град)</td><td>Скопје</td></tr>
<tr><td colspan="2">Име на засегната страна</td><td>Центар за развој на Скопски плански регион</td></tr>
<tr><td colspan="2">Дејност на засегната страна</td><td>Центарот за развој на Скопски плански регион ги врши следниве работи:<br>• Изготвува предлог-програма за развој на планскиот регион;<br>• Изготвува предлог-акционен план за имплементација на Програмата за развој на планскиот регион;<br>• Подготвува предлог-проекти за развој на планскиот регион и за подрачјата со специфични развојни потреби;<br>• Координира активности поврзани со имплементацијата на Програмата за развој на планскиот регион и ги реализира проектите за развој на планскиот регион;<br>• Обезбедува информации до заинтересираните страни за текот на реализацијата на Програмата за развој на планскиот регион и други прашања поврзани со регионалниот развој;<br>• Обезбедува стручна и техничка помош за единиците на локалната самоуправа при подготовката на нивните програми за развој;<br>• Обезбедува стручни услуги на здруженија на граѓани и други заинтересирани страни за подготовка на проекти од областа на регионалниот развој;<br>• Поттикнува меѓуопштинска соработка во рамки на планскиот развој;<br>• Спроведува проекти за поттикнување на развојот на планскиот регион, финансирани од фондовите на Европската Унија и други меѓународни извори;<br>• Врши промоција на развојните можности на планскиот регион; и<br>• Врши стручни и административно-технички работи за потребите на Советот за развој на планскиот регион.</td></tr>
<tr><th colspan="3">Прашања на интервјуто</th></tr>
<tr><td>1.</td><td>Генерално објаснете ги услугите кои ги нуди Вашата институција во контекст на соработка со приватниот сектор?</td><td>Нема соработка досега</td></tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| 2. | Со кои институции од јавниот сектор соработувате при извршување на Вашите активности?<br><br>(Објаснете го типот на соработката) | Министерство за локална самоуправа;<br>Биро за регионален развој;<br>Министерство за финансии;<br>Министерство за животна средина и просторно планирање.<br><br>Финансирање на проекти за унапредување и развој на СПР. |
| 3. | Со кои институции од образовниот сектор (универзитети, истражувачки центри) соработувате при извршување на Вашите активности?<br><br>(Објаснете го типот на соработката) | Нема соработка досега |
| 4. | Дали сметате дека соработката и континуираната вмреженост со институции сродни на Вашата дејност би биле од корист за унапредување на Вашата институција / компанија? | Да, вмреженоста е од голема корист поради подобра размена на информации, знаења и подобрување на методите и принципите кои се користат при работа. |
| 5. | Објаснете ја тековната соработка со општините, пред сѐ со организациските единици за ЛЕР<br><br>(Проблеми, причини, сугестии за унапредување) | Оценка**: <u>1-одлична</u>**, 2-добра, 3-просечна, 4-доволна, 5-слаба<br><br>Објаснување: Центрите за ЛЕР имаат континуирана соработка и заеднички работат на одредени проекти за унапредување и развој на општините. |
| 6. | Дали и колку често организирате обуки и специјализирани курсеви за Вашите вработени? | Да, обуките за вработените се составен дел од политиката на СПР. |
| 7. | Дали имате воспоставена соработка со странски организации сродни на Вашиот тип на работа? | Да, најчесто со GIZ и UNDP. |
| 8. | Наведете 2-3 клучни ограничувачки фактори за остварување на соработка со странски организации. | Финансиски средства |
| 9. | Дали мислите дека е потребно основање на берза на информации? | Да |
| 10. | Доколку одговорот е да, кој тип на информации би биле потребни за Вашата организација? | • За регионален развој;<br>• За фондови кои финансираат одреден вид на проекти за рурален развој;<br>• За кластери;<br>• За туризам. |
| 11. | Кој тип на информации би можеле Вие како организација да ги понудите на другите заинтересирани страни? | Сите информации кои се однесуваат за Скопскиот плански регион во однос на инвестирање во СПР, бизнис-информации за претпријатијата во СПР, туризам во СПР, слободни индустриски зони (браунфилд, гринфилд). |
| 12. | Дали би се согласиле дека Вашата организација би требало да биде центар и координатор на берзата на информации и кластер заснован на знаење? | Да, тоа би овозможило полесна дисеминација на информациите во СПР. |

Позитивни аспекти:

1. вмреженоста и размената на знаење и информации се перципираат како корисна алатка за унапредување на перформансите при извршување на работните задачи;
2. постои одлична соработка со организациските единици за ЛЕР на општините во регионот;
3. признаена е потребата од обуки и дополнителна едукација;
4. признаена е потребата од основање на берза на информации во регионот во која Центарот за развој на Скопски плански регион би имал координативна улога.

Негативни аспекти:

1. не постои воспоставена соработка со бизнис-секторот во Скопскиот плански регион;
2. не постои воспоставена соработка со образовниот сектор и истражувачки организации;
3. недостигот на финансиски средства е пречка за остварување на ефективни комуникациски врски со странски организации. Најчесто соработката со нив е во контекст на барање донаторска помош за проектна имплементација (GIZ, UNDP);
4. недостаток на финансиски средства за функционирање на центарот генерално.

Информациите кои би биле од корист за Центарот на Скопскиот плански регион би се однесувале на достапност на фондови за финансирање на развојни проекти, развој на кластери и туризам. Информации кои би можеле да се понудат за другите корисници се бизнис-информации за функционирање на компаниите и сите информации околу инвестициите во Скопски плански регион.

Општина Гази Баба (Сектор за ЛЕР) (интервјуто е направено на 16 мај 2016 со Сашо Трајков, раководител на Секторот за ЛЕР на општина Гази Баба)

INFORMATION HUB ВО СКОПСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН

1. Генерално објаснете ги услугите кои ги нуди вашата институција во контекст на соработка со приватниот сектор?

- Услуги од сферата на урбанизам (ДУП, легализации, одобренија за градба, продажба на државно градежно земјиште), услуги од сферата на инфраструктура, комунални и сообраќајни услуги, вода, отпад, отпадни води, пречистителни станици, патишта, улично осветлување, животна средина, елаборати за заштита на животна средина, катастар на загадувачи, локален еколошки акционен план;
- Локален економски развој (бизнис-клуб на ОГБ, бизнис акционен план за делување на бизнис-клубот за 2016 и 2017 година, ОГБ Атлас, investinmgbskopje.mk, Бизнис Инфо Центар, Компании во ОГБ, бизнис пријателска веб-страница на ОГБ - www.gazibaba.gov.mk, BFC - стандард за бизнис пријателска општина, стратешко планирање, стратешки партнерства со компании, институции, меѓународни организации , ЈПП - јавно-приватни партнерства).

2. При извршување на вашите активности, дали соработувате со институции од образовниот сектор (универзитети, истражувачки центри)?

Да, при изработка на стратешки документи, студии, програми и акциони планови, подготовка на техничка документација за комунална и сообраќајна инфраструктура, организација на бизнис-форуми (не само домашни туку и странски универзитети).

3. Дали имате воспоставена соработка со Центарот за развој на Скопски плански регион?

Активно учество при подготовка на стратешки документи кои се однесуваат на регионот, аплицирање на проекти од регионален карактер преку ЦРСПР ја иницирани од општините, работилници, семинари, вмрежување со региони и центри од ЕУ, промотивни настани и друго;

- Проблеми - ЦРСПР има главно администривен карактер, нема човечки и финансиски капацитети за позначајни иницијативи и активности (50% од Буџетот на РМ, 50% од буџетот на сите општини во Скопскиот регион), не постои можност за ангажирање на повеќе човечки ресурси (главно се користат човечките ресурси на секторите за ЛЕР на општините);
- Сугестии - вклучување на деловниот сектор во ЦРСПР и нивна поставеност на пазарна основа;
- Соработка - одлична.

4. Со кои институции од централната власт имате редовна соработка?

Министерство за образование, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за транспорт и врски, Агенција за вработување, Катастар на РМ, InvestinMacedonia, Министерство за финасии, Министерство за локална самоуправа;

- Соработка - одлична.

5. Дали мислите дека за економскиот развој на Скопскиот регион е потребно основање на берза на информации (information hub)?

Секако е потребно, нешто слично на тоа што го прави Berlin Partner во Берлин, и секако тоа го прави на пазарна основа, со одредена буџетска поддршка на градот Берлин и регионот.

6. Доколку одговорот е да, кој тип на информации би биле потребни за унапредување на работата на Вашата организација?

- Микро деловни информации и макроекономски информации за Скопскиот плански регион;
- Информации од сферата на инфраструктурата - тендери, повици итн.;
- Информации од сферата на финансии - од даночната сфера, информации за користење на различни буџетски финансиски средства, различни кредитни линии од меѓународни финансиски институции, информации од сферата на Берзата за хартии од вредност;
- Информации од сферата на Катастар;
- Информации од сферата на вработување и за работодавачите и за невработените, информации од сферата на образованието;
- Информации од сферата на урбанистичкото планирање;
- Информации кои се однесуваат на градежно земјиште;
- Информации за потенцијалните инвеститори - домашни и странски, за локацискиот потенцијал согласно различните урбанистички намени;
- Информации од сферата на ИПАРД и финансиска поддршка на земјоделците;
- Информации за можностите кои ги нудат европските фондови.

7. Кој тип на информации би можеле Вие како организација да ги понудите на другите заинтересирани страни?

- Информации од сферата на инфраструктурата - тендери, повици итн.;
- Информации од сферата на урбанистичкото планирање;
- Информации кои се однесуваат на градежно земјиште;
- Информации за потенцијалните инвеститори - домашни и странски, за локацискиот потенцијал согласно различните урбанистички намени.

8. Каков придонес би можела вашата организација да даде кон основањето на берза на информации?

Да земе активно учество, во делокругот на своите надлежности и можности;

- Бенефит - Берзата може да се третира како информационен систем кој нуди многу можности, меѓу другото и во делот на маркетингот, кој е повеќе од неопходен во процесирањето на т.н. public marketing - вистинските информации да стигнат до вистинските корисници.

Позитивни аспекти:

1. воспоставена квалитетна соработка со приватниот сектор, централната власт, Центарот за развој на Скопски плански регион и научно-истражувачките институции;
2. признавање на потребата од основање на берза на информации;
3. спремност за соработка и развивање на концептот.

Негативни аспекти:

1. Идентификуван недостаток од соодветен капацитет (човечки ресурси, финансиски, административен) на Центарот за развој на Скопски плански регион.

Општината Гази Баба наведува широк спектар на информации кои би можеле да се користат или да се понудат во берзата на информации (пристап до тендери, европски фондови, финансиски ресурси, катастарски информации, информации од берзата на хартии од вредност, резултати од истражувања на научни институции, потенцијални инвеститори и паблик маркетинг - насочување на вистинските информации кон вистинските корисници).

МАСИТ-индустриски кластер на компаниите од областа на ИКТ (интервјуто е направено со Билјана Прличкова, координатор за членство на асоцијацијата, по препорака на извршниот директор на канцеларијата, Анита Никова)

| **Генерални информации** | | |
|---|---|---|
| Датум, време | | 18 мај, 2016, 11:30 |
| Место (град) | | Скопје |
| Име на засегната страна | | МАСИТ- Стопанска комора за информатички и комуникациски технологии |
| Дејност на засегната страна | | Целта на овој кластер е поврзување на понудувачите на ИКТ-решенија со корисниците од МСП-сегментот преку обезбедување на интегрирана понуда на ИКТ услуги насочени кон задоволување на потребите на МСП, а кои произлегуваат од предизвиците на дигиталната економија, глобализацијата и отворањето на пазарите во ЕУ. |
| **Прашања на интервјуто** | | |
| 1. | Генерално објаснете ги услугите кои ги нуди Вашата институција во контекст на соработка со приватниот сектор? | Поддршка на развој на хардвер и софтвер на компании од ИКТ-секторот преку:<br>• достава на информации за регулативи, настани, соработка со други институции (државни, приватни, странски, приватен сектор);<br>• лобирање и застапување на интересите на ИКТ кластерот на РМ;<br>• промоција и унапредување на извоз на ИКТ. |

| | | |
|---|---|---|
| 2. | Со кои институции од јавниот сектор соработувате при извршување на Вашите активности?<br><br>(Објаснете го типот на соработката) | • управа за јавни приходи;<br>• Министерство за информатичко општество и администрација (МИОА);<br>• Министерство за економија;<br>• InvestinMacedonia;<br>• централна власт воопшто. |
| 3. | Со кои институции од образовниот сектор (универзитети, истражувачки центри) соработувате при извршување на Вашите активности?<br><br>(Објаснете го типот на соработката) | • Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство (ФИНКИ);<br>• Економски факултет;<br>• Природно-математички факултет;<br>• Електротехнички факултет;<br>• Универзитет за информатички науки и технологија „Св. Апостол Павле“, Охрид. |
| 4. | Дали сметате дека соработката и континуираната вмреженост со институции сродни на Вашата дејност би биле од корист за унапредување на Вашата институција / компанија? | Да, спремни сме за соработка со други сродни институции. |
| 5. | Дали имате воспоставени бизнис-релации со ЛЕР-канцеларијата на Вашата општина Скопје? | Многу слаби |
| 6. | Објаснете ја тековната соработка со општините, пред се со организациските единици за ЛЕР. | Оценка: 1-одлична, 2-добра, 3-просечна, 4-доволна, **5-слаба**<br>Објаснување: (единствена соработка е учество во изработка на Стратегија за развој на мали и средни претпријатија на Град Скопје). |
| 7. | Дали имате воспоставени бизнис релации со Центарот на планскиот регион во Скопје? | Не |
| 8. | Објаснете ја тековната соработка со Центарот на планскиот регион во Скопје. | Оценка: 1-одлична, 2-добра, 3-просечна, 4-доволна, **5-слаба**<br><br>Објаснување: Постојат само индиректни и неформални средби на настани организирани од други институции. |
| 9. | Дали имате воспоставена соработка со странски организации сродни на Вашиот тип на работа? | Да, со регионални IT-асоцијации и кластери од Германија, Австрија. |
| 10. | Наведете 2-3 клучни ограничувачки фактори за остварување на соработка со странски организации. | Потребни се повеќе финансиски средства за оперативна соработка. |
| 11. | Дали мислите дека е потребно основање на берза на информации? | Да |

| | | |
|---|---|---|
| 12. | Доколку одговорот е да, кој тип на информации би биле потребни за Вашата организација? | Достапност за аплицирање на проекти, можности за соработка. |
| 13. | Кој тип на информации би можеле Вие како организација да ги понудите на другите заинтересирани страни? | • Информации за типот на производи на ИКТ-компаниите кои можат да се понудат на бизнис-секторот за унапредување на продуктивноста;<br>• Приближување на ИКТ кон другите индустрии;<br>• Можности за инкорпорирање на ИКТ во работните процеси на бизнисите. |
| 14. | Каков придонес би можела Вашата организација да даде кон основањето на берза на информации и кластер заснован на знаење? | Зголемување на свесност за потребата од апликација на ИКТ во бизнис-процесите. |

Позитивни аспекти:

1. воспоставена квалитетна соработка со приватниот сектор, странски сродни организации, централната власт и научно-истражувачките институции;
2. признавање на потребата од основање на берза на информации;
3. спремност за соработка и развивање на концептот.

Негативни аспекти:

1. Недоволна соработка со центрите за локален економски и регионален развој.

Асоцијацијата на компании од областа на ИКТ има потреба од информации за можности за соработка со сродни организации со цел да ги понуди производите на своите членки наменети за унапредување на бизнис-процесите на компаниите од било која индустриска дејност. Нејзината додадена вредност во концептот за развој на берза на информации би била зголемување на свесноста за потребата од апликација на ИКТ во бизнис-процесите заради унапредување на продуктивноста на компаниите.

ПСМ Фондација-YES Бизнис инкубатор (одговорите се добиени по е-пошта од Елена Наумовска, менаџер на финансии, по препорака на извршниот директор, Габриела Костовска Богоеска)

| Генерални информации | | |
|---|---|---|
| Датум, време | | 18 мај, 2016, 14:49 |
| Место (град) | | Скопје |
| Име на засегната страна | | ПСМ Фондација-YES Бизнис инкубатор |
| Дејност на засегната страна | | Поддршка на млади претприемачи |
| **Прашања на интервјуто** | | |
| 1. | Генерално објаснете ги услугите кои ги нуди Вашата институција во контекст на соработка со приватниот сектор? | Фондација Претприемачки сервис за млади (ПСМ) со главна компонента бизнис-инкубатор за поддршка на микро, мали и средни претпријатија од областа на информационо-комуникациските технологии, преку процесот на бизнис инкубација овозможува пристап до услуги наменети за забрзување на нивниот раст и развој.<br><br>Членките на инкубаторот имаат корист од:<br>• бенефицирани цени за бизнис-канцеларија;<br>• право на користење на сала за состаноци, компјутерска лабораторија, просторија за одржување презентации и обуки,<br>• совети во секојдневните операции;<br>• обуки и тренинзи за зајакнување на капацитетите за водење бизнис;<br>• менторирање од страна на домашни и странски врвни експерти, претприемачи и консултанти;<br>• промоција;<br>• посредување при финансирање;<br>• поврзување со клиенти;<br>• организирање настани за вмрежување и интернационализација. |
| 2. | Со кои институции од јавниот сектор соработувате при извршување на Вашите активности?<br><br>(Објаснете го типот на соработката) | ПСМ Фондација соработува со институции на локално ниво, општините, при реализација на активности и креирање политики за млади лица.<br>Воедно соработува со Министерство за економија, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за финансии, главно како донатори на проекти или мониторинг на проекти финансирани од Европска комисија. |

| | | |
|---|---|---|
| 3. | Со кои институции од образовниот сектор (универзитети, истражувачки центри) соработувате при извршување на Вашите активности?<br><br>(Објаснете го типот на соработката) | Соработка со Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, ФОН Универзитет, Европски универзитет на РМ при реализација на активности за промоција на претприемништвото (конференции, обуки, хакатони) и при спроведување на истражувања на различни теми, но во насока на политики за млади лица и претприемништво. |
| 4. | Дали сметате дека соработката и континуираната вмреженост со институции сродни на Вашата дејност би биле од корист за унапредување на Вашата институција / компанија? | Да, со таа цел, како дел од проект финансиран од Европската Комисија беше формирана мрежата YES Network, во кој членуваат организации кои работат на поддршка на претприемништвото. |
| 5. | Дали имате воспоставени бизнис-релации со ЛЕР-канцеларијата на Вашата општина Скопје? | Имаме добра соработка со ЛЕР од Општина Гази Баба. Тие се големи поддржувачи на активностите на ПСМ Фондација и инкубаторот. |
| 6. | Објаснете ја тековната соработка со општините, пред се со организациските единици за ЛЕР.<br><br>(Проблеми, причини, сугестии за унапредување) | Оценка: 1-одлична, 2-добра, 3-просечна, **4-доволна**, 5-слаба<br>Објаснување: 4 |
| 7. | Дали имате воспоставени бизнис релации со Центарот на планскиот регион во Скопје? | Не |
| 8. | Дали и колку често организирате обуки и специјализирани курсеви за Вашите вработени? | ПСМ Фондација организира обуки за членките на инкубаторот и останати млади лица барем еднаш месечно. Вработените имаат честа можност за посета на обуки кои се организирани од страна на ПСМ, но и се вложува во нив преку посета на други обуки. |
| 9. | Дали имате воспоставена соработка со странски организации сродни на Вашиот тип на работа? | ПСМ Фондација има голем број соработници од регионот, Европа и пошироко. Дел е од мрежата Глобална недела на претприемништво, која брои над 150 организации од различни земји. |
| 10. | Наведете 2-3 клучни ограничувачки фактори за остварување на соработка со странски организации. | Нема ограничувања |
| 11. | Дали Вашата компанија користи резултати од истражувања за потребите на бизнисот?<br><br>Ако одговорот е да, кои и какви?<br><br>Ако одговорот е не, дали мислите дека во иднина тоа би ви било потребно? | Овие информации се потребни за подготовка на годишните стратегии на организацијата или пак при креирање предлог-проект за одреден повик од донатори. Воедно овие информации би биле потребни за идни насоки за услугите кои се нудат на почетните бизниси. |
| 12. | Дали мислите дека е потребно основање на берза на информации? | Да |
| 13. | Доколку одговорот е да, кој тип на информации би биле потребни за Вашата организација? | Потребна е база на компании според видот и секторот на работење, организации кои работат во областа на поддршка на бизнисите, услуги кои ги нудат на бизнисите. |

| | | |
|---|---|---|
| 14. | Кој тип на информации би можеле Вие како организација да ги понудите на другите заинтересирани страни? | Услуги кои ги нудиме за поддршка на почетните бизниси, програми кои ги нуди владата за започнување бизнис или поддршка на компании, настани кои се организираат во земјата и регионот (но ова сепак не е систематизиран пристап, повеќе се ад хок информации) |
| 15. | Како придонес би можела Вашата организација да даде кон основањето на берза на информации и кластер заснован на знаење? | |

Позитивни аспекти:

1. воспоставена квалитетна соработка со приватниот сектор, странски сродни организации, централната и локалната власт, со посебен ацент на Општина Гази Баба која е предложена како компонента на берзата за информации и со голем број научно-истражувачки институции;
2. признавање на потребата од основање на берза на информации;
3. спремност за соработка и развивање на концептот.

Негативни аспекти:

1. Неразвиена бизнис-соработка со Центарот за развој на Скопски плански регион.

YES бизнис инкубаторот има потреба од информации за единствена база на компании според видот и секторот и за организации кои работат во областа на поддршка на бизнисите и типот на услуги кои ги нудат. Тие би можеле да понудат широк спектар на информации за услугите кои ги нудат за поддршка на почетните бизниси, програми на владата за започнување бизнис или поддршка на компании и networking настани кои се организираат во земјата и регионот.

Фонд за иновации и технолошки развој (одговорите се добиени по е-пошта од Јасна Петровска, виш соработник во одделението за подготовка на програми)

| **Генерални информации** | | |
|---|---|---|
| Датум, време | | 26.05.2016 , 12:06 |
| Место (град) | | Скопје |
| Име на засегната страна | | Фонд за иновации и технолошки развој |
| Дејност на засегната страна | | Општи дејности на јавната управа (84.11) |
| **Прашања на интервјуто** | | |
| 1 | Генерално објаснете ги услугите кои ги нуди Вашата институција во контекст на соработка со приватниот сектор? | Мисијата на Фондот за иновации и технолошки развој е поттикнување и поддршка на иновациската дејност во микро, мали и средни претпријатија за остварување забрзан технолошки развој, базиран на трансфер на знаење, на истражување за развој и на иновации што придонесуваат за создавање нови работни места и за економски раст и развој, истовремено подобрувајќи ја бизнис-околината за развој на конкурентските способности на компаниите.<br>Повеќе информации на: http://www.fitr.mk/#moznosti. |

| | | |
|---|---|---|
| 2 | Со кои институции од јавниот сектор соработувате при извршување на Вашите активности?<br><br>(Објаснете го типот на соработката) | Фондот има воспоставена соработка со Министерство за образование и наука, Министерство за финансии, Агенција за финансиска поддршка на земјоделието и рурален развој, Агенцијата за поддршка на претприемништвото во Македонија, Генерален секретаријат на Влада на Република Македонија, Државен завод за заштита на индустриска сопственост, Државен завод за статистика, Македонска банка за поддршка на развојот и други владини институции, претседателот на Република Македонија и народните канцеларии во негова надлежност, како и единиците на локална самоуправа.<br>Фондот соработува и со другите актери кои обезбедуваат поддршка на секторот за мали и средни претпријатија и во секторот на иновации, истражување и развој преку организација на информативни настани, учество на конференции и други активности. Во 2015 година Фондот ја одржуваше соработката и со организациите на претприемачи, како што се Сојуз на стопански комори на Македонија, Стопанска комора на Македонија, Стопанска комора на Северозападна Македонија, кластерите, регионалните бизнис-центри, како и со државни и приватни универзитети и други организации. |
| 3 | Со кои институции од образовниот сектор (универзитети, истражувачки центри) соработувате при извршување на Вашите активности?<br>(Објаснете го типот на соработката) | / |
| 4 | Дали сметате дека соработката и континуираната вмреженост со институции сродни на Вашата дејност би биле од корист за унапредување на Вашата институција / компанија? | Да |
| 5 | Дали имате воспоставени бизнис-релации со ЛЕР-канцеларијата на Вашата општина Скопје? | Минатата година имавме соработка со Град Скопје во организација на настани, како и со дел од општините од град Скопје. Со ЛЕР-канцеларијата директно не сме имале контакт. |

| | | |
|---|---|---|
| 6 | Објаснете ја тековната соработка со општините, пред се со организациските единици за ЛЕР<br><br>(Проблеми, причини, сугестии за унапредување) | Оценка: **1-одлична,** 2-добра, 3-просечна, 4-доволна, 5-слаба |
| 7 | Дали имате воспоставени бизнис релации со Центарот на планскиот регион во Скопје? | Да, сме учествувале на настани организирани од нивна страна, а и тие биле дел од наши настани. |
| 8 | Објаснете ја тековната соработка со Центарот на планскиот регион во Скопје<br>(Проблеми, причини, сугестии за унапредување) | Оценка: 1-одлична, 2-**добра,** 3-просечна, 4-доволна, 5-слаба |
| 9 | Дали имате воспоставена соработка со странски организации сродни на Вашиот тип на работа? | Да, со српскиот Фонд за иновации, Enterprise Estonia, Start up Estonia, BICRO Croatia и др. |
| 10 | Дали мислите дека е потребно основање на берза на информации? | Да |
| 11 | Доколку одговорот е да, кој тип на информации би биле потребни за Вашата организација? | Информации поврзани со дејноста на Фондот. |
| 12 | Кој тип на информации би можеле Вие како организација да ги понудите на другите заинтересирани страни? | Можностите кои ги нуди Фондот преку своите програми (инструменти), обуки, информативни настани и сл. |
| 13 | Како придонес би можела Вашата организација да даде кон основањето на берза на информации и кластер заснован на знаење? | |

Позитивни аспекти:

1. воспоставена соработка со приватниот сектор, централната и локалната власт;
2. признавање на потребата од основање на берза на информации;
3. спремност за соработка и развивање на концептот.

Негативни аспекти:

1. Не постои воспоставена соработка со образовниот сектор и истражувачки организации.

Фондот за иновации и технолошки развој има потреба од информации поврзани со неговата основна дејност и нуди информации за своите програми и инструменти за поттикнување и поддршка на иновациската дејност во Република Македонија.

Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија (одговорите се добиени по е-пошта од електронската адреса apprm@apprm.gov.mk)

| Генерални информации | | |
|---|---|---|
| Датум, време | | 03.06.2016, 13:53 |
| Место (град) | | Скопје |
| Име на засегната страна | | АППРМ |
| Дејност на засегната страна | | Поддршка на МСП |
| **Прашања на интервјуто** | | |
| 1 | Генерално објаснете ги услугите кои ги нуди Вашата институција во контекст на соработка со приватниот сектор? | 1. Едукативни и промотивни настани наменети за поддршка на МСП и нивната конкурентност и инвативност;<br>2. Субвенционирање на консултантски услуги за МСП |
| 2 | Со кои институции од јавниот сектор соработувате при извршување на Вашите активности?<br><br>(Објаснете го типот на соработката) | 1. МЕ<br>2. АВРМ<br>3. МОН<br>4. ДЗИС<br>5. Универзитет УКИМ<br>Соработка при реализација на заеднички цели и задачи, соработка на проекти. |
| 3 | Со кои институции од образовниот сектор (универзитети, истражувачки центри) соработувате при извршување на Вашите активности?<br><br>(Објаснете го типот на соработката) | 1.УКИМ<br>2.УКЛО<br><br>Проектна соработка. |

| | | |
|---|---|---|
| 4 | Дали сметате дека соработката и континуираната вмреженост со институции сродни на Вашата дејност би биле од корист за унапредување на Вашата институција/компанија? | Да |
| 5 | Објаснете ја тековната соработка со општините, пред се со организациските единици за ЛЕР<br><br>(Проблеми, причини, сугестии за унапредување) | Оценка: 1-одлична, 2-добра, **<u>3-просечна</u>**, 4-доволна, 5-слаба<br>Објаснување: |
| 6 | Дали имате воспоставени бизнис-релации со Центарот на планскиот регион во Скопје? | Промоција на услугите на АППРМ во рамките на регионите кои ги покриваат Центрите |
| 7 | Објаснете ја тековната соработка со Центарот на планскиот регион во Скопје.<br><br>(Проблеми, причини, сугестии за унапредување) | Оценка: 1-одлична, 2-добра, **<u>3-просечна</u>**, 4-доволна, 5-слаба<br>Објаснување:<br><br>Се планира соработка во иднина во области кои би биле од заемен интерес.<br>Подобрување на меѓусебната комуникација. |
| 8 | Дали сте задоволни од соработката со странски организации сродни на Вашиот тип на работа? | Да |
| 9 | Наведете 2-3 клучни ограничувачки фактори за остварување на соработка со странски организации. | Ограничена расположливост на буџетски средства наменети за оваа активност. |
| 10 | Дали мислите дека е потребно основање на берза на информации? | Би било корисно. |
| 11 | Доколку одговорот е да, кој тип на информации би биле потребни за Вашата организација? | Информации врзани со вршење на дејноста, општи информации, потреби за обуки, експертска помош, извозни пазари, технолошка подготвеност. |
| 12 | Кој тип на информации би можеле Вие како организација да ги понудите на другите заинтересирани страни? | По договор, информации содржани во нашата База на податоци за МСП, информации врзани со вршењето на дејноста на АППРМ, Опсерваторија за МСП. |
| 13 | Каков придонес би можела Вашата организација да даде кон основањето на берза на информации и кластер заснован на знаење? | Споделување на оние информации кои имаат јавен карактер и поддршка, согласно програмските активности на АППРМ. |

Позитивни аспекти:

1. воспоставена соработка со приватниот сектор, централната и локалната власт и научно-истражувачките институции;
2. признавање на потребата од основање на берза на информации;
3. спремност за соработка и развивање на концептот.

Негативни аспекти:

1. Незадоволително ниво на соработка со локалната самоуправа и Центарот за развој на Скопскиот плански регион.

Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија има потреба од информации поврзани со нејзината основна дејност, обуки, експертска помош, извозни пазари, технолошка подготвеност, а нуди информации содржани во База на податоци за МСП, како и информации врзани со вршењето на дејноста на АППРМ и Опсерваторија за МСП. Иницијално, оваа институција е спремна за споделување на информации од јавен карактер насочени кон поддршка на претприемништвото.

CEED Macedonia - Center for Entrepreneurship and Executive Development (одговорите се добиени по е-пошта од Билјана Дамевска, извршен директор)

| **Генерални информации** | |
|---|---|
| Датум, време | 27.05.2016, 11:51 |
| Место (град) | Скопје |
| Име на засегната страна | Друштво за едукација и консалтинг ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ПРЕТПРИЕМАЧИ И МЕНАЏЕРИ – ЦЕЕД МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ |
| Дејност на засегната страна | Едукација и консалтинг |
| **Прашања на интервјуто** | |

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Генерално објаснете ги услугите кои ги нуди Вашата институција во контекст на соработка со приватниот сектор? | • **CEED Бизнис Едукативен Клуб** во кој членовите (претприемачи и менаџери) добиваат:<br>- едукација преку размена на искуства на разни теми од областа на бизнисот, посетуваат специјализирани менаџерски и лидерски програми, како и програми за личен развој,<br>- networking или вмрежување на нашите клиенти со компании од Македонија, регионот и светот, со цел воспоставување на деловна соработка.<br>- менторство;<br>• **Консултантски услуги**, in-company интервенции, коучинг или обуки за менаџерскиот тим на компаниите;<br>• **Бизнис инфо** (www.bi.mk) - македонски специјализиран бизнис-портал;<br>• **HUB - Скопје** - Центар за бизнис-акцелерација - co-working простор, менторство, коучинг, инкубација, акцелераторски работилници, настани, вмрежување и сл. со цел да им се помогне на компаниите побрзо да ја премостат фазата од старт ап до силни и напредни компании;<br>• **CEED EDU** - програма која го доближува претприемачкиот дух до децата и младите преку пренесување, доживување и практикување успешни приказни од светот на бизнисот, притоа хранејќи ги нивните уметнички и духовни потреби. Програма која ги насочува младите кон подигнување на креативноста, имагинацијата, вредностите и способностите;<br>• **Клуб на бизнис-ангели** - инвестиции во старт ап компании;<br>• **Проектно работење** - Креирање и имплементирање на проекти од областа на претприемништвото и менаџментот. |
| 2 | Со кои институции од јавниот сектор соработувате при извршување на Вашите активности?<br><br>(Објаснете го типот на соработката) | • Македонска банка за поддршка на развојот - гостување на претставници на банката на настаните во Клубот поврзани со различни извори на капитал, и запознавање на нашите клиенти со нивните услуги;<br>• Канцелариите на ЛЕР во општините низ Македонија - види подолу;<br>• Агенција за вработување - партнер во имплементација на проект на УНДП. |
| 3 | Со кои институции од образовниот сектор (универзитети, истражувачки центри) соработувате при извршување на Вашите активности?<br><br>(Објаснете го типот на соработката) | • University American College Skopje - гостување на претставници од факултетот на некои од настаните во рамките на Бизнис клубот на тема лидерство и менаџмент;<br>• Машински факултет - на почеток на соработка поврзана со гостување на настани од Клубот поврзани со оптимизација на процесите во компаниите и сл. |
| 4 | Дали сметате дека соработката и континуираната вмреженост со институции сродни на Вашата дејност би биле од корист за унапредување на Вашата институција/компанија? | Да. Во правец на надополнување на нашата постоечка понуда за претприемачите и менаџерите. |

| | | |
|---|---|---|
| 5 | Дали имате воспоставени бизнис-релации со ЛЕР-канцеларијата на Вашата општина Скопје? | Да |
| 6 | Објаснете ја тековната соработка со општините, пред се со организациските единици за ЛЕР<br><br>(Проблеми, причини, сугестии за унапредување) | Оценка: 1-одлична, **2-добра,** 3-просечна, 4-доволна, 5-слаба<br><br>Објаснување: Канцелариите на ЛЕР (пред сè надвор од Скопје) во поголема или помала мера ни излегуваат во пресрет во споделување на нивната база на компании со нас, препораки за претприемачи и менаџери кои може да имаат свесност за потребите од нашите услуги и организирање на презентација на нашите услуги пред бизнис-заедницата од нивниот регион. |
| 7 | Дали имате воспоставени бизнис релации со Центарот на планскиот регион во Скопје? | Не |
| 8 | Објаснете ја тековната соработка со Центарот на планскиот регион во Скопје.<br><br>(Проблеми, причини, сугестии за унапредување) | Оценка: 1-одлични, 2-добри, 3-просечни, 4-доволни, 5-слаби<br><br>Објаснување: Нема соработка. |
| 9 | Дали имате воспоставена соработка со странски организации сродни на Вашиот тип на работа? | Да<br><br>1. Меѓународни организации во МК: GTZ, UNDP, EBRD, USAID и неговите проекти;<br>2. Мрежата на Impact HUB, EBAN ;<br>3. Европска мрежа на бизнис-ангели;<br>4. Консултански компании од Србија, Молдавија, Италија. |
| 10 | Наведете 2-3 клучни ограничувачки фактори за остварување на соработка со странски организации. | Немаме |
| 11 | Дали мислите дека е потребно основање на берза на информации? | Да, ако е сеопфатна, ажурирана и професионална. |
| 12 | Доколку одговорот е да, кој тип на информации би биле потребни за Вашата организација? | Од Централен регистар на РМ може да се набават информации за компаниите (основни информации, годишен обрт, добивка и сл.) Истите се од помош, но се плаќаат по податок и се прилично скапи. Дополнително, информациите кои компаниите ги пријавуваат во нивните завршни сметки, не секогаш кореспондираат со реалната состојба на компанијата.<br><br>Податоци за должничко-побарувачки односи на компаниите, информации за извозни активности на компаниите - квантитет и обрт од извоз, може да се најдат, но истите се плаќаат и не се лесно достапни. |
| 13 | Кој тип на информации би можеле Вие како организација да ги понудите на другите заинтересирани страни? | 1. Информации за пристап до финансии;<br>2. Информации за разни програми и обуки за личен и професионален развој кои ги нуди Клубот на CEED;<br>3. Информации и вмрежување со компании од регионот;<br>4. Информации за пристап до нови пазари. |

| | | |
|---|---|---|
| 14 | Како придонес би можела Вашата организација да даде кон основањето на берза на информации и кластер заснован на знаење? | Споделување на информации за потребите на претприемачите и менаџерите за типот на податоци кои им се неопходни во разни фази на развој на нивните компании и начинот на кој би сакале да ги добиваат. |

Позитивни аспекти:

1. воспоставена соработка со приватниот сектор, централната и локалната власт и научно-истражувачките институции, широк спектар на услуги и информации, изградени мрежи и синергии со странски институции, широк потенцијал за вмрежување во КВС;
2. признавање на потребата од основање на берза на информации;
3. спремност за соработка и развивање на концептот.

Негативни аспекти:

1. Неизградени бизнис-релации со Центарот за развој на Скопскиот плански регион.

Центарот за развој на претприемачи и менаџери на Република Македонија_има потреба од информации поврзани со основни податоци за компаниите, нивниот годишен обрт, добивка и податоци за должничко-побарувачките односи на компаниите, информации за извозни активности - квантитет и обрт од извоз. Тие можат да понудат информации за пристап до финансии, за програми и обуки за личен и професионален развој, информации за вмрежување со компании од регионот и за пристап до пазари, како и информации за потребите на претприемачите и менаџерите кои им се неопходни во разни фази на развој на нивните компании.

Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство - ФИНКИ (прашалникот е одговорен по е-пошта од страна на деканот на факултетот, проф. д-р Иван Чорбев)

| **Генерални информации** | | |
|---|---|---|
| Датум, време | | 19.05.2016, 17:38 |
| Место (град) | | Скопје |
| Име на засегната страна | | ФИНКИ, УКИМ |
| Дејност на засегната страна | | Факултет за информатика |
| **Прашања на интервјуто** | | |
| 1. | Дали соработувате со претставници од бизнис-секторот при вршење на Вашите активности како образовна институција ? | Да |
| 2. | Ако одговорот е да, објаснете каков тип на соработка практикувате. | Студентски пракси, гостински предавања, дипломски работи, семинарски работи, спонзорства, заеднички истражувања и развој. |
| 3. | Со кои институции од јавниот сектор соработувате? | Министерства, агенции, МАНУ, универзитети, болници, клиники, музеи, влада. |
| 4. | Дали имате воспоставена соработка локалната самоуправа во Скопје и со Центарот за развој на Скопски плански регион? | Да, со општините. |
| 5. | Дали мислите дека е потребно основање на берза на информации како инструмент за економски развој? | Да |
| 6. | Доколку одговорот е да, кој тип на информации би биле потребни за Вашата институција? | Информации за аплицирање на Европски проекти, ИПА-фондови, потреба од истражувачка работа. |
| 7. | Кој тип на информации би можеле Вие како организација да ги понудите на другите заинтересирани страни? | Експертски капацитети. |
| 8. | Како придонес би можела Вашата институција да даде кон основањето на берза на информации и кластер заснован на знаење? | Експертски знаења, контакти со странски организации, универзитети, фондови, старт ап фондови. |

Позитивни аспекти:

1. воспоставена соработка со приватниот сектор, централната и локалната власт;
2. признавање на потребата од основање на берза на информации;
3. спремност за соработка и развивање на концептот;
4. понуда на човечки ресурси за истражување и развој, експертиза, инфраструктура за научни истражувања, IT-технологија.

Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство - ФИНКИ претставува клучна компонента на берзата за информации и потенцијалниот кластер заснован на знаење поради огромниот капацитет за понуда на експертски знаења и информации од областа на ИКТ. Тие нудат контакти со странски организации, универзитети, фондови, старт ап фондови  и можности за научно-итсражувачки активности кои би послужиле како основа за иновативни процеси. Имаат потреба од информации за пристап до фондови за финансирање на научно-истражувачка дејност.

Препораки. Резултатите од спроведеното истражување ја потврдуваат хипотезата и индицираат потенцијал за развој на кластер заснован  на знаење во Република Македонија. Соработката на овие  институции најпрво би започнала преку поврзување и размена на информации кои би се нуделе меѓусебно за унапредување на одделните перформанси на интерните компоненти на системот. Процесот на иновација кој би требало да резултира од синергиите помеѓу компонентите, би произлегол од идентификуваните проблеми во извршувањето на работните задачи на интерните компоненти.

Поради фактот дека изградената доверба е основа на еден квалитетен иновациски систем, односно knowledge cluster, би било потребно време да се развијат специфичните формални и неформални синергии помеѓу предложените институции, да се изгради нивниот „architectural knowledge" и да се диференцира како посебен жив ентитет кој би функционирал како самостојна институција. Она што е важно е дека постои капацитет кај приватниот сектор и научно-истражувачките институции кој мора да се надгради со силна поддршка од јавните политики и инструменти на сите нивоа на власт. Од тој аспект, потребна

е силна иницијална поддршка од централната и локалната власт, максимална ангажираност на Советот на Скопски плански регион и вработените во Центарот за развој, развој и изработка на проект кој финансиски би бил поддржан од централната власт, потенцијално од фондовите наменети за регионален развој или пак идеално, преку посебна програма на централната власт која би резултирала од воспоставена национална политика на развој на економија заснована на знаење по примерот на земјите кои имаат развиен КВЕ-систем.

Понатамошни детални истражувања за типот, формата и техничките организациски инпути за функционирање на КВС-концептот преку основање на берза на информации се од круцијална важност за успехот на овој проект.

# ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

1. Глобализацијата претставува процес на слободно движење на стоки, услуги, труд и капитал и креирање на заеднички пазар на инпути и аутпути со изразена доминација на финансиските пазари и мултинационалните компании над националните економии. Капиталот се одврзува од националните граници и почнува да работи сам за себе, повлекувајќи трансформација на територијалната (национална) држава во пазарно-корпоративна држава, како нова етапа во развојот на капитализмот, која ја нарекуваме мегакапитализам. Основни субјекти на вака дефинираниот процес на глобализација се меѓународните финансиски институции (Меѓународниот монетарен фонд, Светска банка, Светска трговска организација) и транснационалните корпорации (ТНК) кои го промовираат концептот на слободен пазар. Либералните политичари и економисти делуваат како агенти на корпоративниот капитал, со идентична цел - експанзија на капиталот и акумулација на профитот.

Економската глобализација доведува до мошне нерамномерен развој и е причина за растечката нееднаквост помеѓу центарот и периферијата на глобалната економска мапа. Таа е во колизија со системот на социјална заштита. Пазарите се добри за создавање богатство, но не се креирани да водат сметка за социјалните потреби на луѓето. Социјалната правда е „јавно добро“ кое може да се обезбеди само преку политички процес. Меѓутоа, не постои легитимен политички механизам кој би делувал корективно на глобално ниво со цел да ги неутрализира негативните тенденции на глобализацијата. Владите се контролирани од финансиските моќници, кои се заинтересирани за што понетранспарентен пазар преку лансирање на разните видови финансиски деривати, ризични продукти кои создаваат лажна претстава за реалната количина на пари во оптек. Поврзаноста на финансиските со политичките елити беше дополнителен предуслов за слобода на трансакциите со хартиите од вредност како симболи на шпекулативниот капитал, поради очекуваната финансиска поддршка во случај на финансиска криза. Меѓународните финансиски организации, а особено ММФ интервенираат како ултимативни заемодавачи кои ги таргетираат првенствено економиите на земјите во развој,

чиј тренд на енормно задолжување ја поткопува способноста на владите да управуваат со националните економии. Финансиските пазари не се стремат кон еквилибриум. Тие се подложни на кризи, а профитот доминира над моралните вредности.

Капиталистичкиот систем креира процес на замена на човечкиот труд со технологија, која е основна причина за растечката нееднаквост. Вишок на вредност создава трудот, но со воведување на поефикасни методи на работа и редуцирано работно време, вредноста на човечкиот труд содржана во производот се намалува и се приближува кон нула, стремејќи се кон ситуација во која производството не содржи човечки труд. Ако се знае дека стоките не можат да резултираат во профит без нивна реализација на пазарот, а работната сила без пари не е во состојба да ја консумира растечката маса на произведени стоки, ваквиот „напад“ врз законот на вредноста го најавува крајот на стоковото производство. За истото да се реализира, во игра стапува финансискиот сектор, преку отворање на финансиските вентили за кредитно задолжување, поставувајќи го шпекулативниот капитал на тронот на капиталистичкиот поредок кој добива доминантен статус во новата ера на глобализациски мегакапитализам и инфо-ера на електроника и високоразвиена технологија.

Новите информациски и комуникациски технологии лежат во основата на продуктивноста и формираат систем на мрежна глобална економија. Флексибилноста на технолошкиот систем им овозможува на економските субјекти да ги бираат сопствените компоненти и соработници на глобално ниво во неограничена варијабилна геометриска рамка во потрага по соодветни вредности кои продуцираат профит. Ваквите процеси инволвираат заобиколување на територии, региони и цели држави нации кои не носат потенцијал за профит на новите економски структури на мегакапитализамот кои постојано се менуваат во бесконечни варијации.

Суштинската основа на новата глобална економија карактеристична за ерата на информации е симултаниот капацитет да интегрира и дезинтегрира. Тоа ѝ дава квалитет на сегментирана глобализација со растечки тренд на нееднаквост помеѓу одделните национални економии категоризирани во центар и периферија (развиени и земји во развој и неразвиени), зголемена нееднаквост и

консеквентна поларизација (раст на врвот и дното на пирамидата на дистрибуција на профитот, за сметка на намалување на средната класа).

За да одржат одредено ниво на партиципација во финансиските текови кои се значаен фактор на нивната монетарна стабилност, националните власти често пати отстапуваат дел од својот економски суверенитет и се адаптираат на политиките на супранационалните финансиски институции (ММФ, Светска банка) или пак други регионални агенции. Ваквите трендови на долг рок ја менуваат организационата структура на државата нација, присилувајќи ја да се вмрежува со други национални економии, регионални и локални власти, па дури и невладини организации во мрежа на конекции и интеракции, концепт кој станува доминантна политичко-економска форма на информационата ера - креирање на т.н. „network state“. Крајната цел е зајакнување на финансискиот капитал, негова концентрација и централизација. Лимитираната способност на државата-нација да имплементира политика која не е одобрена од агентите на меѓународниот капитал е реалност. Моќта на мегакапитализмот ѝ го одзема квалитетот на фундаментален ентитет на демократијата.

Проблемот на кризата на мегакапитализмот не е глобализацијата per se, туку начинот на нејзиното управување. Предизвикот се состои во тоа како да се најде балансот помеѓу моќта и правдата, а екстерналиите на глобализациските придобивки да станат позитивни водејќи сметка за социјалниот „deal“ помеѓу државата и поединецот. Трендот на намалување на маргиналната ефикасност на капиталот води кон „изострување на методите на експлоатација на трудот“, а тоа пак води кон заострување на конкурентноста помеѓу различните видови на капиталистички системи и тоа на штета на оние кои се базираат на социјалната и развојна компонента. Евидентниот неуспех и современите проблеми околу акумулирањето на јавните долгови се перципираат како неуспех на социјалниот и развоен капитализам и неспособност на државите да генерираат развојни перформанси на начин што неолибералниот капитализам си го расчистува патот за потполна доминација на глобалната сцена. На тој начин, социјалната и развојна компонента се засенуваат од капиталот и стремежот за профит, а националната држава се трансформира во корпоративно-пазарна. Таа е зависна од милоста на мегакорпорациите кои управуваат со финансискиот капитал. Врската помеѓу современата држава и мегакорпорациите станува сè

позајакната, лансирајќи го мегакапитализмот како нов светски поредок. Алтернатива за излез од погубното сценарио е концептот на партиципативен економски модел на нова економија базирана на информации, знаење и технологија, но пред и на сè - демократија, социјална правда и системска одржливост. Партиципативната економија вклучува социјална сопственост на ресурсите за производство, организирање на граѓаните во заедници во кои постои поврзаност помеѓу работната сила, потрошувачите, капиталот и моќта, локални совети и органи на управување, демократско носење на одлуки, балансирана надокнада на работната сила базирана на вложениот труд и економија менаџирана во рамки на децентрализирани територијални структури чија примарна цел е економско-социјална инклузија. Новиот технолошки бран технички го дозволува овој концепт. Недостасува само силна политичка подготвеност на глобално ниво.

2. Промените во технологијата и иновациите се суштина на економскиот раст и развој и фундаментална сила која го моделира начинот на трансформација на глобалната економија. Кризите на економските циклуси се двигател на нов отскок кон освојување на пазари со понуда на иновативни производи и услуги, а причина за напредокот на човештвото се креативноста, инвентивноста и иновациите на најхрабрите кои својата награда ја бараат во т.н. „smart money“ или „умни пари“. Проблемот настанува кога технологијата ќе се подреди на интересите на капиталот која ја користи како инструмент за себеоплодување.

Тесната поврзаност помеѓу технолошките и економските системи најдобро е објаснета од несомнено еден од најеминентните светски економисти Nikolai Kondratieff. Во својата академска работа тој успеа да ги идентификува долгорочните бизнис-циклуси наречени „Kondratieff“ или „К“ циклуси. Еден К-бран се претставува со 60-годишен циклус со внатрешни фази кои најсликовито се објаснети со циклусите на годишните времиња. Иницијално, К-бранот започнува со просторна концентрација на новата технологија и постепена дифузија на стоките и услугите кои произлегуваат од новите процеси во останатиот дел од светот, движејќи се од центарот кон периферијата. Генерално, науката разликува пет К-бранови, од кои четири се комплетирани, а почетокот на петтиот почнува да се развива. Во суштина немаме финансиска и кредитно-монетарна криза, туку технолошка стагнација. Ваквите сознанија на

економската наука можат во голема мера да помогнат во прилагодување на економските со политичките системи.

Секоја нова фаза на технолошки бран и иновации повлекува посебна и карактеристична форма на економска организација на производството, соработка и конкуренција. Организационата форма на вмрежување, агломерации, алијанси и кластери се фокус и суштина на новиот 5-ти К-бран, благодарение на соодветната технолошка инфраструктура. Бранот К-5 се базира на информациска технологија, интернет и комуникациска технологија, дигитализација, роботика, биотехнологија, софтвер и оптички влакна. За прв пат во историјата, инструментите на генерирање, процесирање и пренос на информации станаа главни стоки и извор на економска продуктивност. Функционалната улога на поединечните сегменти на ТНК се менува со тенденција кон специјализација, а поврзаностите помеѓу одделните делови стануваат покомплексни. Организационата структура мора да кореспондира со потребата на организмот да биде глобално ефикасен, локално флексибилен и способен да ги користи предностите на учење и собирање на знаење и информации. Во целата оваа комплексност, најтешкиот дел е адаптацијата на човечкиот фактор кој е во основата на мрежните структури. Човечкиот потенцијал кој не може да одговори на современите потреби на адаптација останува маргинализиран и исклучен од мрежната структура. Ваквите тенденции кумулативно водат кон социјална деградација и економска периферијализација на цели територии, региони, држави. Клучот за успешни глобални перформанси е разбирање и прилагодување кон локалните економски варијабли. Различните делови од светот се меѓусебно поврзани преку материјални и нематеријални текови во систем од диференцирани врски на моќ и влијание кои имаат глобално-локален карактер.

Информациите, знаењето и технолошките иновации се катализатори на глобално-локалните вмрежувања. Во информационата ера, критична организациона форма се мрежите на компатибилни компании. Геоекономската мапа се кристализира на локални агломерации, односно кластери. Кластерите се акцелератор на локалниот економски развој. Компаниите здружени во кластер спроведуваат иницијативи на соработка што ја зголемува нивната конкурентност.

3. Глобалната економска мапа се состои од комплексни врски и мрежи во кои примарниот инструмент на глобалната меѓусебна поврзаност го имаат ТНК и СДИ. Разликите во економската и технолошката развиеност помеѓу одделните територии на геоекономската мапа континуирано се продлабочуваат. Според теоријата на центар и периферија, глобалниот мегакапитализам се развива во доминантен општествено-економски систем темелејќи се на присвојување на вишокот на вредност преку монополистички структури, изразен и видлив во односот центар - периферија. Монополската положба на центарот му овозможува прибирање на вишокот на вредност од сателитите во периферијата, кој подоцна се користи за окрупнување на капиталот. Инструменти и алатки на ваквиот процес се цените на производството преку гранките и дејностите со поголем органски состав на факторите на производство. Така се формира дискриминаторската практика на мегакапитализмот, заснован на платформата на ексклузивно право врз современата технологија, кој е фактор за натпросечната продуктивност на центарот.

Пред и над сите економии се наоѓа хегемонот САД, потпомогната од технологијата и вмрежувањето, која одржува голема брзина на инфо-растот. Наспроти неа се многу економии во развој и транзиција кои стагнираат поради непродуктивност и ригидни контракционистички политики на чуварите на глобалниот поредок, меѓународните финансиски институции. Растот во САД го предводат гранките засновани на новата технологија која е во суштина на продуктивноста на глобалното јадро и функционира во полза на финансиската олигархија. Јадрото на неолибералниот мегакапитализам промовира однос капитал-труд со крајна цел-елиминација на социјалната компонента. Во стремежот за елиминирање на националната држава на периферијата како бариера на капиталот на ТНК, мегакапитализмот ја претвори националната држава во корпоративна држава и ја втурна во должничко сценарио без моќ за контрола на сопствената економија, а со тоа и моќта за заштита на трудот. Целта на мегакапитализмот е да го расчисти патот за своја потполна доминација подготвувајќи го светот за новиот Кондратиев технолошки циклус. Во овој контекст, тој мора да тргне од намалување на јавниот сектор и редуцирање на правата на работникот и граѓанинот. За да остане одржлив инфо-растот, клучно прашање е дали изворите на продуктивност во САД

растат и дали економскиот раст може да биде прилагоден и усвоен од страна на Европа, а потоа и од Азија/Јапонија како трет мрежен столб на информационата мрежна економија, кој заедно со Европа би го урамнотежил моноцентричниот модел доминиран од САД во облик на една похармонична, полицентрична структура на геоекономската мапа. Европската Унија стои пред предизвикот на тестирање на сопствената способност за влез во мрежната економија под сопствени услови кои ѝ гарантираат зачувување на социјалниот модел на кој почива нејзиното капиталистичко уредување.

Стабилизацијата е прв и основен предуслов за подобрување на глобалната конкурентска позиција на ЕУ. Монетарните интервенции на ЕЦБ не се доволни за еврозоната да се спротивстави на ударите на мегакапитализмот и да одговори на потребите на инфо-растот преку сопствено етаблирање во водечка глобална валута. За таква амбиција, потребни се структурни економски реформи кои повлекуваат зголемена продуктивност на еврозоната.

4. Економската глобализација предводена од мегакапиталзимот продуцира сиромаштија, ширење на моноцентричниот модел на САД и осиромашување на растечката периферија. Вака конципирана, таа не нуди перспектива и развој на поединецот, а со тоа ни на човештвото.

Социјалната држава е фактор на продуктивност, а не товар на буџетот на државата нација. Социјалната солидарност и вербата во институциите како систем на управување се критични за стабилноста и следствено, за предвидливоста на инвестициите, а личната слобода е предуслов за претприемништво и иновативност. Дисасоцијацијата помеѓу економскиот раст и социјалниот развој е не само морално погрешна, туку и неодржлива на долг рок. Иднината на економскиот развој е одржлива соработка и градење синергии помеѓу централните и локалните власти и глобалните и локалните бизниси. Ваквите процеси ќе овозможат активирање и реинвестирање на маргинализираниот човечки потенцијал во рамки на полицентрична економска структура базирана на знаење и информации преку најлогичниот процес - економската локализација.

Употребата на технолошките достигнувања може да се конвертира во инструментален пререквизит за економска и социјална инклузија на периферните територии во системот на глобалната економија преку концептот

на партиципативна економија. Потенцијално решение на проблемите на глобалната економија е нејзина децентрализација во насока на креирање на локални полицентрични структури на глобалната геоекономска мапа со фер правила на игра за економска инклузија на што поголем дел од периферијата и креирање на економија на заедниците. Специфичната предност на економијата на заедниците, како алтернатива на економската глобализација, се идентификува во фактот дека заедничките, т.н. „shared values" се императив на економските делувања, а не профитот per se. Спротивно од тенденциите на mainsteram економијата, економијата на заедници врши хомогенизација на општествените поларитети, им доделува моќ на одлучување на сите засегнати страни и врши правична распределба на профитот.

5. Како рецепт за интегрирање во глобалната економија на Република Македонија ѝ беше понуден пакетот на „Вашингтонскиот" консензус, чии програми беа интегрален дел од стратегијата која во основа претставуваше комбинација од „неокласичен либерализам" и „ортодоксен монетаризам". Ваквата неолиберална економска доктрина создаде солидна основа за остварување на сценариото на класична должничка криза на македонската економија. Тие ја поставија парадоксалната макроекономска рамка на земјата која се крепи на два противречни столба: либерализација и стабилизација. Политиката на стабилен девизен курс оствари само една од очекуваните цели: намалување на инфлацијата. Резултатот е дезиндустријализација, деаграризација, зголемено ниво на невработеност и недоволно користење на продуктивниот работен контингент. Тие се и најголемата причина за неповолната глобална конкурентност на македонската економија. Фаворизирањето на странските директни инвестиции при истовремено дискриминиарње на домашните се рефлектира негативно врз мобилизација на домашната акумулација - малите и средни по големина претпријатија кои треба да бидат стожер на економскиот развој. Резултат од транзицискиот период е должничка економија во која државата се претвори во главна „корпорација" која оданочува и вработува.

Основата на излезот е во максимално ангажирање и користење на домашните економски капацитети, првенствено на расположливиот човечки потенцијал, знаење, вештини и информации и негово промовирање и вреднување. Моќта на

носење одлуки мора да се пренасочи од централно ниво, на ниво на локалните заедници.

6. Во поимот на економијата е да управува на локално ниво. Економијата е потсистем на природата, зашто е нераскинливо поврзана со ресурсите на природата. Секое оддалечување од природните закони на долг рок е неодржливо за економски развој. Глобалната бизнис-ориентација ги ослабува заедниците. Економската локализација ги зајакнува. Таа ги става заедниците во природен контекст, во склад со можноста за одржливост.

Економската локализација треба да ја разбереме како алтернатива - не прост избор помеѓу интеграција и изолација, раст и оскудност, туку паралелен начин на имплементација на економски активности. Таа е креативен начин на пренасочување од неодржливи, осиромашени и уништени кон самоодржливи економски системи. Глобалната рамнотежа и тренд кон хомогенизација и еквилибриум се невозможни без голем број мали, локални активности и иницијативи кои треба да се толку разнолики колку што постојат и различни средини и култури во чии рамки би се одвивале.

Формалната валута не ги оствари своите потенцијали на глобална хомогенизација заради фактот дека е монополизирана од тесна финансиска и глобално владејачка структура, потпомогната од механизмите на меѓународните финансиски институции. Нејзиното генерирање е монополизирано, а нејзината дистрибуција е подложна на политичка манипулација - факти кои ја прават достапна само за повластено малцинство. Ако формалната економија не успее на луѓето да им ги обезбеди стоките и услугите кои им се потребни за живот, тие ќе креираат систем на неформална економија заснована на корисности за заедницата. Вакви системи постојат одамна и тоа насекаде во светот, во форми на организирани локални валути. Таа е легален инструмент чија циркулација не е поттикната исклучиво од желбата да се премости јазот помеѓу тоа колку заработува поединецот и колку му е потребно за да преживее. Повеќе од тоа - локалната валута е алатка за градење на една цела заедница.

7. Постулатите на современото разбирање за едно демократско општество се во спротивност со практичните тенденции на функционирање на глобалната економија. Ако власта треба навистина да биде власт на народот, тогаш треба

да му се дозволи непречено да учествува во носењето на одлуки за прашања кои директно се однесуваат на неговата благосостојба и опстанок. Учеството на граѓанинот во процесите на носење одлуки може единствено и ефективно да се реализира на локално ниво.

Глобалните економски ентитети не доаѓаат во локалните средини со цел да ги унапредат и да креираат нови работни места, туку за да извлечат профит онолку колку можат за што е можно пократко време. Затоа, мора да им се даде простор за делување на локалните иницијативи, да се постави граница на моќта на корпоративната држава и да се пренасочи текот на носење одлуки кон локалните заедници преку градење на цврста локална управа која ќе им ја врати демократијата и економската слобода на своите членови. Процесот на економска локализација подразбира приходна автономија и фискален суверенитет на локалната власт.

Во Република Македонија постои парадоксална институционална основа која од територијално-географски аспект и де јуре е насочена кон децентрализација, но де факто премина во централизиран модел на управување во кој единиците на локална самоуправа добија ограничен простор за економскиот развој, резултирајќи со креирање на феноменот на корпоративна држава која ја презеде функцијата на основен агент на економскиот развој. Процесот на децентрализација не се етаблира како агент на инвентивност и раст на локалната економија, туку како политички инструмент на централната власт во остварување на своите коруптивни и политичко-пазарни трансакции.

8. Локалниот економски развој претставува процес во кој локалната власт и партнерите од деловниот и невладиниот сектор работат заедно во насока на подобрување на локалната бизнис-клима, креирање нови работни места и одржлив раст и развој. Крајната цел е подобрен животен стандард на жителите на локалната заедница. Новиот економски модел ја признава улогата на бројни институции и организации со различни интереси и само преку нивна идентификација и меѓусебна соработка е можен квалитетен локален економски и регионален развој кој претставува симбиоза на човечките и природните ресурси, со крајна цел креирање на работни места и раст. Суштината на локалниот економски развој се состои во зајакнување и признавање на вредноста на луѓето, тие се крајната цел, а не средство.

Модерните локални и регионални власти го вбројуваат територијалниот маркетинг како посебен сегмент на локалната јавна политика. Тој е процес во кој локалните власти се поврзуваат со потребите на таргетираниот клиент. Целта на модерните заедници во склад со новиот технолошки бран не е да привлечат фирми, туку да креираат соодветни услови за креирање и развој на нови високо-технолошки иновативни бизниси базирани на знаење. Дополнително, процесот на генерирање на работни места се поместува од страната на побарувачката, кон страната на понудата, односно кои работни места најдобро би одговарале на профилот на локалниот работен контингент. Целта е постигнување на локална економска стабилност и независност од надворешни влијанија во склад со основниот императив на концептот на економија на заедниците - стремеж кон сопственост над локалните ресурси преку стекнување контрола над локалната економија.

9. Концептот на локална самоуправа и независноста на општините во остварување на со закон загарантираните надлежности во чии рамки посебно место му припаѓа на локалниот економски развој е една од темелните вредности на уставниот поредок во Република Македонија. Поради високиот степен на политизација, локалната власт многу често делува како продолжена рака на централната власт, дистанцирана од реалните капацитети и потреби на граѓаните, првенствено насочувајќи го својот фокус кон интересите на корпоративната држава. Во услови на тонење во бездната на финансиска презадолженост и ниска технолошка база, ориентацијата кон внатре во системот на сите негови нивоа е основен предуслов за спас. Локализацијата не значи комплетна изолација од глобалната економска сцена, туку нуди модел за одржливост на локалните заедници во кој тие се поврзани со современите глобални трендови, но се комплетно независни од нив и поседуваат контрола врз самите себе. Ваквиот став би требало да претставува основа во креирање на економските политики и на централно и на локално ниво. Минимизирањето на негативните глобализациски ефекти претпоставува намалување на дистанцата помеѓу производителот и потрошувачот и намалување на зависноста од ресурси и стоки кои се илјадници километри далеку од географската локација на потенцијалниот потрошувач. Токму во ова се состои основната грешка на македонските реформатори кон пазарна економија уште на самиот почеток на

процесот на пазарна децентрализација - безусловната либерализација и постепеното уништување на македонската локална економија.

10. Клучна улога во имплементација на концептот за рамномерен регионален развој имаат локалните заедници/општините. Развојните диспаритети креираат силен предизвик за политиката на рамномерен регионален развој да го конвертира регионалниот развој од моноцентричниот во полицентричен, каде што населението ќе биде еднакво распоредено околу повеќе економски, финансиски, политички и културни центри, кои својот развој би го базирале првенствено на ендогениот потенцијал на ресурси, особено човечки (капитал и знаење во контекст на новиот К-бран).

Политиките на регионалниот и локалниот економски развој во Република Македонија се развиваат под различни околности, но и двата процеси поседуваат потенцијал за поттикнување на процесот економска локализација со крајна цел, подобрување на квалитетот на животот на граѓаните на субнационално/локално ниво. За постигнување на оваа цел, неопходно е намалување на моќта на корпоративната држава во корист на пониските нивоа на власт - услов кој со оглед на тековната политичко-економска состојба на државата има многу мала веројатност за реализација на доброволна основа.

11. Генералниот заклучок за нивото на локализација на економскиот развој на Република Македонија е дека тој не е ниту локален, ниту регионален. За приближување на перформансите на локалниот и регионалниот економски развој кон барањата на современите теории и практики потребни се сериозни, сеопфатни и повеќедимензионални реформи во Република Македонија.

Потребни се алтернативни локални развојни стратегии, доколку се има цел и намера да се одржи територијалниот интегритет и лојалност на локалните заедници кон „брендот“ Македонија. Тие подразбираат економска инклузија на локалните заедници од различно етничко потекло, интегриран и партиципативен пристап во носење одлуки од стратешко значење, промоција на зајакнати социјални односи помеѓу членовите на локалната заедница и локалните јавно-приватни партнерства и нивно вмрежување во диференцирани индустриски, производствени, трговски, услужни и области на истражување и развој со цел - економска одржливост во флуктуирачкото глобално опкружување. Локалните синергии, мрежи и поврзаности мораат да бидат

многу цврсти за да успеат да им се спротивстават на силите на глобализација, а такиот процес бара време и ресурси кои не секогаш се опипливи. Од суштинска важност се меѓусебната доверба, мотивација и чувство на идентитет и припадност.

12. Детерминантите на економскиот подем на компаниите и националните економии сè повеќе се сведуваат на нивната ефективност во креирање и употреба на знаење во економските процеси. Економијата заснована на знаење (KBE) се однесува на економија која аплицира информациски ресурси, технологија, специфични вештини, процеси и иновации за постигнување и забрзување на економскиот развој. Иновациите се резултат на бројни интеракции кои произлегуваат од синергии на посебни иновативни системи кои имаат тенденција кон експанзија надвор од националните граници и идеално стануваат глобални, инкорпорирајќи бројни локално-глобални врски. Индустриите кои се засноваат на знаење и технологија имаат тенденција да се здружуваат во кластери, просторни концентрации на претпријатија, специјализирани компании, универзитети и институции за истражување и развој кои се меѓусебно комплементарни и поврзани со слична технологија и вештини, односи купувач-снабдувач и методи на пристап до пазарот и како такви развиваат специфични предности на агломерација кои тешко се копираат. Концептот на кластери заснован на знаење (KBC) се разликува од индустрискиот кластер. Кластерот заснован на знаење (knowledge based cluster) е локален иновациски систем организиран околу универзитети, истражувачки институции и фирми кои продуцираат иновации и креираат нови индустрии.

Концептот KBE би можел да се аплицира како алтернатива на економскиот развој на Република Македонија. За негова успешна реализација потребни се промени во пристапот и организациската поставеност на сите нивоа на власт и инклузивна партиципација на сите заинтересирани страни. Резултатите од спроведеното теренско истражување ја потврдуваат хипотезата и индицираат потенцијал за развој на кластер заснован на знаење во Република Македонија. Соработката на предложените институции најпрво би започнала преку поврзување и размена на информации кои би се нуделе меѓусебно за унапредување на одделните перформанси на интерните компоненти на системот. Процесот на иновација кој би требало да резултира од синергиите

помеѓу компонентите, би произлегол од идентификуваните проблеми во извршувањето на работните задачи на интерните компоненти. Потребно е време да се развијат специфичните формални и неформални синергии помеѓу предложените институции, да се изгради нивниот „architectural knowledge“ и да се диференцира како посебен жив ентитет кој би функционирал како самостојна институција. Она што е важно е дека постои капацитет кај приватниот сектор и научно-истражувачките институции кој мора да се надгради со силна поддршка од јавните политики и инструменти на сите нивоа на власт. Идеално, се препорачува изработка на посебна програма на централната власт која би резултирала од воспоставена национална политика на развој на економија заснована на знаење по примерот на земјите кои имаат развиен КВЕ-систем.

# БИБЛИОГРАФИЈА


1. Adams, Johanne, Assessment of Intra-Municipal Relations and the Role of Neighbourhood Self-Government, OSCE Mission to Skopje, July 2004.
2. Аналитички извештај за процесот на децентрализација, Граѓанско учество на локално ниво, Мисија на ОБСЕ во Скопје, септември 2014.
3. Analysis of the perception of focus group participants about the situation and politics in Macedonia, Qualitative study - focus groups, Public opinion research, NDI, USAID, February 2016.
4. Arias, Omar S., Sanchez-Paramo, Carolina, Davalos, Maria E., Santos, Indhira, Tiongson, Gruen, Carola, Erwin R., Falcao, Natasha de Andrade, Saiovici, Gady, Cancho, Cesar A., Back to work, Growing with Jobs in Europe and Central Asia, International Bank for Reconstruction and Development / The World Bank, 2014.
5. Asian Development Bank, Innovative Asia:Advancing the Knwledge-Based Economy, The Next Policy Agenda.
6. Asymmetric Fiscal Decentralization: Glue or Solvent?, Richard M. Bird, April 2003.
7. Bathelt, Harald, Clusters and knowledge: local buzz, global pipelines and the process of knowledge creation, Progress in Human Geography, Sage Journals, February, 2004.
8. База на податоци на ОБСЕ за годишните сметки на единиците на локалната самоуправа за 2005-2010 година.
9. Бенефити и трошоци од странските директни инвестиции во технолошко-индустриските развојни зони, Случај: Македонија за периодот 2007-2014 година, Центар за економски анализи-ЦЕА, Скопје, јануари 2016.
10. Билтен на Министерство на финансии на Република Македонија, декември 2014.
11. Biosca, A.B., A look at business growth and contraction in Europe, 2011, 3rd European Conference on Corporate R@D and Innovation.
12. Bitchler and Nitzan (2012); Dragoljub Stojanov, Pavle Jakovac: Ekonomska znanost u zamci globalizacije, EKONOMSKI PREGLED, 64 (5) 447-473 (2013).
13. Blakely, Edward J., (New School University), Bradshaw, Ted K. (University of California, Davis), Planning Local Economic Development and Practice, 3rd Edition.

14. Capital Account Regulations for Stability and Development: A New Approach, The Frederick S. Pardee Center for the Study of the Lomger Range Future , Issues in Brief 022, November 2011.
15. Castells, Manuel, Information Technology, Globalization and Social Development**,** UNRISD Discussion Paper No. 114, September 1999.
16. Castells, Manuel, The Rise of the Network Society, (2000/1996).
17. Ceriani, Lidia and Dávalos, María E., First Insights into Promoting Shared Prosperity in South East Europe, February 2014.
18. Chandan, Dev Singla, Knowledge-Based Cluster Development in India, Opportunities and Challenges, Massachusetts Institute of Technology, September, 2008.
19. Credit Suisse, Global Wealth Databook 2015 и Forbes, годишна листа на милионери за 2015.
20. Cyan, Dr. Musharraf R., Martinez – Vazquez, Dr. Jorge, Timofeev, Dr. Andrey, Fiscal Decentralization for Local Development, An Integral Study, UNDP, Skopje, Republic of Macedonia, Ministry of Finance, Atlanta, Georgia (USA), Georgia State University, May 2012.
21. Dafflon, Bernard, Professor for Social and Economic Science, Fiscal Decentralization, University of Fribourg.
22. Дата-база на регионална статистика, Државен завод за статистика на Република Македонија.
23. Decentralization and Local Development, What's Next, UNDP, 2014.
24. Decentralization: Experiments and Reforms, Local Governemnt and Public Service Reform Initiative, Open Society Institute, Edited by Tamas M. Horvath, 2000.
25. Dicken, Peter, Global Shifts, Mapping the Changing Contours of the World Economy, 5$^{th}$ Edition, 2007.
26. Doing Business 2015, Going Beyond Efficiency, Economy Profile 2015, Macedonia, FYR, World Bank Group Flagship Report.
27. Doremus et.al. 1998: The myth of the Global Corporations. Prinston, Nj: Prinston University Press.
28. Economic Localization: A Strategic Framework for the City and County of Peterbourough, Version 2.0, Prepared by Transition Town Peterborough for its partners, businesses, municipal governments and the general public ,November 2013.
29. European Cluster Memorandum 2008.

30. Eurostat, European Competitivness Challenge, April 2016.
31. Eurostat, Statistics in focus, Economy and Finance, 52/2012.
32. Evers, Hans-Dieter, Knowledge hubs and knowledge clusters:Designing a knowledge architecture for development, Center for Development Research (ZEF), University of Bonn, 2008.
33. Feser, Edward J, Industry Clusters and Economic Development: A Learning Resource, University of Illinois,2004.
34. Fiscal Decentralization in Transition Economies: Case Studies from the Balkans and Caucasus, UNDP, Bratislava, 2005.
35. Фискална децентрализација во функција на локален развој, Интегрална студија, Република Македонија, Министерство за финансии, мај 2012.
36. Фискална стратегија на Република Македонија 2014-2016, Влада на Република Македонија, Скопје, септември 2013.
37. Фити, д-р Таки, Економска филозофија на ММФ - основа за економски раст или погрешен концепт: Македонија во глобализацијата, редактор, Наталија Николовска, Економски факултет - Скопје, 2004.
38. Фити, д-р Таки: Брзо да се скратат владините трошења, оти ќе треба да се зголемат даноците! Објавено на 1 април 2016, 10:12 од редакцијата на капитал во МКД-Бизниси и политика.
39. Florek, Magdalena , Territorial marketing, theoretical issues and empirical survey in wielkopolska communes, Poznan University, Poland, November 2003.
40. Florida, Richard, The Rise of Creative Class, 2002.
41. From Stabilization to Sustainable Growth, Annual Report 2014, International Monetary Fund.
42. FYR Macedonia Decentralization Status Report, Document of the World Bank, September 22, 2003.
43. FYR Macedonia Public Expenditure Review Fiscal Policy for Growth, Report No. 93913- MK, World Bank Group, Macroeconomics & Fiscal Management, July 2015.
44. Gallagher, Dr. Kevin, Speculative Capital Flows in Developing Countries, http://vimeo.com/40887227.
45. Gallagher, Kevin P., Griffith-Jones, Stephany and Ocampo, José Antonio, Capital Account Regulations for Stability and Development: A New Approach, The Frederick

S. Pardee Center for the Study of the Lomger Range Future , Issues in Brief 022, November 2011.

46. George W. Hammond,The Impact of Local Decentralization on Economic Growth: Evidence from U.S. Counties, (West Virginia University) Mehmet S. Tosun (University of Nevada), Discussion Paper No. 4574 November 2009.
47. Gibson-Graham, J.K. (2006) Post-Capitalist Politics. Minneapolis, MN: Minnestota University Press.
48. Gordon, Ian R., McCann, Philip, Industrial Clusters: Complexes, Agglomeration and/or Social Networks?,Article, Urban Studies, Sage Journals, March, 2000.
49. Griswold, Daniel, The Blessigs and Challenges of Globalziation, rticle, CATO Institute, September1, 2000.
50. Guriev, Sergei (Professor of Economics and the Head of the New Economic School in Moscow), Russia’s Effect on the World Economy Would Be Trivial, The New York Times.
51. Hammond, George W., Tosun, Mehmet S., The Impact of Local Decentralization on Economic Growth:Evidence from U.S. Countries, Discussion Paper No. 4574, November 2009.
52. How to strengthen the territorial dimension of „Europe 2020” and the EU Cohesion Policy, Report based on Territorial Agenda 2020 prepard at the request of the Polish Presidency of the Council of the European Union , Warsaw, September 2011.
53. Hristova, Snezana (Phd.), Local Economic Development in the Era of Globalization: The Case of Republic of Macedonia, University American College Skopje**,** April, 2013.
54. Христова, Снежана, Локалната самоуправа и локалниот економски развој во Република Македонија, докторска дисертација, ментор, проф. д-р Наталија Николовска, Универзитет Св. „Кирил и Методиј“, Скопје, 2013.
55. Human Development Report, UN, 2001.
56. Human Development Report, UN, 2005.
57. Idea Clustering, The Economist, Article, 24 August 2009.
58. IMF Country Report No. 14/231, July 2-14.
59. Индустриска политика на Република Македонија 2009-2020, Министерство за економија на Република Македонија, јуни 2009.
60. Информација од Биро за рамномерен регионален развој, 24.03.2015.

61. Информација од Министерство за локална самоуправа, ноември, 2015 година.
62. Информација од Министерство за локална самоуправа, октомври, 2014 година.
63. Информација од Министерството за локална самоуправа, ноември, 2015 година.
64. Информација за постигнати резултати (јули 2008 - јули 2009), Министерство за локална самоуправа, Скопје, 27 јули 2009.
65. Информација за процесот на децентрализација (април - декември 2007), Министерство за локална самоуправа, Скопје, декември 2007.
66. Информација за процесот на децентрализација (јануари - јуни 2008), Министерство за локална самоуправа, Скопје, ноември 2008.
67. Информација за процесот на децентрализација (септември 2009 - мај 2010), Министерство за локална самоуправа, Скопје, мај 2010.
68. Information on the debts of the municipalities of Republic of Macedonia, Ministry of Finance, Skopje, February 2005.
69. Информативно писмо од Бирото за регионален развој, 2011.
70. Investment in Macedonia, KPMG, 2012.
71. Investment Policy Review for former Yougoslav Republic of Macedonia, UNCTAD, 2012.
72. Issues in Urban and Municipal Development, Former Yugoslav Republic of Macedonia, A Policy Note, Report No. 37278-MK, World Bank, November 2006.
73. Извештај за проценка на децентрализацијата 2006-2011, Мисија на ОБСЕ Скопје, декември 2011.
74. Извештај за процесот на фискална децентрализација во Република Македонија, Урбан Рурален Консалтинг, Скопје, октомври 2007.
75. Извештај за реализацијата на програмата за спроведување на процесот на децентрализација и развој на локалната самоуправа во Република Македонија 2010-2014, за 2012 година, Министерство за локална самоуправа, поддржано од УНДП, декември 2013.
76. James, Laura, Guile, David and Unwin, Lorna, From learning for the knowledge based economy to learning for growth: re-examining clusters, innovation and qualifications, Research Paper 29, Centre for Learning and Life Chances in

Knowledge Economies and Societies (LLAKES), Institute of Education, University of London.

77. Joseph Chukwuma, Duru, Emmanuel (Ph.D), Glocalization and the Future of Africa, Department of Political Science, University of Calabrar, Calabrar, Nigeria (duruejc@yahoo.com, +234(0)8037239727; +234(0)8052554205).
78. Kastels, Manuel, Informaciona tehnologija i globalni kapitalizam, Globalna, umrezena ekonomija.
79. Kenneth D.,Fiscal Authonomy and Efficiency, Bexeti A.,Македонија по Рамковниот договор, ФИОМ, Скопје, 2006.
80. Комуникациски план за спроведување на програмата за развој и поддршка на бизнис сектор во Скопскиот плански регион (2015-2020), Скопје, септември 2015.
81. Куртиши, Неџати, Фискалната политика и нејзиното влијание врз економијата на Македонија, Скопје, 2013.
82. Квартален економски извештај К-1-12, Министерство за финансии, Република Македонија.
83. L. de Haan, A. Naumovska and H.M.M. Peeters, MAKMODEL: A Macroeconometric Model for the Republic of Macedonia, De Nederlandsche Bank, Econometric Research and Special Studies Department Research Memorandum WO&E no. 665, August 2001.
84. Landell-Mills, Pierre,Serageldin, Ismail, Governance and the External Factor,World Bank,Washington DC, 1991.
85. Local and Regional Development in R.M.: Neither Local, nor Regional, Monitoring the Decentralization of Local Economic Development in the Republic of Macedonia, Foundation Open Society-Macedonia, 2011 Report, Skopje, September 2012.
86. Local Government in Critical Times:Policies for Crisis, Recovery and a Sustainable Future, Council of Europe Center for Expertise for Local Governemnt Reform, Edited by Kenneth Davey 2011.
87. Макроекономска политика на Република Македонија за 2010 година, Влада на Република Македонија, Скопје, декември 2009.
88. Malmberg, A., Maskell,P., Localised learning and industrial competitiveness, Cambridge Journal of Economics, Volume 23, Issue 2, 1999.
89. Мандер, Џери, Голдсмит, Едвард, Глобализација, аргументи против, 2005.

90. Metaxas, Theodore (Adjunct Lecturer), Place Marketing, Strategic Planning and Competitiveness: The Case of Malta, Department of Planning and Regional Development, University of Thessaly, Pedion Areos, Volos, Greece, Discussion Paper Series, 13(20): 449-476, November 2007.
91. Meyer-Stamer, 2008, Systemic Competitiveness and Local Economic Development.
92. Mojsovska, Silvana (PhD.), Decentralization and Regional Policy in the Republic of Macedonia: Developments and Perspectives, LSEE Papers on Decentralization and Regional Policy, Research Paper 4, July, 2011.
93. Mojsovska, Silvana (PhD.), Macedonia's Economic Arrangements with International Organizations: Gains and Losses, Discussion paper DP 29, The Center for the Study of Global Governance.
94. Мониторинг на имплементацијата на начелата на добро управување со јавните средства, нацрт-извештај, ФИООМ, 2008.
95. Национален атлас на кластери, Министерство за економија на Република Македонија, Скопје, 2013.
96. Национална програма за економски реформи, Република Македонија, јануари 2015.
97. NBC News, Brexit Vote: Why Britain Could Quit E.U. and Why America Cares, Mac William Bishor and Alastair Jamieson, Apr 25 2016, 7:42 am ET.
98. Nejednakost u svetu nikad veca, Milijarderi imaju para kao pola svetske populacije zajedno, Jutarnji list,18.01.2016.
99. Несторовски, д-р Методија, Регионални аспекти на инвестициите во Република Македонија, Општествено-економскиот развој на Република Македонија со посебен осврт врз регионалната компонента и пазарот на труд, Зборник на трудови по повод 100 години од раѓањето на академик Кирил Миљоски, МАНУ, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Економски факултет-Скопје.
100. Nicoletta, Feruglio, Martinez-Vazquez, Jorge and Timofeev, Andrey, Assessment of Fiscal Decentralization in Macedonia, UNDP Macedonia 2008.
101. Николов, д-р Марјан, Економски и политички импликации на корупцијата во Република Македонија, Центар за економски анализи, Конференција: Македонија и корупцијата-состојби и предизвици, ФИООМ, Скопје, ноември 2004.

102. Николов, д-р Марјан, Седум причини зошто нема да успее процесот на децентрализација во Република Македонија, Центар за економски анализи, Скопје.
103. Николовска, д-р Наталија, Глобализациски парадокс-државата агент v. кочничар на економскиот развој (случајот на Р Македонија).
104. Николовска, д-р Наталија, Регионалниот модел на центарот и периферијата во светлината на кризата на ЕУ,Општествено-економскиот развој на Република Македонија со посебен осврт врз регионалната компонента и пазарот на труд, Зборник на трудови по повод 100 години од раѓањето на академик Кирил Миљоски, МАНУ, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Економски факултет-Скопје.
105. Николовска, д-р Наталија, Транзиција кон третиот свет: Македонија во глобализацијата, редактор, Николовска Наталија, Економски факултет-Скопје, 2004.
106. Николовска, д-р Наталија,Регионална економија, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Економски факултет-Скопје, 2000.
107. Nikolovska, Natalija , Sundic, Dragomir: Globalization and Economic Downfall of Countries in Transition, Skopje, 2002.
108. Now is the Time, Fiscal Policies to Sustainable Growth, Fiscal Monitor, International Monetary Fund, April 2015.
109. Ohrid Framework Agreement Review on Social Cohesion , Skopje, 2015.
110. Organization for Economic Cooperation and Development, The Knowledge-Based Economy, Paris, 1996.
111. Plan of Activities for Transfer of Competences from the State to Municipalities, I Phase (1 April 2005 - 31 October 2005), 8 March 2005.
112. Pol.A.Volker, More globalnih finansija.
113. Поповска, д-р Златка, Политика на технолошки развој, Економски факулет Скопје, 2000.
114. Поповска, д-р Златка, Насоки на технолошката политика на Република Македонија, Странскиот капитал во функција на технолошкиот развој на Република Македонија, Реферати и дискусии од научен собир, Економски факултет Скопје, 20 март 2003.

115. Поповска, д-р Златка, Технолошки развој на Македонија, Економски факулет Скопје, 1993.
116. Popovska, Zlatka (Ph.D.), Full Professor, Ristovska, Milena (M.Sc.), Teaching Assistant, Faculty of Economics, University „Ss Cyril and Methodius“, Skopje, Republic of Macedonia, Stankosky,Michael (Ph.D.), Professor,School of Engineering and Applied Sciences, George Washington University, Washington D.C., Managing Knowledge Assets for Competitiveness in the Knowledge Era.
117. Постоечките практики и тековните политики нз меѓуопштинската соработка во Република Македонија со препораки за натамошно унапредување, Министерство за локална самоуправа, Република Македонија, октомври 2014.
118. Програма за обука за Заедничка рамка за проценка (Common Assessment Framework-CAF) на Европскиот институт за јавна администрација од Мастрихт.
119. Програма за одржлив локален развој и децентрализација во Република Македонија 2015-2020.
120. Програма за развој и поддршка на бизнис сектор во Скопскиот плански регион (2015-2020) со Акциски план (2015-2016), Скопје, септември 2015.
121. Програма за спроведување на процесот на децентрализација и развој на локалната самоуправа во Република Македонија 2011-2014, Министерство за локална самоуправа.
122. Промовирање на соработката преку добро владеење во спроведувањето на антикорупциската политика - истражувања и анализи, Државна комисија за спречување на корупцијата и Мисија на ОБСЕ во Скопје, декември 2014 година.
123. Property Tax Reform in Developing and Transition Countries, USAID, Fiscal Reform and Economic Governance Task Order, December, 2009.
124. Quigley, Chistopher , Kondratieff Waves and the Greater Depression of 2013-2020, http://www.financialsense.com/contributors/christopher-quigley/kondratieff-waves-and-the-greater-depression-of-2013-2020.
125. Reality or only municipal competence, Monitoring the Decentralization of Local Economic Development in the Republic of Macedonia, Foundation Open Society-Macedonia, 2010 Report, Skopje, September 2011.

126. Rennstich,J., The new economy, the leadership long cycle and the nineteenth K wave, Review of International Political Economy,9:150-82 (2002).
127. Rondinelli, Dennis , World Bank Institute Intergovernmental Fiscal Relations & Local Financial Management Program, What is decentralization? Decentralization Briefing Notes.
128. Rondinelli, Dennis, What Is Decentralization?, Decentralization Briefing Notes, World Bank Institute, Intergovernmental Fiscal Relations & Local Financial Management Program.
129. Rosecrance, Richard N., The Rise of the Virtual State: Territory Becomes Passé, Foreign Affairs Essay, July/August 1996 Issue.
130. Rosenfeld, Stuart A., Creating Smart Systems: A guide to cluster strategies in less favoured regions, European Union-Regional Innovation Strategies, April 2002.
131. Saxenian, Anna Lee., Regional Advantage: Culture and Competition in Silicon Valley and Route 128..Massachusetts: Harvard University Press (1994).
132. Sen, Amartya , Development as Freedom (New York: Alfred A. Knopf., 1999).
133. Sergei Guriev, Professor of Economics and the Head of the New Economic School in Moscow, Russia’s Effect on the World Economy Would Be Trivial, The New York Times.
134. Сиан, Мушараф Р., Мартинез -Баскез, д-р Хорхе, Тимофеев, д-р Андреј, Финансирање на испораката на подеднакви услуги за сите граѓани, Физибилити студија, УНДП, мај 2009.
135. Силјановска Давкова, Гордана , Митков, Владимир, Локална самоуправа Скопје, 2004.
136. Сорос, Џорџ, За глобализацијата, 2011.
137. South East Europe Municipal Finance Review, Local Government Finance in the Western Balkans, World Bank, September 2013.
138. Спасов, Александар Љ., Децентрализацијата во Македонија (Рамномерен регионален развој и образование), Состојби и перспективи, декември 2008.
139. Среднорочен преглед на процесот на децентрализација во Македонија, УНДП (2011).
140. Stabilisation and Association Report 2004, Former Yugoslav Republic of Macedonia, Commission of the Euroepan Communities, Brussels, 30.03.2004, SEC(2004) 373.

141. Stakic, Budimir, Megjunarodne finansijske institucije, Megjunarodno kretanje kapitala i modeli upravjlanja otplatom duga, Univerzitet Singidinum, Beograd 2102.
142. Stiglitz, Joseph , How I Would Vote in the Greek Referendum, The Guardian, article 2015.
143. Stiglitz, Joseph E. ,The Price of Inequality, 2012.
144. Stojanov, Dragoljub, Jakovac, Pavle: Ekonomska znanost u zamci globalizacije, EKONOMSKI PREGLED, 64 (5) 447-473 (2013).
145. Странски директни инвестиции во Република Македонија, 2003-2007, Статистички преглед: Национална економија и финансии, Државен завод за статистика, Република Македонија, Скопје, март 2009.
146. Студија за можностите за испорака на услуги кон приватниот сектор од страна на Центрите за развој на планските региони, Иновативни решенија за подобрен пристап до услуги на локално ниво, Проект на Министерство за локална самоуправа и програма за развој на Обединетите нации-УНДП, јули 2014.
147. Subnational Data Requirements for Fiscal Decentralization, Case Studies from Central and Eastern Europe, Edited by Serdar Yilmaz, Jozsef Hegedus, Michael E. Bell, The World Bank, 2003.
148. Support to the Decentralization Process (2007), EU Project, Background of local development in 36 project municipalities, Inception Report, June 2007.
149. The Economist, 1 октомври 2005.
150. The Global Competitiveness Report 2014-2015, World Economic Forum.
151. The National Academic Press, The Growth of Incarceration in the United States, Exploring Causes and Consequences (2014).
152. The Rise of Specualtive Capital and its Geopolitical Implications, Dec.2008.Vol18.Ed6. . http://www.lrna.org/2-pt/articles/v18ed6art2.html.
153. The Social Consequences of the Global Economic Crisis in South East Europe Edited byWill Bartlett & Milica Uvalić, London School of Economics and Political Science, LSEE - Research on South Eastern Europe, June 2013.
154. The Wall Street Journal.
155. Трајчевски, Бранко, Малинов, Антони, Николиќ, Војислав, Водич низ надлежностите на општините, УНДП, Скопје, декември 2005.

156. Тренеска Десковска, д-р Рената, Истражување за децентрализацијата, Институт за демократија-Социетас Цивилис Скопје, септември 2012.
157. Треновски, д-р Борче, Анализа на интеракциите и ефектите од монетарната и фискалната политика во Македонија, Економски факултет, Скопје.
158. Учество на граѓани во носење на одлуки на локално ниво, Водич со алатки, Мисија на ОБСЕ во Скопје, ноември, 2013 година.
159. UNCTAD Report, 2001.
160. UNCTAD Report, 2005.
161. UNDP Report, 1997.
162. Узунов, д-р Ванчо, Конкурентност и локален економски развој, Институт за деловно право и економика, Правен факултет „Јустинијан Први“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје.
163. Влада на Република Македонија, Министерство за финансии, Информација за долговите на општините на Република Македонија, февруари 2005.
164. Wallace, Sally, Fiscal Architecture: Module 3, Andrew Young School of Policy Studies, Georgia State University.
165. Weisberg, Jacob , What Caused the Economic Crises, Article, 9 January, 2010.
166. World Bank Report, 2001.
167. World Development Report 2013.
168. ЗЕЛС Билтен на активности, 10 април, 2012.

*Закони, подзаконскии акти и службени весници*

1. Службен весник на РМ бр. 07/2008.
2. Службен весник на РМ бр. 5/2002.
3. Службен весник на РМ бр. 119/2013.
4. Службен весник на РМ бр. 160/2014.
5. Службен весник на РМ бр. 28/2010.
6. Службен весник на РМ бр. 53/2011.
7. Службен весник на РМ бр. 63/2007.
8. Службен весник на РМ бр. 79/2009.

9. Одлука за утврдување на номенклатурата на територијалните единици за статистика-НТЕС, Службен весник на РМ бр. 158/2007.
10. Одлука за класификација на планските региони според индексот на развој за периодот 2008-2012 година, Службен весник на РМ бр. 162/08.
11. Закон за даноци на имот, Службен весник на РМ бр. 61/2004.
12. Закон за финансирање на единиците на локална самоуправа, Службен весник на РМ бр. 61/2004.
13. Закон за изменување и дополнување на Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, Службен весник на РМ бр. 47/2011.
14. Закон за меѓуопштинска соработка, Службен весник на РМ бр. 79/2009.
15. Закон за рамномерен регионален развој, Службен весник на РМ бр. 63/2007.
16. Закон за стимулација на развој на економски неразвиените региони, Службен весник на РМ бр. 02/1994 и 320139/1999.
17. Законот за локална самоуправа, Службен весник на РМ бр. 05 /2002.
18. Закон за комунални дејности, Службен весник на РМ бр. 45/1997.
19. Закон за градежно земјиште, Службен весник на РМ бр. 17/2011.
20. Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер, статии, март 2006.
21. Закон за социјална заштита, Службен весник на РМ бр. 79/2009.
22. Закон за Град Скопје, Службен весник на РМ бр. 55/2004.
23. Закон за територијална организација, Службен весник на РМ 55/2004.
24. Закон за општа управна постапка, Службен весник на РМ бр. 62/2006.


*Веб-страници*


1. http://adb.org/sites/default/files/pub/2014/innovative-asia-knowledge-based-economy.pdf.
2. http://cje.oxfordjournals.org/content/23/2/167.short?rss=1&ssource=mfc.
3. http://data.worldbank.org/indicator/NE.CON.GOVT.ZS.
4. http://ec.europa.eu/eurostat.

5. http://ec.europa.eu/regional_policy/archive/innovation/innovating/pacts/pdf/leed_en.pdf.
6. http://economistsview.typepad.com/economistsview/2006/09/jagdish_bhagwat.html.
7. http://finance.gov.mk/mk/node/57.
8. http://kapital.mk/fiti-brzo-da-se-skratat-vladinite-troshena-oti-ke-treba-da-se-zgolemat-danotsite/.
9. http://knoema.de/GSBTI2014/bertelsmann-transformation-index-2014?regionId=MK.
10. http://mpra.ub.uni-muenchen.de/8778/.
11. http://papers.ssrn.com/sol3/papers.cfm?abstract_id=2245571.
12. http://phg.sagepub.com/content/28/1/31.short?rss=1&ssource=mfc.
13. http://siteresources.worldbank.org/INTUNIKAM/Resources/2012.pdf.
14. http://soros.org.mk/dokumenti/sledenje_decentralizacija_mk_web.pdf.
15. http://soros.org.mk/dokumenti/zabavena-ili-zaboravena--za-WEB.pdf.
16. http://unctad.org/en/Pages/Statistics.aspx.
17. http://usj.sagepub.com/content/37/3/513.abstract.
18. http://vimeo.com/40887227.
19. http://vmro-dpmne.org.mk/wp-content/uploads/documents/ParlOtcet-2014_online.pdf.
20. http://www.balkaninsight.com/en/article/macedonia-fdi-worse-than-last-year.
21. http://www.barrowcadbury.org.uk/wp-content/uploads/2013/02/MCED-final-report-LWM-Jan-2013.pdf.
22. http://www.bbc.com/news/uk-politics-36616028.
23. http://www.blic.rs/vesti/svet/nejednakost-u-svetu-nikad-veca-milijarderi-imaju-para-kao-pola-svetske-populacije/9bvmxbe.
24. http://www.ciesin.columbia.edu/decentralization/English/General/history_fao.html.
25. http://www.ciesin.org/decentralization/English/General/Different_forms.html.
26. http://www.d.umn.edu/~cstroupe/ideas/glocalization.html.
27. http://www.defenddemocracy.press/president-belgian-magistrates-neoliberalism-form-fascism/.
28. http://www.democracynow.org/2013/3/25/video_understanding_the_mondragon_worker_cooperative_corporation_in_spains_basque_country.
29. http://www.dnb.nl/en/binaries/wo0665_tcm47-145967.pdf (достапно на 04.10.2010).
30. http://www.eipa.eu/files/File/CAF/CAF_2013.pdf.
31. http://www.fes.org.mk/pdf/stranski.pdf.

32. http://www.financialsense.com/contributors/christopher-quigley/kondratieff-waves-and-the-greater-depression-of-2013-2020.
33. http://www.gfintegrity.org/reports/.
34. http://www.indexmundi.com/macedonia/gdp_composition_by_sector.html. (CIA World Factbook).
35. http://www.intelligentcommunity.org/index.php?src=news&refno=301&category=Community.
36. http://www.lrna.org/2-pt/articles/v18ed6art2.html.
37. http://www.nap.edu/catalog/18613/the-growth-of-incarceration-in-the-united-states-exploring-causes?gclid=CMaT3qeGp8wCFewW0wod3skNNQ.
38. http://www.nbcnews.com/news/world/brexit-vote-why-britain-could-quit-e-u-why-america-n526386.
39. http://www.novamakedonija.com.mk/NewsDetal.asp?vest=122915838155&id=10&prilog=0&setIzdanie=23650.
40. http://www.pravdiko.mk/istorija-na-lokalnata-samouprava-vo-republika-makedonija/.
41. http://www.reconomy.org/economic-enablers/alternative-means-of-exchange/complementary-currencies/.
42. http://www.sigmalive.com/en/news/greece/133701/tem-alternative-currencies-flourish-in-greece#sthash.AL0kEIn6.dpuf, The Wall Street Journal.
43. http://www.stat.gov.mk/.
44. http://www.stat.gov.mk/KlucniIndikatori.aspx.
45. http://www.stat.gov.mk/pxweb2007bazi/Database/Статистика%20по%20региони/databasetree.asp.
46. http://www.theguardian.com/commentisfree/2014/jun/02/control-nation-states-corporations-autonomy-neoliberalism.
47. http://www.theguardian.com/world/2013/mar/07/mondragon-spains-giant-cooperative.
48. http://www.transparency.org/whatwedo?gclid=Cj0KEQjwrPqnBRD56dGe1o_WlZsBEiQAb5ugt_kb-7KtMRg2urSydtgjigiDV0R076xDQVO4H0ht798aAoKg8P8HAQ.
49. http://www.wto.org/english/thewto_e/whatis_e/tif_e/agrm1_e.htm.
50. http://www.zels.org.mk/Upload/Content/Documents/Aktivnosti/GS/Zapisnik/%20od%204-ta%20sednica%20na%20G%20S%20%20na%20ZELS.pdf.
51. http://www.zels.org.mk/Upload/Content/Documents/Izdanija/Publikacii/MK/04CONCEPT%20FOR%20MSC.pdf.

52. https://en.wikipedia.org/wiki/Local_exchange_trading_system.
53. https://hbr.org/1983/05/the-globalization-of-markets.
54. https://openknowledge.worldbank.org/bitstream/handle/10986/15042/281130PAPER0Subnational0Data.pdf?sequence=1&isAllowed=y.
55. https://rickleger.wordpress.com/2011/01/04/grobalization-vs-glocalization/.
56. https://www.cato.org/publications/commentary/blessings-challenges-globalization.
57. https://www.foreignaffairs.com/articles/1996-07-01/rise-virtual-state-territory-becomes-pass.
58. https://www.theguardian.com/books/2015/jul/17/postcapitalism-end-of-capitalism-begun.
59. www.localisewestmidlands.org.uk.
60. www.oecd.org/dataoecd/42/34/2087188.pdf.
61. www.pravo.org.mk.
62. www.transitiontownpeterborough.ca.
63. www.undp.org/europeandcis.
64. www.worldbank.org/kam.